ПЕТРЕ НАКОВСКИ

НА ПАТ СО ВРЕМЕТО

(По трагите на спомените)

“Η μνημη οπου την αγγιζεις πονаει“

Γ. Σεφερης

“Споменот каде и да го допираш боли”

Г.Сеферис

Секоја сличност
е случајна

Патувањето низ Албанија е реализирано со финансиска поддршка на Министерството за Култура на Република Македонија, за што Авторот изразува посебна благодарност.

Место предговор

Кој ќе посведочи за времињата
во кои сме биле впиени
и впечатени со безброј нишани
и врзани со крвави нишки?

Кој ќе запише дека живот
сме точеле длабоко вжилени
во прадедовата и дедовата земја
на која премногу и сме биле верни?

Криво ни сведочеа и безбојно не пишуваа,
сал мрачен облак шириа над нас,
разделница ни ископаа,
со измами и ветувања не прегрнуваа
и во сите времиња
крвава остела постелуваа под нас.

Кој ќе посведочи и ќе запише дека за нас
слободата секогаш имаше црвена боја?

Кој ќе посведочи ако не ние
за болките и чемерите, за плачот и лелекот,
молитвите и солзите, за исчекувањата без крај,
за пожарот, за викот и крикот, за ужасниот пораз,
за откорнувањето и патиштата
што се подалеку не водеа од дома

и надежно ќе проречи
дека по години и по времиња
пак се ќе биде наше?

За таа надеж голема
и за се и сите кои во времињата ги снема
потулено пламенче на свеќа нека свети
и одушевен жив жар на вечен опстој,
дај Боже, во сите нас да гори
и просветлине денес
за да бидеме посложни и поумни утре.

Амин!

1.

На мојата работна маса цел куп книги и фасцикли со исечоци од списанија и весници, извадоци од архивски документи и од објавени мемоари на политички и воени челници од двете завојувани страни во граѓанската војна во Грција, селектирани белешки од фалбаџиски топорења, измислувања, лаги и кодошења и во одделни коверти белешки од обични, простосрдечни раскажувања на живи учесници и сведоци во кои се сочувани најавтентични доживувања од времето кое како лишај и лош сон е залепено и врежано во нивните и наши спомени.

И додека ги прелистувам и ги препрочитувам, постојано ми се врти мислата во кој литературен вид да ги преточам: во роман, патопис, репортажа, мемоари? Ми остана само еден избор – нека биде од се по нешто со единствена желба да се сочува доживеаното, со малку напор да се подиспраши и подизбрише правта наслоена врз спомените без разлика на тоа колку се мачни и болни.

На прагот од крајот на граѓанската војна во Грција, обележан со ужасниот пораз, заедно со сопругата Дитта, поттикнати од загрозата на помислата дека времето со текот се брише, се охрабривме да појдеме на пат со

времето што одмина и, носејќи ја со себе и својата судбина и бележењата од живите искази на повеќе учесници во настаните и случувањата, тргнавме уште еднаш да ги изврвиме патиштата на нашето искоренување и раселување.

Се навраќаме кон тоа време заради потсетување дека постоевме на свое такви, какви што бевме – вкоренети во прадедовата и дедовата земја и во неа запечени со свои адети и вера, посветени на добрината и исполнети со верба, но измамени и со изгубени надежи.

Желба ни е барем дел од тоа време да го обеспрашиме и обележиме со пишан збор за да остане засекогаш врежано во поединечното и колективното паметење.

Протекоа годините. Секнуваат генерациите кои го доживеаја и преживеаја злото. Многукратно напластената желба за враќање во родните огништа се претвори во долго битисување. Ретките дрвени крстови без име и презиме набрзина вкопани врз тие кои загинаа во нерамните битки на тригодишната крвава војна - изгнија, со земјата се израмнија поединечните и масовните гробови таму каде денес побрзо можеш да се сопнеш од расфрлените парчиња од бомби, гранати и куршуми, од испокршените надгробни плочи и крстови, од остатоците од темелите на нашите куќи. Само тие потсетуваат за сето тоа дека тука, во македонските села и планини се случи злото. За нас најголемо. И треба да се знае кој го предизвика и изврши и за кого лошото најлошо заврши. Одејќи по трагите на спомените посакавме од мракот на заборавот да спасиме делчиња од големата целина на човековите патила.

Впрегнати под јаремот на таа голема желба тргнавме на пат со времето и по трагите на спомените кои се дел од нашето опстојување и постоење кое, како што рекле мудрите умови, е составка од многу минато и малку сегашност...

* * *

Во крајпатната кафеана во Като Калиники (старото име му е Долно Клештени), ендопјите - така тука и во цела Северна Грција дојденците од Мала Азија, а и оние јужно од Олимп ги викаат староседелците - значи Македонците, ни рекоа дека патот за Костур преку Бигла е поубав и попријатен за возење. Може, рекоа, да се оди и преку Лехово и Вичо, но ако сакаме од високо да ја видиме панорамата на Лерин и Леринското поле, тогаш најдобро е да го избереме патот преку Бигла. И уште не посоветуваа да возиме внимателно, зашто казните за било каков сообраќаен прекршок се многу високи. Советот го прифативме и тргнавме кон Лерин, градот кој веќе не цели сто години е прекрстен во Флорина. Така пишува и на голематата сообраќајна табла пред влезот во градот кој прво изненадува со големата црква и веднаш потоа со прекрасно уреденият нов плоштад кој на градот му додава дополнителна убавина и привлекува со својата одлично обмислена постеваност. Вртиме кружно и бараме место за паркирање. Паркинзите полни и тротоарите зафатени. Упорно бараме место и по долго кружење, ни се насмевна срећата, ако така може да се нарече празнината меѓу две коли каде го пикнавме нашето SAXO и одвај се извлековме низ тесниот простор што ги дели колите. Заради издишка и краток одмор влеговме во најблиската кафеана. Чиста, средена, ненаметливо осветлена и од звучниците сместени во аглите тивко се разлева песна. Звучи многу познато и дејствувава смирувачки. Миг стоиме вслушани во песната што предупредува и вели да не им се верува на битолските батакшии кои ветуваат, а не земаат. Ни се чини дека влеговме во битолската кафеана во која вчера ја слушавме истата песна што погромко ечеше од звувчниците. Изненадувањето ни го прекина келнерот, младо, насмеано момче, кое не поздрави на грчки и со широк замав на раката ни ја покажа масата.

- Ористе, паракало, катисте...[1] – не покани на грчки

- Што ќе порачаме? – ја прашав сопругата.

- Вие сте од таму? – на македонски не праша келнерот, покажувајќи на север.

[1] Повелете, молам ,седнете.

- Да – реков – ама со корените од зад оние планини...

- Аха, ми текна.

- А ти?

- И јаска си од ено костурцко село... туа најду работа...

- Зборуваш македонски?

- Лафам, ама не многу гласно зашчо се ушче има руфјани...[2] – рече тивко и погледна на масата во другиот крај на кефеаната. – Туа о леринцко помногу се лафи... и се пее...македонцки... Шо да ви носа?...

- Кафе и вода.

- Грцко или капуцино?

- Се едно, само да е добро.

Откако го испивме "грцкото" кафе и плативме за услугата, излеговме на улица и се упативме кон пазарот. И колку поблиску сме до позарот, толку почесто го слушаме македонскиот говор и изненадени сме затоа што лерин-скиот пазар многу личи на битолскиот, а и кафеаните и кафулињата и малите ресторанчиња личат на битолските, но со таа разлика што во Битола се зборува гласно, а тука, во Лерин, тивко и внимателно и само во свое друштво.

Во Лерин денес е пазарен ден. И по говорот мноштвото пазарџии не се разликуваат од пазарџиите во Битола. Намерникот тукуречи на секој чекор е изненаден од тоа што често го слуша македонскиот говор, а вчудови-ден останува кога на ѕидот на една неколку катна зграда ќе види табла на која на македонски, грчки и англиски со големи букви е напишано ВИНОЖИТО.

Тука е седиштето на ЕВРОПСКАТА СЛОБОДНА АЛИЈАНСА – ВИНОЖИТО, ПОЛИТИЧКАТА ПАРТИЈА НА МАКЕДОНСКОТО МАЛЦИНСТВО ВО ГРЦИЈА.

Го читам и го препрочитувам натписот и се прашувам: дуваат ли веќе некакви нови ветрови? Се прашувам зашто знам, а паметам и од моите детски години, дека тука и пошироко, од југот никогаш не дуваа добри, питоми, топли и добродушни ветрови, туку немирни, ура-гански, строги, магливи, безмилосни кои го замолчуваа гласот и зборот, сееја страв и ги развеваа и раздувуваа сите надежи.

[2] - Ρουφιανος, грчки – подлец.

Одново погледнувам на таблата, одново дослушнувам тивок збор на поздрав и збогување што тивко провејува по улиците, кафеаните, ресторанчињата и пазарот и желно, многу желно посакувам од југот тука постојано да дуваат само добри, топли и добродушни ветрови за да имаат луѓето помирен сон и окрилени со надеж да дочекуваат поведри зори...

И голема желба ни е да го посетиме местото каде се погребани загинатите во битката за Лерин. Не ни е лесно да прашаме некој намерник на нашиот пат. Не знаеш на кого ќе наидеш....

Седнавме на клупата од оваа страна на мостот. Десно од нас истопорен на мермерен постамент – Коте, оној легендарен грчки паликари - јунак, кој за неколку јудашки златници со два прсти подадени од костурскиот грчки владика Каравангелис, го обезглави Лазо Поп-Трајков. Котас, пишува на споменикот. Како потврда за тоа дека е Грк му е додадено "с", а без тоа "с" би се читало Кота, што на грчки значи кокошка. Облеката и капата му се стилизирани согласно со времето на неговото кодошење и шпионство, но опинците му се од воловска кожа. Уметникот не му ги собул веројатно затоа, што во нив сакаше да ја сочува големата симболика на неговото надворешно и внатрешно сиромаштво што заедно со ненаситната лакомост го одведе кон големото одродништво. Патем, не само во Лерин, туку и во некои леринski и костурски села има споменици на кодоши, шпиони и одродници. Црквата ги величи зашто сама ги создала и ги хранела со иудашки сребреници од нејзината азна, а државата без срам се гордее со кодошлакот, шпионството и одродништвото и како пример на храброст за дечињата уште првиот ден на пречекорување на прагот од градинката, во нивните чисти души го истура отровот на отуѓеноста од родот и во тефтерите ги запишува со грчка пена.[3]

* * *

- Тука е - ни рече човекот кого, ризикувајќи да не облее излив на навреди и пцости, го замоливме да не

[3] Πεννα (грчки) – пародршка.
Забелешка на авторот: крајот од реченицата – во тефтерите ги запишува со грчка пена – се однесува на грчките закони со кои задолжително беа менувани називите на македонските топоними и личните имиња и презимиња на Македонците.

одведе до местото каде се наоѓа масовната гробница во која почиваат според едни 704, според други 1000 борци на ДАГ. – Тука е – покажа со натажено лице и со очите сподавени во солзи. Не прозбори повеќе. Ја симна капата, трипати се прекрсти и без збор на збогување, си отиде. Во неговите очи забележавме болежлив, глув и потиштен молк и обессиленост од вгнезден страв...

Паркиравме скраја од патот и скаменивме чекор пред високата бодликава жица. Голема полјана, некогаш нива, сега обрасната со висока трева. Никаков друг знак.

Стоиме скаменети и обессилени сме од молкот што глуво, болежливо и потиштено е налегнат над полјаната.

Со стегнато срце и со мислата вратена кон тоа крваво време и кон овие момчиња и моми кои заборавени почиваат зад оваа `рѓосана бодликава жица, што е како единствено споменично обележје, еден по еден, низ оградата нежно ги спуштаме свежите каранфили, а потоа ја раскопуваме земјата, ја собираме купче и во него набодуваме свеќи и, клечејќи, ги запалуваме... да има малку светлина за душите на тие кои се фрлени во бездната на заборавот...

Тука не ѕвонат леринските камбани и не повикуваат на молитви, на помен и намнисување; тука не гори оган во спомен на тие чии соништа беа исполнети со надеж и мечти... тука пече болката... тука се молчи и се уште никој не го скрши печатот на молкот...

Во лесниот повев на ветерот треперат пламенчињата и шират светлина над мракот во кој трае тишината што само намерници ја разбрануваат со длабоките потајни воздишки и тивките молитви на незаборавот...

Се уште ретките живи сведоци го паметат тој далечен, кобен чин на омразата, подлоста и неизбришливиот резил, но обессилени од стравот, немо го врват патот долж `рѓосаната бодликава жица...

Мрачен, болен, мачен и премногу тажен е споменот и преголем е срамот... Тука се уште трае омразата и настојувањето да се заборави споменот, да се избрише трагата и да нема белег за таа голема болка...

А гласот на времето не потсетува дека на полноќ на 11 спрема 12 февруари 1949 година падна наредбата за за заземање на Лерин. Запишано е дека таа ноќ беше големо невреме. Врнеше многу снег и дуваше силен студен

ветер. Партизаните на ДАГ се спуштаа по стрмните планински удолници и густите шуми и на приодите пред градот паднаа во минските полиња и беа пречекани со ураганski митралески и автоматски оган. Противникот однапред знаеше за намерата и добро се подготви за одбрана. Наредниот ден, попладне, заврши и нападот и одбраната. Триста и шеесет мобилизирани жени од преспанските и корештанските села ги извлекуваа ранетите од крвавото боиште. Ширината пред селото Псодери беше претесна за да прими 1500 ранети што до тука по длабокиот снег и под постојан артилериски и минофрлачки оган, пругоре, по стрмните угорнини ги извлекоа од крвавото боиште и од тука, ноќе, камионитε ги префрлија во болниците во Албанија. А долу, во приодите кон градот, се што беше останато рането и убиено во минските полиња, пред пушкарниците на бункерите, со бодликава жица врзана за врат ги влечеа до местата каде чекаа војничките камиони. Патиштата испомешани со снег и крв водеа право кон полјаната каде булдожерите копаа гробница.

По селата со лет на молскавица се пренесуваше страшната вест и гласен, неутешлив, очајнички и голем плач се слушна каков што никогаш порано не беше слушнат. И сите села и планини тој ден и деновите по него станаа ѕидови на плач...

А за тие 360 жени во извештајот доставен до највисокото политичко и воено раководство беше испратен извештај во кој е запишано:

“ Утврдено е дека при исполнувањето на најблагородната задача – преносот на ранетите, тие покажале нежност, преданост, самопожртвуваност и решителност. Во некои случаи дури и под многу тешки теренски услови, под непријателски оган, тие ги пренесле нашите ранети. Како награда за исполнувањето на задачата им се дадени по едно рало војнички чевли. ”

Не напишаа зошто пред битката не им обуја топли војнички чевли.

За тој ден по години сведок посведочи:

” По нашето повлекување големата трагедија се одигра во самиот Лерин. Кога зазори, кралската војска ги собра сите кои останаа живи - заробеници и ранети и ги викнаа сите жители на Лерин за да ги видат. Потоа ископаа масовни гробови и во нив ги фрлаа убиените и заробените, убивајќи ги пред очите на насобраниот народ. Врз нив ги

фрлија ранетите. Но нив не ги убија, туку живи заедно со убиените со булдожерите во заедничка гробница ги закопаа. Таков ужас доживеавме во таа проклета борба. ”

А за тој ужас само ден потоа, во пештерата над селото Винени во Преспа, заседаваше Главниот штаб на ДАГ и Воениот совет. Во анализата за текот на битката не беше донесен заклучок за тоа кој е одговорен за поразот.

Не најдоа одговорни.

Зошто?!

По многу години еден од нив напиша во своите мемоари:

“ Никакво раководење со битката немаше. Цел ден слушавме истрели, ама не знаевме што се случува. Тешко беше да воспоставиме врска по телефон. Радио-врската беше воспоставена дури по настанот. Единствено што можевме да направиме беше штом падне мракот да дадеме наредба за повлекување, туку и таа не стигна до сите бригади. Такво срамно раководење на борба светот нема видено.”

И денес светот големата гробница ја нема видено иако такви и слични гробници бара и наоѓа на други места.

Молк. Дали тој, кој молчи одобрува?

Кој го фрли проклетството на молкот?

Трагите и локвите крв ги покри снегот и бури од дождови ги испраа и ги однесоа во неврат.

Убиените заедно со живи ранети во заедничка гробница земјата ги покри.

А вината? Кој и што ја покри вината?

* * *

Оптоварени од споменот на крвавите последици на битката за заземање на Лерин, тргнавме за Костур. На излезот од градот, на стрмнината над патот, градилиште. Високи потпорни бетонски ѕидови и на нив со широк замаф испишан е црн графит: “11-12 февруари 1949“.

Дали само го бележи црниот ден и предупредува? Или потсетува на свирепата, жестоката, јаросната и суровата расправа и потврдува дека тука се уште е жива дивата, слепа и глува омраза запечена под црнилата на графитот?

Патот, што се уште мириса на недамна послан асфалт, прекршуван со острите кривини, змиулесто води пругоре. Лево и десно се извишуваат многулетни буки на чии стебла се гледаат длабоки греботини, остатоци од шрапнели на топовски и минофрлачки гранати.

На излез од густата букова шума – патот завршува и се отвора пространпаркинг со обележани места за патнички коли и автобуси. Челно - Бигла на чие подножје завршува шумата и веднаш до неа кафе-ресторан со пространа тераса. Од тука окото се полни со прекрасната панорама на Лерин и леринското поле и далеку, небаре е крај на светот – Кајмакчалан, чиј врв е покриен со снег. Лево – голите врвови на Бела Вода, десно – Лунsер, тешко освоиви тврдини во времето на војната, градени со рацете на македонските селани и селанки. На крајот од паркингот, на самоти раб на карпестото удолниште што води во бездна - дрвени клупи. Од тука најдобро се гледа Лерин, втиснат меѓу планините Баздровица и Ѓупката и на исток отворен кон ширното леринско поле.

За спомен ја сликаме далнината и околните планини покриени со густа букова шума која пленува со своето зеленило. И додека и се восхитуваме и насладуваме на глетката, не забележавме дека на соседната клупа седнаа двајца мажи на чии лица изразито се гледаат старечките брчки. Замолкнати гледаат пред себе. Вчудовиден сум од нивната нема и долга загледаност во просторот пред нив. Забележувам како затреперуваат мускулите на нивните образи, а по миг се огласува мачно откината долга, жалосна и тажна воздишка.

- Да... - тивко, одвај чујно рече едниот и стана.
- Така беше – како потврдување, рече другиот и тргна зад него.

Сфатив дека со молкот и немата загледаност во просторот пред себе си го раскажуваа заеднички изминатиот пат – патот на големите мечти и надежи, патот на изгубената младост во тешките, нерамни и крвави битки, во долгите ноќни маршеви, во студените бункери и земјанки, во болниците и под небото на далечни земји; долг пат што сега е претворен во рој од спомени кои како мониста се нижат на свилен конец. Молчејќи одат еден до друг, меко се потпираат на едната нога и тврдо газат со другата. Тивко, како шумолење на гранка веена од летен ветрец, им крцкаат протезите.

Влегоа во кафе-ресторанот. Келнерот љубезно ги одведе до масата подготвена за ручек.

Седнавме на соседната маса и, преправајќи се дека не им го разбираме зборот, до крај го ислушавме раскажувањето на едниот од нив.

- До таму – покажа со рака – каде завршува паркингот – во ќебе ме довлекоа две жени. Запаметив дека секаде беа легнати ранети, слушав гласни јачења, некој викаше и пцуеше. На стемнување стигнаа камионите и брзо не товаруваа. Толку запаметив. Не знам кој ден се освестив и почувствував дека ми ја нема десната нога. Се развикав, плачев, пцуев... Ми дадоа некаква течност и заспав. Кога се разбудив, си реков – ете тоа ти е тоа, тука ми заврши патот... Но, се покажа дека за мене се уште има пат. Времето течеше по болници, по санаториуми, на некои курсеви каде ме тераа да учам занает. Научив да стрижам кучиња... Ќарот беше поголем од пензијата што ја имав и деновите поминати со дамите, сопственички на разгалените четвороножни пријатели ми беа исполнети со задоволства и радости поради што останав стар беќар... Никакви обврски, никакви грижи.

Живот беше тоа во тоа чешко Брно од каде се доселив во Скопје. Имав двособен стан, не толку убав како овој во Скопје и секогаш полн со гости. А тука - досадно. Во една и иста кафеана секој ден се сретнувам со другарите и до пладне се потсетуваме на нашите млади времиња, умуваме за тоа кој каква глупост вчера истреска на телевизија, па дома на ручек и потоа дремка со весникот во скутот и до доцна во ноќта се караш со оние од екранот на кои им се чини дека светот почнува од нив. Лигавење до немај каде. Штета што на телевизорот нема брисачи. А во Брно, брат, беше живот. Телевизор во боја немав, ама и не ми требаше. Кога имаш гости не е учтиво да гледаш телевизија. А најчести гости ми беа студентки од земјите на социјализмот кои успеваа до наредната пензија да ми го изгрицкаат и последниот халеж. Ами, брат, ќе ти ја изгрицкаат пензијата штом се даваш да ти масираат плеќи, а тебе раце да ти отрпнат од галење. Добро, ама јас не сум од тие кои се удрени по теме, та лелекаат, се жалат. За мене секогаш имаше земи и дај. Имав пасош и често патував во Полска, а најмногу во демократската Германија. Во Полска границата ја поминував пеш, туркајќи пред себе стар велосипед, а понекогаш и нов. На пазарот го продавав и

вечерката се враќав со нов. И така секогаш натаму со стар, наваму со нов велосипед и ќарот три и петпати поголем. И кога во мода влегоа чорапогашниците, значи хулахопките и тие тенките и нежни работи за под фустан, терав пат во Дојче Демократише со оправдување дека одам за да ја поправам протезата. Шупливиот дел од дрвената нога го полнев со хулахопки и другите работи и право во Брно, каде лично и своерачно им ги облекував на милите студентки од земјите на социјализмот. А на оние шутраци, цариниците, ич да не им текне ниту за стариот и новиот велосипед и ниту за шуплината во дрвената нога.

А другарите мои, и тие како мене, кој со една нога, кој со една рака, ама женети, постојано ме советуваа и ми велеа:

- А бре, шутрак низаеден, прибери се еден ден и ожени се за да живееш како човек, а не така...

- У што сте нетокму – им велев – а бре јас секој ден се женам и се уште не ми се здосади...

Арно, ама – продолжи со тон во кој се чувствува голема неправда - им се здосади на комшиите, та ме пријавија во милиција. И еден ден слушам чук - чук - чук на врата. Отворам и што ќе видам. Двамина есенбаци, значи милиционери.

- Добре отполедне – ми велат и ме прашуваат дали јас сум тој и тој.

- Ано – велам и со широк замав на рацете ги поканив да влезат. Им покажав каде да седнат и потоа учтиво, како што личи на добар домаќин, нели, ги прашав што ќе пијат. И не чекав одговор, туку пред нив ставив од тие кристалните чаши. Чесите имаат најдобар кристал, ако сакаш да знаеш и ги прашувам:

- Соудрузи есенбаци, сакате шнапс од Дојче Демократише или нешто позападно?

Рекоа дека може и едното и другото, ама со мезе. На дебело им нарежив од пражската шунка и велам:

- Па, наздар, соудрузи есенбаци и кажете што ве натера патот да ме посетите?

- Па, знаете соудруг Павел, вашите соседи се жалат дека кај вас е многу бучно и замолија да ви кажеме да бидете потивки... – не рекоа да престанам да примам гости со кои во соседството мислеа дека ширам некој вид неморал и дека тоа потпаѓа под закон, туку од околу, тивко и учтиво, како што личи на добро воспитани луѓе, нели.

- Јас соудрузи есенбаци – умилно им велам и им ги полнам чашите – јас сум мирен, чесен и гостољубив граѓанин и многу сакам да им помагам на сите кои имаат потреба од помош. Ако сакате можам и вам да ви помогнам...

- Не треба – ми рече едниот есенбак, на нашки значи милиционер. – Туку ти кажи ни што правиш со тие млади дами кои се собираат тука?

- А тоа ли? Ништо грозно и лошо. Им помагам во учењето. Ете, за пример, тие кои беа тука денес, утре полагаат испит и дојдоа да им ги проверам знаењата.

- По кој предмет?

- По марксизам...

Есенбаците удрија на смеа, та ми го испија целиот шнапс од Дојче Демократише и ниту капка не ми оставија од тоа позападното. И да знаеш дека тоа ми дојде како еден вид казна.

Молк. Дотури шеќер во чашата и откако го измеша, со лажичката почна да удира по десната нога. Глув и тап одглас на суво дрво.

- Слушаш? – удира тој со лажичката, час тивко, час погласно, само за миг прекинува и одгласот се разлева, трепери во воздухот. - Ми ја столчија во таа проклета битка за Лерин, ми ја посекоа во болницата во Елбасан и ми ја досекоа во Будимпешта... Но, ме служи да си го врвам патот штом ми остана...

Тој со цела дланка удри на дрвената нога, а мене студени морници ме стресоа и ми се приСторува дека допираат далечни поединечни и рафални митралески истрели и силен грмеж на гранати...

Налактени и со брадите втиснати во вкрстените дланки, замислени скитаат и дали сега, совладани со молкот, одново во мислите ги обновуваат изодените патеки, дали го одмотуваат клопчето на својата младост одмината во времето – невреме што се истркала низ големата удолница на чие дно се разбија и запустија големите надежи? Дали пред нивните замаглени очи е легнат целиот растур?

Тој, кој досега само слушаше, се исправи и, барабанејќи на масата со прстите од левата рака, праша:

- Знаеш ли за што мислев? – допре до нас прашањето и без да чека одговор – пак праша: - Зошто

само зиме, во најголеми снегови, студови и цикни, по долги и истоштувачки маршеви, смрзнати и гладни ги напаѓавме градовите? Коница, во Епир, ја нападвме на Бадник 1947 и завршивме со многу жртви; а во Македонија Воден, Соботско и Негуш исто така кон крајот на декември 1948 и излеговме со уште поголем број жртви, а Лерин во февруари 1949 и доживеавме невиден пораз?...

Прашањето потона во очите, се закова на усните и пак настана молк.

Гледајќи ги така онемени и сподавени во своите мисли, се запрашав:

- Дали некој ќе го скрши молкот и во него ќе го најди одговорот?

Непознатите, кои ни станаа многу блиски, платија и излегоа. Застанаа на работ од бездната со поглед на Лерин. Во нивните очи потонаа голите врвови на Бела Вода и карпестиот рид на Лунsер. Долго гледаа. Со раце покажуваа на ридиштата и планините. Потоа се сврtија и едниот од нив, рашири раце и, покажувајќи на падините на Бигла и Плочата, направи круг. Во средината остана целиот простор заедно со кафе-ресторанот, паркингот и широкиот пат.

- Тука – допре до нас неговиот глас – беше клучот за портата што води кон Преспа и Албанија. Тука, селаните од околните села заедно со партизаните скоро цела година копаа ровови и градеа бункери. Само ноќе, зашто дење биеја авионите и топовите. Пилата, секирата, лопатата и казмата беа основните алати. Кутнатите букови стебла од околните шуми, долги и по неколку метри, на рамо по стрмната угорнина ги носеа мажи и жени во одминати години. Накрсно, еден врз друг ги редеа тешките трупци и над секој ред фрлаа земја и камен. Е, тој клуч, беа бункерите кои требаше да им го заградат патот на тенковите и на добро обучените јуришни единици на владината војска за да не го фатат патот што би ги однел зад нашиот грб. Би рекол клучот беше направен од потта и од крвта што течеше од крвјосаните рамења и дланки на македонските селани. Ова место беше клуч – тврдина за да не помине непријателот на Вичо, како што гласеше паролата. Потоа донесоа единица составена исклучиво од инвалиди и ја нарекоа “ταγμα θεσεον”- поцизионен баталјон. Значи тие немаа физичка можност да го напуштат местото, имаа наредба до последен да бидат во одбрана. Не е забележано

дали некој од тука замина жив... Остана само кажувањето дека тука тие силно го држеа клучот, но на друго место пред силниот налет на владината војска и клучевите и силните порти се скршија. Некои велат дека и други помогнаа...

Бигла сега на картите е обележана како еден од најпознатите зимски спортски центри. Три жичарници, четвртата во изградба, водат до врвот. Вагончињата обесени на дебела жица, мируваат до првиот снег.

Коли, автобуси, камиони, кафеани, ресторани, хотели, жичарници, паркинг послан со дебел слој од бетон... и под нив тие кои беа - позициониот баталјон...

Нема белег дека беа... тие, кои беа моќни со дух и верба, беспримерно храбри, посветени и безимени!

2.

На два километри од подножјето на Бигла, на надморска височина од 1700 метри е влашкото село Писодерион (Псодери). Куќите градени од делкан камен и над секоја врата табличка која во зимскиот период, кога работи жичарницата и илјадници скијачи тука доаѓаат од цела Грција, нуди соби, разновидни специјалитети од домашната селска кујна, а најмногу повикува на грав и секакви пити. Тука се зборува влашки, грчки и постарите жители, го зборуваат локалниот македонски дијалект. На падините на планината Бела Вода, над патот, хотели во градба. Патот е стар, сега проширен и под асфалт, ги памети времињата на турското владеење и тогаш беше, а и сега е пат кој ја држи врската Лерин – Корча и натаму се до Драч и преку него по море до Италија и од таму кон широкиот свет.

Змиски се спушта патот по удолницата. Возам полека и не ме напушта приказната за лошото што пред шеесет години се случи во Лерин. Од ова ме оттргна натписот “Света Троица 1 км” и сината стрелка која покажува на насоката што се одделува од главниот пат. Свртувам тука и држам волан по тесниот пат со многу кривини и покриен со сенките на густите и многу стари буки. Зад последната кривина, широк паркинг и зад камената авлија - манастир. Влегуваме во дворот во кој се чувствува мирис на што туку искосена трева. Бистра и студена вода без престан блика од пет чешми. Правиме обиколка на манастирот и на западниот ѕид гледаме натпис, на грчки, изделкан во камен – Агија Тријада

(Света Троица) и под него дата – 1050. Влезната врата во манастирот не е под клуч. Од конакот излезе пристар маж и откако се поздрави на грчки, разговорот го продолживме на македонски. Рече дека е од Псодери и дека е чувар на манастирот и конаците.

Пред олтарот запаливме свеќи за душите на тие кои чуваат стража на Бигла и го фативме патот за Преспа.

Легнато на планинските подножја што ги разделува реката Бистрица, не пречекува селото Андартикон. Во изминатите времиња и во спомените на неговите жители, кои во најголем број се распрснати по светот, попознато е како - Желево. А запаметено е и по тоа што зад себе има оставено трајни белези во македонското опстојување и во граѓанската, а и по тоа дека во тукашното училиште, како и во онаа во селото Герман, во ноември 1947 година, во воени услови, беше отворен првиот курс за македонски учители. Тука и во Герман 80 демобилизирани момчиња и моми кои имаа завршено грчко основно образование и по некоја гимназиска година и натаму облечени во воени униформи добија наредба во време од петнаесет дена да научат да читаат и пушуваат на кирилица. Потоа беа испратени на извршување на голема задача. Оптоварени со тоа знаење и со торби и дисаги во кои ги носеа буквариte пристигнати од Скопје, тргнаа низ костурските и леринските села да го носат штотуку запалениот факел на македонската просвета. На стемнување се прибираа учениците во студените училници и ноќе, за првпат, во растреперената светлина на кандилата и газиените ламби го учеа пишаниот збор на мајчиниот говор. Дење немаше ученичка врева и смеа зашто долетуваа железни птици и биеја по словото и зборот.

Магловита и жална беше таа есен. И дење и ноќе се почесто стигнуваа и се престасуваа тревожните, лошите, несаканите вести, камбаните биеја на умрено и се повеќе мајки се завиткуваа во црнина. И зимата одмина во плач и лелек и кога се отвори и расцвета пупката на дренот и долета првата ластовичка, во училниците згасна пламенот на кандилата и газиените ламби. И кога во клучеви на север летаа прелетните птици, од прегратката и скутот мајчин ја откинаа радоста и занеме куќата, дворот, сокачето, вигната, селото. А пролетта надоаѓаше миризливо расцутена и кога стигна – не беше пречекана од деца...

* * *

На два километри од Желево – раскрсница. Десно – остра кривина и табла со натпис: Πρεσπες. Значи натаму е Преспа. Свртуваме и го фаќаме широкиот пат што криву--лесто води пругоре. Од спротивната страна не пресретнуваат патнички коли и автобуси. Ја вртиме последната кривина и одеднаш се најдовме на врвот од ридот.

Местото се вика Превалот и нужно тера да застанеш и да погледнеш долу каде во прстенот на околните планини се легнати двете преспански езера. Од тука окото се полни со волшебно живописна и раскошна глетка која пленува. Во водите езерски тонат врвовите на околните планини и зеленилото на густите дабови шуми. И глеј - горе сино небо извезано со бели памучни облаци – долу, длабоко во водите, сино небо и бели памучни облаци. Бело-црните штркови носени од топлата струја на ветерот вртат широки кругови над водјето и фаќаат висина повисока од ридјето на Пелистер и Галичица. Царски гордите пеликани маешнички расечувајќи водје, оставаат зад себе долга цепнатина. Над Галичица замагли, се раширува облак и лениво се префрлува над езерото над кое нависна лакот на вино-житото и ги врза подножјата на планините. Се менат боите. Одблесокот на сончевината го снема и зароси.

Од Превалот, прудолу кон Преспа, патот води по бројни остри кривини и се исправува дури пред раскрсницата што е во градба. На сината сообраќајна табла над стрелката што покажува лево – натпис: Микролимни, под кој се крие старото име на селото Лак. Над стрелката што покажува десно наредени Карје – Левконас - Калитеа - Плати – Милонас – Лемос – Агиос Германос. Преспанци каде и да се своите села си ги викаат Оровник – Попли – Рудари – Шртково – Медово – Раби – Герман.

Одлучивме да одиме лево за да го посетиме селото Дреново иако на сообраќајната и туристичката карта го нема.

Лак, сега викано Микролимни, што во превод значи Малоезеро, не изненади со својата уредност. Кружиме возејќи по асфалтираните улици, восхитени гледаме на новите куќи и дворовите со мноштво расцутено цвеќе. Забележуваме дека тукуречи секоја куќа нуди соби за

одмор. Застанавме пред една кафеана и првиот од најблиската маса, по поздравот на македонски, го прашуваме по кој пат да одиме во Дреново.

- Во Дреново!!! – извика вчудовиден. - Од таму ли сте? Не ве познавам...

- Не, не сме од Дреново – велам.

- Од Скопје? – праша и погледна на регистерската таблица.

- Таму живееме..

- Аха, разбрав. Значи вие сте од оваа Македонија. Ајде, излезете и дојдете да пиеме едно кафе, па потоа ќе одиме во Дреново.

Пред да го пофалам кафето, го пофалив селото.

- Убаво ни е селото, ама со луѓе. Малку сме од нашите... Куќите ги изградивме со спечалени пари кој во Австралија и Америка, кој во Германија и по некоја пара од рипчињата. Патиштата и улиците ни ги направи општината, значи државата. И немој да мислиш дека тоа се државни пари. Оваа држава ја молзи Европа кога сака и кога ќе и текне. До пред влезот во Европа, ние бевме со прстот в уста. Голема сиромаштија. Сега примаме и гости, значи туристи. Ни доаѓаат од големите градови и тука бараат тишина и здравје. Таму голтаат црн, а тука чист езерски и планински воздух. А од нашите ретко кој доаѓа зашто и ретко кој остана. Старите испоумреле во туѓина, а младите кои се родени таму, пат тераат на море. А јас на сите им велам – кој сака здравје да доаѓа тука, во Преспа. Да не ви треба соба? Имам уште една слободна. Сакате да ја видите?

- Прво во Дреново – велам.

- Што барате таму? Пустелија е. Нема ништо. Ништо! – повтроува.

- Ако - настојувам – сакаме да го видиме тоа ништо.

- Добро. Штом сакате, ајде да одиме. Колата оставете ја тука. Таму не се оди со кола. Само пеш или ако сакате со кајче?

- Пеш – реков. Зборот пеш го повторив и силно го подвлеков не случајно и не без причина.

Тесен е патот, тукуречи, залепен до брегот.

- Еве го Дреново – рече придужникот кога поминавме од другата страна на карпата надвисната над езер-

ската вода.– Тука е Дреново ... – покажа со широк замав на раката.

Самотија. Питомина и тишина. Одвај чујно, тукуречи, лижејќи го карпестиот брег, плискаат езерските бранови. И да не помисли човек дека тука, во ова зафрлено ќоше од светот, целото село беше собирно место за народните непријатели. Така го нарекоа – собирно место, а не затвор и не логор. Тука, народната, самозвана власт, од почетокот на октомври 1947 до август 1949 година, за казна, без суд и пресуда, под присила ги собираше татковците, мајките и жените заедно со малолетните деца на тие, кои фрлаа пушка и пребегнуваа на другата страна. Тоа беше доволно нивните најблиски да се наречат народни непријатели и во име на народната власт куќите да им бидат опљачкани до игла. Здравите и способните за работа, построени во строј по двајца, мажи и жени, боси пешачеа до Оровник и Рудари и во подножјата на планината со казма,чекан, лопата и клин копаа тунели. Таму влегуваа и излегуваа со врзани очи за да не дознае непријателот дека ископаните тунели беа складишта за оружје.

Го проколнуваа изгревот и заодот на сонцето. Изгревот затоа што од првите до последните зраци риеја во каменестите планини, а заодот затоа што од последните до првите зраци, истоштени, гладни и жедни покрај вода честопати беа будени и терани да ги слушаат лелеците и криковите на тие кои ноќе беа тепани, горени со усвитена жица, давени во кофи наполнети со човечки нечистотии и дење изложувани на потсмев. И на овој начин требаше да ја гледаат моќта на народната власт.

Од кого ли научија тие прости, неуки, довчерашни овчари и говедари, измеќари и момоци, прислужници и подопашкари, та станаа народни судии и сурови мачители? Забележано е и постои извештај испратен до комунистичкото високо раководство дека “непријателите на народното движење и народната борба ги учиме да ја сакаат ослободителната борба и за неа да работат и преку трудот да бидат слободни...”

Последните зборови од извештајот ме згрозија и ме потсетија на тоа, дека далеку на север постоеше едно собирно место каде луѓето ги ослободуваше трудот. За тоа катаден ги потсетуваше натписот над влезната порта и оџакот што без престан црно димеше. Во Дреново немаше натпис и немаше оџак. Имаше тепање до бесвест, горење

со усвитена жица, истоштеност од работа, парче црн леб не потешко од сто грама за цел ден, давење во кофи наполнети со нечистотија, јавен потсмев и понижување, принудно потпишување на однапред подготвени писма што по разни врски им беа врачувани на нивните синови кои преминаа на другата страна, во кои нивните татковци, мајки и жени молеа да се вратат во партизанските редови и ветуваа дека народната власт ќе им ги прости греовите. И тие не беа слободни. Трипати неделно мораа да се јавуваат во полициските станици и секој ден зад нив се влечеше сенката на полицискиот агент. Се случило така што некој поверувал и под притисокот на големата грижа на совеста дека поради него и таткото и мајката, и жената и двете малолетни дечиња страдаат, се вратил. Во шумичката над Дреново, во бели мугри одекна истрел. Народната власт не му го прости гревот. И не еднаш во таа шумичка и малку погоре од неа се слушаа поединечни истрели и само еднаш долг автоматски рафал и грмеж од неколку пушки.

Од килерот на една од дреновските куќи рано наутро двамина вооружени со автомати го разбудија партизанскиот генерал кој беше осуден поради неуспехот на борбата за заземање на Воден. А беше вака. Неколку часови пред нападот, на военото советување рекол генералот дека борците и боркинките по многу долгиот марш во многу лоши зимски услови се сосема истоштени и дека добро би било прво да им се дади малку време да одморат, да добијат топла храна, да ги исушат водените униформи и малку да поспијат. Друг генерал, член на највисоката команда, кој одморен, наспиен и сит на коњ стигна преку југословенска територија, наредил без одлагање да се оди во напад. И тргнаа во напад, се давеа во замрзнатите води на воденската река и гинеа во минските полиња и пред пушкарниците на однапред подготвените бункери. Битката не успеа. Оној од повисоката команда пак преку југословенска територија се врати во Винени и раскажа дека тој и тој генерал е крив. Во негово отсуство го осудија на смрт и го затворија во Дреново. Георгијадис му беше името.

Двамината вооружени со автомати во мугрите го разбудија генералот. Му рекоа дека е време за вообичаената утринска прошетка. Во сивата светлина што во килерот влегуваше низ тесното прозорче, генералот го позна едниот. Беше командант на чета во неговата бригада.

Генеарлот му се насмевна и откако се поздрави, без збор тргна пред нив. Одеа со бавен чекор, чиниш го мереа патот, свртија лево и ја фатија благата угорнина и влегоа во шумата. Генералот застана, се сврти кон дваминатa и праша дали е доволно далеку или треба уште некој чекор да оди понатаму. Дманината ги одрамија автоматите. Генералот ја откопча кожната блуза, од внатрешниот џеб извади хартија свиткана на четири и рече: - Другар капетане ова е писмо до ќерка ми која живее во Атина. Молам да и биде доставено, а ако тоа не е можно, тогаш нека и биде пренесено дека чесно се борев и не сум предавник. – Генералот направи еден чекор назад, со раширени нозе неколкупати удри на земјата небаре проверуваше дали е доволно тврда за да го држи, потоа подигна глава и се загледа во врвовите на планината Бела Вода. Таму веќе изгреваше сонцето и над Дреново се разлеа долг автоматски рафал. Дваминатa со кајче се вратија во Винени и таму на кожената блуза видоа и изброија дека беше пронижана со триесет куршуми.

За партизанскиот генерал не беше доволен еден куршум...

Неколку денови по овој рафален грмеж, во Дреново донесоа дванаесетмина. Се пушти глас дека беа фатени на граница при обид да пребегнат во Југославија. Не им се судеше, бидејќи за таквиот чин одамна беше донесена пресуда дека секој кој ќе присака, ќе се обиде, па дури и ќе помисли да пребегне отаде граница, ќе биде стрелан. Меѓу нив и познато име чиј кларинет на општогрчки натпвревар одржан 1936 година го зазеде првото место. Име без чиј кларинет тешко можеше да се одржи свадба во Преспа и селата долж реката Белица. Каратимјо му беше познатото и прославено име. Пред изгревот на сонцето ги однесоа во шумата над Дреново. Од таму се врати само синот на Каратимјо. Беше малолетен. А денот пролетен таа 1949 година и во густежот на шумата престанаа да се натпеваат славеите.

Дреново - убаво и мирно катче, втиснато меѓу пошуменото подножје на планината Врба и брегот на малото преспанско езеро.

Дреново – страдалничко место и најгрда слика од која не може да се избрише лишајот на лошото што на

невини луѓе им го направија челниците на грчките и македонските комунисти.

Таа слика мајките, жените и невестите од Костурско и Леринско ја однесоа во Австралија, Америка и Канада каде мажите и синовите им беа на печалба. Ја кажуваа и прераскажуваа и како приказна слушната во лош сон остана во паметењето на нивните внуци.

Молчејќи пеш го поминуваме патот од Дреново до Лак. Одиме полека и ни се чини дека го слушаме тивкото чекорење на босоногите мажи и жени кои со нарамени лопати и казми го пешачат својот крстоносен пат; дека ги слушаме гласните крикови и лелеци на болка на измачуваните во килерите на дреновските куќи; дека од шумата над Дреново допираат глуви истрели; дека засвирува и одеднаш се пресечува свирбата на кларинет...

Одиме пеш, газиме бесшумно, небаре се враќаме од погреб, молчаливо, полека и тивко се оддалечуваме од заборавената самотија...

* * *

На раскрсницата од главниот пат што води кон Кулата-Пероо, свртивме десно. Намерата ни е да го посетиме Герман, некогаш по население и куќи најголемото село во Мала Преспа. Некои од куќите се обновени, други во тек на обнова, но има и куќи со напукнати ѕидови, вдлабнати покриви, искривени оџаци.

Лево од широката асфалтирана улица, пред старата полуотворена дрвена порта опкована со железни клинци и разјадена од времето, на подгниениот праг, седи посивен маж. Налактен на колената и со брадата и устата втиснати во вкрстените збрчкани дланки, молчи и натажен поглед има вперено во дворот обраснат со коприви и диво зелје. Полека и молчаливо префрлува поглед де на покривот, де на искривениот оџак, долго се загледува во прозорците и влезната врата. Со прстите се посилно ги стега усните и, гледајќи го така натажен и смален, не знаеш дали сака да спречи збор, плач или крик.

По поздравот, тој се помести на прагот, правејќи ни место за да седнеме. По долго молчење испружи рака кон дворот и рече:

- А од овој двор едни ме одведоа како дете и пред овој праг други ме пуштија како старец... А беше вака:

Најпрвин ги собраа младинците од седумнаесет до дваесет и некоја година и не поминаа два или три месеци ги собраа и девојките. Потоа, пролетта 1948 година, беше март и сите планини околу Преспанското Езеро беа под снег, не собраа и нас, околу четиристотини и педесет деца на возраст од две до четиринаесет години. Оние кои имаа петнаесет или шеснаесет години ги оставија во селото и наредната година им нарамија пушки. И така, ти велам јас, нас, четиристотините и нешто деца не одведоа пеш во Долно Дупени и од таму во Љубојно каде ја преспавме ноќта. Утрото пристигнаа камиони, не товарија во нив и не растоварија пред железничката станица во Битола. Тука не товарија во вагони и возот не растовари во Браилово, каде имаше многу деца од преспанските, костурските и воденските села и секој ден пристигнуваа и други. Секои три-четири денови на железничката станица редеа вагони и во нив ги товареа децата по некој список според нивните села и не знам каде ги носеа. Никој не кажуваше. А нас не сместија во плевни. Спиевме покриени со слама и сено, а за јадење добивавме парче пченкарно лепче. Дали ни беше доволно? Не! Никој не беше сит и таа нејаска не тераше да одиме по куќите и да просиме. Наместо да ни дадат леб, не бркаа со стапови, не пцуеја и колнеа, ни ги пуштаа кучињата... Па на кој прво да им дадат, кога и тие, селаните, одвај крпеа крај со крај. Голема сиромаштија имаше во тоа Браилово каде не фатија вошки и голема нечистотија се направи од тоа што беа многу деца...

Еден ден со братучед ми Коте, си рековме доста ни е веќе од оваа добрина за која афежитките на чело со некоја си Вера, како главна, зборуваа во Герман и по сите други села и решивме: се враќаме во Герман. Си рековме дека ако одиме по железничката линија, ќе стасаме во Битола, а таму ќе се распрашаме кој пат води за Преспа. И тргнавме. Одиме ние и одиме и некаде, ми се чини на половина пат, по неколку часови пешачење, не фатија и назад во Браилово, во плевните. И пак си рековме да бегаме, да се вратиме дома. И по не цела недела пак ја фативме железничката линија и по неа тргнавме за Битола, но овој пат бевме поитри. Кога забележувавме човек или нешто да личи на човек, веднаш се криевме во ендеците, во грмушките, во дупките под шините. И така не стемна денот

и ноќта ја преспавме во еден ендек. Утрото, се уште не беше фатила зора, стигнавме на влезот од Битола. Бевме смрзнати и многу гладни. Ни беше страв да одиме по патот, та затоа влеговме во гробиштата, а таму меѓу гробовите - мачки и кучиња. Сфативме дека го собираат лебот што живите им го оставија на мртвите... Со камења и прачки ги спотеравме и собравме и леб и јаболка, а имаше и по некое парче пита. Се најадовме и остатокот в џеб. А потоа братучедот Коте, рече:

- Од дедо ми сум слушал дека на времето нашите доаѓале на пазар во Битола. Пат терале по Долно Дупени, Љубојно, Брајчино и излегувале во некое село Кажани и од таму право во Битола.

Прашавме една пристара жена како да стигнеме до селото Кажани.

- Што барате таму?

- Да се главиме за овчари... – излажа Коте.

- Одете право, само право, на кај џамијата и пругоре по реката се до ливадите, а потоа пак само право...

И појдовме. Час по џадето, час скраја од џадето, меѓу грмушките, по врбјакот и се криеме од луѓето... Излеговме на гол простор, а од кај планината почнаа да се спуштаат црни облаци и мирисаше на снег. И одиме и стасавме пред Кажани и влеговме во првата плевна. Таму преспавме. Утрото прашавме едно старче дали овој пат води за Преспа?

- Води – рече и го снема во тесното селско сокаче.

Пред свечерување, може имаше едно два остени за да зајде сонцето зад планината, излеговме горе. Лево планини, десно планини и далеку пред нас вода -езерото и отаде– долга планина. Сите планини под снег.

- Ја пулиш таа планина таму далеку? – здишено рече братучедот.

- Ја, пула, па што?

- Од нашето село се гледа.. Го пулиш и тој процепот, така како да е планината скршена?

- Го пула, па што?

- И тој се гледа од нашето село. Значи ако одиме сега лево од тука, ќе стигнеме дома – рече.

И тргнавме лево. И не фати мракот. Ноќ. Студи. Влечеме скапани и смрзнати нозе и не знам кое време стигнавме во едно село. Селаните спијеја. И кучињата спијеја. Се пикнавме во една плевна и таму го дочекавме

денот. Кога добро зазори, се тргнавме над селото и продолживме. Коте, кој беше две години постар од мене ги памтеше планините. Застана и ме праша:

- Ја пулиш таа планина таму што се вика Врба? А таа, лево од неа, ја пулиш?

- Ја пула...

- Е, глупчо – ме искара братучедот – таа се вика Бела Вода...

Кога рече дека планината се вика Бела Вода потскокнав од радост и извикав:

- Па под неа е Герман?

Од радост се гушнавме и ни се пристори дека заборавивме дека сме гладни и тргнавме натаму, на кај планината Бела Вода што ние во Герман си ја викаме Германската Планина. Се движиме и се држиме само лево од селата и приквечер стигнавме во... Љубојно. Познати ни се куќите и големата црква... ама стравот ни вели – подалеку од луѓето... А подалеку беше една плевна на крајот од селото. Одиме таму, а во еден двор здогледавме куп праз. Набрзина зедовме цел преграб, тивко го отворивме вратичето од плевната и откако добро се покривме со сено, се вдадовме во јадење праз. Бевме многу гладни и се изедовме, ама не ни излезе на добро. И кога пред зазорување излеговме од плевната и тргнавме на кај Долно Дупени, ни се потсекоа нозете... не фати ужасен пролив ... од празот... Оди , па застани, оди па застани и така се до една голема црква над селото во која се сокривме за да одмориме. И гледаме – горе, високо врвот Цуце и десно од него Црвени Стени. Таму е границата. Се гледаат и од нашето село и си рековме ако појдеме по трапот ќе излеземе таму, а од таму - лесно до Герман. И тргнавме. Снегот замрзнат. Братучедот Коте, кој имаше војнички чизми, удира во снегот, отвора дупки, а јас со боси нозе (опинците ми се искинаа) одам зад него. Стигнавме горе. Застанавме до граничниот камен и од таму го гледаме селото и не забележавме дека не поплати магла. И си рековме добро е што маглата е густа, така полесно и незабележани ќе ја поминеме границата. Слеговме долу и таму не фатија нашите, партизанските милиционери и не однесоа во милиција. Таму долго не испрашуваа, а ние се им кажавме. А тие ни рекоа на сите да им кажуваме дека таму во Браилово сите деца се живи и здрави, дека се облечени во нови алишта и дека спијат во кревети со бели чаршафи, а

јадење имаат колку душа им сака... Потоа не пуштија дома, а мене, кога ме видоа бос, ми дадоа војнички цокули...

Еј, знаеш ли што значи после тоа проклето Браилово, после тој изминат пат до тука, после тоа спиење по плевни, смрзнат и гладен да се вратиш дома? И така одам јас дома и си мислам како ќе ме прегрнат татко, сестрите и братот, како радосно ќе се гушнеме, како татко ќе ме седне на колено, ќе ми погали глава, ќе ме стопли во својата прегратка, а сестрите ќе ми донесат топла манџа и многу леб, како братот ќе ги собуе своите топли волнени чорапи и ќе ми ги обуе, како сите ќе седнеме покрај распаленото огниште... а потоа како наситен и стоплен ќе заспијам во скутот на татко и утрото ќе се разбудам под топлото веленце, ќе се напијам топло овчо млеко... И така јас си одам дома и така си мислам, од радост потско-кнувам, па дури и ми идеше да запеам... И одеднаш се стрчав побрзо за да стигнам дома... И... вратата затворена. Чукам. Наслушкувам. Пак чукам, еднаш, двапати, трипати, по силно и посилно и нема глас. Пак чукам, упорно удирам со тупаниците и со колената и со големите војнички цокули. Никој не отвора. Си реков - сигурно се по селските работи и каде да се, ќе си дојдат. Сонцето се уште светеше над ридот Дреничето отаде езерото и до заодот имаше ден. Седнав на прагот пред портата и чекам. Раце налактив на колената, лицето го покрив со дланките и чекам и така чекајќи – го дочекав првиот мрак, не мрдам, чекам и чувствувам како ме тресат морници, по стапалата како да ми лазат мравки и студот се повеќе ми облева образи, прстите ми отрпнуваат, ушите ми горат и полека ме фаќа некаква дремка, ми се присторува дека се губам и не знам што време беше, кога почувствував дека нечија рака ми треси рамо, ме подигна и слушам женски глас да ме праша – кој си ти бре синко? Стани ми рече. Тука нема никој... И ме одведе дома кај неа. И додека ми даваше леб и сирење, полека, - збор по збор ми кажа дека сите мои и татко и сестрите и братот ги собраа, значи ги мобилизираа, ги пратија на фронтот и дека брат ми загина... Лебот и сирењето ми паднаа од раце, в грло нешто ме стегна, некакви искри ми прелетаа пред очи, се стресов и сакав да заплачам, ама немав солзи, сакав да викнам, ама немав глас, сакав некаде да избегам, ама немав сили... И... и се почувствував неискажливо сам и тоа чувство, таа голема болка врз мене падна со тежина што тешко се поднесува,

ме скрши. И така јас останав сам... Се пустелија ми се стори. Ама, како што се вели, животот тече... Со некои бабини масти цел месец ми ги премачкуваа стапалата и така нозете ми оздравеа. Се главив овчар... и така овчарев од април 1948 до август 1949 година. А во тоа време селото секој ден опустошуваше. Мажи и жени кои беа способни за борба, ги собираа и ги праќаа на борбени позиции. Мажи и жени и по некоја уште нестасана девојка ги собираа и ноќе пренесуваа оружје од магазините во Преспа до планините на Грамос. И немаше ден афежитките на чело со некоја си Вера да не ги собираат селаните во училиштето и да не им зборуваат дека победата е многу блиска и дека за неа треба да дадат се што имаат. И даваа селаните и покривачи и перници, виљушки и лажици, чинии и чаши, чорапи, фанели, кошули... и немаше ден камбаната да не удри на мртво и се пренесуваше дека тој и тој загина и плачење се слушаше секој ден во селото. И така селото секој ден се опустошуваше и осиромашуваше... И немаше деца од мојата возраст, освен оние малите, селото беше пусто без деца... Плачеа и лелекаа мајките, излегуваа на друмот, гледаа на кај границата и чекаа... Мислеа дека им се враќаат децата. И тогаш разбрав дека на нашите родители им беше одземена најголемата радост и највредното што го имаа... И еден ден, месецот не го паметам, тоа беше 1949 година, таму каде што ги пасев овците, на Присојо, близу границата, пред мене излезе татко. Беше облечен војнички и ми рече бргу да му донесам од дома алишта. Истрчав и му донесов. Тој се пресоблече, ме прегрна и јас тогаш помислив дека ќе ме земе со него. Ама не ме зеде. Не знам зошто не ме зеде. И пак останав сам...

И еден ден, тоа беше во август, по пладнето, јавнати на растрчани коњи, во селото дотрчаа партизани. Трчаа по селските сокаци, од куќа до куќа и, удирајќи со кундаците на портите и вратите, на сет глас викаа:

- Бегајте! Бегајте! Бегајте! Скрши фронтот! Грчката војска доаѓа и се живо што ќе најди ќе коли и ќе беси!!!

Како дива и пеколна фурија, како нагла градобијна бура, како надојдена матна река и облак од пламен - од куќа до куќа, од уста во уста се пренесуваше страшната и лошата вест. Страв голем ги згрчи грлата, ги скрши рацете и колената ги свитка, лицата ги искриви, се вгнезди

во очите, проникна под кожата, влезе во коските, го помати умот.

- Бегајте! Бегајте! Бегајте! – грмеа зарипнатите викања на коњаниците кои безглаво и обезумени продолжуваа да го сејат стравот.

И се растури и се посеа општ страв. Кога стравот од страв на единката станува страв на толпата, тогаш станува сеопшт и тогаш ништо не може да го сопре. А тие кои така наредија, сигурно му ја знаеја моќта...

А селаните, на кои им се придружив, гонети од уплавот што ги споплати и од викањата на коњаниците кои со закана тераа на бегање, набрзина собираа покривачи, веленција, пљачки, нешто од храната што ја имаа, товареа на запрежни коли, на магарења (коњите и мазгите беа собрани од партизаните), на грб и рамо нарамија вреќи и дисаги со се што можеа да земат од дома и, терајќи пред себе говеда, овци и кози, се вдадоа во бегство.

Прво тргнавме право на кај Маркова Нога.

Границата е близу и мислевме дека брзо ќе ја преминеме и кога стигнавме до црквата Свети Јован, патот ни го заградија наши партизани. Почнаа да викаат по нас и да ни велат да се вратиме. Некој од селаните излезе напред и почна да им вели и да ги моли дека тука посигурен ни е спасот и дека во Долно Дупени, Љубојно и Брајчино си имаме роднини и кај нив ќе си останеме додека помине лошото и потоа ќе си се вратиме дома.

– Не! – рекоа нашите партизани и ги вперија цевките кон нас.

- Назад! – викаа – враќајте се и бегајте по патот што води за Пероо и од таму кон Нивици, Орово и Граждено.

Ние не отстапувавме и се повеќе се собираше народ, запрежни коли, говеда, кози, овци, запрежни коли и товарени магарења...

– Назад! – викаа – Назад! Наредба е да бегате кон Пероо!

И кога толпата се повеќе навалуваше, тогаш закракаа два пушкомитралези и над нас засвиреа куршуми. Стравот уште повеќе ни влезе в коски. Не ни дозволија да ја преминеме границата. Свртивме и трчаница фативме пат за Пероо. Ние од Герман и Раби први го поминавме мостот и набргу стигнаа и селаните од другите преспански села - Оровник, Попли, Рудари, Штрково, Медово... Ние кои

порано успеавме да го преминеше мостот на Кулата – Пероо и ноќта ја поминавме скриени во ретката шума над патот, утрото од таму гледавме како над Лисец, Моро и Чуката летаа авиони, како под нив избувнуваа цели купишта земја и потоа, задоцнето, стигнуваа грмежите. Потоа видовме како од оваа страна на Превалот излегоа тенкови и почнаа да се спуштаат кон Преспа. И војска трчаше зад нив. А од Бела Вода кон Герман се спуштаа партизаните и трчаа кон рамницата која се повеќе се полнеше со луѓе и сите трчаа кон Пероо.

Над Бела Вода се појавија авиони. и со голема брзина летаа кон преспанската рамница.

- Брзо, брзо, брзо, терај, терај, трчај, трчај брзо, не застанувај - се слушаа гласови кои беа надвикувани од луѓето од кои едни во трчаницата паѓаа, други ги прескокнуваа, ги газеа, се довикуваа и се бараа, се слушаше плач и врисок на мали деца и крикови на жени, рикање на говедата и блеење на овците. Меѓу луѓето и од страните трчаа партизани и партизанки и тие викаа, се довикуваа, се свртуваа, прекинуваа трчање, клекнуваа и пукаа. Дел –

Авионите цел ден не го напуштаа небото. Долетуваа и одлетуваа на смени.

Еден беше патот за спас – Кулата - и сите таму трчаа.

-Бегајте!!! – се слушаа гласови што се губеа во бучавата на авионите, кои тој ден и наредниот не го напуштаа небото. Едни одлетуваа, други долетуваа и пукаа со митралезите и фрлаа бомби и гранати. Земјата се откорнуваше, се дигаше нагоре и над целата рамница се дигаше црн чад. и се мешаше бомбите, ракетите, гранатите, ја гореа напалмите и ја ораа гасениците на тенковите. Целата рамнина меѓу двете езера и се до Пероо беше преполнета со луѓе, кои избезумени се пробиваа низ огнот, трчаа биени од воздух.

А авионите не престануваа со голема бучава ниско да летаат и да бијат со долги митралези рафалии и страшни беа грмежите на бомбите и ужасен беше пламенот што се издигнуваше над рамницата и ги снемуваше гласните викотници и лелеци на луѓето кои гинеа под бомбите и гореа во пламенот. Едни паѓаа, други стануваа и трчаа, трчаа, трчаа кон Пероо... тука беше спасот. Да го поминат мостот, да се префрлат на другата страна од

езерото, да ја фатат планината, да се скријат во грмушките, во честарот... а авионите долетуваа од кај планината Бела Вода, правеа полукруг и во низок лет пукаа, фрлаа бомби, гранати, оган над рамницата, чад, викотници, лелекања... Одлетаа и мислевме дека нема да се ватат. Но кратко потоа долетаа други и фрлаа некои бомби под кои се гореше. Кога ги снемуваш авионите, тогаш рамницата ја биеја топови. Грмеж зад грмеж. А од кај Оровник на кај Раби се влечеа тенкови и пукаа, пукаа...кога само за миг небото над Преспа беше без авиони. И наеднаш голема бучава. Отиде во воздух мостот на Пероо и многу луѓе останаа во водите што почнаа да го поплавуваат полето... Едни гинеа од бомбите, а други се давеа во разулавените води. Теснецот меѓу двете езера беше премногу тесен за да ги собере сите. Се туркаа, викаа и се надвикуваа, за спас се фрлаа во подивените и разулавенми води над кои секои неколку минути долетуваа авионите кои во низок лет и заглушувачки виеж митралираа, фрлаа бомби и ракети и веднаш зад нив долетуваа други и со некои бомби што шириа и дигаа многу пламен, ги доубиваа, ги гореа испопелуваа и мртвите и се уште живите. И кога тенковите и пешадијата стигнаа до раскрсницата и таму врзаа тежок и крвав бој, авионите почнаа да го бијат брегот и патот што од Кулата-Пероо води Винени. Со распарчени тела на луѓе и стока беше послан патот. И по тој пат трчавме и на тој пат баравме спас...

И пак ќе рачам: невиден ураган ја споплати Преспа. Град од усвитено железо истураа авионите и веднаш зад нив долетуваа други и постелуваа пламен. Црни облаци се дигаа од земјата, молскавици од усвитено железо се вбиваа во живите тела на немоќните, град од железо ја толчеше земјата и долги јазици од пламен се истураа од небото и ја гореа и пеплосуваа. Небото го покрија црни облаци и водата езерска имаше црвена боја. Од секаде се слушаа споулавени, диви, претсмртни крикови на ужас и уплав и помош од никаде.

Голиот песочен простор межу Р`би и Пероо беше отворена кланица. Тој ден очите ни беа полни ужас, уплав, очај, колнежи, пцости и безнадеж...

Таа глетка ја гледам и најаве и во сон и мислам дека никогаш нема да успеам да се ослободам од неа и од прашањето: од каде ли толку дива и фанатична, слепа и студена, жестока и јаросна омраза и толку дивјачка жед за

убивање? Зошто ли толку нездржлив, ужасен, страшен и бесен гнев се посеа над Преспа?

Ми се чини дека тој ден Господ не заборави.... Сила и моќ им даде на одмаздата, огнот, злосторството и смртта.

Биени од небо и земја, прескокнувајќи ги телата на убиените и ранетите, подуените мрши на мртвите говеда чии црева беа растурени на патот и ливадите и постојано придружувани од тоа ужасно викање – бегајте – ги врвевме беспаќата кои водеа кон границата со Албанија. Врвеа папсаните партизани и партизанки, носејќи ги на рамо, на ќебиња и носилки ранетите и заедно со нив врвеа старци и старички, мажи и жени во стасани години, дечиња кои со улав во очите цврсто се држеа за фустаните на своите мајки. Врвеа, врвеа и само за миг свртуваа глава колку за да видат дали зад нив има живи и дали држат чекор.

Кога ја преминавме границата и кога до нас не допираа експлозиите на бомбите и не се слушаше бучавата на авионите, тогаш почувствував голема празнина. И болка. Тогаш сфатив колку боли принудното напуштање на сопствената куќа...

Колку можеш од целиот имот создаван со векови да собереш во една торба?

А куќата? Нивите? Бавчите? Шумите? Ливадите? Лозјата? Можеш ли од нив барем делче да пикнеш в торба?

Можеш ли да си замислиш колку многу боли кога родното место го напуштат под принуда? Знаеш ли колку боли кога те тераат да одиш отаде во туѓа земја и на рамо, под мишка, на врат, од долго стекнуваниот имот да понесеш само толку, колку што може да се собере во една торба или вреќа?

Знаеш ли колку е голема маката кога на порта ќе ставиш катанец без надеж дека наскоро ќе го тргнеш?

Само за три дена поцрнаа белите денови и напразно отиде целиот труд и саможртвата, во неповрат се растурија надежите.

Бегавме и со себе ја понесовме и војната која се уште трае. Илјадници ги преваливме ридиштата и планините, оставајќи ги зад себе куќите, нивите, ливадите, лозјата, шумите што ги имавме полеано со сопствената пот и оплодени со нашиот труд.

И сфатив дека за нас други патишта веќе не постоеја освен патиштата што водеа кон нашето искоренување... и во тој миг се слушнаа гласови и викања да продолжиме кон Албанија. И појдовме... луѓе и стока... Ноќта не фати силен, пороен дожд. Нема глава кај да скриеш. Во долга колона одевме кон не знам каде. Стоката се растури по ливадите, бавчите, нивите и дворовите на албанските села, а ние одевме, пеш, одевме и стигнавме и во Поградец каде не презедоа камиони и не оставија во рамницата надвор од градот Елбасан и по некој месец со бродови не префрлија во Полска. Таму Полјаците нас децата не сместија во детските домови. Завршив основно, гимназија и факултет и основав свое семејство. Република Македонија, тогаш во составот на Југославија, ја посетив во 1961 година со цел да го видам татко. Тој работеше во Белимбегово и живееше во едно сопче 3 на 2,5 метри, имаше железен кревет, две ќебиња, малечко шпоренце, маса од не рендани штици и едно столче. Јас го познав, а тој не ме позна. Втор пат дојдов по земјотресот и го зедов татко во Полска. И така, јас, за едни Коле, за други Никола, некогашното овчарче од Герман, летото 1964 година со целото семејство се преселив во Скопје и станав негов жител. Со диплома на градежен инженер се вработив во Дирекцијата за обнова и изградба на Скопје и ја градев Народната и универзитетска библиотека, Архивот на Македонија и Институтот за национална историја, Театарот на народностите, Музејот за современа уметност и комплексот музеи на Македонија и други објекти.... Таков пат поминав...

За миг собра прсти во еден грст и, воздивнувајќи, тивко прозбори:

- Многу куќи сум обновил и изградил... Сега, седејќи тука, се прашувам – дали од властите ќе ми биде дозволено и од Бога дадено да ја обновам татковата куќа?...

Рамената му затреперија, болна издишка му скрши глас и зениците му се замаглија...

- Изградив куќа во Долно Дупени само затоа за да бидам поблиску до Герман. Порано, во помлади години честопати одев горе и од таму, од Цуце, со дуљбија ја гледав нашата куќа. Сега одам на Св. Илија и од таму, од ритчето ја гледам рамницата.

Секоја година, после 15 август, оваа Преспа цела недела е полна со врева, песна, забавна и сериозна музика. Патот што води до островот Св. Аиљ тие денови е врвца од патнички автомобили, автобуси и луксузни лимузини. Цела недела на островот Свети Аиљ меѓу остатоците на катедралната црква на царот Самуил се одржуваат концерти. Не е локална манифестација и концертите не се посветени на настаните што се одиграа во Преспа од 13 до 15 август 1949 година. Секоја година во исто време цела недела јурат патнички автомобили, автобуси и коли со државни ознаки придружувани од луѓе на безбедноста. Знаат ли кој и што лежи на оваа рамница и под асфалтот од Р`би до Кулата – Пероо, и од Пероо до паркингот пред островот Свети Аиљ?

И додека траат концертите, коли и автобуси јурат кон Свети Аиљ и се враќаат, одам на Свети Илија и на ритчето од кое на дланка легнува малото Преспанско Езеро, околните планини, полето преспанско, запалувам свеќа. За душите на тие кои пред шеесет години за на век останаа тука. Трепери пламенчето на свеќата и стоејќи вгледан во рамницата, ми се чини дека допираат до мене бучавата на авионите, тресокот на бомбите и гранатите, свирежот на куршумите, мирисот на напалмот, врисокот на стотиците очајници кои биени од небо и земја, газени и толчени под тенковските гасеници со последната издишка трчаа по оваа последно мало крајче од езерската земја со надеж да се фатат за последната сламка за спас на животот...

Се прекрстувам со желба да им дошепнам:

- Атињани, пополека, покроце, потивко... потивко, покроце...

Недамна еден мој роднина кој живее во Лерин ми ја донесе книгата “ Историја на грчката граѓанска војна”. Многу интересно четиво. На страница 533 пишува дека на просторот од раскрсницата пред селото Р`би до мостот на Пероо - Кулата, должина 5 и ширина 2 километри, на 13 и 14 август 1949 година грчкото воено воздухопловство фрли 34 бомби тешки 250 килограми, 530 бомби тешки 125 килограми, 1.900 бомби тешки 10 килограми, 70 напалм бомби, 620 ракети, 26.000 гранати од 20 мм, 43.000 митралески куршуми од 12,7 и 7,7 мм. Авторот не наведува

колкава количина железо и олово во исто време и на истиот простор чија површина изнесува 5 километри во должина и 2 километри во ширина (5x2= 10 квадратни километри) фрлија минофрлачите, тенковите, артилеријата и пешадијата.

Малку или многу железо и оган падна врз главите на осакатените единици на ДАГ и големиот број цивилно население кое во невидена паника иташе кон Пероо за да најде спас на полуостровот што го нарекоа "Африка"?

Авторот наведува дека 80 отсто од тие кои се повлекуваа по овој отворен простор беа убиени. Не, тоа не беше боиште. Тоа беше кланица. Малку или многу беше количината на фрленото железо и олово врз главите на немоќните луѓе, малку или многу се загинатите чии коски лежат во масовни гробници на просторот меѓу раскрсницата пред селото Р`би и мостот на Пероо - Кулата, меѓу брегот на Големото и песоците и трските на Малото Преспанско Езеро?

А во книгата "Антибандитската борба 1945-1949" генералот Зафиропулос на страница 620 за грчкото воено воздухопловство ја напиша оваа пофалба:

« Η φιλια Αεροπορια απο της εω ενεσπειρε τον τρομον και την καταστροφην εις την περιοχην του Λαιμου.»[4]

* * *

Во тишина и молк и со најмала брзина што може да ја развие нашето SAXO го врвиме патот од Р`би до Кулата - Пероо. Патот е прав како стрела и тера по средината на рамницата легната меѓу двете преспански езера. Лево, долж брегот на малото езеро, брануваат високите трски, десно, долж брегот на големото езеро – густ врбјак. Ова е местото на крвавото боиште за кое пред малку ни раскажуваше Коле.

Зад нас се залепи автобус и труби та труби. Изгледа му се брза. Во ретровизорот го гледам налутеното лице на возачот кој луто се заканува со тупаници и од мрштењето на неговото лице и движењето на огрдените усни, сфаќам дека ме пцуе. Му враќам во духот и брзина не зголемувам. Не издржа да се влече зад мене, ме престаса и се оддалечи со голема брзина, оставајќи зад себе заглушу-

[4] Пријателското водухопловство од самоти утро сееше ужас и катастрофа во реонот на Лемос (Р`би) .

вачка бучава и смрдеа од изгорена нафта. Продолжувам да возам што е можно пополека и се обидувам со мислата да вообразам барем еден мал дел од крвата слика. Оптоварен со бремето на тоа мачно време, не забележав кога зад мене остана рамницата на ужасот и се најдов на мостот префрлен над допирот на двете преспански езера. Преминувам на другата страна, за поздрав им замавнувам на војниците кои дремат на клупата пред караулата, свртувам десно и го фаќам патот за Ψαραδες – Pcarades. Така пишува на сообраќајната табла. Проверувам на старата карта составена од Чуповски и наоѓам дека Пцарадес, што во превод значи - Рибари – е старото име на селото Нивици. Патот широк, води пругоре над езерскиот брег. Остар свиок пред црквата Св. Ѓорги и десно широк паркинг од каде се гледа целиот видик на источниот преспански брег што на север почнува во Асамати и на југ завршува на Превалот. Планините и селата под нив – на дланка. И езерото под нозе.

Восхитени од прекрасната глетка, отидовме во Нивици. Селото лежи на самоти езерски брег опколено со камењар на кој растат ниски закржлавени дабчиња. Се зборува дека старите Нивичани во минатото живееле од циронките што ги продавале и во најоддалечените села во леринско и костурско. Продадените циронки никого не направија богат. Денешните Нивичани сиромаштијата ја истераа со помош на туристите. Со заеднички напори изградија хотел со ресторан во кој се нуди познатиот преспански крап и домашните јадења, во старите куќи ги дотерале одаите и паркингот пред хотелот е полн со автобуси. Добро смислената реклама носи тука туристи од цела Грција. Но, нам не ни е до хотелот и крапот, туку до еден значаен настан што во воено време имаше место во селската црква, Света Недела (Голема Богородица). Тука на 25 март 1949 година се одржа Вториот конгрес на Народно-ослободителниот фронт на кој беа донесени одлуки за поголемо учество на Македонците во граѓанската војна и беше речено и повторено дека грчите комунисти ќе им направат македонска држава, за разлика од онаа во составот на Југославија, но пред тоа ниту еден Македонец и Македонка да не остане надвор од борбата. “Сите на оружје – се за победата”, гласеше една парола и многу пароли беа извикани во чест на најголемиот, најмудриот и на-нај син што се презиваше Захаријадис и дотогаш и

малку подоцна никој не сакаше да сфати и да поверува дека токму тој беше најголемиот измамник! Но водачите на НОФ и оние подолу најмногу му веруваа и поради тоа нивно верување – настрадаа. Другото се знае!!! Настрада целиот народ за што постарите добро знаат и паметат, а помладите од нив нека научат и да се чуваат.

По стариот кружен пат што ретко се употребува и поради тоа калдрмата му е обрасната со трева, стигнавме во Врондерон кое на старата карта е означено како Граждено, а пред тоа го видовме местото каде беше селото Пиксос, познато како Орово чие постоење го обележува црквата скриена под сенката на високите дабови. Во Граждено не одведе желбата да ја посетиме големата пештера која за време на граѓанската беше партизанска болница. Тука ги лекуваа ранетите откако селата Нивици, Орово и Граждено беа бомабардирани поради тоа што сите куќи беа една болница. Очекувавме дека тука ќе видиме урнатини и простор легнат во празнотија. Но, не изненади глетката на нови куќи и растрчаните деца сред селото, а најмногу довикувањата на луѓето на албански јазик. Дозвнавме дека во Граждено властите доселија Грци, бегалци од Албанија. Земјоделци и сточари. Со нас зборуваат на грчки, но меѓу себе на албански. Велат дека така им е полесно да се разберат.

По посетата на пештерата, некогашната партизанска болница, во која се уште има остатоци од дрвени кревети поставени на три слоеви, фаќаме пат за Пили, по старо Винени, единствено село во Преспа кое по грчаката катастрофа во Мала Азија во војната со Турција, тука доселија просвиги – бегалци, од Македонците наречени маџири. Од Преспани се разликуваат не само по зборот, туку и по изгледот. Имаат црна коса, коскеско лице, испупчени очи и орлови носеви. Самите се нарекуваат Понтји, значи некогашни жители на некое село сместено над брегoвите на Црното Море. За време на граѓанската Понтјите беа пребегнати во Лерин, а во нивните куќи беа се сместиле членовите на таканаречената привремена демократска влада на Грција, која беше формирана во декември 1947 во преспанското село Асамати што се наоѓа во Република Македонија. Пред влезот во селото, лево од

патот забележавме парче штица закована на дабово стебло и натпис: “Σπηλια Ζαχιαριαδης”.[5]

До пештерата пругоре по стрмнината води тесна патека и пред влезот во широкото плато распослано под сенките на ниско-стеблестите дабови, свртува лево. Уште една штица - патоказ со истиот натпис и десетина чекори од тука две споени карпи. Над нив растат стари закржлавени дабови чии корени се вжилени во пукнатините на карпите. Под ниско обесените гранки, свртен на запад – зее мрачен отвор и самиот изглед на влезот буди морници. Со првиот чекор ја запалувам батериската ламба и внимателно, стапнувам на првата степеница изделкана во каменот. По неа, надолу, уште три или четири степеници и со последниот чекор влегувам право во мракот... Некогаш, веројатно, беше мечкино дувло, но тогаш, во граѓанската – тука беше мозокот. Пештерата тогаш не личеше на пештера. Личеше на кабинет. Подот послан со рендани штици и покриен со рачно исткаен килим – во добрите времиња на заедничко верување - подарок од Тито. Лево масивно биро, телефонски апарати, радио-станица, десно долга маса покриена со црвено платно, наредени столови – за членовите на тесното политичко и воено раководство. На челниот ѕид – во боја, портретот на Сталин, личен подарок. Електрична светлина и греење. Тука се носеа политички и воени решенија и одлуки, тогаш тука беше мозокот на едната страна од војната. Тука беа донесени одлуките за заземање на Воден, Негуш и Лерин. И тука и во Винени никогаш не падна ниту една авионска бомба. Малку беа тие кои го знаеја и можеа да го поминат патот до пештерата. Сега многу се тие кои ја посетуваат пештерата која од некогашно мечкино дувло, денско живеалиште на лилјаците и пајаците и седиште на мракот и несреќите, стана туристичка атракција...

Не фати пладне и на пладнување одиме на островот Свети Аиљ до каде не води понтонски мост што недамна го постави армијата. Најбележит украс е Самуиловата црква што постојано е под окото на бројни туристи и нивните фотоапарати и камери.

Не пропуштаме да отпочиниме во единствениот и изненадувачки прекрасно уреден ресторан со хотел и голема тераса со поглед на езерото, домаќинлак на невоо-

[5] Пештера Захаријадис

бичаено љубезните Коста и Вера. Пред влезот – средба со историјата. Во камен и дрво скулптури на ослепени Самуилови воини. Измачените и страдалнички лица, на кои се сочувани белези на гордост и достоинство, те тераат пред нив да застанеш и да простумиш со почит и воздржан здив.

А ресторанот повеќе личи на етнолошки музеј. Тука, макотрпно се собрани и со љубов и пиетет се изложени сите белези на преспанската материјална култура. И додека со огромна љубопитност ги разгледуваме изложените експонати, внимнаието ни го одвлече појавата на телевизискиот екран на знакот на солунскиот ТВ канал и најавата дека ќе биде емитуван документарен филм насловен: "Πρεσπα η καρδια της Μακεδονιας".[6]

Во окото на камерата се сместени крајбрежните трски, мирнотијата на водата, мноштвото јата од разновидни птици, островот Свети Ахиљ и sидовите на големата, некогаш прекрасна катедрала во која се молел царот Самуил и неговите воини, високите езерски камени бели брегови во кои се уште се сочувани пештерските црквички и келиите на калуѓерите-испосници и иконата на Света Богорица насликана на карпа сто метри над езерската вода. Коментарот е фалба за природата, но за луѓето, за Преспани ни збор. Филмот завршува со слика од неколку патнички коли и автобуси полни со туристи кои го поминуваат мостот кај Кулата и восхитени од убавината на ова божјо катче, се враќаат на југ.

Езерскиот ветер ја одвејува прашината и вревата што остана зад нив и над Преспа одново легнува и задремува тишината.

Ја напуштаме Преспа и пред да превалиме на другата страна од Превалот, долго се вгледуваме во прстенот од планини во чија средина е езерското огледало во кое катадневно се вгледани и небото и облаците, и месечината и sвездите и изгревот и заодот на сонцето.

Од градите ни се откинува тешка воздишка и заедно со неа и прашањето: зошто, Богородите, Ти, што на студ и влага, биена од силните есенски дождови и зимските ветришта, печена од летната жега, на карпа преспанска со

[6] Преспа душата на Македонија

векови траеш, не чуваше и не бранеше со Твојата рака да ја спречиш раката која Преспани ги избриша од Преспа?...

Преспа, питома и красна, испрана, истолчена, исплакнета, опустошена, истребена и тажна без своите старинци - Преспанките и Преспани...

Ех, Преспа, Преспа, такоана, онегвана и онадена...

3.

Костур споредeн со оној од пред десетина години е непропознатлив. Поранешниот, вековен пазар, покрај езерскиот брег е пренаменет во градски парк. Во овој дел на градот непроменети се само рибарниците. Такви какви што се сега, беа во си те изминати времиња. Со нив владееле и владеат рибарите од селото Мавровo. И градскиот стадион го нема. Тука е изграден нов плоштад и еден дел само двапати неделно се користи како пазар. Уредно и чисто и како додадок е новата зграда на градските власти. Видлив е прстот на Европската унија.

Кружниот пат долж брегот на полуостровот е проширен и асфалтиран, начичкан со мноштво кафеани, таверни, кафулиња, ресторанчиња и мали продавници и покрај 70 – православни цркви, повеќето постари од петстотини години и изградени во византиски стил, претставува големо туристичко доживување и завршува пред малиот плоштад во чија средина во природна голема е поставен споменикот на владиката Каравангелис на чии гради со црна боја е испишано – крвник. Странично од Каравангелис е обезглавената статуаа ма американскиот генерал Ван Флит кој им командувал на грчките владини генерали во текот на граѓанската војна. Но, во Костур има и други изненадувања.

Во кафеаната, веднаш до езерскиот брег (изградена од дрво со многу пластични елементи) замоливме да не послужат со кафе.

- Две турски кафиња – замолив.

- Турски во Турција – налутено врати келнерчето, испиено и, веројатно од несоница, бледо момче. – Тука служиме само грчко – одговори строго и со пешкирот ја тресна мувата што се залепи на масата.

Откако го испивме грчкото кафе и водата што тука ја служат бесплатно, појдовме кон центарот на градот. Продавница до продавница и на излозите најмногу крзно. Крзнарството во Костур беше најстариот занает и само Костурчани со султански ферман имале право да бидат крзнари. Но, во последните триесетина години крзнарството им го презедоа околните села и градови, а најмногу Русите. Тие по распаѓањето на Советсдкиот Сојуз, со големи пари (од каде им се само тие знаат) дојдоа во Костур и околината, изградија хали, на крстопатите поставија билборди со натпис "ШУБЫ" и така костурските познати и прочуени крзнари станаа наемни работници кај Русите.

Од љубопитност влеговме во една продавница со крзнени палта. Не ги допираме, само ги гледаме, им се восхитуваме и брзо преминуваме натаму вчудовидени и изненадени од многу високите цени.

Продавачот, зборлест, средовечен маж, не следи, објаснува, фали, не наговара да купиме и кога се најдовме подалеку од вратата, тукуречи шепотејќи, не праша на македонски:

- Вие сте од Сербија?

- Не – му велам. – Србија е погоре, на север.

- Аха... – охна.

- А вие? – го прашав.

- Јаска се од туа, од Македонија... Герција е по подолу... – рече тивко и со рака покажа на југ.

На излегување од продавницата не праша:

- А од кој град сте таму во...

- Во град живееме, ама родени сме во тукашно село.

- Во кое?

Му го кажувам името – Полијанемон.

- Го знам – се пофали. – Старото име му е Крчишта. Нели?

- Така е. И таму ќе одиме.

- Шчо барате там, бре? Там с`лде ветришчата по кој селото го доби новото име, нема нишчо! – извика вчудовиден. – Нишчо, вервајте, ама нишчо нема...

- Ако, господине, ќе одиме да го видиме тоа ништо...

- Χρηστε και Παναγια!...[7] - прекрстувајќи се рече на грчки.

* * *

Некогашниот тесен и излокан друм што од Долно Папратско водеше за Крчишта, сега е широк асфалтен автомобилски пат и завршува таму, каде некогаш беа гумната. Застанавме на местото викано Вишомо, од каде се шири мала возвишеност во чија средина има црква. Околу неа – празно. Во таа празнина беше селото Крчишта. Ја гледам празнината која во мене буди болка и морници ме тресат. Беше, го нема, сал името му остана што многу одамна го добило по крчењето на костените. Си спомнувам како старите пренесувале дека тоа било многу одамна. Тогаш, кога во војната со Полјаците, во 1689 година, при нападот и заземањето на градот Хочим, некој бег се истакнал со јунаштво. Со султански ферман како награда добил пет села со се жители, куќите и земјата. За да му бидат нивите пошироки наредил да се искрчат костените и сите селани од петте села ги натерал на тоа песукливо и неплодно место да си изградат куќи, конак за бегот и џамија. Како белег дека некогаш во околината постоеле села останале само црквите – Св. Петка, Св. Атанас, Св. Ѓорги, Св. Јован, Св. Илија. Истрајале во времето, востанијата и во војните, но...

Лево од патот каде стоиме, високи дабови.

- Таму – и велам на сопругата - имало село и Долно Вишомо се викало и под високите дабови што се гледаат, е црквата Св. Петка.

Таму отидовме пеш и се најдовме под сенките на дебелите и високи дабје. Црквата Св. Петка ја нема. Не се гледа ниту трага од нејзините темели, туку само на два камења потпрени две скршени керамиди и под нив парче од недогорена свеќа. Над оброчиштето се шири тивок шум

[7] Исусе и Богородице

на дабјето. Јато гаврани прелетува и се губи отаде шумата. Глетката боли и морници буди. Со здржана воздишка се прекрстуваме и немо тргнуваме кон селото. Широкиот автомобилски пат завршува таму каде беа селските гумна. Лево широка железна врата, зад неа голем двор поделен со ограда зад која мукаат телиња. Многу ги има. На спротивната страна – куќарка. Лаежот на врзаното куче од неа извлече млад маж. Се поздрави на грчки и праша:

- Барате некого?

- Да... – реков и немо, со насолзени очи го опфаќам целиот празен простор...

- Кого?

Грутка во грлото, омалуваат колената, трепери брадата.

- Лефтерис се викам. Повелете, влезете – не кани дома, во малата куќарка.

- Ќе прошетаме до онаму, до брестовите – му велам и на враќање...

Колата ја оставивме пред портата на фармата за гоење телиња и со бавен чекор појдовме за да и го покажам на сопругата селото. По неколку поминати чекори затворив очи и празнината обрасната со пиреј и диво зелје ја полнам со куќите на Нановци, Дамовци, Пурдовци, Ласкини, Поповци, Доновци, Љаповци, Пинsовци, Пеновци, Шкокловци, Трајковци, Наковци, Пандовци, Филjовци, Гуљовци и другите до бројката 54 родови и куќи под чии покриви живееле 400 души и уште педесетина на гурбет отидени отаде големите води. Раскажувам за секој род, куќа и сокаче и затоа дека во времето на граѓанската 43 беа мобилизирани од кои 29 загинаа, 54 деца однесени по државите, 7 фамилии пребегнаа во Костур и Рупишта и сите други лошото ги витоса и ги растури по светот. Ете, велам, оваа празнина беше село и оваа празнина беше полна со живот... А тука, велам, каде сега стоиме, беше куќата во која сум се родил. Тука, велам, беше големата дрвена порта, од внатре затворана со дебел лост, зад неа дворот, таму беше фурната, ваму скалите што водеа до вториот кат. Тука, велам, мајка Фимка донесе на свет осум чеда од кои на три им нарамија пушки, четири и собраа и ги однесоа по државите и едно, најмалото, душа остави во Прењес, во Албанија, а синот, третороденият, со нестасани осумнаесет години остана на Грамос. И така, мајка Фимка остана сама и таму, во туѓина, секоја ноќ само еден ист сон

сонуваше - дека сите чеда си ги собрала покрај домашната софра...

Мислата влече назад во времето одминато што сал за миг се претвора во јаве, живнува празнината и ги разбудува спомените кои небаре врзани во синџир надоаѓаат, стегаат, гребат, толчат, гмечат, жежат и навејуваат тага. Колку за смирување на духот, со ногата удирам и копам во пеплосаната земја, исфрлувам скршени керамитки и од пепелта подигам парче камен. Со топол здив пепелта ја издувувам и каменот го притискам до градите и не го чувствува срцето зашто и тоа е камен сторено....

Од ранецот го извлекувам албумот што со години го дополнувам со стари фотографии. Од нив полека, како `ртење, изникнува живот. Кои се тие на старите фотографии? Какви им се судбините? Кој што бил, каде отишол, од каде не се вратил?

Каде се и каков им е крајот? Беа.

Ликовите на фотографиите чиниш испливуваат, живнуваат, го отсликуваат животот што сега ми се јави во духови и сенки. Низ фотографиите го барам тоа што беше, луѓето со нивните радости, таги и болки. Беа, ги нема. Барам семејства. Беа, ги нема. Барам куќи, беа, ги нема. Го барам тоа што некогаш беше. Сега го нема.

Духови и сенки на духови...

Гледам на ликовите од фотографиите и правам напор да ги видам патиштатата по кои се витосаа.

Во кои земји?

Во кои непознати ширини на светот ги растури времето?

Кое време?

И како?

Колено по колено.

Поединечно – еден зад друг.

И збирно, во куп, и толпа...

Време...

Што е време и што се луѓето во времето?

Времето убива.

Времето ранува.

Времето лекува.

Времето заборава.

Времето не остава траги.

Времето уништува.

Времето е убиец.
Дали е сведок?
Времето одминува.
Времето носи, однесува.
Времето памети.
Времето докажува,
Времето потврдува,
Премето прифаќа и отфрлува.

Се вели во времето на тој и тој,
во времето на големите бури,
во времето на таа војна,
во времето на тие и тие болести.
Тука сме. На празно, голо, олишено место.
И времето е изминато, одминато,
а тука, сега, во сегашното, денешното,
во ова миговно време,
сега сме во одминатото време.
Сега сме во времето поделено на сега и вчера.
Време...
Чие време и какво време?..
Тука сме - во изминатото време,

Време без луѓе, без куќи,
тука сме во сегашното време без живот,
само ледина и јата гаврани.
Време.
Чие време?
Какво време?
Време на што?
Време мерено со што?
Време обележано со што и како?
Изгубени во времето.
Согорени во времето.
Времето носи.
Што носи?
Време на радости.
На глад.
На страв,
На жртви, на лаги, на пцости.
Време на клетви, кодошења и измами.
Време на колнења, на чекање.
Време стегнато меѓу времиња.

Какви?
Време за паметење.
На што?
Време на постоење,
време на истрајност.
Време на чување на времето.
Тука времето се мерело со време
за копање темели, за делкање камен, за sидање
и редење керамиди, за орање и сеење, жнеење,
време на берење плод, време за свадби, празници,
растење и стареење, време на радости и таги,
време на животот...
Потоа дојде и време на војни.
Време на лошо време
и време на големи ветувања и лаги.
Време на одлачување на чеда од мајки
и време на искоренување.
Време на молчење на камбаните.
Време без вера во Бога.
Каде застана времето?
Сега има само време
за намнисување на изминатото време
и време за да не се заборави далечното време.
Тука сега има само сега.
Дали ќе трае само толку, колку што ќе останеме
наведнати над пепелиштето
иостатоците од темелите на нашите куќи?
Време во нас останато засекогаш вгнездено
и запечено во спомените.
Време над кое се превалува и превртува маглата
и правот на заборавот...
Време за одмаглување.
Време за обеспрашување на правот
што налегна над времето.
Време на зреење.
Време потребно за да дојде друго време.

Среде празнината од лоштото време е сочувана само цквата Света Богородица, која од граѓанската излезе со разурнат покрив, урната камбанарија и уништен олтар.

Градена е 1875 година и за неа дедо раскажуваше:

- Тогаш, во турско, кога нашето село беше чифлик, почнаа да ни доаѓаат де попови од Бугарија, де

попови од Грција. Нам, Рисјани од памтивек, едните ни велеа дека сме Бугари, другите дека сме Грци. Ајде, бугарските попови ги разбиравме, ама грчките - ниту збор. И едните и другите ветуваа. Ни велеа дека дури и ќе не ослободат од Турците, а ние за возврат требаше да одбереме дали богослужба ќе слушаме на бугарски или на грчки јазик. Е, штом стана збор за ослободување, селото се подели. Едни си присакаа да бидат ослободени од Бугарија, други од Грција. И така половината село го прими на конак бугарскиот поп, а другата половина – грчкиот. Тие куќи што го примаа бугарскиот поп, ги нарекоа бугаромани, а другите гркомани. Костур рано беше паднал под капата на грчкиот владика, како ли му беше, аха, ми текна – Каравангелис, ли? Не, не, тогаш не беше тој. Нејсе. Кој и да беше, тој имаше оди ми дојди ми со турските власти, а нашиот бег му беше и близок роднина на кајмакамот. Затоа бегот не им дозволи на бугароманите да градат црква сред село, туку ги истера од сарајот, велејќи им дека можат да се молат во старата црква Свети Атанас, надвор од селото. А причината за тоа беше, што Русите им се токмеле со војна на Турците, божем за да ја ослободат Бугарија... Од Костур дојде човек со нишан од грчкиот владика кој порача да му пратиме човек за разговор. Пуштивме таков. По локумот и кафето, владиката му вели на нашиот:

– Велиш црква да има сред село, ама на повисоко место од џамијата?

– Така личи, дедо владико.

- Така е, чедо – рече владиката – така е синко божји. На, баци го крстот и прекрсти се... - Владиката поудобно се навали на миндерот, шмркна кафе и, оближувајќи ги подгорените усни, праша: - А пари, велам пари, зашто црква со пари се гради, а не со молитви и желби. Имате ли пари или ќе чекате да ви дадат Болгарите?

- Бегот, дедо владико, Болгарите не ги сака во селото – чифликот...

- Така де, знае Господ Бог што прави. Нека Му е слава на небесата. А пари, чедо, велиш немате. Ако свртите опуљ на кај нас, можеби и ќе се најдат пари. Така, биро. Свртете се и можеби со Божја помош ќе се најдат пари во мојата азна...

- А на кој глас ќе се пее?

- Па, синко, на тој, кој дава пари.

- Ќе размислиме, дедо владико. Не е така лесно. Велам гласот и зборот се важна работа, дедо владико. Од нашите дедовци остана нишан дека и во старо време в црква се пеело на наш словенски јазик, од Кирила и Методија така останало...

- Ами ако е така, синко, тогаш молете ги Болгарите. И тие се колнат во Кирила и Методија... Ајде, сега оди си и ако таму во селото се премислите, дојди по некој ден...

Бегот преку свои луѓе беше во дослух со владиката и не му беше непознат разговорот. Еден ден тој го викна дедо во сарајот и му рече:

- Чувајта се. И Грците и Болгарите ви ја сакаат душата, а не верата. Пари ќе дадат, душа ќе купат. Ние Турците сме такви, какви што сме. Мојот чукун дедо тука дојде пред скоро триста години. Ниту тој, ниту моите дедовци по него не ве тераа да смените вера без ваша желба. Си останавте каури и рака на царштината не дигнавте. И Грците и Болгарите дигнаа рака против царштината и што добија? Меѓусебна омраза и туѓи цареви. Сакаше Русија да им дади, ама Портата во Цариград прати свои луѓе по европските царштини и таму им потшепнаа што значи Русија. Тие, европејците де, измерија од тука, измерија од ваму и од таму и откако видоа каде е ќарот, на Грците и на Болгарите им испратија немски цареви. Да си жив и Севишниот нека ти ги умножи годините и паметењето да ти го сочува за да ме спомнуваш по години. И Грците и Болгарите и таму по на север и Србите и јазикот и душата ќе ви ја земат. Ако во тоа не успеат, тогаш се ќе направат сенка да не ви гледаат... Џенеме ќе фатите. Памти ми го зборот – лошо племе ќе ве споплати и ќе дојди време нас, Турците, да не молите да ви бидеме пријатели. Јас сум учен човек и учено ти лафам. Јас знам широко и далеку да гледам. Долги години учев во Париз и моите синови сега таму учат. Синовите ми пишуваат дека европските царштини шират вести дека Султанот е болен. Умиш ли? Султанот е болен, демек царштината е болна. Умиш ли? Црква ќе прајте. Да прајте, џанам, ама со ум. Со чиј ум ќе ја прајте? Со умот на егзархијата или со умот на патријаршијата? И едните и другите само ќе ги купат вашите души. А вашата душа е Македонија. Останете со нас, со Турција. Турција ќе ви даде автономија, ако ме разбираш, а потоа ако сте умни,

можеби ќе си напрајте и своја држава. Велам ако сте умни, зашто држава најмногу се прави со ум. Доаѓа време на пропаѓање на старите големи царштини и правење нови мали и големи држави. Денес сите работат против нашата царштина. Ќе ја нема Турција, ќе ве нема и вас...

Така му зборуваше бегот на дедо и му велеше:

- Откако постои папа, неговиот опуљ секогаш е свртен кон Исток, зашто таму се шири светот и богатствата... И западните царштини така мислат...

Во октомври 1912 година грчката војска влезе во Костур тогаш, кога разбра дека градот беше напуштен од турскиот аскер. А во сарајот дедо и бегот седнати покрај мангалот во разговор дочекаа зора. Во меѓувреме жените ги наполнија сандаците, а слугите ги товарија на запрежни коли. Асан-бег го истресе чибукот и му рече на дедо:

- Е, дојде време да си одам. Тука завршува лозата на мојот чукун дедо кој местото го добил за јунаштвото што го покажал во војната со Полјаците. Тука се родив, пораснав, замомчив, од тука одев во војни за славата на Алах, Султанот и Турција. Триста години си останавте раја под сенката на моите претци и под мене. Триста години си останавте раја со ваш јазик, вера и име... пред триесет години со моја дозвола, ама со грчки пари сред село изградивте црква и од тој ден се поделивте на патријаршисти и егзархисти и разделница отворивте меѓу вас и се развраживте со големата помош на тие, кои ви се правеа пријатели. Колкупати сум ти велел – треба да умите, многу да умите. Кај мене со јазикот, верата и душата не си бил роб. Кај новите господари и со јазикот и со душата ќе бидеш роб, па дури ако станеш негов кодош и шпион. Во овој мамен свет, освен Господ, ништо не е трајно...

Асан-бег се качи на белиот коњ и пред да тргне, му рече на дедо:

- Збогум каурине, збогум човеку и уми никогаш повеќе да не бидеш роб...

Асан-бег го подна коњот и на чело на десетина товарени запрежни коли го фати патот за Капештица и од таму за Билишта, во Албанија. Потоа стигна глас дека заминал за Франција. Таму му биле синовите. На ука. Отиде и од тогаш никој не му го слушнал името. Небаре пропаднал во вода.

А во Костур биеја камбаните, на балконите и пенџерите гркоманите изнатопорија грчки знамиња. Без

ниеден испукан куршум во градот влезе грчката војска и славеше голема победа. По некој ден во селото дојдоа грчки службеници придружувани од џандари и во тефтерите досегашните турски поданици ги запишуваа како грчки, додавајќи им на старите родовски презимиња: - ос, - ис, - у. И така Дамовски стана Дамопулос, Петровски стана Петридис, а Фиљовски – Филипу...

Дали предвидлив беше Асан – бег?

Црквата Света Богородица велат е обновена, но не таа што како дете сум ја запаметил. Ги нема широките тремови под кои од двете страни беа поставени миндери од камен. Таму по богослужбата седнуваа верниците и жените од накитените сапетки раздаваа за душа, за здравје и берикет; ја нема камбанаријата и камбаната виси на подгниена греда; на таванот го нема Пантократорот – Христос кој од горе со раширени раце бдееше и чуваше од лошо; го нема престолот и верниците ги нема... Во олтарот зафрлена во ќошот, `рѓа ја гризе крштелницата и иконите ги јаде црвот...

Се исправив пред големата икона на Богородица, запалив свеќа и откако трипати се прекрстив со вковани очи во нејзините очи и шепотам:

- Богородице живите не си ги дочувала, барем сега чувај ги нивните души...

Пред големата железна порта на фармата за гоење телиња, не чека Лефтерис. Со блага насмевка на усните не покани дома. А неговата дома е сиромашна куќарка sидана со плитари и покриена со ламарини. Пред вратата не пречека жена во години. На нозе влечки, облечена во широки шарени чентијани и на главата шамија врзана од позади.

- Мајка ми – ни ја претстави Лефтерис и по поздравот, одејќи пред нас не воведе во одајата. На подот послан рачно ткаен килим, но од краиштата се гледа набиената глина. Во срединатa софра, од страните –миндери. Лево врата. Изгледа таму им е кујната. Жената уште еднаш се поздрави, изгледа таков им адетот, двапати да се поздравуваат, и по повторното “καλος ηλθατε”[8], не седна на миндерите. Ни прозбори на грчки, но во нејзиното

[8] Добро дојдовте

зборување не го слушнав акцентот на грчкиот јазик. Изгледа таа го забележа моето изненадување и рече:

- Ние сме просфиги...[9] – и почна да не води по патиштата што од Турција до Ревани, сега Дипотамија, пропешачија нејзините родители со двете ќерки и четирите синови. Рече и повтори дека е родена пред осумдесет години, дека животот го проживеала во голема сиромаштија, освен овие десетина години откако се доселија тука и отворија фарма за гоење телиња и најголемиот дел од нивите ним секоја година по пат на наддавање им ги отстапува државата. Вели дека не се нивни нивите, туку на тие кои поради војната, што добро ја памети, беа принудени да бегаат. Сполај Богу, вели, земјата е плодна и берикетот го откупува државата. Сега не сме сиромаси, вели и со рака покажува на дворот каде низ прозорчето се гледаат два трактори, комбајн, патничка кола и два камиони. Имам впечаток дека таа го забележа моето изненадување и побрза да објасни дека не изградиле куќа затоа што местото не е нивно и сама се прашува – како да градиш куќа на не свое место?

Домакинката наеднаш прекина да раскажува, со дланката се удри в чело и рече:

- Ете, јас, кутрата, се заприкажав и заборавив да ве почестам.

Отиде во кујната и од таму дојде со послужаник на кој беа наредени чинивчиња со локум и чаши наполнети со вода.

- Повелете и добро дојдовте. А кафе ќе се напиете.

- Да – реков – ама турско...

- Се разбира дека турско, ама нема да биде вистински турско. Не знам дали знаете, ама ако не знаете ќе ви кажам дека вистинското турско кафе не се вари на оган и на пламен и ниту на плоча загревана со електрика, туку само на спуза. Полека да крка на спуза се додека не се подигне кајмакот и кога просторијата ќе се наполни со мирис, тогаш се тргнува настрана, малку се остава да одмори од вриењето и полека се сипе во филџанот. Тоа е вистинското турско кафе, а не тоа што се служи во кафеани. Еден наш роднина во градот порача кафе и кога виде дека нема кајмак, му се пожали на келнерот, а тој, пезе-

[9] Просвиги – бегалци.

венкот, се врати во кујната и во филџанот плукна неколкупати. И ете ти кајмак густ како сапуница. Така по градските кафеани се пие кафе. Само кафе варено, би рекла печено на спуза е вистинско кафе, а кога се пие треба да се слуша и сркањето или шмукањето и потоа долго вдишување и издишување. По кафето устата се плакне со вода и се голта за да не остане меѓу забите и да легне добро во желудникот. Вистинското турско кафе е како жежок и сладок бакнеж... – гласно се насмеа домакинката и отиде да распали оган.

И додека таму на спуза се печеше кафето, се загледав во очите на Лефтерис и го прашав:

- Каде се, бре Лефтерис, камењата од ѕидовите и темелите на нашите куќи?

Молк.

- Каде се, бре Лефтерис камењата од ѕидовите и темелите на црквите Св. Петка, Св. Атанас, Св. Ѓорги, Св. Јован и Св. Илија?

Молк.

- Каде се, бре Лефтерис, надгробните камења и плочи од селските гробишта?

Молк.

По долго и длабоко молчење, со болно раскината воздишка тој рече:

- Ги однеле со воени камиони...
- Кој?
- Тие, кои си граделе нови куќи...

Не го прашувам кои биле тие кои со нашите камења си изградиле нови куќи, туку се прашувам себе си: кој им дозволил? И си одговарам: сигурно им дозволил тој, кој многу сакал тука да не остане белег од темели и цркви зашто некој друг би прашал чии беа, кои беа и каде се тие кои беа?

Молчејќи го испивме турското кафе и на привремените домаќини, пожелувајќи им добар помин, заминуваме од празнината што некогаш беше село. Со себе ја носиме топлата сончевина и синилото на небото, зеленилото на шумите и одзвукот на ѕвонливиот ветер, мирисот на пчелинокот и чембрицата, опојниот вкус на зрелите шумски јаготки и желбата што тука, под ведро небо и под сенката на бадемите не успеав да отспијам и да отсонам дел од детките спомени и најскришните копнежи и таги.

Пече горчината на пелинот што како имела ми се залепи на усните.

Во селото заѕвони камбаната.
Не испраќа или не вика на молитва?

Долно Папратско. Две куќарки и малку погоре обновената црква. Се гледа раскопана и испревртена земја и дробен камен. И тука некој растурил ѕидови и барал остатоци од темели. Фрламе мачен поглед на руината и по неколку минутно возење, на патот ни се исправи Ошени. Инои сега се вика и е истоимено со селото од кое биле протерани. Го паметам како многу сиромашно село со куќи градени со плитар и покриени со `рженица. Новодојденците, тие, просвигите, тогаш знаеја да садат тутун, пченка и тикви. Тоа го пренесоа од нивното старо Инои, во Турција. Се друго купуваа на пазарите во Костур и Рупишта и во средбите со месното, македонско населе-ние, попрво го научија македонскиот, отколку грчкиот јазик. Сега Инои, некогашното Ошени личи на град. Дво и трокатни куќи, градени со делкан камен, бели фасади, сите кучќ поврзани со електрични и телефонски жици, бензинска пумпа, кафеани, аптека, улиците под асфалт, градинка, основно училиште и гимназија, многу патнички коли, трактори, комбајни. Нема ниту парче не изорана и не посеана земја, не со тутун, пченка и тикви, туку - пченица.

А во селето Аја Кирјаки (Света Недела), сред село, чешма со три цевки од кои без престан тече чиста изворска вода. Над цевките мермерна плоча и натпис: “ Για να ποτιζοντε η ριζες της ποντιακης ιστοριας”.[10] И не би можел човек да не се запраша: што бараат тука корените на историјата што е поврзана со брегoвите на Црното Море? Метафоричната порака е неизгласлив спомен и нескротена тага по родното место што на своите наследници им ја пренесоа веќе изумрените просвиги кои принудно ги доселија во ова село кое никогаш со срце не го прифатија. И новите поколенија кои се родија и израснаа тука само со телото се присутни тука, но со душата, срцето и мислите се таму, на дедовите и прадедовите места крај брегoвите на

[10] За да се полеваат корените на понтијската историја.

Црното Море кои и официјална Грција ги нарекува “χαμενες πατρηδες” [11], а спомените и адетите љубоморно ги чуваат и ги пренесуваат од колено на колено. Без престан тече изворската вода од трите цевки и натписот на таблата над нив постојано ги потсетува на изгубената татковина. Грците ги викаат просвиги и ги сметаат за нешто поразлично од себе и за нив секојдневно се предмет на погрден потсмев и извор на понижувачки анегдоти. Во кафеаните најмногу си го зборуваат јазикот на прадедовците што не го разбираат денешните Грци, а дома го зборуваат јазикот на земјата каде им останаа корените.

Тука, во Света Недела, не им е згаснат споменот; го чуваат и своите корени ги полеваат со изворска македонска вода...

[11] Изгубени татковини

4.

- Оваа треба да е куќата на човекот што го бараме – и реков на сопругата и ја паркирав колата до оградата од ковано железо. Зад неа широк двор во кој зеленее ниско искосена трева. Од двете страни на бетонската патека што води до влезната врата на двокатната куќа, во два редови - расцветани тренданфили. Зазвонив, притискајќи го копчето заварено на столбот од железното вратиче. Влезната врата од куќата се отвори и на прагот се појави низок улуглав старец. Со разнишан чекор, потпирајќи се на патерица, ни пријде и праша на грчки:

- Кои сте вие? Кого барате?

- Јас сум тој – му велам – кој пред едно два часа ви се јави по телефон...

Старецот размислува, сомнително мрда со глава.

Со рака покажав на колата. Тој подаде глава и кога ја виде регистерската табла, смирено рече на македонски:

- Добре дојдовте. Повелете. Влезете.

Одајата во која не внесе домаќинката – широка, подот послан со шарени черги и на ѕидовите, во разни големини, обесени фотографии. Лица од многу возрасти и по облеката, капите и фризурите – од разни времиња и земји.

Стариот изгледа ја сфати мојата љубопитност и почна да објаснува:

- Ова кадро ни е најстаро. Овој е дедо ми и баба ми, зад нив татко и мајка, па моите тети и вујковци. Тука татко ми во Америка. А на ова кадро – речи си сите селани. А на ова – младините од селото. Правено е на Велигден. Така пишува од другата страна. Најбројниот дел изгина по планиењето во граѓанската. Овој е син ми. Најстариот. Загина во борбите за Воден. Не му се знае гробот. На ова кадро, до него, е помалиот син, снаата и внучињата. Таму во Романија научи лекар, а снаата е професор. Внучињата тргнаа по татковиот пат. Живеат во Скопје и ми доаѓаат на гости. И ние со бабата ги посетуваме, ама ретко. Не фатија годините... Искрено да ти кажам многу сум огорчен кога сум таму. Мачно ми е кога слушам – ние Егејците вака, ние Егејците така; слушам се јадат меѓу себе и со таквото име како да се делат и од нас кои тука велиме дека сме Македонци...

А на ова кадро, тој тука сум јас. Сите други се од околните села, а некои и од подалечни. Кадрото е правено некој месец пред да почне бојот со Италија и затоа сите сме облечени војници. Не викнаа за да ја браниме Грција од Италијанците. Ами за в Грција по каде ли ќе помине Италијанецот? Се разбира најмногу по нашите места. Затоа никој не се скрил и не откажал. Бојот почна есента, та сме го подбрале Италијанецот и го гоневме се до Иван Планина и потоа до Поградец. И многу не фалеа големците и само големи зборови ни псалеа за тоа дека сме многу храбри и нестрашливи, не чукаа по рамена и не прекинуваа да ни дробат - браво, браво, бре паликарја, Македонес... Да, токму така не викаа – Македонес... А оваа слика е правена на островот Аи Стратис. Беше логор пред војната и по војната и многу од тие паликарја Македонес се најдовме на тој остров. Таму не не фалеа и не не галеа по рамена, туку не удираа со кундаци, стапови и камшици... Овој тука, сум јас. Многу бевме. Од цела Грција. Сега читам во весниците дека таму ќе се прави музеј. Нека се прави за да се знае какво зло може човекот да му на направи на човекот. Од скоро илјада души, граѓанската остави само стотина. Тие не заминаа со комунистите. Не сакаа да бидат спасувани од нив. Сами се спасија, криејќи се во шумите и во влажните планински пештери. Кога помина лошото, се вратија дома. Граѓанската зад себе не само што остави пустош, туку ги

искорени нашите. Тие кои тргнаа за да бидат спасени, се витосаа. Да не беа комунистите и тие ќе си беа дома. Сега малку сме, ама дома сме...

И ти велам по две или три години по завршувањето на граѓанската нас, кои бевме во логорите на сувите острови, не пуштија, велејќи ни дека сме слободни. Се враќавме дома од затворите и од логорите. Селата опустошени. Од темел почнавме нов живот, ако така може да се рече. И беше наредба еднаш во неделата да се јавуваме во полициските станици. Да не видат дека сме тука и да не предупредат дека затворите постојат и дека и логорите постојат. И не само тоа, туку таму те седнуваа на столче, од другата страна на масата полицаец. Лево и десно – полицаец, седат, потпирајќи се на чукало. Тој што седи пред тебе без престан упорно те гледа в очи, со погледот те пронижува, со тупаницата полека, како да брои удари, удира на маса, со чизмата тропа на подот и тој поглед, тоа удирање, тоа тропање те обессилува, те облева пот, ти се суши устата, грклanот ти се стега, воздух ти снемува, пред очи се ти се смрачува, срцето ти чука забрзано, телото се згрчува... И чека се додека не забележи дека стравот ти влезе в коски, дека ти го совлада мозокот, те фати за грклан, за гради, те стега, те гмечи, те дави, дека губиш виделина и кога ќе види дека почнуваш да се гушиш, да трепериш, да губиш виделина, тогаш знае дека во тебе го внесе зајакот; престанува да тропа чизмата на подот, тупаницата да удира на масата... од очите му се одлива крвта, на усните му се појавува некаква скриена итрина и без да откини поглед од тебе, ти подава ливче и тивко, тукуречи добродушно, ти вели:

- Читај! Гласно!

И читаш:

“ Јас долупотпишаниот, по своја волја, свесно и без принуда, пред надлежните власти изјавувам дека се откажувам од комунизмот”...

Потпишаното ливче го става во коверт и вели:

- Одлично. Слободен си и дојди идната недела!

Наредната недела исто, дури и полошо. И пак ти подава ливче и вели:

- Читај! Гласно!

И читаш:

“ Јас, долупотпишаниот, по своја волја, свесно, одговорно и без принува, пред надлежните власти изја-

вувам дека ќе бидам лојален на државата и ќе ги почитувам сите закони.“

Потпишаното ливче го става во истиот коверт и вели:

- Слободен си.Дојди идната недела.

Си одиш дома со лице без човечки израз. Легнуваш со страв, сонував страв и со страв дочекуваш ден. Кај нас, тие паликарјата Македонес страв будеа и сееја со лош збор, со крвнички поглед, со стегната тупаница, со стап, камшик и со ластегарка в рака, со шлаканица, со подивен глас на стие, со начулено уво под прозорец и со намигнување на кодош.. Страв на пат, на нива, во лозје, во бавча, на пазар, во дуќан, на пошта, пред шалтер. Како да го победиш стравот? Како да се ослободиш од него? Ни најдоа начин – пасош и платен билет за една насока. Така многу се ослободија од стравот, а и државата од нив. Те гледаат и упорно чекаат во очите, во треперењето на мускулот и рацете, да видат бледило, пот на челото, треперење на брадата. Страв поединечен и страв масовен. Стравот на едниот да се пренесе и да влези кај другиот и да ги зафати сите. Сејач на тој страв не беше само полицијата, туку и селскиот кмет, даскалот, општинскиот службеник, судијата и судот, војската, црквата, радиото и весниците. На пример весникот “Φωνη της Καστοριας”[12] секој ден пишуваше против нас, не нарекуваше со сите најпогрдни имиња, море змии, море дивјаци, да си одиме кај Тито, џенеме да фатиме...

И ти велам, одам наредната недела во полиција. Седнав на истото столче и на маса гледам отворено писмо. Полицаецот ми го поттурна под нос и нареди:

- Читај го тоа што е подвлечено со црно мастило.

Гледам - ракописот на син ми.

- Читај! – викна полицаецот.

Писмата што ни стигнуваа од нашите во земјите зад железната завеса, не ни ги носеше дома поштарот. Тој најчесто ни пренесуваше да се јавиме во полициската станица каде не чека писмо. И одевме во полиција да си ја земеме поштата.

- Чекам! – просаска полицаецот и на подот тропа со чизмата.

[12] Гласот на Костур

Читам. А во писмото напишано да се борам против грчкиот монархофашизам и англоамериканскиот империјализам. И трас – шлаканица и буквите стануваат искри.. По некој ден поштарот ми јави дека ми стигна писмо и да одам в полиција за да си го земам.

Полицаецот ми го подава писмото и ми вели:

- Повели, пак те викаат за борба.

Повикот за борба малку подолг, ама буквите не личат на буквите пишувани со раката на син ми. Некоја друга рака го има пишувано. Полицаецот стави пред мене ливче и нареди:

- Читај! И потпиши!

Читам гласно:

“ Јас, долупотпишаниот, без принуда и по своја волја се откажувам од син ми кој таму зад железната завеса, во комунистичките земји...”

Прекинав со читањето и, враќајќи му го ливчето, реков:

- Син ми напиша така како што некој му рекол, а кој му рекол, се знае. Изјава и потпис барајте од него... – реков и без да барам дозвола, излегов.

Зад мене остана поканата за ново видување.

Новото видување не беше само со мене. На градскиот плоштад паркирани неколку автобуси. Мажи од околните села. Некој повика да влеземе во автобусите. Се затворија вратите и рекоа дека ќе одиме во селото Мелас, кое порано се викаше Статица. Во Апоскеп останавме едно дваесетина минути колку за да и се насладиме на прекрасната глетка на Костур и Костуерското Езеро и потоа стигавме во Габреш. Лево – старото село. Таму нема жива душа. Куќите, градени од плитар, се распаѓаат. Стојат ѕидовите и со шуплините на прозорците и вратите, плашат секој намерник. Десно – отаде реката, новото Габреш и пред мостот – куќичка, над вратата натпис “Полиција”. Новото Габреш е мало гратче со основно училиште, гимназија, пошта, банка, нова црква, аптека, неколку кафеани, водовод, канализација, струја, асфалтирани улици, полициска станица. Нео Гаврос е градено за да ги соберат во него сите селани од околните села. За подобар живот и подобра контрола.

По изминати десет километри стигавме во Статица или Мелас. Новото име го носи по презимето на човекот кој од Атина со една шепа платеници (и тој

платеник) тргна да ја ослободува Македонија. Загина од турски куршум во Долно Статица. Многу куршуми биле испукани и како ли не погодија некој од негови паликарја, туку само него, Павлос Мелас? Да одбележиме дека турскиот аскер не го барал него, туку некој од македонските илинденски војводи. Куќата се уште стои и во неа се наоѓа музеј посветен на македонската борба, како што ја нарекоа Грците, а посебно на Павлос Мелас од кого направија легенда. И нема училиште во Костурско во кое не виси неговиот портрет. Многу е пишувано за Павлос Мелас, но никаде не е напишано кога и каде водел барем една неколку минутна борба со турскиот аскер за ослободување на Македонија и никој не напишал што се случи, по неговото загинување, со неговата торба во која го имал златото со кое ги плаќал своите паликарја и кодошите...

Секоја година на денот на неговата погибија во селото Мелас се одржуваат свеченост посветени во негова слава. Најмногу има полицајци, владици и попови и по некој братучет на Коте од Руља. Воениот оркестар свири маршеви, владиците и даскалите држат говори, а месните, сега малобројни шегаџии и во одминати години во спомен на Павлос Мелас тивко потпевнуваат една од песните што пред многу години ги пееле шегаџиите од околните села:

Е, ре Павле, ре Павле,
Паметвиш ре Павле,
Кога се криеме о ена воденица
О која најдоме ена вдовица,
Која ни даде биеница
И му трнаме по ена палица?....[13]

А на враќање од Мелас некој даскал, а по него и еден владика цело време не убедуваа дека јазикот што си го зборуваме дома е смрдлив, грд, смешен, непријателски и многу штетен за грчкиот дух. И не помина многу време нас мажите од нашето село не собраа во дворот на црквата. Бие камбаната, се виорат грчки знамиња, воен оркестар свири патриотски маршеви, а најмногу маршот:

Μακεδονια ξακουστη
Του Αξανδρου χωρα

[13] Текстот е на костурски народен говор и акцентот паѓа на вториот слог од крајот на зборот.

Εδιοξες τον Βουλγαρο
Και εισε ελευθερη τωρα [14]

И додека траеше и грмеше музиката, на бината се редеа владици и попови облечени како за голема богослужба, високи армиски и полициски офицери со сите одликувања обесени на градите, градоначалникот на Костур, селскиот даскал, кметот, новинари и други непознати лица. Повеќе беа тие, отколку ние... а околу нас војници и полицајци.

Прекина и откако испушти долга воздишка, го отвори долапчето и од таму извади врзоп хартии. Ја издува прашината, со растреперени прсти ја одврза врвцата и на маса почна да реди пожолтени исечоци од весници. Исправувајќи ги искривените рабови, праша:

- Знаеш да пееш грцки? Ако не знаеш, Јаска ќе ти пеам. Туа – мешајќи го костурскиот говор со македонскиот литературен јазик - од купчето оддели неколку исечоци од весници – пиши како ние тој ден дадовме заклетва дека нема да си го зборуваме нашиот јазик. Пули да видиш како пиши... Пожолтена е хартијата, ама буквите црни и читливи. Пули да видиш како пиши. Ќе ти пеам на грчки, а потоа ќе ги кажам што се вели.

Се искашла, намести очила и со растреперен глас почна да чита:

- *Υποσχομαι ενωπιον του Θεου, των ανθρωπων και των επισημων αρχων του κρατους μας, οτι απο σημερον θα παυσω να ομιλω το σλαβικον ιδιωμα, που μονον αφορμην προς παρεξηγησιν διδει εις τους εχρους της χωρας μας, τους Βουλγαρους, και οτι θα ομιλω παντου και παντοτε την Ελληνικην, εις την οποια ειναι γραμμενο και το Ιερον Ευαγγελιον του Χριστου μας.*[15]

Откако се заколнавме и рака му бакнавме на владиката кој стоеше пред излезот од црковниот двор,

[14] Македонијо прочуена
На Александар земја
Го протера Бугаринот
И слободна си сега

[15] Ветувам пред Господ, пред луѓето и пред официјалните власти на нашата држава, дека од денес ќе престанам да зборувам на словенскиот идиом кој е само лажен повод за непријателите на нашата држава, Бугарите, и дека секогаш и секаде ќе го зборувам само грчкиот на кој е напишано Светото Евангелије на нашиот Христос.

тргнавме да си одиме дома. Кога стигнавме пред куќи, соседот навали уво до моето уво и тивко ми шепна:

- Ами сега шом се зак'лнаме дека нема да зборваме по наши, ка ќе се разбериме со жените?

Се погледнавме и смеата ја истуривме во шепите. А кога влегов во дворот, уште од прагот жена ми ме праша:

- Ка поминате, шо сторите?

- Не се врлави, туку клај да јајме... - и подвикнав, заборавајќи ја заклетвата.

А за таа наша заклетва дозна цела Грција. Туку-речи и не остана весник кој не побрза да напише за тој голем подвиг на грчката држава. Слушај да видиш како пишуваа.

Весникот "Елефтеротипија", на 7 јули 1959 година вака напиша:

"Во селото Каридја,[16] во околијата Птолемаида, во дворот на основното училиште се собраа сите жители од селото и откако се одржа свечената богослужба, тие дадоа заклетва дека во иднина нема да зборуваат на словенски дијалект и тоа во секое место и во секое време. Потоа зборуваа официјалните личности, меѓу кои претседателот на Кожанскиот округ, началникот на полицијата и други кои изразија надеж дека примерот на жителите на Каридја ќе го следат сите Грци од пограничната зона".

Наредниот ден "То Вима" напиша:

"Не може да не се забележи тоа што се случи во едно кајљарско село, кога во училишниот двор се собра месното население и даде заклетва да не зборува на славомакедонскиот дијалект. Таа одлука на Македонците покажува дека грчката свест никогаш не исчезнала кај Грците од Македонија и дека јазикот што се употребувал по навика и како резултат на извршениот притисок во старо време, воопшто не ги промени нивните чувства кон грчката татковина. Требаше славомакедонскиот јазик да биде забранет уште порано. Но, и сега не е доцна и тоа треба да се подвлече и да се искористи како пример и за другите Грци населени во Македонија кои се служат со тој јазик, нешто што се користи од странската пропаганда со цел да се оспори грчкиот карактер на македонското население."

Прекина и ме праша:

- Што разбра од ова?

[16] Старото име - Тремино

Со очите изразив вчудовидување, а тој продолжи:

- Еден месец подоцна, на 4 август солунскиот весник "Елиникос Ворас", со големи букви вака ги извести своите читатели:

"Жителите на убавото костурско село Крија Нера[17] кои досега покрај грчкиот зборуваа на еден туѓ дијалект, трогнати од одличната иницијатива на патриоски расположеното население на селото Каридја – Птолемаида, спонтано решија во присуство на месните власти да се заколнат дека целосно ќе го забораваат тој јазик и во иднина така тие, како и нивните синови, исклучително ќе зборуваат на грчки јазик. Селаните, повторувајќи ја збор по збор заклетвата што ја читаше блажениот митрополит, во крајно трогателна атмосфера, се заколнаа, секој дигајќи ја својата десна рака."

Во бројот од 11 август 1959 година атинскиот весник "Катимерини" вака напиша:

"Во селото Атрапос[18], Леринско, се одржа свеченост на која жителите од селото се заколнаа дека во иднина веќе нема да зборуваат на нивниот словенски дијалект. На свеченоста присуствуваа и претставници на властите од Лерин и од 100 месни одбори од околијата и голем број селани од околните села и говор одржа префектот Депас кој ја пофали постапката на жителите од селото Атрапос."

Стариот исечоците од весниците ми ги стави на дланката и, гледајќи ме в очи, праша:

- Тежат?

Направив движење како да ја мерам нивната тежина.

- Хартија... – реков развлечено.

- Како хартија ич не тежат, ама тоа што е напишано на таа хартија, дали тоа тежи?

Се гледаме в очи и траеме во молкот и во тој миг ми се пристори дека црните букви ме жежат и ми ја горат дланката...

Со длабок воздив му ги вратив исечоците, а тој грижливо ги смести во долапчето и откако го затвори вратичето, прошепоти:

- И ете така, дали си дома, на нива, во лозје, бавча, на пазар, дали се враќаш дома, постојано си мислиш како да се ослободиш од стравот. И додека ти мислиш, тие

[17] Старото име - Лудово
[18] Старото име - Крпешина

веќе смислија како да те ослободат од стравот. Те викаат и ти велат: - таму во земјите преку океанот се бараат работници. Не ја делкај тука сиромаштијата, туку оди таму заедно со целото семејство. Без пари ќе добиеш пасош и билет под услов да не бараш да се вратиш тука... И така на овој начин многу се ослободија од стравот, но и државата се ослободи од нив...

И тоа време беше време на лаги, на понижувања, блатење, предавства, време на подлости и кодошења, време на клеветење и губење и изопачување на сопственото лице, време на уништување на се што значеше живот, беше нечовечко и погано време. И колку да е грдо и проклето, треба да се памети тоа време затоа што ние бевме во тоа време, затоа што нас не голташе тоа време. И правеа така тие времиња да бидат што полоши и да бидат што попогани зашто така најбрзо се внесува стравот и најдобро се откорнуваат корените...

Стариот прекина за миг, во дланката ја искашла кашлицата и рече:

- Сега е подобро. Не ни бранат. Си го зборуваме јазикот и дома и надвор. Слушаме радио на сите бранови и јазици и гледаме телевизија на сите канали што ги фаќаме и ги разбираме. Јас имам две антени – една гледа на север, друга гледа на југ. На нашите не им бранат да ни дојдат на гости и нас не не викаат во полицијата кога се враќаме од гости. За нас тие таму во Атина многу се грижеа, многу сторија и прават, а за вас, кои барате имоти и државјанство, тие таму во Атина направија математика што може да се прикаже со ваква равенка: А1+А2+А3=0. А знаеш како ја решаваат равенката? Ете вака: А1 тоа е колената родено меѓу 1895 и 1915. Тоа колено, значи А1 изумре и врз него го додаваат колената родено по 1915, значи А2. Тоа е најомразеното колено зашто учествуваше во граѓанската и се растури по комунистичките земји. И тоа тукуречи е при крај. На оваа колено му го додаваат колената означено со А3, тоа се децата што ги собраа комунистите и ги одведоа по државите. И ќе почекаат да си врви времето во кое А3 по едно десет или петнаесет години ќе се истопи. Дури потоа ќе го запишат резултатот: НУЛА. Ќе прашаш, а децата на колената А3? За нив местата во кои се родени нивните дедовци и татковци ќе бидат само спомен. Ете, тоа е таа математика што ја смислија во Атина.

И времето убива...

5.

Нашиот пат со времето и трагите на спомените не однесе во селото Езерец, сега Петропулаки. Името му е многу старо и го носи по некогашното истоимено село кое се наоѓало повисоко и лежело во подножјето на планината Орле, која, според едни така е наречена од високата карпа чиј врв завршува со глава на орел, а според други по белоглавите орли што сега се помалку ги има. Старото село било изградено во средината на сега непостојното планинско езеро. Местото го посетивме и таму видовме само остатоци од дебели ѕидови, откорнати, испокршени, испревртени и расфрлени камења и дебели парчиња од керамиди. Понатаму висока песочна карпа на која се гледаат вдлабнати редови. Се зборува дека меѓу тие редови имало букви, ама не грчки, туку кирилски кои за време на диктатурата на Метскас во 1936 година дошле луѓе од југот и ги изделкале со казма.

Сегашното име на Езерец му е дадено по некој си Петропулакис кој од островот Крит, како што гласат гласови, заедно со своите паликарја, повеќето поранешни затвореници, бекрии и козокрадци, дошол во Костурско да ја ослободува Македонија. Загинал, ама не се знае од чиј куршум и тоа не во Езерец, туку во Сничени, соседно село кое денес е наречено Кастанофито, по тоа што има многу костени. Не е напишано дали некој од тие паликарјата загинал и не се знае што станало со торбата на Петропу-

лакис. Исплашените Сниченци телото на јунакот ноќе скришум го префрлиле во атарот на селото Езерец, па оттука подоцна во чест на тој критски паликари било прекрстено во Петропулаки. Тука нема музеј на Петропулакис и ниту му се знае гробот. Не се памети дека во чест на Петропулакис, јунакот и херојот од Крит и неговите паликарја биле одржувани свеченост.

Езерец, некогаш село со над стотина куќи и повеќе од петстотини души, зиме е празно. Оние десетина Езерчени, што се уште ги крепи земјата, се преселуваат во Аргос Орестикон, гратче порано познато со името Рупишта. Пролетта, а посебно летото, Езерец живнува. Од градовите се прибираат селаните за да ги дотераат своите куќи и да приберат здравје во чистиот воздух и студената и бистра вода што тече од планинските извори и за да ги очистат и средат надгробните плочи и камења и на своите предци и најблиски да им запалат свеќа. Така го бележат своето истрајување и опстојување.

Каде и да свртиш поглед, очи ќе ти бодат урнатини што ги остави граѓанската, но и куќи на распаѓање на чии порти висат катанци, што ги обесиле сопствениците кои од патот на големата измама никогаш не се вратиле дома. Засекогаш останале во источните земји на Европа и како единствен белег дека тие тука биле се урнатите авлии, `рѓосаните катанци обесени на портите, мрачните отвори на прозорците и вдлабнатите покриви.

Езерец истраја во сите палежи и опљачкувања што ги вршеле и Османлии, и качачки Арнаути, и островски арамии и италијански и германски золдати, но го опустоши граѓанската.

За Езерчени и сите намерници југот завршува на работ од врвовите на планината Одре легната на височина од 1525 метри над морето и, чиниш, за сите нив тука завршува светот. Кога од таму прудолу, кон полето лениво се спушта југовината, тогаш со себе таа носи и шири мирис на највкусен планински чај од Одрето.

Во утринската ведрина од тука се гледа целото Костурско поле, Костур, езерото и околните села. Десно дреме гола планина завиена во синило и оттука името и е Синьачка. Право пред очи, отаде Мали – Мади, се извишува Вичо и далеку – далеку, во белата замаглина одвај се гледа врвот на Пелистер и Иван Планина. Лево - Копанче, Свети Илија, Круша и Горуша и зад неа Котелската Кула, 1758

висок рид кој од јужната страна е пресечен со многу стрмна карпеста падина на чие дно лежи селото Котили (Котелци). До самоти врв прескокнавме осум редови, сега, плитки ровови обраснати со висока трева, и на тој простор се гледаат повеќе `рѓосани куршуми и празни фишеци отколку дробен камен. На самоти врв – гола, испрана карпа на која нечија рака напиша: 16 јули 1947 година.

Тој ден месец и година во попладневните часови од одредот што изгина, само двамина мажи, партизани, борци на Демократската армија на Грција, го бранеа ридот. Кога им снема муниција, за да не бидат заробени од војниците на владината војска се фрлија во амбисот. Двамината мажишта, едниот Грк, другиот Македонец, со едно тело и иста судбина се најдоа на дното на бездната. Подоцна најдовме дека едниот се викаше Ване Доров Малков од костурското село Шештево, внук на комита кој загинал на Ножот.

Многу стрмен е камениот гол ѕид на Котелската Кула и длабока е бездната. Колку траеше летот до дното? Како да се нарече и со што може да се измери чинот на тие двајца мажи?

Врз камената и карпеста плоча неука рака го има испишано денот, месецот и годината, а прашината што налегнува врз неа ја издувува северњакот и само дождот ја пери... Во цепнатините расте мов и по некое ретко цветче. Целиот простор пред камената карпа на кој се уште се гледаат остатоци од ровови, расте бујна зелена трева и многу планинско цвеќе. Помислив да наберам и да сплетам венец. Се наведнав ниско, но не за да наберам цвеќе, туку да се поклонам пред сенките и правот на тие, кои тука распарчени останаа за навек...

Се исправувам, пуштам поглед на околината и во тој миг го слушам гласот на сега осумдесетгодиншната, партизанка, Мита:

- Огромни се планините на Северен Пинд, реон познат под општото име Грамос. Високи ридови, некои голи, каменети и карпести, столетни борови и шумите мрачни, студени водје ги делкаат клисурите, а ноќите ведри и небото извезано со ројови ѕвезди и се чини толку се блиску, што само рака да испружиш и ќе ти легнат на дланка. Зорите ведри, росни, студени во кои како бел килим маглата е послана по длабоките котлини, а облаците – црните носат долготрајни студени дождови, што доаѓаат

нагло со многу силни и долги грмотевици инивниот одглас долго се пренесува низ долгите и длабоки трапишта, процепи и клисури. А белите облаци носат жега. Ветриштата силни и од нога те корнат и огромна бучава шират меѓу столетните стебла, во бранови удираат на карпестите бездни што најмногу ги има на јужната оголена и карпеста страна. Северната – густо обрасната со секакви дрвје, зеленило колку душа ти сака. Дење горештините се големи, каменот толку се стоплува што врз него јајце можеш да испржиш. Од високите ридови окото паѓа врз Костурското Поле и Населицата, Вичо се гледа и отаде Кајмакчалан, високите ридови на Пелистер и јужно - врвот на Олимп. Зимите студени и со многу снег и виулици кои создаваат високи и тешко проодни намети. Пролетта е најубава. Есента тажна, магловита, студена и влажна.

- Тука, на Грамос, беше одлучено да се пресметаме со противникот.Тука да фатиме пусија - продолжи со раскажувањето тогаш осумнаесетгодишната партизанка. - Тука се пикнавме во ровови и бункери и на тој начин постојано бевме на нишан. Тука го чекавме противникот само со своето пешадиско оружје, неколкуте ридски топови со само се на се пет илјади топовски гранати. Беа ли доволни за да го сотрат непријателот? Да, велеа и викаа тие од високото партиско и воено раководство, а непријателот само во текот на еден ден и ноќ врз нас фрлаше повеќе од пет илјади топовски гранати, а да не ги броиме минофрлачките и авионските бомби... Тука, зад чуките и карпите човекот беше поцврст од каменот и карпата. Такви бевме и тоа го признаа и противничките генерали кои во своите извештаи, мемоари и воени бележења напишаа дека – нофитите – значи Македонците, се борци со силен дух, голема физичка издржливост и над се многу храбри борци.

Се браневме сами и бевме бранети од карпите, чуките, шумите... Противникот знаеше каде сокривме глави и ката ден не биеше со топови, минофрлачи и најмногу со авиони. А таму каде тешко си пробиваше пат, со дозвола на Американците фрлаа напалм бомби донесени од Америка. И кога и тие не помогнаа, Атина побара да се употребат некои специјални бомби кои тогаш веќе беа стигнале во Грција, но Вашингтон не дозволи. Бомбите беа нови во светот и употребени можеа да изгорат се и да

уништат се. После нив не би имало живот. А тенковите до тука, до борбените позиции не стигнуваа. Козјите патеки за нив беа тесни..

Колку денови и ноќи се бројат од 14 јуни до 22 август 1948 - та? Толку денови и ноќи траеја борбите. Толку денови и ноќи траевме и ние. Си спомнувам како првите денови од битката, кога владините бригади не можеа да ја скршат нашата одбрана, авионите не биеја со некакви специјални бомби. И порано не биеја со бомби, но овие, донесени од Америка, ги викаа напалм бомби. Лошо оружје, од него гореше и земјата и небото. Горевме и ние. Се гореше, но се браневме макаршто секој ден ни се стеснуваше просторот и бевме се помалку...

Си спомнувам, шеесеттиот ден вечерта падна наредба да се повлечеме на нови позиции. Беа последните. Зад нас веќе беше Албанија. Вечерта се изброивме. Од 460 борци, момчиња и девојки на возраст од 16 до 22 години, колку што броеше нашиот баталјон пред да почне битката, живи останавме само 95 од кои 60 беа ранети. Кого прво да преврзиш, кого да пренесеш? Некои ни се оладуваа во прегратките..

Поминаа години и по толку изминато време и живите борци – учесници не без солзи раскажуваат за својата изгубена младост. Се обидуваат да избегаат од тој свет, но длабоко во себе, во својата свест и паметење ги чуваат сликите од тој свет што како неизлечива рана го носат во себе...

Храбри ли беа тие момчиња и девојки, родени во годините од 1920 до 1930 кои беа стожерот на Грамос и на Вичо?

Стоејќи на ридот под кој длабоко лежи бездната на Котелската Кула, ете, само се обидувам да си ја вообразам сликата за нив, но таа е бледа, далеку е од онаа вистинската во која војната беше дел од нивниот живот, од која едни останаа на вечна стража, други од неа излегоа осакатени, а трети го фатија неочекуваниот, но принуден егзил и голем број од нив засекогаш останаа во туѓи земји и меѓу туѓи народи... Бледа е сликата што сакам да ја создадам и во неа да ги видам како во оган горат планините на Грамос и како тие момчиња и моми чело му ставаат на усвитениот челик на гранатите и бомбите исфрлувани од англиските спитфаери и американските москити...

А од тука, па натаму се извишуваат Бел Камен, Горна и Долна Арена, Чарно и Краставец, Аљавица, Грамос и многу други планини и врвови каде од 14 јуни до 22 август 1948 година, од двете страни на боиштата гинеше македонската и грчката младина.

Вчера го посетивме овој дел од некогашниот пекол. Цело време не придружуваше само тишина и шумолење на ветерот меѓу дебелите стебла на боровите и буките олишени од авионски, топовски и минофрлачки гранати. Тони искршено и парчосано железо гние во земјата обрасната со густа зелена трева. Пред и во остатоците од ровови и бункери не се знае дали има повеќе дробен камен или куршуми, празни фишеци и парчиња од челик. Во лединката легната под едно голо карпесто ритче, обрасната со папрат под чија сенка зреат шумски јаготки, најдов големо парче од авионска бомба и половина од минофрчка граната. Ги собрав во ранецот за спомен и кога го нарамив се свиткав под нивната тежина. И се запрашав: колку ли олово и железо падна врз момците и момите кои цели седумдесет денонoќија ги бранеа овие планини? Колку од нив засекош останаа тука и колку живи и сакати се извлекоа од тука? Тогаш, овие планини, ридови, карпи и чуки беа симбол на беспримерна преданост и храборст. Сега, по многу одминато време неизбежно во мозокот се вклинува прашањето: која беше целта тие, осумте илјади партизани на Демократската армија на Грција да влезат во ровови и бункери и само со пешадиско оружје да и се спротивстават на осумдесет илјадна владина армија облечена и сита и вооружена со најсовремено оружје? Тука, на Грамос, македонските и грчките момчиња и моми, бранејќи ги безводните ридишта и чуки, гинеа под оганот на топовските и минофрлачките гранати и под бомбите и напалмот што со бродови стигнуваа од Америка. Доволно ли им беше оружјето што им стигнуваше товарено на мазги, коњи и магарења и врз кревките плеќи на жените од македонските села во Костурско, а најмногу врз плеќите на жените од Преспа? Живи сведоци тврдат дека секоја вечер, во колона од 300 до 500 товарени правда го газеа патот и козјите патеки од Руља преку Брезница, Смрдеш, Лобаница, Крчишта, Новоселени, Шак, Ревани, Калевишта, пренесувајќи го до складиштата во Пиљкати, Јановени, Слимница, Омоцко и Тухуљ или директно до борбените позиции. Тоа беа жени на возраст од 16 до 60 години. Од

Преспа до Грамос колку долг беше патот? Толку, колку што траеше ноќта. Од изгревот до заодот денот чмаеше под сенката на авионите.

Поминавме по тие патеки, но не пеш туку со кола. Тогаш тие поминуваа по козји патеки, кои сега се претворени во автомобилски патишта послани со асфалт. Поминуваа низ селата кои денес не постојат, а дека постоеја сведочат црквите и по некоја надгробна плоча во оскрнавените гробишта. Нема куќи, дури и остатоци од куќи нема. Ако мацирските села во Костурско се изградени со делкан камен, тоа се камењето што со воени камиони беа изнесувани во педесеттите и шеесеттите години од пеплосаните и урнатите куќи во Смрдеш, Лобаница, Косинец, Крчишта, В`мбел, Д`мбени, Долно Папратско, Новоселени, Калевишта...

Убави се нивните куќи. Во темелите и ѕидовите на нивните нови куќи се вградени камењата од нашите куќи, од нашите цркви, од нагробните плочи на нашите претци.

Тие, кои тука останаа, велат и повторуваат: нашите да не бегаа преку граница, сигурно нивните куќи ќе беа поголеми и поуваби.

Недела е и камбаната на црквата Свети Никола во Езерец повикува на молитва. Забележав дека камбаната бие подолго од вообичаеното. Последните шест ѕвонења се подолги и потивки од претходните и долго одекнуваат по долиштата.

Кому ѕвони?

За одговор никој не отвора уста. Настојувам да извлечам одговор, но Езерчени, како по договор в уста држат вода.

По неделната богослужба се прибравме во куќата на поп Стерјо. По подолг разговор за селото и неговото минато, го прашав свештеникот:

- Оче за кого камбаната ѕвони тивко и подол?

- За душите... – рече тивко и со растреперен глас ни го раскажа настанот за кој само старците потајно зборуваат.

Во 1905 година, на 17 март, беше петок, грчки паликарја влегоа во селото. Рекоа дека ќе бараат војводи, ама не им беше до војводите. Удрија по куќите да пљачкосуваат. Бараа злато. Откако никој од нив ништо не

најде во келарите и амбарите тоа за што беа дојдени, одделија шестмина мажи и ги одведоа на Св. Илија, надвор од селото, Таму ги мачеа и на крај им ги посекоа вратните жили и пршлените и така ги оставија да искрваваат. Не дозволија селаните да им одат на помош. Така во маки умреа. Селаните ги погребаа ноќе и од тогаш никој надворешен не го знае местото на нивната вечна почивка, освен Езерчени.

Поп Стерјо стави прст на усните. Разбравме дека за тоа не се зборува, туку само се молчи и со молкот треба да се памети.

- Како се викаат секој во селото ќе ви кажи, а за тоа каде се погребани, секој во уста држи вода. Не се кажува зашто некој ќе дојди и ќе го испогани местото на вечната почивка. Ете, сто години поминаа и никој не им го помати сонот. А вам ќе ви кажам кој како се викал и каде лежи.

Полека, како на погреб, тивко и молкум стигнавме таму... Поп Стерјо се прекрсти, се прекрстивме и ние и замре нашиот воздив. Молчиме и гледаме на патерицата со која поп Стерјо ни го покажува вечното почивалиште и вели:

- Тука лежи Стерјо Сидовски, го носам неговото име – триесет и пет годишен, сирачиња ги оставил – Зисо, Коста, Риса и Тана. До него лежи Стерјо Фотовичин, млад, неженет. Од таа страна Петро Николов - не стигна да има челад. Потака Стерјо Љочковски, таму Ставре Ставровски и до него Геле Шомовски...

Се помоливме за вечен покој и одново се прибравме дома кај поп Стерјо.

Во разговорот, во кој ни е вткаено подалечното вчера, му кажав на поп Стерјо дека бевме во селото Ошени - Инои и таму видовме дека има гимназија. Сакав уште нешто да кажам, но поп Стерјо веднаш ме прекина:

- А што си мислиш дека ако не би ги собрале децата, зарем во Езерец немаше да има гимназија? Ќе имаше и тоа поголема од таа во Ошени, туку некој умеше тука да нема гимназија.

Не изостана и денешното време за кое поп Стерјо неколкупати го искажа сомневањето за опстојувањето на Република Македонија.

- Ами како ќе живее таа држава која е толку малечка и сиромашна? – прашуваше и загрижено мрдаше

со глава, искажувајќи го на тој начин своето сомневање во нејзиниот опстанок.

- Ами, дедо попе – му велам полека и тивко – таа сега ти е како едно малечко осамено и сиромашно мече...

- Што?! – подвикна со тон на големо изненадување. – Велиш малечко мече? Мече, а? Па тоа ќе порасне и еден ден ќе биде мечка!...

- Ами што да се прави, дедо попе, и мечињата си растат...

Пладнето заминавме од Езерец. На свиокот, пред мостот го слушнавме одвај чујното ѕвонење на камбаната на црквата Свети Никола, чиниш ни кажуваше дека нема умирање и исчезнување на човекот се додека за него трае споменот...

6.

На пат за селото Иеропиги[19], надвор од Месопотамија[20], седнат скраја од патот, не пресретна маж во години. Размислував дали да застанам зашто од добронамерници бевме предупредени дека има качаци кои со закана на пиштол тераат да ги возиш на југ до некој од големите грчки градови. Молежливиот израз во очите на непознатиот ме натера да застанам. Човекот не поздрави на грчки и, прашувајќи дали одиме во Иеропиги, не замоли да го земеме.

- Влези - му реков и, возејќи со намалена брзина, врзавме разговор. За почеток - од каде си, кој си, што работиш... Рече дека живее во Иеропиги.

Го прашав дали секогаш така се викаше селото.

- Не – рече. - Порано се викаше Косинец и живееле ендопји, кои си отидоа. Сега има само едно ендопско семејство. Стари се...

- А каде се ендопјите?

- Што знам. Се растурија по светот.

- И ти го засака местото, селото?

Стариот одмавна со рака и потврдно рече:

- Не. Не го засакав. Кој сака туѓо? Тука корен не пуштивме. Младите бегаат во градовите или во Европа, а

[19] Старото име му е Косинец, а новото име што значли Свет извор на селотому е дадено по водата што извира од под темелите на црквата

[20] Старото име му е Четирок. Месопотамија значи – меѓу реки

секој ден не има се помалку. Умираме на туѓа земја. Нам помили ни се местата од каде не доселија. Без ливадите, планините, врвовите и водите на Пинд ние секој ден венеме... умираме без нив. Без нив, врвовите на Пинд, ние сме ниски. Таму бевме орли, тука дури и на чавки не личиме. Ни го зедоа Пинд, не соголија. На орлите им требаат врвовите и височините, а нам, саракачаните, недогледните пасишта и студените води на Пинд. Тагуваме, многу тагуваме зашто не можеме без нашите планини на Пинд. Ете и тука има планини, ама не се како нашите... Сега таму одиме само за да ги посетиме гробовите на нашите предци...

- А каде се гробовите на ендопјите?

- Пренесени се на друго место. Таму е изградена градинка...

- Нели таму горе имаше куќи? Каде се камењата?

- Во новите куќи... Селото е тукуречи ново и е изградено подолу од старото...

Пред влезот во селото, кафеана. Време е за пиење кафе и белолаглави старци седнати крај масите и потпрени на крлуци, го чекаат својот филџан. Ги поздравуваме, ни отпоздравуваат.

- А таму долу, покривите со ламарини, што е?

- Таму зиме чуваме неколку стотини овци и кози.

- Многу имате – го пофалив.

Стариот тешко воздивна и со тон на навреда рече:

- Кога тука не преселија, дотеравме петнаесет илјади овци, десет илјади кози и три илјади коњи. За толку голем број стока, овие планини се мали и тесни. Крајот на педесеттите години тукуречи останавме без козите и овците. Немаше доволно паша за нив, а ние немавме пари да ја купуваме на друго место. Тогаш владата не натера да ораме и да сееме пченица, јачмен и `рж и да садиме компири. А ние не оти знаевме да ораме. Ама научивме. Земјата ја ораме со трактори. Имаме богата земјоделска техника...

Стариот прекина и по кратко молчење, праша:

- А каде ти си видел Влав - Саракчанин во Грција да ора? Влавот, бре, значи ние кои сме дошле тука, поправо не донесоа од Епир, знае да чува овци и кози, сирење, кашкавал, урда да прави. Ние таму во Епир ги презиравме орачите, селаните. Ние таму во Епир бевме епирската аристократија, првите луѓе во Лариса и Атина. Влавот, бре,

беше и е кремот на Грција. Во стари години Влавот со сирење и кашкавал ја хранел Европа. Нашите карвани одеа до Белград, до Будапешт, до Букурешт и до Виена. Од таму ги носевме богатствата и ја градевме Грција. Влавот, бре, на Грција и ги изградил првите училишта и цркви, првите јавни згради, првите палати, театри. Сакаш Грк лекар, правник, адвокат, професор, историчар, востаник, бранител, дипломат, барај го меѓу Власите. Немој да го бараш меѓу Грците. Власите беа и се кремот на Грција. Таму во Пинд, во влашките села, нашите куќи беа палати. Секој на село имаше куќа градена од делкан камен и секој во Јанина, Мецово, Самарина и други места имаше палата. Палата, а не куќа. Дали го засакавме местото? Не! Од нас, гордите саракачани на Епир, направија селани, орачи. Станавме луѓе за исмејување... не изрезилија... Застани тука. Ова е мојата куќа... Слезете... Да ми дојдете дома на кафе, ве молам...

Старата Влаинка – Сараканча не пречека со раширени раце и со насмевка зад која болснаа неколку златни заби. Не седна на широки миндери послани со дебели волнени црвени веленца. И додека пред нас го ставаше слаткото од смокви, на нејзиното чело покриено со густи брчки, видов врежан крст. Влавот, изгледа, ја забележа мојата зачуденост и побрза да објасни.

- Тоа што нашите жени имаат крст меѓу веѓите, ни остана од старо време, од времињата на Јанинскиот Паша. Турците и потурчените за да не пуштаат рака по нашите моми и жени, ги бележевме со христијанскиот крст, а таква никој Турчин и потурчен дома не смеел да донеси...

И додека го пиевме кафето стариот Влав – Саракачанин ни дораскажа дека тука, во опустошените костурски села Д`мбени, Косинец, Лобаница и Смрдеш, како и во Преспа рај им ветил еден грчки политичар и државник, најбогатиот Влав меѓу Власите во Грција. Името не му го спомна. Рај не најдоа. Тие се осиромашија, а јас сватив дека намерата беше на тогаш опустошеното Костурско и на Преспа да им се промени ликот.

Се заблагодаривме за гостењето и станавме за да си одиме.

– А каде ќе одите?

– Во Лобаница.

– Аха, по старо е така.

– А по ново?

– По ново Агиос Димитриос, ама селото веќе не постои... Таму нема ништо, освен едно малечко црквиче што го изградиле Лобанчени кои живеат во Австралија.

* * *

По горниот, стариот пат, сега под асфалт, (подолу има уште еден поширок пат, граден е по доселувањето на Саракачаните), одиме на запад од селото. На излез – крај на асфалтот. Коцка. Старата коцка. Предвоената. Патот беше граден триесеттите години. Ангарија работеа селаните од околните села. А обележан и употребуван бил од Римјаните. Тука е врската меѓу Костур - Билишта и Корча и натаму за Драч. Ритчето над патот и рамнинката под патот оградени се со бодликава `рѓосана жица. И рамнинката лево од патот - оградена е со `рѓосана бодликава жица на која виси подгниена штица со натпис – "Минско поле!"

Никој досега не успеа да ги тргне мините. Тука тие чмаат и бдеат од август 1949 година. Ги поставија минерите на ДАГ. Дваесетина метри понатака – раскрсница. Во среди-ната - црквиче. Десно – широк, набиен пат, води за Кристалопиги.[21] Така пишува на сообраќајниот знак. Лево старата калдрма – патот за Крчишта. Право пред нас, малку прудолу, калдрма.

- Овој е патот – и велам на сопругата - џадето што води за Лобаница.

Калдрмата е обрасната со зелен мов и над неа од обете страни, висат шипови, страните покриени со закржлавени ниски брестови. Се гледа дека патот не е употребуван. Излеговме од колата и свртивме поглед на југ. Пред нас - се простира косинското поле, па натаму Стените (Фалцата) и далеку планините - Одрето, лево Орлето и десно, на запад, се редат Круша, Горуша. Бел Камен, Петре Пелени, Свети Илија, Амуда, Николер, Аљавица и зад нив Грамос. Зад нас, на блага угорнина - ридиштата на Косиснец и Лобаница, обраснати со разретчена и ниска дабова шума – чемреат во молк и тишина.

[21] Кристалопиги – тоа е новото име на Смрдеш и во превод значи - кристален извор. Името е изведено од изворот што тече покрај селската црква Св. Ѓорги.

Натаму угорнината, покриена со крш од камен, станува се пострмна и се врзува за ридовите на Мали-Мади.

Во бранови трепери топлиот воздух и тишината предизвикува морничав немир. Од раскажувања знам дека од тука владината војска сакаше да се пробие зад грбот на партизаните на ДАГ и на тој начин да им ја отвори вратата на тенковите за влегување во Смрдеш и затворање на патот за отстапување во Албанија. Тука, на овие ридови од 10 до 11 август 1949 година жестоко се спротивставија 105-та бригада на ДАГ и владината војска. Тука, во подножјата на овие ридишта беше онеспособена IX дивизија на владината војска, но и од партизаните многу не останаа живи. За тие денови генералот Зафиропулос во својата книга "Антибандитската војна 1945-1949", на страница 619 запиша:

" И така маневарот на IX дивизија целосно не успеа, оставајќи на бојното поле 354 убиени само од 41- та бригада."[22]

Полека возам по раскопаната калдрма и кога излегов од сенките на високите и разгранети дабови, пред мене се отвори простор легнат во крш од камења. По околните голи ридови и големата карпа, го познав местото.

Тука беше селото Лобаница. Го паметам по трите високи тополи што растеа крај рекичката над чиј брег беше големата црква Свети Димитрија и до неа – карпата од чии дамари течеше бистра вода. Ги нема тополите и црквата ја нема и водата што течеше од под карпата - ја нема. Ги паметам двокатните куќи изградени со делкан камен, покриени со турски керамиди и прозорците обоени со сина боја. Ги нема куќите градени по Илинденското востание, ги нема камењата и керамидите ги нема. Ја паметам високата бела куќа, градена високо на самоти крај од селото од чиј чардак се гледаше целата околината. Беше куќата на тета Зоја, која заедно со снаата и со двегодишното внуче две и половина години беше заточена во преспанското село Дреново и наречена народен непријател затоа што нејзиниот син пребегна на другата страна. Во таа куќа се вселивме есента 1947 зашто нашата ја беа изгореле. Ја нема куќата. Го паметам училиштето каде во доцна есен таа 1947 година, по зајдисонце, се отворија вратите на училиштето и во примракот и во растреперените пламенчиња на

[22] "Ουτω ο ελιγμος της IX Μεραρχιας απετυχεν ολοσχερος μετα μεγαλων απωλειων, 354 εκτος μαχης μονον της 41-της Ταξιαρχιας....´´

кандилата за првпат отворивме буквари и учителката, Костандина Тодорова, облечена во воена униформа, ни ја учеше кирилицата. Го нема училиштето и учителката со партизанската капа и долгата плетенка, ја нема. Почина во Скопје каде се досели од Полска. Паметам и многу ликови на Лобанчени. И нив ги нема. Паметам дека во зорите стигнуваа партизани и истоштени од долгиот ноќен марш, остануваа на почивка и по зајдисонце си одеа. Паметам кога во примракот низ Лобаница поминуваа долги долони товарени коњи и маски водени од жени со бели долами. Преспанкк беа и се шепотеше дека пренесуваат оружје. Паметам како над Лобаница и околните села високо кружеше жолт авион и поради тоа деновите беа мртви, а ноќите живнуваа. Паметам кога долго во ноќта в куќи доаѓаа жени од АФЖ-ето и долго зборува со мајките. Татковците тогаш ги беа собрале и копаа ровови и сечеа дабови, буки и борови и градеа бункери. За што тие АФЖ - итки толку долго зборуваа и ја убедуваа мајка? И денот го паметам, беше попладне, 24 март и се до зајдисонце, во толпи и долги редици, истоштени и капнати од долгото патување, стигнаа во Лобаница многу деца. Имаше мали, големки и поголемки. Малите ги носеа мајките во своите пазуви и на рамо, а големките се држеа за нивните фустани. Беа истоштени и капнати од долгото патување тие деца и мајки од Брештени, Галишта, Езерец и Ново-селени. Душа прибраа и преспаа во училиштето, во црквата и во куќите на Лобанчени, а денот го поминаа скриени во шумичките надвор од селото. Наредниот ден, цел ден стиг-нуваа децата од Долно Папратско, Крчишта и Косинец. Првпат, на едно место, видов толку многу деца и толку многу мајки. И паметам дека попладнето воздухот во нашиот двор мирисаше на печена кокошка и топла погача и како мајка од сандукот ги извади пљачките и не облече така, како што не облекуваше кога не носеше во црква...

И паметам дека тогаш денот беше пролетно топол. Цутеа бадемите и се натпеваа славеите.

Продолжив да возам по кршот од камења над кој се дига омарнина и колку повеќе се доближувам до купиштата од камења и земја каде беа последните куќи, чувствувам дека ме лазат морници. Крај на купиштата од крш и земја. Десно благо се свиткува патот и тука застанав.

Тука застанавме тогаш на 25 март 1948 година. Застанавме за збогум...

... Пред нас, онаму далеку, над планината Морава, заоѓаше сонцето. Предвечерните зраци тонеа во нашите расплакани очи. Во примракот се погласно се ронеше детскиот плач. Зад Морава зајде сонцето и мракот се исполни со липање. А зад нас, таму на угорнинката стоеја нашите мајки и камењарот под нив го растресуваа нивните болни, гласни и распарувачки липања и плачења и со разврзаните црни шамии ни мафтаа на збогување...

А ние одевме во мракот и не знаевме каде не води. Одевме, се сопнувавме, паѓавме, станувавме и влечевме чекор во долгата колона... Некаде во средината на долгата редица некој запеа, но никој не ја прифати песната што требаше да додади храброст и бодрост. Гласот на пејачот згасна. Секна. Се изгуби во плачот и липањето... Пред да очекориме во туѓо, за кратко запре колоната. Некој, од тие, кои не спроведуваа, ми ја одрами торбата со печената кокошка и со се уште топлата погача...

По години, веќе возрасен, по долгата, неколкугодишна разделба и средбата под туѓо поднебје, од мајка ми ќе слушнам:

- Ни рекоа дека штом помини лошото децата ќе ни ги вратат и тоа по дваесетина денови. Така ни велеа и не убедија и ние сами за рака фатени ги доведовме до границата.

Таму на свиокот од патот кога ни рекоа дека само до тука можеме да одиме со вас, застанавме на угорнинката. Тука не застанаа. Од тука ги праќавме со молитви за да ни се вратат побргу...

Дали имаше некоја жена која не плачеше? Плаевме, чендо, коса од глава корневме и рендевме како да испраќавме мртовец. Кога ве снема, кога се вративме дома, дури тогаш видовме што големо лошо ни се стори. Од пусто – попусто. Пуста, празна куќата, празен дворот, празно селото, секое сокаче пусто. И чекавме да слушнеме дали ќе се отвори порта, дали некој ќе викне, ќе заплаче, ќе се расмее. Ништо. Празнотија. Немаше детски глас, а толку сакавме да го слушнеме. И детско смеење и плачење да слушнеме...

Немаше дете. Немаше глас, немаше смеа, немаше радост. Тешко е кога некој ти ја пресечува радоста. А нам

ни ја пресекоја радоста и ни отворија рана, болна, сечена, тешка, отворена рана... рана на срцето и рана на душата, рана што не се гои, и при секое спомнување на рожбата боли, се отвора, се обновува и крвари, гори и пече. Ничие срце не може да помогне за да се намали таквата болка, зашто та е длабоко вгнездена во срцето и во душата...

- Ете, тука - се удира по гради – како имела болкката се залепи, стега и гребе и шепоти, наслушнува, никаков глас, никаков шум не допира, само тишина, нема ништо, пусто е.... а тоа пусто боли, та не престанува. По некој ден почнавме сами да се кориме и да се чудиме и преколнуваме, како ли, зошто ли ги дадовме децата, зошто си откинавме живо месо од живо тело? Зошто во туѓи раце раце сме ја клале судбината на чедата?

Разделбата рана ни се стори. Отворена рана што крвари и пече. Раните од куршум, од нож, од кама, се гојат, ама раните од болка и од тага и од чемер не се гојат. Секој ден раните ни беа се поотворени. Колку деца - толку рани. Отворени. Постојано отворени ни беа тие рани и градите ни беа распарани од тешките воздишки. Во двор ќе излезеш – пусто, од балконче или прозорец ќе погледнеш – пусто, на чешма ќе одиш – се е пусто, се е празно. Секаде празнотија и пустелија зееше. Секоја мајка е ранлива кога и го нема чедото. Ни се чинеше дека дури и птиците си одлетаа. И нивниот глас и песна не се слушаше. А мислите? На што друго да мисли мајката, ако најпрвин не помисли на своите рожби? На што да мисли мајката на која и ги собраа чедата, а со тоа и ја изматија и и ја отруја радоста? Молк и многу тага го поплати селото; молк во куќата, во дворот, само во умот неуморно кружи, гребе и длаби мислата и не дава да се смири срцето, да се прибере, ден да се пречека со надеж, ноќ да се преспие без болка...

Тешки деновите и ноќите уште помачни.

Судбина ли ни беше? Голема тежина, голема тежина падна врз нас.

Пеметиш? Прво ги собраа големите деца. Ноќе ги собраа, некаде во шума, во планина ги однесоа... И ни рекоа и нам и ним дека ќе се борат за слобода, за Македонија.

Потоа ве собраа вас, помалите деца. Ни рекоа дека таму, во државите, ќе останете само неколку денови, додека не биде истеран непријателот... Им поверувавме и ве дадовме...

И останавме сами...

Потоа една по една овца, коза, па кокошка, еден по еден коњ, вол, ни ги собираа и ни велеа за борбата и ливче ни даваа дека народната власт се ќе ни врати.

Потоа ни ги собираа покривачите, веленцињата, перниците, топлите палта, ракавиците, чорапите, фанелите, капите, волната, тенџеринѣата, чинииите, лажиците, виљушките. Ни велеа - за болниците, за ранетите. И никој не не прашуваше дали уште нешто ни остана... Ни остана, чедо, ни остана голиот живот, болката, маката, чемерот, оболената душа и мачната надеж на чекањето... и овие раце и рамената... со кои станавме дел од бурата што надоаѓаше се побучна и пострашна...

За тие кои беа на бој секогаш бевме оптоварени со најлошата мисла, со најголемиот страв, а за тие, малите, што ги собраа не потхрануваше мислата дека таму каде што ги однесоа нема бој, нема пукање, нема убивање, дека се живи и здрави. И иста молитва и за малите и за големите – да се живи и здрави, нека се далеку, ама да се живи и здрави. Никоја работа не се држеше за нашите раце. Се што ќе фатиш, од рака ти паѓа. Отако ги изоравме и ги посеавме нивјето и ги посадивме градињето, тогаш пак дојдоа тие, кои ни ги собраа и големите и малите деца. Рекоа – борби големи ќе има и за да биде победата наша, треба и ние да одиме не во бој, ама да копаме, да носиме и да пренесуваме.

Копавме ноќе, носевме и пренесувавме ноќе. Дење не биеја со авиони и топови. И така денот го направивме ноќе, а болките во рамената од носење трупци и сандаци со оружје беа се поголеми. Немаш рамо, немаш нозе, немаш и глава за да мислиш за својата болка. Цел имот, ниви и бавчи, овци и кози говеда останаа на старите, на тие кои не можеа да држат угорнината со сандак на рамо или со ранет во носилка. И си велиш во себе, да не дај Господ и со мислата се крстиш, со мислата зашто рацете ни беа фатени од носилката, трупецот, сандакот, од лопатата, од секирата и казмата и каменот. И така сал со мислата се крстиш и крст со рака да направиш не можеш. И кога го носиш ранетиот си велиш во себе – дали некоја друга мајка така ги носи моите чеда? И те фаќа уплав, онемуваш од страв, нозе ти се потсечуваат. А ум немаш за да мислиш за нешто друго. Целиот ум се дави во таа мисла и сал со таа грижа фатен и оптоварен.

Така, ете, големо и ужасно лошо не погоди секој ден удар по удар не биеше и не сакаше од нас рака да тргне...

А во селото останаа само едно две или три деца. Незаодени, неодлачени, нетргнати од гради. Кога тие ќе заплачеа сите плачевме и сите се радувавме. Кога тие ќе се насмевнуваа, сите се насмевнувавме и сите плачевме. Нивната смеа, нивното гугање и плачење беше нешто како во мрак да пуштиш светлина. Тоа беше нешто како по бурата со црни облаци сонце ќе огрее.. Кратко траеше таа радост. Небаре светлинка ќе болснеше во мракот, небаре накратко сонце ќе светнеше и пак мрак – солзите никогаш не ни пресушија. Нив ги имавме и за мртвите и за здравите... Лошо, многу лошо време не погоди и не поплати. Куп деца дома и наеднаш цела дома празна. Глуво. Болно. Што правевме? Најмногу колневме. Ги колневме тие кои дома не ни влегоа за добро, ами дома ни влегоа и ни ја однесоа радоста и светлината и ни оставија мрак. Се молевме дома. Пред иконата на Богородица запалувавме боринка и се молевме. Така малку ни олеснуваше. И во црква одевме и се молевме. Ноќе. И кога носевме ранети, ако поминувавме покрај црква, застанувавме и се молевме за тие кои беа во носилките. Да останат живи.... Молитва ни се сторија деновите и ноќите. Зарем Господ слушнал ли некогаш толку многу молитви? И чудо е што Нему најмногу му верувавме...

Ноќе клекнати пред запалена боринка, свеќи веќе немавме, вгледани во Богородица се молевме за сите. И за тие кои беа во бој и за тие кои беа по државите. И чекавме... не остававме боринката да догори. Ни требаше малку светлина и за другиот ден ако ни остануваше нешто од денот, и за другата ноќ, ако не бевме на носење трупци и камења за бункери или на носење и пренесување ранети. Така при запалени боринки се собиравме во една одаја сите што бевме останати во селото, ги одврзувавме црните шамии, врз нив ги стававме кадрата на нашите дечки и ги гледавме, им шепотевме, а тие само не гледаа и не гледаа, а ние со шепот им зборувавме и со лесен допир, со прстите им галевме образи и чела, со болно навлажнети усни им бакнувавме очи, а тие само не гледаа и само молчеа. И тивко, молежливо им велевме – ајде, чедо, прозбори, насмеј се, мило... И така ние им зборевме, а тие молчеа и само не гледаа и не гледаа и така се гледавме во молк...

x x x

Долго останавме на угорнинката. Стоиме онемени. За миг затвораме очи и под клепките ја гледаме таа огромна толпа од жени и старци застанати на оваа угорнинка и со молк сподавен во липање не испраќаат... а во ушите ни одекнуваат нивните молитви и во молк го слушаме нивното сподавено плачење и липање...

И пак, и одново се потсетивме на денот кога не собраа и не одведоа и си спомнавме дека тогаш цутеа бадемите и во првутот на лисјето се натпеваа славеите.

Беше март. Денот пролетно миризлив и топол...

Не собраа и не одведоа, а зад нас остана недовршената приказна во гласот на дедо и баба... И си мислевме и се прашувавме: дали таму каде што не носат ќе има ли некој кој ќе не погали со топла дланка како дланката на нашите мајки, кој ќе не бакне пред спиење, како што не бакнуваа нашите мајки, кој нежно ќе не погледне како што не погледнуваа нашите мајки, кој ќе ни се насмевне со насмевка на нашите мајки, кој ќе ни раскаже приказна, ќе ни запее приспивна песна, ќе ни избрише стежната солза? Ќе има ли нешто од нашата дома? Каде ли не носат? Кога ќе се вратиме дома?

Не одведоа и мојата мајка и сите мајки на сите деца останаа со празни скутови и прегратки и со секогаш вперен поглед на патот по кој не одведоа и постојано и без престан ќе мислат дека токму по тој пат ќе им се вратиме...

И покрај многу работи што многу ги присакувавме, најмногу сакавме да не го заборавиме патот по кој се одлачивме од дома...Да го запаметиме така, како што се паметат мајчините очи, мајчиниот глас, збор, насмевка...

Зарем многу сакавме?

Во кршот распален од жегата и испран од дождовите осамена, гола и тажна стои таа иста угорнинка и тоне во длабока тишина...

И ние стоиме смраморени - скаменети и со сето битие ја чувствуваме болката на разделбата што никогаш не сопре и што никој не најде лек за да ја излекува.

Има болки што никогаш не се лекуваат.

Болат и ќе болат ...

Молчејќи слегуваме на напуштениот друм и пеш го поминуваме патот што некогаш беше пат на разделба. Но, тука не завршува нашето патување со времето и по трагите на спомените.

Одиме.

Одиме натаму и пред тоа свртуваме поглед уште еднаш за да го запаметиме подобро местото на одлачувањето. Излегуваме на крстопатот и го фаќаме широкиот пат, веќе подготвен за асфалтирање.

7.

Кривулестиот шумски пат не однесе на ридот Лисец. Извишен е 1827 метри над морето. Гол е и на самоти врв се поставени антени. Од тука се отвора широка глетка на околните планини – Бигла, Лунѕер, Вичо, Синѣачка, Мали-Мади и отаде Орлето, Одрето, Горуша, Бел Камен, Николер, Аљавица и далеку – далеку, во сивата змаглина, врвот на Грамос. Во нивниот круг е Костурското поле, Костур и Костурското Езеро.

Во подножјата – пределот наречен Корештата. На запад – Врба, Иван Планина, Галичица и двете преспански езера. Глетката е волшебна и со својот живопис пленува. Но, тука не не доведе желбата за да му се восхитуваме на ретко убавиот пејзаж на овие македонски планини. Дојдовме да видиме дали останаа траги од последните напори окрилени со паролата “Непријателот на Вичо нема да помини”. Илјадници селани од околните и подалечните македонски села заедно со седумте или осум илјади партизани на ДАГ цели седум месеци копаа ровови и градеа бункери. Сите ридови и планини во реонот на Вичо беа еден синџир на одбрана. Во предвечерието на големата офанзива, на осми и девети август противникот во Корештанската котлина довлече голема сила и цела ноќ од пушкарниците на бункерите партизаните ги гледаа светлата на поставените шатори.

Командантите на партизанските бригади распоредени на околните ридови и планини со голо око ја гледаа плевата од војска и не добија наредба да отворат оган од 45-те топовски и минофрлачки цевки. Во корештанската котлина не пукна ниту една граната.

Што ли ќе беше во Корештанската котлина, каде беа концентрирани главните сили на владината војска пред големата и одлучна битка, ако би загрмеле оние 45 партизански топовски и минофрлачки цевки што беа поставени на околните планини?

Не загрмеа...

Упатените велат дека имаше предавство...

... Ноќта, меѓу 10 и 11 август владина бригада го нападна Лисец. Ридот неколкупати преминуваше од рака во рака и беше совладан од владината војска. Непријателот помина на Вичо и ширум се отвори патот за Преспа и за бегство во Албанија.

Стоејќи на самоти рид на Лисец, од ранецот го извадив бележникот и ги читам белешките што пред тргнување на пат, ги направив во Институтот за национална историја на Македонија каде се чуваат десетици монографии за селата од овој дел на Македонија. Пишувани се во изминатите 40-на години. Некои само како белешка, небаре само потсетник за да не се попадне во заборав, а други, пак, богато обработени со многу податоци. Има во нив и историја, и имиња на топоними, описи на обичаи, народни песни, ора. Се за тоа дека селото некогаш беше село. Тоа што ми остави најболен впечаток се бројките. Број на население, број на мобилизирани, број на загинати во војните, број на умрени во затворите и логорите на сувитеострови, број на раселени и иселени. И така во бележникот запишав дека од селото во граѓанската војна беа од:

Аитос, мобилизирани 132, загинаа 39,
Бесфина, мобилизирани 96, загинаа 25,
Бапчор, мобилизирани 180, загинаа 62
Тиолишта, мобилизирани 55, загинаа 20
Мокрени, мобилизирани 188, загинаа 75,
Кономлади, мобилизирани 367, загинаа 69,
Добролишта, мобилизирани 53, загинаа 20,
Езерец, мобилизирани 34, загинаа 12
Крчишта, мобилизирани 43 загинаа 29,
В`мбел, мобилизирани 105, загинаа 19
Граче, мобилизирани 66, загинаа 38
Граждено, мобилизирани 46, загинаа 21

Загоричани, мобилизирани 87 загинаа 62
Герман, мобилизирани 288, загинаа 92
Нестрам, мобилизирани 127, загинаа 60
Статица, мобилизирани 185, загинаа 53
Сетина, мобилизирани 160, загинаа 65
Ошчима, мобилизирани 87, загинаа 26
Зеленич, мобилизирани 95, загинаа 23
Добролишча, мобилизирани 51, загинаа 20
Брешчени мобилизирани 41, загинаа 13
Косинец, мобилизирани 66, загинаа 22
Шештево, мобилизирани 87, загинаа 20
Старичени, мобилизирани 30,загинаа 12
Жужелце, мобилизирани 33, загинаа 11
Черешница, мобилизирани 54, загинаа 13
Новоселени, мобилизирани 32, загинаа 15
Крушоради, мобилизирани 62, загина 36
Дреновени, мобилизирани 42,загинаа 9
Руља, мобилизирани 125, загинаа 36.....

По кој владин закон, а влада не постоеше, беа мобилизирани. Во текот на војната во една од наредбите се велеше – одете десет, вратете дваесет. Толку момчиња и моми требаше да донесат в планина насилно извлечени од дома.... А гинеа на сите боишта, а најмногу 48-та и 49-та на Грамос, и на Вичо, во Негуш, во Воден, во Лерин. Толку внесов во мојот бележник...

А колку ги има?

.....
.....
.....
……
……
……[23]

На секој читател или истражувач ќе му должам огромна благодарност доколку празните редови што можат да продолжат и во многу страници да ги дополни со имињата на селата и бројот на мобилизираните и загинатите што погоре не се наведени. Ова не е пропуст или незнаење, туку намерно го направив со цел читателот да вложи личен труд во дополнувањето на списокот кој го

[23] Редовите обележани со точки му ги оставам на читателот за да ги дополни според свое знаење, паметење и коментар.

обележува македонскиот влог во сопствената трагедија и пораз, во сопственото уништување и по заслуга на сопствените водачи.

И тоа не е се. Колку ли се тие кои засекогаш останаа на гробиштата во источно-европските земји, поранешниот СССР и во поранешна Југославија?

Бројки.... бројки... бројки....

Зад секоја бројка - болка, зад секоја бројка солза, страдање, безнадежност во чекањето, зад секоја бројка вдовица, сираци, зад секоја бројка незнаен гроб, зад секоја бројка долги маршеви под дожд и студенило, зад секоја бројка неуспешни битки, глад, рани...

Бројки... и зад секоја бројка затворена куќа, пресечени корени. Бројки во кои се најмилите, најсаканите, најблиските, најсонуваните, најчеканите,...

Бројки... и штом затвориш очи чиниш живнуваат, се насмевнуваат и ветуваат дека денес, утре, задутре, в година ќе си дојдат.

Бројки... зад кои се тие, кои останаа на Копанче, Аљавица, Чарно, Краставец, Свети Илија, Круша, Горуша, Ќафа, Клефтис, Горнаи Долна Арена, Вичо, Мали-Мади, Баро, Јамата, Рото, Плати, Крсто, Бигла, Лунѕер, Бела Вода, Врба, Гревена, Негуш, Воден, Лерин, Преспанското Езеро, болниците во Корча, Драч, Елбасан, Тирана, Сукт, Јасеново, Катлановo...

Бројки... бројки... бројки...

Ставивме нога на Вичо и Бигла, на Лунѕер, Лисец и на Мали-Мади и сите други ридови што изгледаат како да се врзани со еден синџир и во круг имаат лик на венец...

И ми доаѓа да викнам и да провикнам:

Луѓе, луѓе, о луѓе!...

Каде сте, бре, луѓе!!!

Нема одѕив. Сал молк тежок и длабок како мрачна бездна, молк кобен како најтешка клетва... и болка како од отворена рана...

Така посакаа други... – да нема луѓе... и човечки одѕив...

8.

На граничниот премин Кристалопиги – како што погоре е речено -по старо селото се вика Смрдеш, името го носи по кристално чистата вода што извира од планинскиот извор покрај црквата Свети Ѓорги, една од најубавите во костурскиот крај, полицаецот лист по лист ги прелистува пасошите. На парчето хартија што е виза за мојата сопруга удри печат, а мојот пасош одново почна да го прелистува. Час гледа во мене, час на сликата и остава впечаток дека се сомнева во сличноста, а можеби и во пасошот.

- ФИРОМ? – удира со прстот на корицата од пасошот.

- Пишува горе. На два јазика.

- Аха, тоа по ваше...

- Да, господине – наше, се разбира дека е наше.

- А виза? Каде виза? – ме прашува и упорно ме гледа в очи небаре ме фати на крадење.

- Нема потреба. Подолу на два јазика пишува...

- Дипломат? – одраз на зачуденост во неговиот глас, а во очите сомнеж.

- Така пишува.

Пак го прелистува пасошот, врши проверка во компјутерот. Сомнително ме гледа и прашува:

- На кој граничен премин влеговте во Грција?

-Ники... (за тие кои не знаат - старото име е Негочани)

- Нема картонче за доказ дека таму ја преминавте границата... – сомнително ме гледа в очи и со пенкалото нервозно удира на пасошката корица.

- Има – му велам. – Ви падна кога го прелистувавте пасошот.

- Да, тука е - рече незадоволно.– Значи влеговте пред пет денови и денес заминувате?... - Силен тресок на печатот врз картончето, небаре незадоволството го истура врз него. - А што барате во Албанија?

- Одиме по невеста...

Намуртено и без збор ми ги подаде пасошите.

Силниот тресок на печатот врз картончето наеднаш ме потсети на ланското влегување во Грција преку граничниот премин Ники.

Тогаш млад полицаец откако ги прелиста пасошите и нивната автентичност ја провери во компјутерот, од фиоката извади лист со отпечатени графи и почна да прашува за име, презиме, име на мајка и татко, место и при тоа веднаш предупреди:

- Не така како што сега се викате, туку како што се викавте...

Не доврши зашто веднаш го прекинав, прашувајќи го:

- Мислите на тоа како сум запишан во црковните матични книги?

- Токму така...

- Така, но за тоа немам потврда. Во општината ми рекоа дека постојам во матичните книги со името и презимето што сега ми го барате, ама и не постојам зашто забрането им е да издаваат такви потврди...

Молк. Размислува. Се гледаме. Се насмеав и му реков:

- Господине, отворете ја фиоката и таму ќе ги најдете сите податоци што ги барате. Јас неколкупати сум поминувал низ овој премин и секогаш истите податоци се запишувани. Јабана трошите време и хартија...

Младиот полицаец ме погледна, за миг го остави пенкалото и рече:

- Така ни е наредено и јас сега наредба извршувам.

- Ако, вршете си ја работата...

- А тие кои така наредија не гледаат дека целиот свет оди напред, само ние, Грција, одиме назад. Луѓето на месечината стигнаа и се вратија, а ние Грците тапкаме на место. Разбра?!

- Не, не разбрав... – и кога сакав да го прашам што треба да разберам, слушнав силен тресок:

- Бум – одглас на печатот врз картончето со кое, ако затреба, треба да потврдувам дека легално сум ја поминал границата.

- Повелете - ми ги подаде пасошите низ полу отвореното прозорче на шалтерот и праша: - Каде ќе одите?

Цивилно лице, кое стоеше малку понастрана и веројатно го следеше нашиот разговор, се одгласи:

- Стин патрида тус пигенун... Сто патрико тус хома! Еци ден ине?[24]

Се свртев кон него и како потврда на неговото тврдење и прашање, му намигнав и во себе си реков – мајката, оваа болна Грција изгледа полека почна да заздравува...

За жал прерана беше мојата претпоставена дијагноза.

Откако ја поместив колата и застанав заради царинската контрола, мажле - го нарекувам мажле, бидејќи беше слабникаво, ниско, тесно во рамената, ќелаво и со бледо лице, чиниш е болно од офтика, ама затоа имаше силен глас со тон на остра наредба.

- Отвори!!! – ми викна на македонски.

Излегов од колата и го прашав:

- Сите врати и багажникот?

- Што!? Мене ли ми зборуваш на тој ...- се засркна човекот и исплука - на тој ѓупски јазик? Зошто не ми зборуваш грчки? Па ти знаеш грчки! Нели со полицаецот си зборувал грчки, а? Зарем си заборавил дека тука е Грција и секој кој стапнува на грчка земја мора да зборува грчки? Понастрана од колата!

Предизвикот не го прифатив и отчекорив.

Мажлето – цариник се вдаде во контрола. На сопругата и шепнав:

[24] Во својата татковина одат. Во татковата земја! Не е ли така?

- Премини на другата страна и внимавај на неговите раце. Може да подметне нешто што би не чинело затвор...

Мажлето – цариник незадоволно од проверката, истрча до паркингот и од комбето доведе волчјак. И сега двајцата цариници се вдале во контрола. Волчјакот душка под седиштата, скокна во багажникот, слезе, се нафрли на гумите, на ауспухот. Застана и подигна муцка кон својот колега, чиниш му вели дека јабана е работата. По наредба волчјакот се врати во комбето, а мажлето ми дава знак дека можам да заминам.

Без збор со показалецот покажав на двата куфери што беа извадени од багажникот и му давам знак дека треба да ги врати. Накострешено се гледаме, траеме така неколку секунди. Со рака му давам знак да ги подигне куферите и да ги стави во багажникот. Изгледа сфати дека тоа е негова обврска и послушно еден по еден ги мести куферите во багажникот и на крај проверува дали добро се наместени.

- Браво! – му велам, напорно совладувајќи го во себе вриежот.

Возењето по многубројните свиоци на Бигла го смирија нашиот гнев. И изгледа не ни беше доволно тоа што ни се случи на граничниот премин. Возејќи за Костур, навративме во селото Руља. Сега Кота го викаат, по името на Коте – шпионот и крвникот што му ја посече главата на Лазо Поптрајков. До селото води убав асфалтен пат. Пред влезот не пречекува мермерната биста на Коте. Паркиравме сред село. Понастрана бела Лада со скопски регистарски таблички. Од дворот излегоа неколку луѓе и доаѓаат на кај нас. Меѓу нив и маж во полициска униформа.

- Здраво, како сте? – на македонски праша еден од мажите. – Добре дојдовте. И вие сте од Руља?

- Добре најдовме. Дојдовме на посета. Не сме од Руља...

Во разговор ни поминаа петнаесетина минути. Не прекина старичка. Брчките на лицето ја оцртуваат нејзината старост, а годините небаре и ги поткрепува патерицата.

- Ка сте, бре, од де сте, бре ченда? Добро дојдоте. Од Руља сте? Не ве познавам.

- Од преку таа планина – велам.

- Е, добро, добро... - се искашла и се оддалечи. И чиниш нешто заборави, се врати и удирајќи со патерицата на асфалтот, налутено не посоветува на скршен грчки јазик:

- Едо ине Елада... Авто то глоса на ми то милате. На милате то елиника... [25]

Се разнесе смеа, а полицаецот ја фати под мишка, ја тргна настрана велејќи и на грчки:

- Бабо оди си дома и остави ги луѓето да си зборуваат како што сакаат.

Кога полицаецот се врати, му реков:

- Не ја карај бабата. Можеби му е братучетка на Коте...

По три дена престој и посета во татковината и во татковата земја, како што рече човекот таму на граничниот премин, се вративме во Македонија, пак преку Ники (Негочани). По извршената пасошка контрола и преминот на другата страна, го побарав началникот на полицијата и му кажав за случајот со цариникот. Ми рече дека тоа не е прашање за полицијата и ме посоветува да го побарам началникот на царинарницата. Началникот го нема, отишол на одмор, но го најдов неговиот заменик. Подавајќи му го мојот дипломатски пасош, му го изнесов случајот и на крај му реков:

- При влезот во Грција има голема табла со натпис: “ΕΛΛΑΣ “ и “GREECE”. На таа табла нешто недостасува. – Ме гледа вчудовиден. – Би требало да напишете уште дека секој кој влегува во Грција исклучително мора да зборува само грчки. Господине – продолжив – јас во мојата работа сум поминал низ многу гранични премини во Европа и во светот и секаде ме прашувале како сум, како патував и ми пожелувале убаво да поминам во нивната земја никоја и никој не ми рекол дека треба да зборувам само на нивниот јазик затоа што земјата е нивна. Ова ме потсети на Метаксасовата диктатура кога моите баба и дедо и татко и мајка биле казнувани заради тоа што го зборувале својот мајчин јазик...

- Ама, немојте, господине, оставете ја историјата. Тоа е минато... Јас ви се извинувам. Вие сте во право.

[25] Тука е Грција. Тој јазик да не го зборувате.Да зборувате грчки.

Простете. Навистина е срамота ако така ви рекол... Знаете тој е ΝΤΟΠΙΟΣ...[26]

Прекинав. Во себе си реков:

- Ете, пак некој братучед на Коте од Руља...

[26] Ντοπιος – (староседелец) така Грците ги викаат Македонците во Егејска Македонија.

9.

Албанскиот граничен премин скромност го бие. Не е накитен и комфорен како грчкиот – со чекална, кафеана, продавница, туристички проспекти и купишта изнаобесени весници и списанија со налегната прашина врз нив и исплукани од мувите. И спротивно на грчкиот, албанскиот полицаец не пречека со насмевнато добре дојдовте изречено на наш јазик. Ние, пак, го поздравивме со ***мир дита*** [27] и така меѓу нас прозрачи неочекувана срдечна топлина.

- Македонци? Од Скопје, нели? – праша пред да почне да врши контрола на пасошите.

- Македонци – реков.

- Се гледа по регистарската табла на колата. Ве молам дајте ми меѓународна возачка дозвола, зелен картон и потврда за осигурување. Ако ги немате тие документи, за жал, нема да можете да влезете во Албанија. Такви се нашите правила. Простете.

Му го подавам ковертот со бараните документи.

- Ова ќе потрае – рече. - Седнете таму и чекајте. Ќе ве повикам.

Полицаецот го затвори шалтерот, се наведна над некои хартии и пишува, пополнува.

По дваесетина минути не повика.

- Се е во ред.

- Што плаќам?

- Вие господине не плаќате ништо, а вашата госпоѓа плаќа само едно евро. Може во леки, во ваши пари

[27] Добар ден – на албански

или друга валута. А оваа потврда ќе ја чувате. Ќе ви ја побараат на излезот од Албанија и за користење на нашите патишта ќе платите две евро.

Виза не ни побара, но не заборави да не праша што бараме во Албанија.

- За истото не праша и грчкиот полицаец – му велам.

- И што му рековте?

- Му рековме дека во Албанија одиме по невеста...

Нашето гласно смеење го привлече вниманието на патниците кои чекаа во редица.

- Со здравје и добар престој кај нас – ни пожели албанскиот полицаец.

Од двете страни на граничниот премин високи пошумени ридови засенчени со облаци кои навестуваат дожд. Широкиот асфалтиран пат, дело на нашите од градежното претпритјатие "Гранит" се протега долж тесната клисура на чии падини како печурки се начичкани бетонски бункери со сиви капаци, остаток од недамнешно време. Не пресретнува раскрсница и табла со ознака – право Билишта (Bilisht) лево – Капештица (Kapsthice). Свртуваме лево. Петстотини метри асфалтен пат до влезот во селото. Патот е широк, под асфалт и завршува по едно петстотини метри. А потоа...

Натаму – не е калдрма, туку набиени камења. Локви матна вода и кал. Се чини дека тука почнува дваесеттиот век и влегуваме во деветнаесеттиот и можеби уште подлабоко во времето. Слегувам од колата за да проверам дали нашето SAXO ќе успее да ги прескокне камењата и да исплива од калта. И решивме – одиме. Возиме прудолу по тесното сокаче и по изминатите дваесетина метри со левите гуми заглавивме во буништето од кое со гласно кокодакање на сите страни се растрча јато кокошки и веднаш по тоа со силен лаеж не пречекаа селските кучиња. Лаежот чиниш ги разбуди селаните. Се отвораат залостените дрвени порти, жени и деца молчаливо не гледаат. Под колата прска селската нечистотија што лениво се влече по сокачето кое по уште неколку изминати метри заврши. Пред нас мала ширинка, што веројатно треба да е селскиот плоштад и малку понадесно две - три масички. Претпоставувам дека тука е селската меана. Слегувам од колата и со поздравот ***мир дита*** застанам

пред раседнатите мажи. На масите шишиња од кока-кола, некои сокови. Ме погледнаа сомнително, но не ја прекинаа играта. Играа јуч. Омилена игра во балканските села. ***Мир дита*** – велам и прашувам дали зборуваат македонски. Молк. А дали зборувате грчки? Молк. Неми тие, нем и јас и немо се враќам во колата.

- Ej, ти – одекна глас. Се свртив. – Чекај - рече на грчки еден мажите и тргна кон мене. – Вие сте странци? Што барате тука?

- На посета... – реков.

- На посета, ама кај кого? Барате нешто? – прашува човекот и не ме гледа в очи. Гледа настрана или некаде далеку пред себе.

- Го бараме патот за Трстеник – му велам . Селото така се викаше порано.

- Нема такво село – вели.

- А Трестеник? – се сетив дека така е напишано на сообраќајната карта на Република Албанија.

- Трестеник има. Свртете лево и право по патот.

- А патот е добар?

- Многу добар...

- Благодарам. Да си жив и здрав.

Свртивме лево, го прегазивме селскиот макадам, ги растеравме кокошките од крајсокачните буништа, и откако не излааја речи сите селски кучиња, излеговме од селото и го фативме многу добриот пат. Камен до камен, локва, кал – не измеривме. Од спротивната страна ни доаѓа двоколка со впрегнат коњ. Потскокнуваат тркалата, се навалува двоколката и луѓето кои седат во неа.

- Застани - вели сопругата.- не оди натаму зашто ќе нема со што да се вратиме. Ќе ја уништиме колата. Враќај се.

Застанав пред коњот.

- ***Мир дита*** – велам низ отворениот прозорец. Ист поздрав и толку од зборувањето. – Трстеник? – покажувам со рака.

- Трестеник – рече мажот и го спотера коњот.

И ние го спотеравме нашиот коњ по многу добриот пат и постојано исплашено мислиме кога ќе се превртиме на едната или на другата страна и колку завртки и наврткиве ќе посеавме по овој макадам. Раскопан е патот и дупките длабоки. Наоколу, се до онаму, до синорот со моето село – една зелена рамница. Се е посеано со

пченица. Нема ниту педа не изорана и не посеана земја. Тераме натаму и по дваесетина минути – првите куќи на Трстеник – Трестеник.

Трстеник го паметам како дете. Тогаш имаше само неколку бели куќи оградени со висока авлија. И таа беше бела и Трстеник беше голем чифлик кој го опфаќаше скоро целото поле што лежи пред Билишта. Сега е големо село. Облеката ја бележи сиромаштијата населаните на чии лица се гледа истоштеност и умор.

Се поздравуваме со *мир дита* и ретко добиваме одговор. Колата со туѓи регистарски таблички и со луѓе кои не го знаат нивниот јазик – е сомнителна работа. Од една куќа излезе висока жена и на албански нешто не прашува. А ние ја прашуваме дали знае македонски или грчки. Рече дека е учителка, ама грчки зборува многу слабо и толку колку што научила од своите деца и внуци кои се на печалба во Грција. Се собраа и други селани и чудно ни е што никој не не гледа в очи, туку гледаат в земја, некаде далеку, како да сакаат да ни речат дека треба што побрзо да збришеме од тука. На жената, која ни рече дека е учителка во пензија, и рековме дека пред шеесет години една ноќ поминавме во една ливада меѓу Трстеник и Лобаница. Рековме дека ливадата мора да е зад ритчено, источно од селото и дека многу сакаме да го видиме тоа место.

- За таму нема никаков пат – рече учителката. – Има само ниви.

- И бункери – помислив, бидејќи од тука се гледаат бели тркалезни бетонски капаци. И реков faleminderit,[28] но, не сум сигурен дали добро го изговорив зборот, зашто никој од насобраните ништо не рече, само сомнително мрдаат со глави, молчаливо стојат, со гумените опинци ја копаат и ја бришат земјата од под нозе и ми се чини дека одвај чекаат кога ќе не снема од пред нивните очи.

Не заминавме веднаш затоа што од ова село убаво се гледа мојот роден кат. Иако пред некој ден бев таму, одново ме обзеде возбуда и долго останав простум загледан во тој прекрасен и незаборавен пејсаж од кој тешко откинувам очи и чувствувам неизмерна тага. Боли, многу боли напуштеното родно место... Тешко се соземам

[28] На алнбански - благодарам

и во густо насолзените очи ми се зацртува месноста Телок...

... Да, таму, отаде е Телок и црквата Свети Јован. Тука секоја година, на 8 мај, што беше селски празник, се собираа селаните од околните села. На десетици ражни се печеа јагнињa и орото и песната секнуваа дури по заодот на сонцето. Лево зеленее дабова шума, наковцката корија, што дедо ми Ѓорѓи по првото печалбарење во Америка ја беше купил од бегот. Преку неа црквата Света Богородица. Разурната есента 1947 и обновена 1980 годин. На 15 август се славеше Голема Богородица - најголемиот празник во Крчишта. Се славеше и во турско и во грчко. Се славеше до иселувањето, до искоренувањето и Голема Богородица остана сама... На гости ни доаѓаа не само родниниte, туку и сите жители од селата Долно Папратско, Новоселени, Лобаница, Косинец, Д`мбени, Смрдеш, Брезница, В`мбел и тие кои на печалба беа по градовите...

За миг затворам очи и во мене се преселуваат тие празнувања со се луѓе и целата нивна радост. Долго стојам со затворени очи и се плашам да ги отворам зашто наеднаш ќе го снема тој свет што во мојот спомен остана како незаборавен сон. Натаму Стените и отаде синџирот на планините – Орлето, Одре, Горуша, Аљавица. Сон ли е? Призрак ли е? Јаве е и блиску е родното место, толку блиску што ми треба само да се растрчам, да ја прегазам рекичката што ги дели двете држави и да се искачам на Телок. Туку, ете, на луѓето им направија голема разделница за да не можат да се видат. Веќе шеесет години на Телок на ражен не се печат јагнињa; шеесет години на 15 август во Крчишта не се слави Голема Богородица и толку години Попрашчени, Новоселци, Косинчени, Лобанчени, Д`мбенчени, Смрдешени, В`мбелчени не доаѓаат на гости. Сега ги нема. Ги голтна лошата судбина и ги растури по светот. Ги тргнаа. Им рекоа дека ќе има голем бој и од него ние ќе ве спасиме во Албанија. Година подоцна и на другите, од Корештата, и ним им рекоа ќе има голем бој и ние од него ќе ве спасиме, во Албанија и од тука со бродови во туѓи поднебја, под туѓи стреи... Ги иселија - раселија и им рекоа – сега сте слободни...

Нивните огништа ги нема; ги нема и селата - ги нема и по име и по куќи и по луѓе... и темелите ги нема... некои други имиња носат и некои други луѓе свои огништа направија.

Шеесет години не се слуша тапан да удри, кавал да засвири, клопотарци да затропат и стада овци да закитат ридови, новороденче да заплачи, камбана да удри. Згаснаа огништата и спузата ветришта ја одвеаја...

Така некој посака и така би.

Од тука, од Трстеник, низ замаглината на стежнатата солза го гледам Телок, Стените и црквата Света Богородица. Само тоа остана од моето родно Крчишта кое гледано од тука е толку многу близу, а само јас сум премногу далеку...

Не отидовме до местото – лединката - каде на 25 март 1948 година ја поминавме ноќта и будни, легнати на гола земја и покриени со влажен папрат, ја дочекавме зората. До лединката каде ја поминавме ноќта спрема 26 март од тука не делат не цели илјада метри. Знаеме во која насока да одиме, но не можеме да најдеме патека што би не однела до таму. Се е нива.

Не отидовме таму, а толку многу сакавме да ги најдеме нашите први детски траги оставени на туѓа земја, уште еднаш да стапнеме на истото место од каде зачекоривме по патот што не однесе во далечни земји, а толку многу тоа си го прижелкувавме, зашто од тука почна нашиот растур по светот.

Не го заборавивме местото, го паметиме и не ја заборавивме ноќта која беше исполнета со нашите тивки, глуви, тажни и жалосни воздишки што нездржливо се откинуваа од нашите гради.... Таа ноќ, под небото извезано со јадри ѕвезди, пригушнати едно до друго, ние тогаш деца, првпат одлачени од од мајчиниот скут, таму на таа лединка тивко липавме и во нашите солзи се давеше полната месечина. Очите ни беа полни со ѕвезди од кои една се откина и паѓаше, паѓаше и некаде далеку згасна. Некој рече дека се откина нечија среќа, нечија судбина...

Нашата ли е?...

Таа ноќ месечината имаше боја на топол и светлив килибар и без престан се огледуваше во нашите очи вковани во бескрајот на ѕвезденото небо. Таа ноќ, небото беше ѕвездено и по средината од крај до крај, пресечено со млечниот пат. Такво го запаметивме...

Тогаш, таа ноќ, премногу оптоварени со желбата и надежта дека брзо ќе се вратиме дома, будни дочекавме зора.

Привршуваше ноќта и таму високо заспиваа ѕвездите и ние ден дочекавме со надеж и ноќ испративме со болка...

Во примракот стигнаа камиони и не однесоа...

Во молк го напуштаме Трстеник.

Се враќаме тажни и исполнети со сочувство за тие луѓе не заради нивната сиромаштија, туку заради нивното молчење, нивната непристапност, нивното студенило. Дали тоа е отсуство на гостољубивост? Сигурно не. И покрај се длабоко веруваме дека луѓето во Трстеник – Трестеник не се такви. Во нивните очи гледаме други луѓе – добри и благородни. Тука, па и кај самите нив мора да има нешто друго, што нам засега не ни е познато. Но чувствуваме дека нешто ги мачи, дека длабоко во нив нешто е вкоренето и се додека не дознаеме што мака ги мачи, постојано ќе бидеме со нив.

Си одиме, го напуштаме Трстеник, но зад нас не фрламе камен на сомнеж кон луѓето за кои имаме најтопли и најискрени желби за секакво добро и разбирање за нивниот молк и сочувство за нивната горчина и чемер.

На одење забележуваме дека тука времето како да застана, иако селските куќи се поврзани со кабли за струја и скраја од селскиот плоштат стојат два трактори. Се друго е како во изминатиот век. На излезот од селото низ полуотворената дрвена порта - во дворот, веднаш до влезот на куќата – сив бетонски бункер пред чиј влез зеленее високо разраснат бурјан.

Селата ги поврзува тесен макадам кој сигурно памети стари времиња и голем впечаток остава обработената земја. Тоа е белег на трудот и потта на овие молчаливи луѓе кои одвај изустуваат по некој збор и не не гледаат в очи, туку в земја или настрана. Подоцна, во разговор воден со Македонец во Елбасан, ми беше речено:

- Мене воопшто не ме чуди што така се однесуваа тие луѓе. Во енверова Албанија секој непознат се сметаше за агент и секој кој го видел веднаш морал да пријави во сигурими. Изгледа вие не знаете што е терор. Тие се уште се плашат. На семожен начин не заплашуваа во тие времиња и стравот стана дел од животот, од секојдневието. Стравот беше најголемиот и најмоќниот чувар на власта...

А само неколку метри од тука, на излез од селото, се најдовме меѓу ширно распосланата зелена пченична рамница. Од кај планината Морава надојде лесен повев на ветер и во бранови ги разлула класјето. Нивите зеленеат со младото руно на житата и класјето се навалуваат во бранови. Глетката не омаѓоса, небаре ни го одзеде здивот, но не израдува со чувството на надеж дека тука по некоја недела или две ќе се собира лебот и дај Боже да го има за сите...

Зад нас остана Трстеник – Трестеник и пред нас, од обете страни на селскиот пат, брануваат ли брануваат житата. Исправено расте пченицата и набабрени се класјето. Зрее во нив лебот.

Пленува глетката на зелениот килим распослан во срцевината на прстенот од околните планини. Не брзам со возењето. Возам полека и веќе не барам порамни места од патот зашто секаде е дупка до дупка, локва до локва и не се знае која е подлабока и во која има повеќе или помалку кал. И на часовникот не гледам. Имам впечаток дека времето се повеќе се смрачува, дека не враќа назад.

Ведрина се појави кога стигнавме до првите куќи на селото Височишта. Тука завршува нерамниот селски макадам и се врзува со тазе посланиот асфалт. Црн е и се чини дека се уште е топол. Застанав и излегов од колата. Сопругата вознемиено ме праша:

- Што е? Се случи ли нешто?

- Да – реков со тон на неизмерлива вина. – Го извалкавме асфалтот...

10.

Со нашето SAXO, веќе испрано и очистено, подолго чекавме за да се вклучиме, би рекол, во експресниот пат што ја поврзува Албанија со Грција. Синџир тешки камиони, повеќе тонски шлепери и цистерни, најмногу со регистарски таблички на албанските градови Елбасан, Тирана, Драч, Фиер, Флора. Едни празни кон граничниот премин со Грција, други, од таму најчесто товарени со градежен материјал, а најмногу со тули и керамиди, итаат на запад, кон Билишта (Bilisht), чие име со големи букви е напишано на таблата со сина подлога. Се втурнувам во празнината што се појави меѓу два камиони и држам чекор со овие грдосии. Пред влезот во градот Билишта – раскрсница. Лево - насока за тешките камиони, десно – за патничките коли и широки тротоари за пешаците.

Возам по главната градска улица и небо не гледаме. Скоро се е под сенките на високите диви костени и липи. Се чувствува мирисот на нивното жолто и созреано цвеќе. Барам место за паркирање. Се е зафатено. Комбе до комбе, мерцедес до мерцедес и коли со грчки таблички чии сопствеици тука ги викаат Јоргос. И така во потрага по место за паркирање излегов од градот каде не пречека табла со натпис Корча. Лево – голема, прекрасна бензинска пумпа со плац на кој можат да се паркираат неколку десетици коли и камиони, ресторан, кафеана, продавница со секакви делови за автомобили и самопослуга со

прехранбени артикли. Чисто, уредно средено и насмеани службеници. Прифаќаат разговор и не гледаат настрана, туку право в очи, в лице. Зборуваат англиски, италијански, македонски, грчки. Од тука до Трстеник – Трестеник нема ниту петнаесетина километри, но разликата може да се измери со десетици години.

Од самопослугата излезе маж во средни години облечен во службена униформа на фирмата и се упати кон нас. Се поздравивме со *мир дита* и од неговото зборување на албански сфатив дека за нешто не прашува.

- Го бараме патот за Врбник – му велам на македонски.

- Вие сте Македонци? Од Македонија? Ретки ни се гостите од таму. Во што можам да ви помогнам?

Пак *мир дита, си шкојне, мир*, си подаваме рака и добиваме покана на кафе.

- Faleminderit - му велам на албански, но и пак не сум сигурен дали добро го изговорив зборот, па затоа ставив десна рака на срце и одново му реков дека го бараме патот за Врбник.

- За Врбник? – прашува и мисли. – Аха, знам, ама сега не се вика Врбник туку Врник – вели човекот - Треба да се вратите во градот и кога ќе стигнете во центарот пред вас ќе ја видите банката и потоа ќе свртите лево и ќе возите пругоре до првиот свиок. Тука ќе свртите десно, потоа лево и право до една нова куќа и од таму право, право и натаму нема куќи. Тука ќе свртите лево и право пред вас. Друг пат за Врник нема. Патот сам ќе ве однесе во Врник. Нема да згрешите.

Ни пожели добар пат, препорачувајќи ни ги сите најдобри услуги на неговата фирма.

Со најизбрани зборови му го пофалиме објектот и тргнавме кон центарот на Билишта. Возам полека, гледаме на новите станбени згради, едно и двокатните куќи со разнобојни фасади во чии приземјишта се редат мали продавници, кафеани, кафулиња, ресторанчиња, чајџилници. Стигнав до плоштадот и веднаш фатив лево, пругоре, десно, право, па лево и по широкиот набиен пат стигнавме во Врбник, сега Врник.

Врбник е чисто македонско село. Лежи во благо рамна котлина, со поглед на југ. Наоколу голи ридови, сив крш. Ниски, стари куќи, градени со камен и покриени со

камени плочки и стари керамиди. Средно високи авлии од камен и во секој двор – лозница и бунар. Уличките тесни, калдрмата чиста, мазна и испрана од дождот. Пред влезот во селото, лево, над патот стара православна црква, градена со делкан камен, половината в земја. Ретко бие камбаната. Верниците се растурија по светот. Отаде, на ритчето – селските гробишта. Тука почивка најдоа и голем број печалбари. Носени се од Америка, од Австралија, Канада и од некои европски земји. Тука земјата им е полесна и во неа им е исполнета последната желба – да почиваат на своја земја и под свое небо. Вратените од преку океанот – на сликите дотерани и насмевнати, ведри им се лицата и облеката градска, изгледаат задоволни и сити, а домашните – најчесто во селска носија, натажени, во очите им е вгнездена длабока грижа, погледот молежлив и тажен и оставаат впечаток дека некого и нешто чекаат... Имињата и презимињата - македонски, на белите мермерни нагробни плочи и крстовите се напишани со кирилско писмо и ретко со латинско. Во горниот дел на селото – долга двокатна зграда. Училиште беше. Сега зее со празната голема влезна врата и со испокршените стакла на прозорците. Некогаш во него учеа до 200 ученици. До крајот на основното учеа на албански и македонски. Потоа се редеа во средните и високите школи во Корча, Елбасан и Тирана. И од таму излегоа триесет учители и професори, десет лекари и еден правник кој на времето беше и јавен обвинител на Албанија. Живите Врбничени се гордеат со нив. Се гордеат и со спомените што ги остави селското културно-уметничко друштво кое со своите многубројни настапи низ цела Албанија и учеството на разни фестивали во земјата ја шириле македонската песна и оро. Сега го нема. Останаа само спомените и тажните воздишки на постарите...

- Енвер каков и да беше, диктатор или луд, освен верата, не ни го забрани името, јазикот, песната, орото и писмото. А сега овие новите, по неговото уривање, кои се прават демократи и европејци, не подзаборавија... – ни се пожали еден долгогодишен Врбниченец кој сега живее во Корча.

И тука, се чини, како во Капештица и Трстеник времето застана, но со таа разлика што тука не пречекаа многу срдечно и широкоградо. Во пресрет прво ни излезе жена облечена во црно. Тага и зрачи од очите, образите и

се покриени со болка. Жали. Некој од најблиските и го нема. Дрвената порта ја отвори ширум и со обете раце не кани да влеземе в куќи. Изразивме сочувство, подадовме рака, а таа за душата на синот кој оставил здравје во Америка не почести со домашна ракија, со локум и студена вода од бунаррот. Потоа донесе албуми со слики правени пред војните и слики во бои правени по војните и по востанието, така го нарече паѓањето на Енвер Хоџа, слики правени и тука во Врбник и таму во Америка со синот и снаата, со внуците и со блиските и подалечните роднини. Била и во Италија и во Грција и во Македонија. Од секаде каде најблиските и биле на печалба има слики на кои се гледа облечена во тамошни алишта, а тука, во Врбник, ги носи домашните руби. Селото, вели, скоро е празно. Мажите на печалба, школото затворено, децата учат во Билишча каде секој ден комбе ги носи и ги враќа, а камбаната ретко бие и поретко црквата отвора. Имаше денови, вели, кога в црква им пееше поп кој доаѓаше од Македонија, а сега се поретко им пее поп на грчки и понекогаш на албански. И вели и повторува – да му кажите таму во Скопје наш поп, македонцки, да ни пушчат. Ние, вели, ќе го раниме и ќе го поиме.

Говорот и е костурски и на тој говор зборуваме.

Од надвор допре брмчење на кола. Домаќинката погледна низ прозорецот и рече:

- Тоа е син ми. Најмладиот. Живее во Билишча и на главната улица има ресторан. Дојде, милиот, лекови да му донеси на татко му. Лежи таму во одајата. Недамна го оперираа во Тирана.

Маж, на лик четириесет и нешто годишник со весели образи и отворена насмевка не поздрави така, небаре се знаеме од секогаш и истури цел куп прашања, па и тоа за името.

- Е, шо велите, шо ќе прајме со името? Ќе го дајте?

- А вие? – го прашувам.

- Не, ние нема да го дајме. Име не се дава. И вие да не го дајте. Се разбравме? - не праша со укор во гласот. – Простете - рече - јас ќе одам зашто во рестаранот ми се порачани сите маси. Дојдете. Ќе се најди маса и за вас. Ве чекам...

- Ќе дојдеме – реков – ама наредниот пат.

- Ќе ве чекам и не морате однапред да се најавите – рече и со зголемена брзина замина за Билишта. Тажниот поглед на мајка му го следеше до првиот свиок.

- Да влеземе дома – рече домаќинката и тргна пред нас.

- На која страна се В`мбел и Смрдеш? – ја прашав пред да го пречекори прагот, знаејќи дека тие две села се соседни, а жителите многу роднински поврзани.

- Таму... – рече тивко и со раката покажа на исток. Во нејзиниот глас почувствував издив на болка.

- Таму... - повтори и пак покажа на оголениот рид - таму, зад ридот, ама ниту В`мбел, ниту Смрдеш ги нема... и В`мбелци и Смрдешени ги нема – изусти тажно. – Ги нема – повтори по еден миг и пред себе замавна со рака, чиниш од пред очи сакаше да истера нешто грдо и лошо.

Ридот на кој покажа е на припек, обраснат со ниска испржена трева над која бранува сива омарнина. Жената подигна очи и, покажувајќи со рака, се огласи тивко:

- Паметам, како да беше денес, навалица од луѓе и стока се спушташе прудолу. Жени, мажи во години, старци, доенчиња Црневица местото се стори. Се наши луѓе. Утредента надојдоа и партизани и албанските офицери им го земаа оружјето. Имаше многу ранети. Ги носеа на носилки, на ќебиња, на грб. Ги сместија во училиштето. Што правевме ние? Од селскиот совет се даде заповед да помагаме. Несреќниците ги нахранивме и ги напоивме, ама не најдовме збор за утеха и за олеснување на нивните маќите. Дали останаа долго? Не. Вечерката ги собраа партизаните и не знам каде ги однесоа, а утредента, прудолу, кон Билишта, натоварени со се што успеале да понесат од дома и, терајќи ја пред себе стоката, море говеда, море овци и кози, пеш појдоа сите... Каде? Прудолу...

Гласот и секна. Со раката замавна пред очи и по подолго молчење, прошепоти:

- Големо лошо и страшна несреќа ги снајде...

По час и половина го напуштивме Врбник. На првиот свиок, надвор од селото, патот ни го пресече комбе. Прво кон нас притрча возачот, потоа куп дечиња, две жени и уште три момчиња.

- Добре ни дојдовте, нашинци – викна возачот. - По колата пуља сте од Скопје, нели?

Не стигнав да одговорам, бидејќи одеднаш се најдов во негавата прегратка. Откако ме опсипа со бакнежи и по образи и чело и очи, ме предаде на жените и продолжи да и дели бакнежи на жена ми. Така изнарадуван, се сврти кон децата и викна:

- А бре, шо чекате вие?! Поздравете се со гостите. Наши се. Не пулите дека се од Македонија?

Децата срамежливо ни приоѓаат, пружат рачиња, се насмевнуваат, подаваат образи за бакнеж.

- А ние – рече возачот откако се испоздравивме – се враќаме в село. Од Билишча. Таму секое утро ги носам децата на школо. Албанцко. В село имаме школо, ама немаме даскал. Малку се децата. Се растурија људјето по градишчата и по државите. Сите се на печалба. Пропаѓа селото, брат... Значи вие бевте в село. Кој ви е роднина?

- Сите...

Човекот зина, ококори очи и откако се созеде од изненадувањето, силно ме удри по рамо, па рече:

- Така е, брат. Сега ми текна. Сите ни е сме роднини. А сега свртувај и одиме в село. Дома да ни дојдете. Ќе поручаме шо даде Господ, ќе си поприкажеме, а утре, со Господ напред, секој по својот пат. Ајде, свртувај и терај. А вие, сите во комбе – им подвикна на децата.

- Брат, друг пат. До година пак ќе дојдеме...

- Шо? Значи нема да дојдете?

- Ќе дојдеме, сигурно ќе дојдеме идната година...

- Да дојдете кога ви е по ќеф. Сите врати ќе ви бидат отворени. А до идната година и патот ќе биде асфалтиран. Пред некој ден булдозите го нагазија. А и името на селото ќе ни го вратат. Нема да се вика Врник, туку по старо – Врбник. Така ни вети власта... А да те опитам? Шо ќе прајте со името? Ќе го дајте?

- А вие ќе го дајте?

- Македонцкото нема да го дајме! Шо си е наше, наше ќе си остане. И само така... и повеќе збор да нема!

Прифативме и на збогување се прегрнавме.

Денот е на битисување небото над Морава гори во пурпур...

Онаму далеку, над гребенот на планината се навали сонцето и целото Деволско Поле го облеа со последните зраци.

11.

Хотелот Гранд е во центарот на Корча. Од седмиот кат се гледа целата околина и градот гледан од тука - лежи на дланка. Широки двонасочни улици го пресечуваат од север спрема југо-исток. Втор објект по височина е камбанаријата на православната црква Свети Ѓорги која се наоѓа во самоти центар.

Не губиме време. Макар што врне ситен дожд, го напуштивме хотелот и, поминувајќи покрај црквата Свети Ѓорги, ја фативме насоката што води во југоисточниот дел на Корча. Ја бараме куќата во која веечерта на 26 март 1948 нас, смрзнатите и исплашени деца не прифатиј жителите на Корча.

Паметам, приjде средновисока девојка и ме издвои од групата деца. Ме погали по глава, нешто рече на албански, стави рака на моето рамо и ме поведе пред масата каде во голем тефтер го запишаа моето име и нејзиното име, презиме и адресата. Потоа нешто зборуваа, а откако таа се потпиша, и дадоа едно картонче со квадратчиња. Ме погали по глава, моето тупаниче го стегна во својата дланка и ме поведе. Одевме некое време по слабо осветлената калдрмисана улица. Забележав дека тукуречи сите куќи си личеа една на друга. Застанавме пред дрвена

порта, таа чукна неколкупати и ни отвори висока слаба жена. Ме исплаши нејзиното лице. Ми се пристори дека е многу строга и лоша жена. Исплашен, со несигурен чекор го пречекорив прагот. Високата жена ми ја стегна главата во нејзиниот скут, потоа ми бакна чело и ме однесе до чешма да се измијам. Додека јас се миев, таа ми зборуваше и ми зборуваше, а јас ништо не разбирав. Гласот и беше топол, мил, кроток и галежлив. А потоа ме седна на софра и вечерав заедно со нејзините деца. Не ме одделија од софра ниту таа вечер, ниту наредните денови. И се смирив и се радував затоа што со толку голема добрина, нежност и топлина ме прифатија и ме чуваа како нивно дете. Рано децата им одеа на училиште, а мене домакинката, држејќи ме за рака, ме земаше со себе и одевме на фурна по леб. А таму редица. Жени и мажи во години држеа ред, молчаливо подаваа карточиња, а жената од другата страна со ножици сечеше делови од картончето и потоа од големата тепција со нож сечеше пченкарен леб. Не беше набабрен, нараснат и напукнат како нашиот пешник од `рж и пченица, трка-лезен и голем, туку личеше на голема четириаголна плочка, печен во плитка тепција...

Сите денови во таа топла куќа заедно со тие добри, мирни и тивки луѓе јадев пченкарно лепче. И наредните денови пченкарното плокчесто лепче го имав трипати на ден и секој ден за појадок и вечера го добивав заедно со исто толку големо парче засушен мармелад и чаша чај од истата тепсија и кутија од кои добиваа и Албанците. Толку добиваа сите кои чекаа редица пред фурната. Толку добивав и јас. И сега, по многу изминати години, не без возбуда се потсетувам на тоа парче пченкарно лепче и го чувствувам мирисот, вкусот и наситката.

Во друг дел на градот се наоѓа куќата во која беше прифатена Дитта. Вели дека куќата беше бела, со голем балкон, во дворот ограден со ограда од ковано железо, цутеа многу тредафили.

Паметам дека “мојата” куќа, нека ја наречеме така, зашто навистина беше таква што тогаш и сега, ја чувствувам како своја, беше ниска, само со приземје, покриена со керамиди, опкружена со висока авлија и голем двор со многу разновидно цвеќе и тукушто расцутени трендафили. И соседните куќи беа слични. Скоро си личеа. Улицата тесна послана со калдрма.

Која ли од овие куќи е куќата во која ме прифатија непознати луѓе од кои секогаш зрачеше топлина, блага насмевка и многу добрина? На која врата да тропнам?

Им кажувам на луѓето кои ме прашуваат како изгледаше куќата и како изгледаа стопаните. Постара жена рече дека куќата е урната. Сега таму поминува оваа широка улица.

- А луѓето? – прашувам.

Мрдаат со рамена и сфаќам дека не знаат или не сакаат да кажат?

Не, не успеав да ја најдам куќата. Не ги најдов и моите добри ангели. Со години во себе ја носев големата желба да одам во Корча и на тие луѓе на нивниот јазик да им речам - faleminderit и на мојот: благодарам!

Таа висока, добродушна домакинка и мајка, таа мила жена, која не ме оддели од софрата и ме чуваше како нејзино дете, не успеав да ја најдам, да клекнам пред неа, и бакнувајќи и рака, да и речам: NANE, FALEMINDERIT!...[29]

Тргнуваме по широката улица подготвена за асфалтирање. По стотина поминати метри се врзува за друга нова улица која тече покрај канал. Каналот тогаш беше река и ширинката и црницата до неа ги паметам.

Реката ја нема. Дното е обраснато со ниски грмушки. Изгледа ја пренасочија водата. По тесното дрвено мовче поминуваме на другата страна. Паметам дека имаше улица која покрај ѕидот водеше до болницата. Сега нема улица и натаму нема премин. Висока ограда од црно обоени ламарини. Се чини дека зад нив или е градилиште или магазини. Нема пристап. Ја нема улицата што водеше до болницата. Токму неа ја бараме – болницата.

Ни пријде пристар маж и не прашувана нешто на албански.

- Не разбирам – велам и го прашувам дали зборува македонски или грчки.

- Да, зборувам.

- Ја бараме болницата – реков.

- Болницата? Која болница?

- Па некаде во овој дел на Корча имаше болница во која биле лекувани партизани од Грција. Сакаме да ја посетиме.

[29] На албански: мајко, благодарам.

- Вие сте Грци?

- Не. Македонци.

- Македонци? А од која Македонија? Од грчката или од Република Македонија?

- Од Република Македонија, ама родени сме...

- Разбрав. Јас и македонски зборувам – рече развлечено. – Да седнеме – предложи. – Значи барате болница... туку прво да ве опитам, како е таму во Македонија? Слушам на радио дека многу се карате, се расправате. И што ќе прајте? Ќе го дајте името?

- А ти што мислиш? Да го дајме?

- Не, да не го дајте. Да се браните... Име не се дава... Болницата, рековте. Нема ништо од тоа што мислите дека останало. Нема ниту трага од тие времиња освен... – прекина и откако се искашла, доврши – освен ... освен мене...

- Вие сте биле таму?

- Да. Таму работев како водоинсталатер и електричар. И не само тоа. Бев и медицински брат и носач и чистач и растоварувач и товарувач и помагав во кујната... И со тие момчиња и моми се соживеав и честопати, кога се чувствувам сосема осамн, си зборувам со нив, макаршто одамна сме разделени...Тие останаа дел од мене, од мојот живот. Дел што никогаш нема да го се оддели од мене...

- Сигурно ја нема болницата?

- Ја нема. Не си губире време.

- Јас – му велам – тука некаде имав познати и ги барам. Тука некаде беше нивната куќа... мала, чиста куќа со двор под калдрма и полн со трендафили. Имаше и некои цвеќиња во саксии.

- Велиш домаќинката висока, со долг нос и скриена насмевка, а мажот носеше пиштол?

- Така...

- Ги знам.

- Да одиме.

- Се преселија. Тој беше мајор. Се слушнало дека починал во некој логор. Во Албанија имаше време на логори и често се одеше таму. А куќата му беше ене таму. Скоро во средината на оваа улица. Ја пробија пред една година и се уште е во градба. Куќите ги уриваа со булдожери.

-Штета – реков со воздив – мислев дека ќе ги најдам.. А децата? Тие, моите домаќини, имаа два синови и

ќерка. Едниот син ми беше врсник. Тогаш сите одеа на училиште. Ние не учевме. Секој ден се собиравме на една лединка и таму го чекавме денот за да се вратиме дома...

-Не им ја знам судбината. Можеби се живи. Господ знае. Само тој знае, како во тие години се правеше се за да ни го искорнат од умот и срцето. Не сум слушнал, а и многу не сум се распрашувал за нив, бидејќи и прашувањето се казнуваше. И за прашување се одеше в затвор. Се разбира го познавав мајорот. Беше и добар и строг и имаше добро срце. А да појдеме до дома? Сега не не викаат во сигурими ако зборуваме со непознати или ако ги поканиме дома. Ајде, да појдеме на кафе - локум? Сега има бол кафе и локум. Има, не сме гладни и не чекаме ред пред продавниците.

Скромна е куќичката на Тахир. Живее сам.

- Со овие раце ги растоварував вашите ранети, би рекол нашите ранети. Ги миев, ги преврзував, ги галев и на заминување назад на боиштата им ги стегав дланките, молејќи ги да се чуваат. Ама изгледа не се чуваа и некои дури по една недела ни се враќаа уште повеќе осакатени.

- А македонски каде си научил?

-Тука во Корча. Соседите ми беа Македонци.

- А грчки?

- Од другите соседи. На оние лединки си игравме како деца. И со игра се учи јазик. Имавме тука и Турци. И тој јазик малку го зборувам. Мешан е градот и луѓето не се караат поради јазикот и верата. Дали имам слики од тоа време? Не. Не остана ништо. При една рација се ми зедоа...

Паметам многу имиња на ранети борци. Паметам и места каде се воделе борби од каде ги прифаќавме и ги лекувавме тука во Корча. Најголема група ранети сме примиле почетокот на август 1947 година, по неуспешната и крвава битка за градот Гревена. Некаде околу двесте ранети. Потоа следеа помали групи, а голема група ни стигна во октомври по битката за градот Мецово и во декември по неуспешната битка за градот Коница во Епир. Тука, во Корча тие добиваа прва медицинска помош. Полесно ранетите ги задржувавме, а потешко – ги праќавме во Елбасан, Тирана и Драч. Случаите за потешки операции ги праќавме во Белград, Будапешт. Немаше ден – есента и зимата 47 да не примиме ранети. А од јуни до август 1948 година прифаќавме и по стотина ранети дневно. Тогаш се водеа големите борби на Грамос.

Честопати ги слушав имињата на местата на нивното ранување – Копанче, Горуша, Бел Камен, Аљавица, Чарно... Голем број ранети примивме и во септември истата година по битката за Мали – Мади. А многу, го паметам бројот – 1500 ранети примивме во февруари 1949 година, по неуспешната битка за заземање на Лерин. Од камионите растоваривме многу... Се беше полно. Во болницата веќе немавме место. Болничките соби, коридорите, па дури и подрумите беа полни со ранети. Камионите носеа и носеа. Ги растоварувавме и ги легнувавме во дворот. Имаше снег и беше студено. Брзо ја испразнивме гимна-зијата што се наоѓаше близу болницата. Клупите ги фрлив-ме надвор и во училниците, во ходниците, па дури и на скалите ги легнавме ранетите. На гол под, немаше кревети. Тука им дававме прва помош, ги покривавме со ќебиња за да ги стоплиме, ги потхранувавме и поевме со чаеви. Не очекувавме дека одеднаш ќе ни донесат толку осакатени момчиња и девојки. Сите беа превржани со валкани завои, со парчиња од кошули, од ќебиња. Таму на боиштето од каде ги извлекуваа, ранетите велеа дека ги извлекуваа и ги носеа жени во години и ги носеа се до горе, до местото каде што чекаа камионите. По првата преврска, тешко ранетите пак на камион, а другите пеш или на насилки стигнуваа до границата.... По растоварот камионите ги перевме. Дворот се наполнеше со засирена, замрзната крв, во грутки се тркалаше крвта по дворот. Не течеше вода, туку крв. Студено беше. Февруари. Ноќе ги праќавме во Елбасан. Дали беа многу? Колку е тоа многу? Колку? Колку се многу –повторува - многу се многу. Многу е многу и тешко е да се раскаже тоа многу колку е многу, зашто во тоа многу има и многу болка, страдање, плачење, офкање, лелекање, пцуење... Во колички изнесувавме нозе и раце. Од каде беа лекарите? Имаше наши, албански, имаше и Грци, Југословени, Полјаци, а најмногу Унгарци. Сите порано биле во болниците во Шпанија каде ги лекувале и спасувале шпанските борци. Имаа големо искуство. Дали имаше денови кога не пристигнуваа ранети? Не. Немаше такви денови. Секој ден пристигнуваа нови, а имаше и такви кои денес испратени, утре ни се враќаа со нови рани. Дали имаше стари? Не. Беа само млади, Млади, велам. Беа само млади. Стари немаше... Дали доаѓаа во посета некои

високи личности? Не сум чул дека некој таков беше виден во болницата. Јас барем никогаш не видов и не слушнав...

Не забележавме кога падна мракот. Светилката од крај патната бандера бледо го осветлува лицето на нашиот случајно сред соговорник.

Тешко ми е да го прашувам. Гласот му е скршен, од секој негов збор се цеди горчина, рацете му треперат. Рече:

- Ете, со овие раце ги симнував од камионите, ги пренесував и прегрнував, им ги менував завоите, ги носев по нужда, им ги миев лицата, ги хранев, им давав да пијат и ги галев кога јачеа од неиздржлива болка. И колку знаев и можев галежно им зборував и ги тешев дека брзо ќе оздраваат. Што ли не им ветував и многу, многу ги молев да трпат, да смогнат сили да ги издржат болките. И кога плачеа и јас плачев заедно со нив. Си ја олеснував болката...

По кратко молчење, не праша:

- А каде сте на спиење?

- Во хотел.

- Ако таму не ви е удобно, дојдете кај мене – изусти полека. – Ајде, да одиме...

Го испративме до вратата на неговата куќичка зад црквата Свети Ѓорги.

- Ќе влезете?

Без збор му пријдовме и го прегрнавме. Силно. Толло. Сесрдно.

Како ли на друг начин да му ја изразиме нашата благодарност нему и на стотиците Албанци?

Како ли поинаку освен со жив збор да ја искажеме и да ја изразиме нашата топла, нежна, срдечна и долговечна благодарност?

Секој наш изречен збор е само одраз и израз на почит и набабрува со најблагородните чувства на благодарност, љубов и восхит...

Занемени сме пред величието на нивните срца и души...

Се збогувавмесо добриот старец и се откажавме од намерата и желбата да ја најдеме болницата. Ако ја нема зградата, барем да го видиме местото каде постоеше, да се соживееме со тие кои во неа лекуваа и со тие кои во неа беа лекувани и во нашата вообразба да ги внесеме нивните болки и страдања и радоста од вратениот живот...

Болницата ја најдовме и ја посетивме дури утредента. За тоа сме им благодарни на корчанските активисти на Македонската алијанса за европска интеграција во Албанија, Тачо и Јован.

На периферијата на градот, опкружена со високи борови, во заборав стои некогашната италијанска двокатна болница во која спас од раните најдоа илјадници македонски и грчки момчиња и моми, борци на Демократската армија Грција. Напуштена е и ја гризе забот на времето и нема никаков белег дека во нејзината внатрешност некогаш се враќаше животот. Од празните болнички соби и ходниците во кои владее длабока, мртва тишина што ја поматува само тивкото крцкање на подгниените прозорци со испокршени стакла и врати, бие огромна осама која предизвикува измачувачки немир и чувство на болка. Во ќошовите, под таванот, висат бели пајажини. Прав се крева по секој направен чекор. Онемени излегуваме тивко, носејќи го со нас чувството на осаменост кое со сета своја тежина легна и врз нашите срца и ни се причинува дека некој јачи, вика, повикува, моли...

Излегуваме тивко, онемени, со грутка од молк во грлата...

Тишина, осаменост и молк...

А сегашнината на болницата, за да не остане сосема заборавена, ја сочувавме во неколку фотографии снимени со болежливо треперење на раката...

За спомен...

Тука, во Корча, во еден дел од моето паметење чувам уште едно место кое остави неизбришлива трага..

- Еве, токму тука, - и велам на сопругата - под сенката на оваа црница се собиравме секој ден претпладне ние децата од нашето село... – Тука – велам – се собиравме и чекавме... чекавме да дојдат камиони и да не вратат дома. Со парче од керамитка на еден камен од ѕидот влечевме црвена црта и со неа ги бележевме деновите што одминуваа и секоја ноќ сонувавме камиони што не чекаа за да н е вратат дома, зашто беше речено дека по дваесетина денови ќе се вратиме... не знам зошто и не знам кој ни рече дека тука ќе дојдат камионите и тука секој ден ги чекавме...

И еден ден, пред примракот, дојдоа камионите. Врнеше, истураше. Радост не зафати. Викавме - брзо, брзо трчајте, качувајте се, се враќаме дома. Во мракот не товарија во тие големи камиони и тргаа и ние радосни и

весели си мислевме дека се враќаме дома. Патот беше долг и траеше цела ноќ.

В зори не растоварија покрај морето. Имаше многу песок и сфативме дека сме многу далеку од дома.

И од тој ден веќе не бевме деца на мама и тато... бевме деца на грчките партизани, деца на генерал Маркос, бевме група на Евгенија, на Марија, на Лина, на Тина и не се велеше децата, туку таа и таа група да дојди, да оди, да се построи на ред за појадок, за ручек, за вечера... бевме група во која немаше име на дете, туку бројче изрежано на метална плочка со ликот на Маркос и на синџирче ја носевме обесена на врат[30]... а потоа, далеку на север, бевме детски дом број 1, број 2, број 3... и потоа одделение, па клас... и ретки беа писмата што стигнуваа од дома...

... Птица да се сторам... - пишуваа нашите мајки.

Големата желба да ги видат своите рожби стануваше привид на птица со цврсти крилја за да долетаат до нас, да не видат и од радост да исплакнат оболени очи, срца и души... Немаа крилја, но имаа силни раце и цврсти рамена за да пренесуваат ранети и да носат на врв рид сандаци со муниција и долги букови трупци за градење бункери и силни дланки за држење лопати и казми за да копаат ровови и од таму, од врвовите, гледајќи во далнината им се чинеше дека ќе ги здогледаат своите чеда.

Далечна беше далнината, во неа се губеше виделината исполнета само со желби...

- Нека ни се здрави и живи дечките, та ќе даде Господ да си дојдат – шепотеа и се тешеа со големата желба и надеж...

Само во Него, во Господ веруваа, а сите други ветувања нудени на дланка, беа само припомош за поголемо страдање.

... Птица да се сторам и да долетам до таму... - пишуваа нашите мајки – но, немаа крилја и не долетуваа. А долетуваа други, кои никогаш не беа мајки, за да не видат колку пораснавме и колку зацврстивме и дали сме готови за в бој... И собраа стотици, ги пратија во бој, а нам, на помалите, ни рекоа да растеме...

[30] Авторот на овие редови носеше број 2884.

12.

Од Корча заминавме утрото. Возам по калливиот пат што е во изградба. Можеби оваа или идната година од Корча до Поградец ќе се вози по широк, рамен и современ автопат. По десетина изминати километри се вративме за да го најдеме патот што води до Звезда (Zvezde) и Појан, првите две поголеми села каде пребегнатите од Преспа и остатоците од 14 бригада и некои други единици на ДАГ ја поминаа ноќта. Тука беше првото место на нивната подолга почивка, толку долга, колку да приберат малку сила, да здивнат, да се најдат и пребројат... Не спиеја таму, туку цела ноќ се бараа и се довикуваа, ја бараа и живата стока која се растури по дворовите и нивите. И не ја најдоа. Некој ја прибра и не знаеја кој...

Од тука, наредниот ден, им рекоа да тргнат, но не им кажаа каде. Послушни и без да се распрашуваат, оставија запрежни коли и целата стока – говеда, овци, кози, фрлија на плеќи вреќи и на рамо дисаги и така товарени со со тоа што успеаја набрзина да приберат од дома и со горчината на опустошеноста - појдоа. Од кај корчанското поле се зададоа црни облаци, секавици расекоа небо и донесоа бура која над нив се разлоши и разлуди.

Возам по истиот пат – не пат. Кратко се задржавме во Подгорје, каде се распрашавме дали некој памети за многу луѓе кои пред многу години поминаа по тука.

Не, не паметат и старците кои под сенката на разгранетата црница играа јуч. Не паметат или не сакаат да зборуваат со непознати?

Не, тие и сите од околните села нема да зборуваат за тоа како од дворовите и од нивите ја прибираа запустената стока на Преспани и како на брзина избираа што им паѓаше под око и на итроманите на дланка им броеја жолтици. Така стоката на Преспани испокрадена и распродадена се најде во дворовите и шталите на нови стопани. А тие, итроманите, распрашувани од Преспани за тоа каде им е стоката, им велеа гајле да не берат зашто сега е во сигурни раце и ќе им се врати кога на Грамос нашите ќе му го скршат вратот на непријателот и сите ние ќе се вратиме дома. Дали Преспани беа убедени во тоа или не? И без да им даваат други објаснувања и оправдувања, им рекоа пеш да го продолжат патот и биени од силниот дожд вечерта допешачија во ливадите пред Поградец. Тука ги чекаа камиони и луѓе со отворени тефтери. Во нив ги запишуваа со име и презиме и скраја од патот ги редеа според името на селото.

- Тука – викаа – да застанат селаните од Герман, таму од П`пли, ваму од Медово, онаму... - и потоа ги доведоа до камионите и еден зад друг се товарија во нив и тргнаа... по патот по кој сега врвиме и ние и попладнето стигнавме во Поградец.

Поградец е живо гратче. На улица, во продавница и во кафеана се слуша и македонски збор. Нови куќи, нови улици и хотели, но не најдовме место за одмор по целодневното патување. Некој не посоветува да преспиеме во еден хотел скрај од патот што води за Елбасан, скраја од брегот на Охридското Езеро. Не чекаме, го напуштаме градот и неговите преполнети улици со стари Мерцедеси, запрежни коли и мношто луѓе (изгледа е пазарен ден) и возиме по нерамниот пат што води веднаш покрај брегот на Охридскиото Езеро. Скоро на секој километар поставени аквариуми од кои момчиња, штом здогледуваат кола, ваѓаат пастрмки, а понекаде и јагули и им ги нудат на патниците. На десеттиот километар од Поградец, во месноста наречена Појске, веднаш до брегот здогледавме голем билборт со осветлен натпис: “ Welcome Lyhnidas kompleksi turistik”. Го најдовме препорачаниот хотел. Големиот неонски натпис со името на хотелот – поканува. Мало паркиралиште, железна ограда и порта. Чистиот двор тоне

во разновидно расцутено цвеќе. Лево и десно убави дрвени бунгалови и меѓу нив пат што води кон хотелот. Пред влезот не пречека висок маж, велејќи ни дека се вика Нако Брегу, сопственик на комплексот и дека мило му е да прими гости од Македонија. Одлично зборува македонски. Добиваме апартман со поглед кон планината под која е вториот, главниот дел од туристичкиот комплекст, четирикатниот дел од хотелот, на чиј покрив блеска неонскиот натпис LYHNIDAS. Сместен во прекрасен амбинет, овој туристички комплекс, дело на струшкиот архитект Зоран Рафтовски, располага со 29 двокреветни соби, 15 апартмани, отворен базен, ресторан во кој се сервираат јадења од локалната и европската кујна, конференциска сала со бифе и најсовремена електронска опрема за одржување состаноци, семинари, работилници на кои во есенскиот и зимскиот период тука дебатираат специјалисти од Албанија, Македонија, Бугарија, Италија, од специјализираните организации на ООН и други меѓународни здруженија. Вчудовидени сме од комфорот, од најсовремената опрема и високата услуга на целиот персонал.

А сметката? Вон сезона - 30, а во сезона - 40 евра со појадок.

Во утринските часови, по појадокот, се вративме во Поградец. Ме копкаше желбата уште еднаш да ги посетам местата и селата низ кои на 16 и 17 август 1949 се повлекуваа партизаните на ДАГ и населението од Преспа и Корештата.

Во околните села се распрашуваме кај луѓето дали паметат дека низ нивните села, патишта, ниви и ливади пред многу години поминаа многу луѓе? Во селото Подгорје најдовме осумдесетгодишен маж кој ни рече дека пред шеесетина години поминаа по тука многу луѓе. Кои беа тие луѓе и од каде, не знаеше да ни каже или многу знаеше и не сакаше да зборува со непознати?

Се вративме во хотелот на Нако. По преспаната ноќ, утрото заминавме за Прењес.

До граничниот премин Ќафасан патот води по остри серпентини меѓу голи ритчиња обраснати со висока трева. И тоа што на прв поглед остава најголем впечаток се редиците бетонски бункери од кои се чини дека во секој миг ќе зевне оган од отворените црни пушкарници. Од лево и десно те држат на нишан. Наспроти првиот свиок,

отаде широката раскрсница, среде ридот, меѓу ниските растенија – цел ред - бункери. Се чини дека црните очи на пушкарниците ти гледаат право в чело и дека во секој миг ќе блесне оган. Веројатно тие кои го определувале местото за нивно поставување, мислеле дека со првиот истрел противникот треба да биде погоден в чело. На самата помисла те потресуваат морници и чувствуваш дека те облева студена пот. Новите власти не ги отстранија. Можеби ги оставија како прво изненадување за окото на намерникот и туристот или како белег на едно несакано време во кое тие кои ја водеа државата и ја држеа власта со безбројните бетонски бункери потврдуваа колку беа посветени на духот да ја бранат земјата?

Засега бункерите никому не пречат, но несакана врз себе го привлекуваат окото на патникот и будат многу прашања.

На големиот свиок голема сина табла и натписи кои лево го покажуваат патот за Поградец и Корча, а десно за Елбасан и Тирана и понатака, пред свиокот, на патот кон граничниот премин – Ќафасан - голема сина табла со големи латински букви е напишано: “MACEDONIA”. Малку потаму има уште една помала табла со истиот натпис, но буквите скоро се премачкани со црна боја, што укажува на тоа дека некому тоа име му пречи и црно му напиша.

По краток престој на паркингот, откако и се насладивме на прекрасната панорама на Охридското Езеро, тргнавме лево и го фативме патот за Елбасан. Со намалена брзина се држиме за третата лента на широкиот асфалтиран пат и се спуштаме прудолу по острите серпентини, држејќи пристојно растојание од шлеперите кои со брзина на желка едни го држат патот пред нас, а други, со уште помала брзина ја фаќаат угорнината, завивајќи на острите кривини.

Широкиот пат благо се спушта и се вклинува во широката зелена котлина оградена со прстенот на околните планини. На сина, сообраќајна табла, натпис со бели букви: “Perrenjas“.

Паркирав скраја од патот, го исклучив моторот и излегов од колата. Од раскажувања знам кои беа тука, каква им беше живеачката, та затоа од возбуда ми треперат колената и полека, небаре се пробивам низ некоја голема мрачна сенка, пред очи ми се јавува сеништето на болните

спомени што како наследство ми ги оставија моите родители и многу други кои во Перењас ги поминаа најтешките времиња по своето искоренување од родното место.

Тука во Перењас, а веројатно за полесно да се изговара е запаметен како Прењес, сместен на крајот од оваа котлина, која гледана од горе, личи на огромен казан, пред шеесет години во бараките, коњушниците и магазините на напуштената некогашна италијанска воена база ги беа сместиле нашите, а јас Прењес го запаметив на поминување.

Беше крајот на ноември 1948 година, поточно 28-от ден на месецот и тој ден засекогаш ми остана во мачен и горчлив спомен. Тогаш имав единаесет години. Тоа што го видов и доживеав засекогаш ми се врежа во паметењето, но раскажувањето на мајка ми, Фимка, која тука, заедно со илјадници други, доживеа мачно и тешко време што траеше цели шеснаесет месеци, долго го носев во себе одлучен да го спасам од заборавот и да го сочувам во пишан збор.

А за тој ден, кога кон крајот на ноември поминувавме низ Прењес, по години, мајка ми Фимка, ми раскажуваше:

- Утрото, од долу, од кај фурните се слушна не глас, туку писок – доаѓаат! И знаевме дека тоа се камионите. Но овој пат не беа полни со оздравеници, туку со нашите дечки. Истрчавме од бараките, едни преку други, брзо, што побрзо да стигнеме до камионите, до нашите дечки. Трчавме покрај камионите, паѓавме во ендеците, а тие да не застанат, туку возат и возат, а ние трчавме и викавме, си ги викавме нашите дечки по име. Булук народ, црневица...

Паднав и врз мене едни ме прескокнуваа, други ме газеа, се сопнуваа, стануваа, четвороношки се влечеа зад камионите, а јас скршена, лежев крај патот. Болки - бодежи по цело тело и само викав, по име си ги викав дечките мои. Кога претрча турмата, потстанав, успеав само да клекнам на колена и со рацете дигнати кон небото викав и викав – по име – а од таму, од камионите, допираа викања и викотници се наполни местото...

- Мамо!!! Мамо!!! Мамо!!! – викаа дечките со подадени раце кон луѓето кои трчаа покрај камионите...

Тоа не беа викања на радост, туку викања на болка, на тага и чемер, тоа беше гласно, очајничко, распарувачко, расечливо и неутешно плачење и лелек што се растураше и се разлеваше врз нас, не избезумуваше и ни ги кинеше срцата... А тие, камионите, проклетите, врвеа и не застануваа и со себе ги влечеа нашите жалби и жалосливи гласни јачења и молитви... Не застанаа и одеа и одеа и се изгубија во тие кривини што водат пругоре кон врвот на планината...

Прашината што камионите ја дигнаа и ја оставија зад себе не стигна да легне. Горе, таму на Ќафасан, се појави нов облак и зад него друг и по него друг и чиниш врзани во сунџир, се спуштаа прудолу, по големите кривини... И веќе знаевме дека од таму се влечеа други камиони полни со ранети и ние пак застанати скраја од џадето, ги чекавме со искра надеж која ни ја поткрепуваше добрата мисла дека нешто ќе слушнеме за нашите најмили. Не застануваа, одминуваа камионите со голема бучава во која се губеа нашите писоци и лелекања и болните овкања на ранетите.

И така секој ден едни наваму, други натаму, одминуваа камионите, носејќи болка... Скаменети скраја од џадето, што секој ден беше ден на плачење, загледани во планината, што секој ден ни беше планина на плач, стоевме улуглави со очите и образите покриени со црните шамии... и така чекавме секој ден... Потоа... потоа, како и секој ден, се собиравме куп во бараките, во коњушниците и пак и пак си ја раскажувавме болката и во неутешливиот липтеж и плач баравме олеснување од чемерот...

И така, секој ден и сите други денови голем плач се дигаше во Прењес...

А тој ден јас не си ги видов дечките. Само ми се чинеше дека им го слушнав гласот. Можеби тие ме видоа?... ама јас паднатa крај патот и тапчена од толпата, слушав само викање: – мамо - мамо – мамо!!!...

Тој ден колку ли мајки паднаа покрај патот и дечките не си ги видоа?

И така јас моите не си ги видов... и само ноќта кога за миг успевав да задремам, во сон ги гледав нивните расплакани очи и подадени раце за гушкање... Тогаш наеднаш се будев и потресена се прашував дали таму каде што ги водат ќе има ли некој да им избрише солзи, утешни зборови да им прозбори, да ги загали по глава, да им

погали образи?... Градите ме болеа од тешки издишки и се молев и колнев и не знаев кого најмногу да колнам. Кој ни беше крив?...

Таа вечер една жена - така се расчу – полуде... Во соседната барака, истата ноќ, битисаа две доенчиња. Завиткани во излитени италијански ќебиња, по полноќ ги погребаа. Велеа дека имаа тешка умирачка... Не знам како да кажам, како да ја наречам таа болка, таа умирачка...

Тој ден не застанавме во редицата за да земеме манџа од казанот. Седевме скупчени куп на своите рагозини, и со мислите трчавме зад камионите што не застанаа, ами одеа преугоре по тие големи кривини што се вртат до онаму високо - високо до под облаците... Таму зад тие височини ни ги однесоа децата, зад тие магливи ридишта и можеби и до таму стигнуваше нашиот плач, ама болката остануваше во нас...

Така беше... а тој ден беше претпоследниот ден на ноевмри и утредента падна снег и фати голем студ...

Триесетина години подоцна, скопската издавачка куќа "Култура" го објави мојот прв роман со наслов ***"Постела за чемерните".***

Првите страници му ги посветив токму на тој спомен и на тоа време - невреме. Запишав:

"На садовина и скрка, скраја од џадето, долги сиви, подгниени бараки, изградени од плитари и покриени со 'рженица. Лево – стари фурни. На угорнинката – заеднички клозети. Под ридот гробишта, а под нив, бараки наредени како под врвца – долги, со тесни, мали прозорци низ кои, поради железните решетки, небото се гледа во квадрати. Во средината правлив мегдан. Малку понастрана ниска куќа, sидана од делкан бел кремен.

Тоа е Прењес.

Џадето тесно, набиено со дебела кременеста коцка. Ендеците широки, длабоки и обрасната собозјак и магарешки трња. Во деновите кога врне, од горе, од ридиштата, дождовницата влече матна црвеница и се полни со тиња. Во ведрите ноќи студенилото допира до коска, а дење – жега. Каменот – бел, испран од дождот, испечен и распукан од сонцето. Кога дувнува ветар, што во

пластови надоаѓа од планините, облаци црвеникава прав висат над бараките.

Тука, од сите места над кои згроби црвениот петел на војната, надојде народ. Чемерен, разнебитен, размеѓен – вудвосани старци, вдовици од шест војни, раскостени жени што ги наткаса болест, самоглавнички, доилки и чеднички и меѓу нив мажи разнеможени и мажи роболепници на сопствениот страв. Меѓу нив и по некој што обесил пушка на трн, а тука се јуначи.

Двапати на ден над Прењес се наднесува облак на битисување. На развиделина и квечерум. Двапати поминува колона камиони. Ако се дигне прав од долу, откај фурните, тогаш камионите носат оздравеници од болниците во Елбасан, Тирана, Драч и Сук и со нив – храна и муниција за оние на боиштата на Вичо и Грамос. До границата, а од таму на рамо и плеќи, со магаре, коњ и маска до другите планиње. Во сивата магла што се претурува во котлината се случува камионите да стигнат до фурните со притулени светла.

А кога во сивите развиделини на врвовите на околните планини затреперува првиот зрак на сонцето, горе на ридот, откај превалот почнуваат да се спуштаат по змиестиот пат камионите што во сабајлината поминуваат низ Прењес. Полни се со ранети. Се спуштаат удолу по калдрмисаниот пат разофкани, распцуени и крвјосани... И така двапати на ден, над Прењес ката ден се слуша: “доаѓаат”. Ката ден на развиделина и квечерум од бараките и коњушниците се истура црневица и, разнемоштена, разофкана, разорлавена и разнебитена, трча на кај џадето. И колку поблиску е колоната, толку поголема е турмата што во навалица надотекува кон џадето од бараките и коњушниците. Луѓето, газејќи ја таа пржелика, трчаат од сите страни и викаат, се довикуваат, се туркаат и паѓаат. И во тој вик не се слуша ниту име, ниту презиме, туку само “о–о-о-а-а-а-!!!” и плачење, и молење, и колнење, и проколнување, и пцости, и лелекање. Секој го вика и го бара својот најмил, најблизок, најочекуван, најсонуван... Сите ги бараат своите најблиски: во тие стари чешки и италијански камиони што не сакаат да подзастанат сите трчаат крај камионите, се туркаат, се удираат, а оние кои паѓаат, остануваат да лежат поснопица, изгазени од навалицата... така ката ден, двапати, турмата од жени и старци квечерум трча зад камионите се до фурните, до

првата стражарница, до првиот бункер зад кој продолжува патот накај Елбасан. Тука застанува... А во бараките, оставени на рогозина, на сламеник, плачат доенчиња, офкаат и стенкаат разнемоќените чиј век е на битисување. А ката ден трчаат зад колоната камиони што змиесто се оддалечува по угорнината... на раздрумот – цевки со штикови што блескаат под првите зраци на сонцето. Навалицата застанува. Камионите се губат зад последниот свиок. Старичките ја испраќаат колоната и се прекрстуваат. Ги испраќаат со благослов оние кои од болниците се враќаат на боиштата... “ Нека им се на здравје лузните... “ – изустуваат некои, голтајќи солзи. Со нем поглед и со симнати црни шамии се збогуваат со оние кои одат на бој, а потоа толпата, забрадена со црни шамии, се разбранува и полека кинисува удолу. Не се враќаат веднаш на своите сламеници и рогозини во бараките и во коњушниците. Увилено го пребаруваат џадето, ендеците, бозјакот и бурјанот. Бараат писма што пред малку ги фрлиле од камионите. А потоа во бараките и во коњушниците, од доцнина до ранина и од ранина до доцнина пробивно и долго се слушаат олелии. Од барака до барака одат сенки, се собираат роднини и ги оплакуваат и ги редат зеднички оние кои загинале на боиштата на Грамос и на Вичо, во Епир и Тесалија и што умреле осакатени во болниците под туѓи поднебја... А кога солзите и плачот ќе им ја затапат болката, редат тие во темнината, изустуваат само по некој збор, санким се наоѓаат на разбуд...

На таа садовина, на која со раѓањето и умирањето на денот црна турма се дотура кон џадето, не расте трева; се е изгазено. Во бараките и во коњушниците за чемерните, разнебитените, размеѓените и испадените, на сламеник и рогозина има само по четири педи место. Над нив долги, подгниени греди, под нив калдрма во која до векутому век е впиена коњска моч. На снеможените здравите им посакуваат што поскоро да починат – да се спасат самите и од себе да ги спасат другите.

Меѓу двете поминувања на камионите, наспроти забраните и заплашувањата, некои скришум се искачуваат до горе, до превалот и од таму, гледајќи ја големата вода, а преку неа високите врвови на сивите планини, си шепотат во себе и покажуваат со прст еден на друг, велејќи – “Ене, онаму е нашата дома”.

Тука, во Прењес ката ден чекаа и согоруваа во желбата да ја слушнат веста:

- Народе, излегувај, се враќаме дома!

Така секогаш почнуваа – народе дај, народе носи, народе трпи, народе трај.

Иако долго и секој ден чекаа, не слушнаа глас да провика – народе се враќаме дома.

Тоа што успеале да го понесат со себе, секогаш стокмено, чекаше да биде фрлено на рамо и чекорот подготвен за долгиот пат на враќањето.

- Така беше - велеше мајка Фимка, бришејќи ја натежнатата солза со крајчето од црната шамија... Болежлив поглед фрли пред себе и по долго молчење, прекинувано со тешки издиви, рече покажувајќи со рака: - Таму, долж џадето, каде откако ќе заминеа камионите, секој ден чепкавме во бурјаниот и тревата и баравме писма, една жена најде писмо. Брзо го пикна в пазува, таму не ни чепкаа кога не претресуваа,. Во тоа писменце што ноќе, во светлината на полната месечина ни го прочита еден од падавичарите, пишуваше дека децата од тоа и од и тоа село се наоѓаат во Дуреси. Само толку. Ниту кој го напиша, ниту кој го фрли. Само толку. Ништо повеќе. Ниту беше напишано што е тоа Дуреси, дали е град, дали е држава, дали е село?... Само Дуреси. И почнавме да опитваме за тоа што е тоа Дуреси, ама скришно и во голема доверба. Никој не знаеше. Што бараш од нешетани? Ние таму во Прењес бевме како во коко-шарник – дење излези – ноќе врати се. Толку знаевме. Ама една ноќ пуштивме еден старец во Шкумбин. Тоа е албанско село надвор од Прењес. Со молење и молитви му рековме да оди и да опита некој Албанец што е тоа Дуреси, град ли е, село ли е, држава ли е и каде се наоѓа. Отиде старчето и в зори се врати. Касаба е рече, голема касаба крај морје. Леле, викнавме ние, кршиме прсти, корниме коси, плачиме та сал мислиме, леле ако таму ни се дечките ќе ни се удават во морјето. Нејсе. Ние, три - четири жени, пак го викнавме старчето и со молитви го замоливме пак да оди во тоа албанско село Шкумбин и да се распраша дали е далеку таа пуста касаба Дуреси и како да се оди таму. Старчето отиде и дојде, та рече - Дуреси е касаба и од тука е далеку десетина дена по нозе. – Не е далеку – рековме. Од дома до тука заедно со стоката ние пешачевме цел месец, та што се десетина дена за еден маж? И дерт голем не фати – кого да пратиме? Секој ќе

сака да си ги види дечките. На крај рековме нека оди Трајко. Здрав е во нозете и знае по некој албански збор, та ќе може да се најди ако по пат се изгуби. Цела недела беревме парчиња леб, кршевме од лебот што ни го даваа на казан. Парче, по парче – се наполна торбата леб и сув мармелад. Старчето во доверба му шепна дека прво да помине по Либражд и да се држи покрај патот, а ако најде камион, може да оди и со камион, а кога ќе стигне до еден голем град што се вика Елбасан да не го фати горниот, ами долниот пат. Ако оди по горниот пат, ќе стигне во Тирана, а ако оди по долниот пат, по рамно – така му рекоа тие од селото Шкумбин – ќе стигне во Дуреси, а таму како што знае нека се распраша каде имаат сместено многу деца.

И тргна Трајко ноќе. И поминаа денови и поминаа ноќи, а Трајко го нема и го нема и никој не знаеше каде заглави. Трајковица удри да се кара, да колни, леле ми го изедовте Трајко мил, леле Трајко шо ме остави сама, леле јас пустата сега без тебе сум без очи и опуљ – плачеше Трајковица и колнежите не и секнуваа. Сите почнавме да мислиме на најлошото. Што знаеш. Туѓо место, непознати патишта, нешетан човек... И така кога помина и шестата недела, рековме да оди Иљо, кој беше малку пошетан, зашто на времето, пред големиот бој, одеше на печалба – жнеење во Тесалија, а есента, по орање и сеење, одеше во Тракија да прави ќумур. Отиде Иљо и по две недели си дојде и рече дека стаса во Дуреси – град и го најде местото каде беа дечките и дека само ноќе и скришум едно два-трипати се виде со Евгенија, која беше најстарата жена одговорна за децата, негователка, како што се вели сега за жените кои се грижат за децата и дека таа му рече оти сите деца се живи и здрави, сите се испрани, чисти, нахранети и мајките и татковците и бабите и дедовците, да се живи и здрави, да не се грижат и да не берат гајле и од сите до сите таа прати многу многу поздрави. И тоа по многу месеци ни беше најголемата радост. Секој ден бараката во која беше сместен Иљо со Иљовица и со стариот, скоро неподвижен татко, беше оди ми, дојди ми. Секоја мајка сакаше одделно да го опита за своите дечки. А плачењето и колнењето и лелекањето на Трајковица секна. Иљо и дошепна дека Трајко е жив и здрав и се крие во Дуреси и скришум се гледа со дечките и дека кога малку ќе се потсмират работите и времињата, ќе си дојди...

Така беше...

И еден ден завршија и посетите и разговорите. Во Прењес дојдоа некои од тие големците и сите мажи ги повикаа на собир. Им зборуваа за големите борби во кои победуваат само нашите, ама за да ја биде борбата пократка и побрзо да дојди победата, треба и тие да одат на помош. Два или три дена големците зборуваа за големите победи и редум ги посетуваа бараките, а таму кој за колк се држи, кој за половина, кој на патерица се потпира, кој кашла та кашла, кој постела – рогозина не дава да се олади, кој учкур не врзува туку сал трча до кенефите...

Кога големците видоа болни и сакати, рекоа дека со такви борба не се прави и победа не се носи. Само едно петмина и заедно со нив и Иљо немаа мани и заедно со големците заминаа да ја носат победата. И не поминаа три или четири месеци, беше зима со многу снег и цикна, ете ти го Иљо наш. Го пуштија во Прењес кај жена му зашто веќе не беше потребен. Празен му висеше десниот ракав...

А и тој ден, како и во преѓешните денови, не престанаа двапати на ден да поминуваат нашите камиони. Така ги викавме – наши, зашто само нашите деци и чупи од таму, од бојовите, осакатени ги носеа наваму во болниците и оздравени - недоздравени – ги враќаа назад. А од тие камиони слегуваа понекогаш некои од големците, чисти и избричени, чизмите им болскаа и руменило им пукаше од образите. Останува во Прењес и ги викаа мажите за да им објаснат дека победата е близу и за да биде поблизу треба да помогнат, а за давање за победата ни беа останати само душите и парталите што ги имавме врз нас.

А горе, во планините, ни беа овците и козите. Овчари беа наши пристари мажи и сите главени од партијата. Големата стока беше пуштена по полето. Никој не им го знаеше бројот и ниту знаеше колку се живи, здрави и болни. Така пустелицки пасеа и на број беа се помалку. Велеа дека едни пцовиса, дека други волци ги заклаа. Ама работата беше и поинаква... Еднаш некоја жена отиде во едно албанско село и таму си ги виде воловите впрегнати под јарем. Овците и козите – и тие се најдоа во дворовите на некои албански селани. Итромани, им ги продаваа и нам ни велеа дека по налог на партијата ги праќаа на фронт за да имаат нашите што да јадат. Тие кои скришум одеа в планина да собираат чај, си ги препознаваа овците и козите измешани заедно со албанските. Немаше да ни биде криво ако нашите овци и кози и говеда би завршиле во парти-

зanските казани. Ама криво ни беше што завршиле бо колибите на некои албански селани. И така се изгубивме што успеавме да дотераме од дома до тука во Прењес. Низ рацете на некои се лизнаа наполеони...

А таа слика, таа глетка на трчање зад камионите, тој плач, таа болка, тие викања ми се вковаа во паметењето и сега споменот налетува, надоаѓа како бран, како рој, живнува, гори, жежи, се нижи збор со збор, вик со вик, плач со плач, солза со солза, издишка со издишка се врзува во синџир, се втиснува, стега, гмечи и боли...

Ми натежна тој спомен, ме стега, ме гмечи и душата ме боли...

Од главниот пат свртуваме десно. Колата ја паркиравме под сенката на врбата – плачка и пеш одиме во обиколка. Лево и десно од улицата послана со свеж асфалт, ред стојат долги згради со сиво - бела фасада, високо - квадратни прозорци со железни шипки, големи, искривени врати. Повеќе личат на магазини или коњушници. Меѓу нив мали куќички. Пред секоја голем разнобоен шатор и под него изложени пластични шишиња со кока кола и разновидни обоени сокови и течности. Купишта опаковки со шверцувани слаткиши. Одиме нагоре. Пред нас и околу нас се растрчаа деца. Љубопитно се распрашуваат кои сме, им изгледаме туѓи за што првпат не гледаат. Застанавме до нешто што личи на мала кафеана. Две масички, десетина пластични столчиња. Девојка на дваесетина години, со гранка скршена од поблиската црница, мавта лево и десно – ги тера досадните муви. По движењата и нејзината насмевка разбравме дека не поканува во кафеаната. Освен албански, за друг јазик е нема, како и ние неми за албанскиот. Гестикулациите малку се и не помагаат за разбирање. На помош ни дојде момче на дваесетина и нешто години. Рече дека сме од Скопје, така пресуди по табличките на колата и дека знае малку македонски, ама добро зборува грчки и италијански. Јазиците ги научи на печалба во трите земји.

- Барате некого?

- Бараме, ама повеќе би сакале да најдеме некој постар човек.

- Сега ќе ви донесам еден таков – рече и по неколку минути довлечка старче.

- Вие сте од тука, од Прењес? – го прашувам откако се поздравивме.

- Сега од Прењес, ама порано од едно село зад овие планини – покажа со глава на исток.

- А од кога живеете во Прењес?

- Од кога Енвер не собра и не донесе тука за да ја градиме фабриката и железничката линија до Пограделц.

- А каде живеете?

- Ене, таму, во последните куќи, зад џамијата. Таму не сместија.

- А овие куќи – покажувам на магазините или коњушниците.

- Тогаш во нив беше сместена војската. Тука имаше многу војска. Ја чуваа границата и нас.

- А пред тоа?

- Пред тоа си бевме дома, во нашето село. Ти реков дека тука не преселија за да ја градиме железницата и фабриката и да копаме хром...

- А си спомнувате ли дали некаде во близина имаше гробишта.

- Како да не. Имаше на две места. Онаму горе, над свиокот каде сега се копа. Над патот имаше гробишта и велеа дека беа италијански. Имаше и наши, албански, ама на другата страна.

- Пред вас, пред да ве доселат тука, дали имаше ли некои други луѓе?

- Луѓе? Не, немаше луѓе, ама имаше многу војска...

И додека го водиме разговорот, ни се придружи уште еден маж. По образите се гледа дека е во поодминати години.

- Пљак – колку години до сега ти даде Господ? – го праша нашиот преведувач.

Смеа. Се смеат соговорниците.

- Каков Господ, бре? Него нам нашиот Хоџа ни го откорна и од ум и од срце. Кога некој ќе ни го спомне Господ, замолкнуваме и секогаш гледаме наоколу. Си мислиме да не доаѓа некој од сигурими. Навика. Тогаш, во тоа време, и децата ги тераа да бидат кодоши. Така ги учеа.

- А денес?

- Денес? Зборувај си што сакаш и никој ниту лош збор нема да ти рече, па и ниту лошо ќе те погледне. Демократија... А вие, со мадамата, барате нешто?

- Бараме, гробишта.

-Што? Ви умре ли некој по пат? – прашува стариот.

- Да, по пат и на други и на овие патишта тука во Прењес многу ни умреа и сакаме да знаеме каде се погребани.

- Кога беше тоа?

- 1948 –та и 1949-та.

- А, тоа беше одамна. Не знам дали тука во Перењас ќе најдете некој кој знае за такви гробишта. А кои беа умрените?

- Наши, Македонци...

- Ами што бараа тука тие вашите Македонците?

- Војната ги донесе тука.

- Војната, ама која војна?

- Таа што беше во Грција...

- Ами јас таму во селото сум слушал дека имало војна таму и паметам по тоа што моравме да даваме од пченицата, `ржта и пченката. Ама не сум слушнал дека тука во Перењас имало ваши луѓе. Никој кој сега живее во Перењас не е староседелец. Сите сме дојденци. Можеби во селата, горе во планината има луѓе кои знаат. Ама тоа било одамна. Изумреле луѓето, остареле, им се разводни паметењето. Одете горе во планината, можеби таму ќе најдете некого. Ама со оваа количка не мрдајте до таму. За такви коли патот не чини. Најдобро пеш.

Старецот го доиспи кафето, со обете раце се поздрави со нас и, клинкајќи тргна пругоре по улицата. Одеднаш застана и по некој миг се сврти и со рака ни даде знак да му пријдеме.

- Прашајте ги луѓето од овие куќи. Тие кога копаа темели за куќите, велеа дека наоѓаа коски. Прашајте ги. Можеби под нивните куќи се гробиштата.

- Да – рече жената - тука најдовме многу коски од луѓе. Изгледа имаше гробишта... морало да имало гробишта штом многу коски беа најдени...

Свиткано старче ни пријде и рече:

- За гробишта прашувате? Имаше. Ене таму – покажа со патерицата.

Го седнавме во колата и заедно со преведувачот отидовме на местото каде имало гробишта.

- Еве, тука, на ова место имаше гробишта.

Местото не покажува дека тука имаше гробишта. Гледаме широк пат со три ленти обележани со бела боја. Над свиокот – рид.

- Ми се чини дека со ископот за проширување на патот, ги ископаа и гробиштата… не беа наши. Италијански беа. Ете, и таму каде многу се шири патот имаше гробови, ама италијански. Војнички. Лани од Италија дојдоа и во два камиони коските ги товарија во сандаци и си отидоа. И таму, од онаа страна на ритчето имаше гробови, а чии беа, не знам.

- А има ли некој стар тука во Перењас...

-Постар од мене нема да најдеш. Не си губи време. Беше, помина. Други се времињата. Гледаш луѓето градат куќи, дворови шират, кафеани отвораат, печалат и на гробови ич не гледаат. Копаат и градат каде што ќе стигнат. Лакоми станаа луѓето...

Се поздравувам со стариот, и при тоа Господ не му го спомнувам, само велам да брои до сто и една и в рака му пикнувам кутија цигари и ќесе кафе. Цигарите ги пикна в пазува, а кутијата ја намириса, нешто прозбори и умилно се насмевна. Рече:

- Не треба. Сега од овие работи имаме колку што сакаш. Носат луѓето од секаде... Туку штом е дадено од срце, со срце го примам.

А нашиот преведувач му пренесе:

- Пљак, човекот ти благодари и вели дека многу си му кажал…

- Е, па ти, сум му кажал... Толку знам, толку кажав – рече со тон на разочарасност и, клинкајќи, си отиде.

И така не прошетаа од место до место каде некогаш имаше гробишта и секаде празно.

13.

Се враќаме во Прењес. Свртуваме десно. Лево ни останува џамијата, зад која е изградена цела населба од дво и трокатни станбени згради и малку погоре, веднаш до раскрсницата – православна црква.

И одеднаш ме зароби прашањето – дали тогаш, во тие години, кога тука нашите биле, имало православна црква среде италијанската воена база, а би требало да има католичка, или од некого е градена подоцна за спомен на тие кои тука битисувале?

Ме копка прашањето и љубопитноста. Кого да прашам?

Надворешната врата од црковниот двор, украсен со мноштво цвеќиња, е затворена на катанец. Луѓето кои поминуваат покрај, застануваат за миг, вртат со глави во знак дека не разбираат што им зборувам, меѓу себе разговараат, дигаат раменици. Ме опфаќа чувство на осаменост и разочарување.

Од некаде се појави нашиот преведувач. Зборува со луѓето, а ние од разговорот доловуваме само два поразбирливи зборови кои се однесуваат на црквата – едни велат католик, други ортодокс. Сфативме дека никој ништо не знае за црквата. За нив таа како да не постои иако секој ден

по неколкупати поминуваат покрај неа. И пак непрестајно ме копка прашањето – имало тука или немало православна црква?...

И одеднаш ми текна. Па, да. Во тие времиња наш пријател престојувал тука во Прењес и пред заминување го посетивме и му кажавме каде ќе одиме. Здравје да им даде Господ на тие кои го измислија мобилниот. Со нетрпение притискам на копчињата со бројките и потоа на зеленото копче.

- Ѕвони - и велам на сопругата. – Го имам...

Поспан глас од другата страна. Попладне е и време за дремка.

- Ало, Доне, добар ден и здраво. Чекај, не прашувај ти, јас ќе прашувам. Ти нели си бил во Прењес?

- Сум бил.

- А паметиш ли дали во Прењес тогаш имаше православна црква?

- Немаше. Сигурно немаше.

- А џамија?

- И џамија немаше.

- Гробишта?

- Имаше...

- А каде беа?

- А каде сега ти се наоѓаш?

- Во Прењес. Стојам десно од главниот пат. Пред мене гледам наредени долги згради, со широки врати и високо мали прозорци со железни решетки. Ми личат на бараки од логори. Меѓу нив поминува пат...

- Тоа беа некои магазини и коњушници во кои беа сместени нашите. А погледни на кај полето. Над патот треба да има голем број долги дрвени бараки...

- Нема бараки. Има нешто како игралиште во чија средина се набиени колци и на нив заковани стари штици. Местото ми личи на откриен пазар...

- Таму беа бараките. А малку понастрана има ли една бела куќа?

- Има.

- Таму беше сместена управата и партискиот комитет. Тогаш тоа беше единствената ѕидана куќа, а се друго беа бараки, големи и долги ѕидани магазини и коњушници со големи порти од северната и јужната страна...

- Да, ги гледам. Такви се како што велиш...

- Е, сега оди нагоре по патот. Кога ќе стигнеш до последниот магазин или коњушница, сврти малку лево... Одиш?

- Стигнав...

- Десно гледаш ли едно мало ритче?

- Гледам.

- Продолжи по подножјето и по десетина чекори ќе наидеш на гробиштата.

- Тука има само ниски еднокатни куќички...

Во слушалката молк. По миг долга болна издишка и потоа гласот на Доне.

- Таму беа...

Крај на разговорот.

Жешко е...

Котлината дреме во обрачот на околните планини. Лете, цел ден ја пржи неподнослива жега, а зиме, велат, ја скаменува мразот. Тогаш, во тие времиња, тука најмногу страдаа старите, изнемоштените и болните, бебињата и малолетните деца. Спасот им беше таму каде сега ние ги бараме...

Со нас носиме и свеќи. Да ги запалиме на гробиштата во Прењес. Знаевме дека таму од крајот на јули 1948 до крајот на октомври 1949 година, од разни болести изумреа старци и поголем број бебиња и едно и двегодишни деца, па морало да има гробишта. Си рековме дека тоа се наши луѓе, па и таму каде се погребани и гробиштата се наши иако се на туѓа земја.

За душите на тие над кои шеесет години замрачи мрак, запаливме свеќи за да засвети светлина над нив, да болсне светленце и да заживее и остане траен споменот за нив дека не се заборавени...

Посакавме свеќи да запалиме и во православната црква. Но каде да го најдеме свештеникот или некој кој го држи клучот?

- Да одиме во она кафеанче – предлажи преведувачот – можеби таму ќе најдеме некој што знае повеќе.

Прифативме. Под разгранета лозница – три маси и зад нив води врата, веројатно во кујната. Еден од четворицата раседнати мажи стана, направи два-три чекори на кај нас и небаре се знаеме кој знае од кога, не поздрави

со насмевка и со цела ширина на рацете не води кон празната маса. Зборува насмеан и ние насмеани само мрдаме со глава, а ништо не разбираме, но сфативме дека тој е сопственикот на кафеанчето и не личи на постар од триесетина години.

Нашиот преведувач врза со него разговор.

Веројатно му објаснува кои сме и што бараме. Сопственикот откако не седна, а пред тоа со ненајбелиот пешкир ги истера мувите од масата, сврти лице кон нас и со помош на преведувачот не праша со што може да не почести.

- Кафе – замолив.

- Хурије, вале триа кафедаќа[31] – викна на грчки.

- Милате елиника? – го прашав.[32]

- Да, зборувам и тоа многу добро. И невестата ја учам да зборува грчки, бидејќи наесен планираме да одиме во Грција на печалба. Да приберем некоја пара зашто сакаме да градиме куќа. Јас таму, на Пелопонез, работев дванаесет години А вие, како што ми рече пријателот, сте од Македонија, нели?

- Така.

- И со Грците си имате големи проблеми, нели? Тешко се живее со Грците. Јас добро ги знам. Не се искрени луѓе. И големи лажговци се. Добро јас сум ги запознал. Како роб работев кај моите газди. Туку што ќе правиш, кога ќе те натера маката. За леб и ќе робуваш... Туку, нека им е, такви ги создал Господ и тој ги трпи иако син му и мајката на син му најмногу ги пцујат... Секој втор збор им е пцовка што значи... Молам, нека ми прости мадамата, не е пристојно да кажам...

- Кажете ми – го замолив – од кога живеете во Прењес?

- Втора година. А зошто велите Прењес? Местото се вика Perrenjas и името го доби од многуте долишта што се наоѓаат на планините западно од населбата. П р и н, значи долиште, а Перењас значи многу долишта. Порано се викаше Домоздрова и како гратче почна да се развива во педесеттите години.

- Кажете ми кога е градена црквата?

- И црквата и џамијата што се градени на истата улица, спроти себе, се изградени по паѓањето на кому-

[31] Хурије, стави три кафиња
[32] Зборувате грчки?

низмот. За да знаете повеќе ќе го викнеме настојникот на црквата кој ќе ви каже повеќе. Јас не одам ниту в црква, ниту в џамија. Во комунистичка Албанија сите моравме да бидеме атеисти и јас и сега таков си останав. Но дозволете да довршам. Големото поле што е зад нас, под патот и се шири на исток и југ се до падините на планините, пред војната беше сопственост на еден бег, чие име сега не ми текнува. Од него триесеттите години од минатиот век италијанската влада го купи овој дел каде што сме сега ние. Значи овој нај неплоден дел со договор го купи Италија за да го користи 99 години и тука изгради воена база. Од базата останаа само оние грди куќишта за кои велат дека некои беа магазини и коњушници. Се што е изградено околу нив и над патот е изградено на узурпирано земјиште. Лани дојдоа Италијанци и рекоа дека местото е нивно и дека ние Албанците на украдено место градиме куќи. А ние им рековме дека до крајот на тие 99 има уште 30 години, па дотогаш да сме живи и здрави.

А мене и натаму мислата ми е закована за некогашните магазини и коњушници кои сега длабоко ги има нагризено времето.

Бараките ги нема. Сега е рамница на која се вбиени голци и врз нив заковани подгниени штици. Тоа е денес пазарот во Перењас. Погоре се ѕиданите магазини и коњушниците. Варосани се со синкава и бела боја, која на едни места е испрана од времето, а на други испукана и под неа како лишај е залепена друга. Слој врз слој боите на варта. Од подамнешни и од сегашни времиња. Под еден од слоевите – одвај се гледаат белези од премачкани букви. Со парче стакло го стружам слојот и под него се појавува "д" испишана со бледа црвена боја. Буквата "д" е кирилска. Во овој миг чувствувам како капки студена пот ми го оросуваат челото. Упорно продолжувам да стружам во висина на градите. Под истружената корка вар продолжува одвај видливата избледена црвена боја и само две-три педи понатаму цел збор на македонски - "братството". Нема сомневање дека двата збора се дел од парола и најверојатно тоа е остаток од тогаш многу популарните пароли со кои се гласеше братството и единството меѓу македонскиот и грчкиот народ. Од купчето испокршено прозорско стакло одбрав поголемо парче и го продолжив стружењето малку повисоко. До крајот на ѕидот истружив цела фаша и под кафеавиот слој забележав дамки од бела боја. Сфатив дека

веројатно по третпат ѕидот бил премачкуван. Сега од десно па на лево продолжив со стружењето и под кафеавиот слој се појави дел од бледо-црвена линија и под неа точка. Личи на извичник. Стружам и под иструженият слој се редат буквите: а, т, а, д, е, б, о, п... Очекорив чекор назад и се загледав во бледите букви. Погледнав од десно на лево и гласно прочитав: "победата". Со ракавот ја избришав потта од челото и лицето и одново се вдадов во стружење се додека не го истружав слојот до последната буква, која е првата во паролата што тука, под трите слоеви вар, чмаеше цели шеесет години.

Читам: "Сите на оружје! Се за победата!"

Се тргнав понастрана, седнав на подгниениот трупец и загледан во паролата, по подолг молк, гласно се запрашав: колку ли уште вакви и други пароли ги красеа овие грозни ѕидови и на бој ги повикуваа обездомените?

Тука, во Прењес под слоевите вар сочувани се паролите – сведоштво на времето во кое тие беа делнично потхранување и охрабрување на духот и вербата... и дека и тука траеше војната и повикуваше... И тоа што остана, а малку беше способно, го собираа и одвај чекаа некој да потпорасне и во бој. Собираа насилно и луѓе и стока и храна. Велеа: се за победата.

14.

Подоцна Доне ми раскажа за неговиот престој во Прењес.

- Таму, во домот, во романскиот град Синаја, откако на сет глас со секојдневната парола “Со Маркос напред”, си пожеливме добар апетит, главниот на домот ни соопшти дека на посета ни се дојдени високи функционери на нашата борба. Така ја викавме војната што се водеше во Грција. Тој уште рече дека по вечерата да се собереме во големата сала, но само тие кои се постари од четиринаесет години. Другите да одат на спиење.

Во салата немаше место за сите. Меѓу нас се протнаа и тринаесет и четиринаесет годишници од кои некои беа дури и повисоки од нас кои веќе имавме нежен мов на брадите и под носот.

На бината, на чиј sид висеше голем портрет на Маркос во воена униформа, со прекрстени ремени на градите и обуен во извиткани чизми (секогаш кога го гледав портретот ми се чинеше дека чизмите му беа валкани) излегоа тројца и еден по еден се претставија. Колку што паметам така некако им течеше говорот.

- Јас - рече високиот и сув маж – сум Порфирогенис, член на ЦК на КПГ и заедно со моите другари дојдовме да ви донесеме борбени поздрави од вашите татковци, мајки и браќа кои херојски и несебично се борат за слобода и демократија и против англоамериканскиот империјализам и нивните домашни слуги кои си седат во Атина. Борбата – продолжи тој - е многу тешка и дека за да биде поуспешна потребни се нови борци.

Е, кога го рече ова, тогаш ние сите станавме и почнавме да викаме на грчки:

- Имасте етими!!! Имасте етими! Имасте етими!!![33]

На сет глас викавме и со тупаници удиравме на се што беше околу нас и со нозе го толчевме подот небаре тука беше големиот душман. На тој начин го искажавме одговорот и готовноста да се бориме против клетите непријатели. Големецот од ЦК долго зборуваше и неговиот глас и зборови се губеа во нашите борбени извикувања со кои не престанувавме да викаме дека сме готови. На неговото лице се гледаше задоволство и кутриот одвај успеа да не смири. По него не поздрави Апостолу, претставник на привремената влада на Грција во Букурешт. Тој не беше така говорлест како Порфирогенис. Рече што рече и откако завршија нашите ракоплескања за збор ја најавија другарката Евдокија Балева, наречена Вера.

- Драги и многу миљки деца, ченда на вашче таткои, мајки и братја и сестри шо денес геројски се боре и до смрт го бие клетио непријатељ и понасекаде победуваат и високо го креве знамето на победата шо е многу близу. Јаска во ено со другарите шо се туа до мене ви носа големи и борбени поздрави и молба да сте готови да поможите и вија за да ги победиме клетите душмани на нашио многу напатен и поробен народ...

Така некако и сега ми одзвонуваат нејзините зборови. Се не паметам точно, но паметам дека сите зборуваа долго. Устите им беа полни со големи и гневни, многу значајни и звучни, итри и пламени зборови кои без прекин беа дополнувани со гневно кренати и стегнати тупаници, рацете не им мируваа, туку само се закануваа и со прстот вперен во нас чиниш ни велеа – ТИ и ТИ и ТИ, што чекаш? Само очите да ги затворам и пред мене ќе се

[33] Готови сме!!! Готови сме!!! Готови сме!!!

појават лицата на тие луѓе кои со големи, остри, пламени и жешки зборови, преполнети со нескротлива омраза кон непријателите и верба во победата, зборови кои ечеа како рофји и се растураа и растегнуваа како секавици, паѓаа врз нас како громови врз карпи и длабоко се врежуваа во нашите распалени глави, ја јакнеа и крепеа нашата вера и нашиот борбен дух.

По нивните зборови сите станавме уште похрабри и стоејќи викавме дека сме готови, дека сакаме сега, веднаш да тргнеме, а од задните редови заори пеење:

Во борба, во борба, во борба,
Македонски народе,
За света народна слобода...

И песната уште недовршена, недопеена, од другиот крај стигнуваше друга:

Напред*, напред Македонци,*
За слобода и за живот сите напред!!!

Тие песни ги пеевме и дома. Ги научивме од нашите партизани кои поминуваа по нашите села или на кратка почивка остануваа во нашите куќи колку за да здивнат, да дремнат, парче леб и сирење да добијат од топлите раце на нашите мајки. Од нив тогаш ги учевме тие песни и ги повторувавме и на часовите по мајчин јазик во тукушто отворените македонски училишта во нашите места и гласно ги пеевме и во домовите и на прошетките таму во туѓи места... Но овој пат ги пеевме и посилно и погромко зашто бевме за една година повозрасни...

И така со викање и извикување пароли и со песни, завршивме првиот дел од средбата со другарите. Во вториот дел немаше песни и пароли. Пред бината ставија маса, отворија голем тефтер, до него и неколку наострени моливи. Ние, готовите за борба, приоѓавме до масата и во тефтерот го запишувавме името и презимето – се разбира грчкото име и презиме, и малку понатаму допишувавме – доброволец. Истата вечер другарите направија препис од тефтерот и си отидоа и по некој ден нас доброволците не однесоа во Арад, а потоа во Тулгеш. Колку бевме? Триста и педесет деца, не, не деца, туку сега војници... Неколку

денови вежбавме падни-стани, строев чекор и пеевме борбени песни. Потоа ни дадоа воднички униформи, по една батериска светилка, пешкир, конци и игла, шамимче за бришење нос, ноженце заедно со лажица и виљушка и потоа не качија на воз и така станавме војници и веќе не бевме деца...

Да, ние бевме деца на војната. Кога големата војна заврши, тогаш ние имавме по дванаесет и тринаесет години и по цели денови тогаш само за војување се зборуваше. За војници и за војна не подготвуваше живата средина во која ретко поминуваше ден без војник или партизани. Како што зборуваа возрасните, така зборувавме и ние. Како што пееја возрасните, така пеевме и ние. Тие имаа вистински пушки, автомати и митралези, а ние во исто време на рамо носевме стапови и изделкани колци и ластагарки што личеа на пушки и игравме војна во која растевме и мислевме и ноќе сонувавме само победнички бој. За што ли ќе мисли дете кое околу себе ката ден гледа наоружани, слуша истрели, повици, пароли, борбени песни?

Тогаш, таа година, пред да не соберат и не испратат надвор од дома, го дишевме истиот воздух со нашите партизани, се вртквме меѓу нив, ги допиравме нивните пушки и автомати и жалевме што не сме поголеми и ние да одиме в планина, в шума заедно со нив. Пред нашите очи течеше бурната, матна и валканата река на војната. Песните и паролите не ни беа туѓи. И таму, во далечните романски градови, во кои не одведоа за да се спасиме од војната, само за војна ни зборуваа нашите воспитувачи. Со песни и пароли, со строев чекор и со раскажувања за херојски и победнички битки го јакнеа нашиот дух и секој ден си игравме војна. Така ни го исполнуваа денот, а ноќе сонувавме јуриши. Така се крпеше нашата судбина. И кога дојдоа другарите, тогаш ние наеднаш пораснавме. Не требаше да не убедуваат, зашто не најдоа убедени. Ни недостасуваше само зборот – тоа малечко шкорче од кибрит требаше да се фрли меѓу нас и да избувне пожар. И избувна. Се туркавме кој побрзо ќе застане пред тефтерот.

И возот не однесе во Бугарија и слеговме во Берковица, надвор од Софија. Не знам дали беше гратче или некој вид логор или прифатилиште, а повеќе личеше на болница зашто имаше многу ранети и оздравеници кои,

како што се зборуваше, си го чекаа редот за враќање на боиште. Нас не товарија во камиони и по целоноќно возење, пред зори не растоварија зад караулата Маркова Нога, близу селото Долно Дупени. Под сенките на густиот врбјак го поминавме денот и ноќта, по полна месечина ја преминавме границата и стигнавме во Медово каде ја преспавме ноќта. Не разбудија рано. Не построија и пребројија и пеш стигнавме во Рудари. Тука ни дадоа пушки и почнавме да вежбаме. По некој ден извршија распоред по родови – телеграфисти, минери, стрелци, саботери... Вежбавме по цели денови и еден ден, од горе, од кај ридовите слегоа жени. Носеа лопати, секири и казми. Изгледаа на многу изморени. Папсани. Застанаа, не гледаа како правиме падни – стани, како претрчуваме и прескокнуваме ровови и наеднаш не пронижа плачлив глас.

– Синко Јане!!!

Имавме еден Јане меѓу нас кој кога си го слушна името, се сврти кај жените, пушката му падна од раце и со тивок глас на огромно изненадување, прошепоти:

- Мајко...

Прекинавме со вежбите и вчудовидени гледавме во жените. Таму, на вежбалиштето некои од нас си ги видоа мајките...

Истиот ден не тргнаа од тоа вежбалиште, ама не не тргнаа од очите на мајките. И голем мајкин глас се дигна. Толку голем што стигна до пештерата над селото Винени. Таму, тие кои решиле да направат од нас војници, по протестите што се одржаа по селата на Преспа и Корештата, поради тоа што не донесоа, раководството одлучи да не тргнат од вежбалиштата во Преспа, а јас би рекол да не скријат од очите на мајките. Ни ги зедоа пушките и од полигонот до местото каде не чекаа камионите пешачевме скоро цела ноќ. Денот го поминавме во една шума. Ноќе не товарија во камиони и во зорите стигнавме тука. Од луѓето дознавме дека местото се вика Прењес.

А тука во бараки и во долги ѕидани магазини и коњушници, црневица од народ. Најмногу жени, старци, бебиња – доенчиња и сакати. Лани биле доведени тука, кога почнаа борбите за Грамос. Тука жените во црнина и мажите во одминати години, чемрееја... Заеднички ја споделуваа болката за загинатите, за осакатените, за опустошените села, за изгубениот имот. На нивните лица

гледав само болка. Никогаш ниту една жена не видов да се насмее. Никогаш не видов насмевнат маж. Седејќи на подгниените греди, размислуваа, молчеа, голтаа чемер, тагуваа и со мислите и разговорите секогаш таму, во своите села, во своите куќи, во нивите, бавчите, лозјата, градините... И кога некој ќе пуштеше глас – доаѓаат – тогаш знаеја – доаѓаат камионите и истрчуваа на патот и трчаа покрај камионите, ги молеа шоферите да им донесат свеќи. Им велеа дека ги има во Поградец, во Корча и во Билишта зашто таму има православни цркви. Од православните нека ги присоберат. Трчаа покрај камионите само да за слушнат вест, добра или лоша. Молеа шоферите да возат пополека, да подзастанат...

Што правевме во Прењес? По цели денови вежбавме, ама без оружје. Не дека немаше оружје. Имаше. Пушки, митралези, автомати, рачни гранати беа складирани во еден тунел и чекаа и во нивното чекање ние растевме и учевме војна. Повремено одевме таму и ги чистевме за да не `рѓосаат. И секој ден бевме готови да ги нарамиме. Но наместо да нарамите оружје, ноќе, таму некаде по полноќ не будеа. Не сите. Будеа само толку колку што бевме потребни.

Во Прењес ретки беа деновите или ноќите без умирачка. А погребот беше само ноќе. Ноќе копавме со казмите во тврдата скрка и потоа умрените завиткани во излитени ќебиња ги погребувавме во мракот. Не беше дозволено при погребот да има живи освен нас...

Така беше...

А тоа време беше колнато време, огрдено со ужасот на стравот и плачот за најмилото, време кога некои најмногу сакаа што побрзо да легнат под тврдата кременеста скрка, време на смут, немир и безнадеж, но и време на издржливост на невозможното... И сега кога незабележано не навјасаа годините честопати се прашувам дали од тоа време нешто научивме и дали од таа ука станавме поумни...

Така, ете си врви времето, надотекуваат, се пластат годините и паметењето се троши. Многу имиња, лица, очи, образи, настани, места, доживувања, случувања ги голта времето и безмилосно ги истресува и ги праќа во заборав. Ама има и нешта кои никогаш не се забораваат. Некои, пак, толку длабоко се врежуваат во паметењето, што до умирачка се паметат. Ти се јавуваат на прошетка,

на клупа, во паркот, при сркнување на првата голтка на утринското кафе и те враќаат во тоа што далеку остана зад тебе, но е нераскинлив дел од тебе.

Си спомнувам, тоа беше некаде крајот на август 49 година во Прењес. Како и секој ден, на истото место и во истото време тој ден вежбавме фрлање рачни гранати, потоа напад на ровови и бункери. Кога на командирот му се стори дека совладавме се како што треба, нареди одмор. Лежиме на припек врз жешкиот крш, наоколу трева не растеше, а камо ли дрво. Легнат бев ничкум со брадата потпрена на налактените раце. Кога така лежиш, тогаш само рој мисли ти брмчат в глава. И по некој миг забележав дека од горе, од кај селото Шкумбин доаѓа жена. На рамо торба, во левата рака – стомне. Си реков – ете, домаќинката на мажот му носи леб на нива. И веднаш ми се пристори како да ја гледам мајка ми. Така таа секој ден напладне ја обесуваше торбата на рамо, го полнеше стомнето со вода и тргнуваше на нива или на ливада или на лозје ручек да му носи на татко. Со дланките ги покрив очите и ми се чинеше дека уште подобро ја гледав мајка. Исти движења на рацете и телото и иста леснотија во одењето. Имаше мигови кога ликот на мајка толку ми се доближи, што желбата неодоливо ме тераше одеднаш да станам и да се стрчам кон неа. И ете така во привидот беше мајка, а на јаве една непозната жена која кроце – кроце доаѓаше на кај нас. На дофат или малку потака таа застана и прозбори на албански. Се подигнавме, истресовме прашина и стоиме во молк. Со слободната рака ни даде знак да седнеме и таа седна покрај нас. Стомне навали на колено, одрами торба и од неа извади нешто завиткано во бел пешкир.

- Земи – рече на албански и на најблискиот му го подаде стомнето со вода. Потоа лесно, скоро плашливо почна да го оддиплува пешкирот. Ја тргна едната пола, малку почека, чиниш нешто заборави, потоа другата и пред очи се откри румена, миризлива, од страните лесно потпечена и се уште топла ... тиква.

На околу повеа и се разлеа опојувачки мирис во кој потона воздухот, а ние со затворени очи го вдишувавме до ненаситка. Не омеди и оживи таа привлечлива, раскошна и занеслива сласт во која ги имаше вкусовите на сите фурни. И додека ја вдишувавме и ја голтавме сладината, таа од џебот ја извади сојката со сиџим врзана за појас, ја

пресече тиквата на фаши, парче отсечуваше и парчето секому му го подаваше со рака.

Половината дланка ми беше полна со топло и миризливо парче тиква. Од страна скршив кориче и со него пресечував олкацко парченце, го принесував до усните и толку долго го оставав прилепено, колку што можеа градите да се наполнат со тој упојувачки мирис. Потоа со врвот од јазикот го преземав и го прилепував на непцето, па го размазнував и со неопишлива сласт полека го голтав, држејќи ги очите што подолго затворени зашто така ми се чинеше дека насладата подолго ќе трае.

Како што дојде тивко и ненаметливо, така тивко и без збор си отиде жената. А ние, таму на ридот, каде учевме да фрламе рачни боеви гранати, понадолго останавме молчаливи и тажни. Пругоре одеше жената и ние онемени ја гледавме неа и во тој миг се ми се чинеше дека ја гледав мајка... Не ја заборавив таа албанска жена и се уште кај мене не згасната остана големата желба да клекнам пред неа и најтопло да и избакнам раце. Повеќе никогаш не сум ја видел, но ја паметам таа жена Албанка, како да беше денес. На глава имаше шарена шамија, лицето и беше бледо и добродушно, а очите исполнети со болка. Се уште ја чувствувам и топлината на раката со која ни беше подадено парчето тиква. Топла и беше раката и погледот тажен, како раката и погледот на мојата мајка...

И што уште паметам? Паметам дека тој ден наполнив шеснаесет години и го паметам и ноќниот остар свиреж. Не разбудија, на брзина ни поделија оружје и на камиони. По целоноќно возење на патот надвор од Корча не пресретнаа нашите, ама без оружје.

- Каде?

- На помош, на Грамос!– викнавме.

- Назад - рече еден со преврзана глава. - Нема Грамос... Падна Грамос...

Истиот ден не вратија во Прењес и по дваесетина денови, дел од нас, пред година откинатите од школската клупа, за кои мислеа дека пораснавме за в бој, со авион не префрлија во Полска. Таму Полјаците не седнаа на школска клупа и ни рекоа дека со учење ќе го совладаме светот...

Тоа не се заборава. Бевме ентузијасти и големи верници во победата.

Така беше.

Секој што бил тука во тоа лошо време, има своја приказна. Ако тогаш тука имало неколку илјади обездомени несреќници, би имале исто толку приказни. Ете, јас, кој сум бил тука скоро една година, само на кратко ти ја раскажав мојата приказна, така, како што беше... Но, многу е избришано, бледо, зашто човековото паметење, со текот на годините, е измамливо, понекогаш несигурно, сомнително... иако е пренатегнато и преоптоварено со спомени, кои полека исчезнуваат, одумираат, времето ги испива, ги исцедува и смрачува, ама и покрај тоа нешто останува длабоко врежано и тешко се брише, не се кине и не се откорнува...

И сега, во одминати години, честопати се потсетувам на тоа што го доживеав во Прењес. И ги гледам камионите, толпата растрчани, развикани и расплакани луѓе, ги слушам викотниците, лелеците, плачот, колнежите... Се гледам себе како чувам стража. Како ноќе во ниедно време заедно со моите другари ги изнесуваме мртвите од бараките и коњушниците и во мракот ги закопуваме во плитките гробови... Точно, токму така беше... Така беше и добро е да е запишано. Да се памети. Да остане белег, да остане за паметење...

15.

Драч – хотел Кристал. Од балконот на вториот кат прекрасна глетка на пристаништето. Десно – отворено море. Четири бродови, еден зад друг чекаат ред за влез во пристаништето. Лево – високи згради кои ги немаше пред шеесетина години. Десет и дванаесет катници и повисоки – тоа е новиот лик на градот во најблиската околина на пристаништето. Од малото рондо се дели широко отворена улица и продолжува долж морскиот брег. Тоа е градското шеталиште. Западно од хотелот – висококатници. На овој простор пред шеесет години имаше големо мочуриште обраснато со разновидни тревишта и трска, послано со гнилеж од алги кои на далеку шириа реа. Некогашната улица – макадам – ја нема. Ги нема и десетиците изгорени воjнички камиони оставени скраја од патот. Тогаш, отаде патот – од десната страна, под високиот рид над кој белееше палатата на албанскиот крал Зогу – бели вили со широки дворови во кои растеа овошки од портокали, смокви, лимони, мандарини и ги красеа палми и многу трендафили. Населба на богаташи, оддалечена од градскиот центар и бучавата на градската сиромаштија. Беа празни. Оставени на забот на времето.

Паметам, се искрадувавме под бодликавата жица и крадешкум влегувавме во нив низ отворените прозорци без стакла. Внатре пустелија. Сопствениците, во најголем број поранешни италијански трговци, сопственици на бродови, ресторани, хотели, јавни куќи и мали индустриски фирми, народната власт ги развласти и ги протера. Сега ги нема и вилите. На нивно место од под самоти рид, па се до морскиот брег - висококатници. Во приземјето – ресторани, кафеани, пицерии, банки, седишта на домашни

и странски фирми. Меѓу нив широка авенија – Rruga Tautantia – изградена врз стариот макадамски друм. Права е, води на запад од најновиот дел на градот и се влече се до морскиот свиок. Од двете страни ја красат високи палми. Возим полека, внимателно. Од спротивната страна доаѓаат мерцедеси и ме разминуваат мерцедеси. Каде и да погледнеш – паркирани или во движење – само мерцедеси. Меѓу нив или покрај и до нив – нашето малечко црвено ***Saxo***. Натамошниот тек на авенијата е во изградба и крајот не се гледа. До самоти брег купишта дробен камен, од спротивната страна, навалена на ридското подножје, се извишува новата зграда на универзитетот и пред неа убаво уреден паркинг. Во сонцевината одблеснува белата мермерна фасада. Нови автобуси до тука ги довезуваат студентите и ги враќаат во центарот. А натаму, се до каде стигнува погледот, песочна рамница. Тука, во летните месеци 1948 година не носеа на плажа, повеќе да вежбаме воени вештини, по програма и распоред, отколку да пливаме и да се сончаме. Оваа рамница треба да биде новата градска плажа на која во најблиската иднина ќе се сончаат и пливаат не стотици, туку илјадници корисници. И ќе носат пари. Подножјето на ридот е поделено на парцели и на многу од нив веќе е ставен камен – темелникот на идните хотели и пред нив разделена е и плажата сега обрасната со тревишта. Ја пресечува патот во изградба.

Се враќаме и тргнуваме во потрага на куќите во кои живеевме од мај до крајот на ноември 1948 година. За подобро да се снајдиме во овој нов дел на Драч, како ориентир ни избравме белата касарна на албанската воена морнарица и фабриката за цигари и штавење кожи. Тие ги паметите. Две и трикатните згради во кои бевме сместени, беа на крајот од градот, но близу пристаништето. Паметиме дека од северната страна, пругоре одеше улица која водеше до кралската палата. Наспроти зградата во која бевме сместени имаше парк со палми и фенери и зад нив тврдина во која, како што велеа, имаше многу затвореници. Близу зградата - фабриката за цигари. Касарната беше веднаш до макадамскиот пат, на педесетина метри од морскиот брег. Меѓу неа и зградите – двор. Во средината на дворот – голема и разгранета врба. Постелуваше широка сенка, но беше мала за да можат под неа ладовина да најдат 1600 деца колку што бевме сместени во тоа прифатилиште. Тука, под сенката на врбата чекавме построени како под

конец да дојди главната – Маријанти ја викаа – прво за да провери дали рамно сме построени, потоа да ни одржи говор за големите победи на ДАГ. Потоа, токму во 12,00 часот се огласуваше кутијата обесена на една од гранките на врбата. Тоа беше големо радио. Повеќе хрчење слушавме отколку зборување. Веќе ни беше навика токму во тоа одредено време кога беше и најголемата горештина да ја слушаме големата кутија која зборуваше за големите и тешки, но победоносни битки што се водеа на Грамос. Гласот од кутијата врстеше дека час, ден и ноќ, секаде победуваше Демократската армија на Грција. На крај го слушавме силното ракоплескање на Марјанти, која прва извикуваше "Ме тон Марко емброс"[34] – што моравме во еден глас истото да го извикуваме, стегајќи ја до слепоочницата левата тупаница. Ручекот, секој ден макарони, секогаш ни почнуваше со извикот "Ме тон Марко емброс!" Тоа беше нешто како еден на друг да си велевме – пријатно. Тешко нему кој пред тоа посегнуваше по јадењето. Казната беше – одземање на макароните.

Од дворот со касарната не делеше ограда од бодликава жица. За излез и влез имавме една поголема врата со накрстно закована бодликава жица. Секое излегување и влегување беше под команда. Построени по четворица моравме да држиме строев чекор. Бевме поделени на водови, чети и баталјони. Команданти ни беа поголеми мрсулци од нас кои бевме стари од три до четиринаесет години. Се разбира, главна беше Марјанти, наследничка на Грци протерани од Турција во 1923 и доселени во Македонија. Помошничка и беше Евдоксија, дваесетгодишна калеша и кротка мома од Рупишта.

Трагајќи, се изгубивме меѓу зградите. Со раце покажуваме де на едната, де на другата страна, со што го привлековме вниманието на минувачите. Средовечен маж со рака ни даде знак да застанеме и нешто не прашуваше на албански.

- Мир дита и сиветe... си шкојне... мире [35] - беше целото наше богатство од албанскиот речник.

Човекот ме прашува нешто на албански.

- Не разбирам – му велам.

- Италијано...

Мрдам со глава – не знам.

---

[34] Со Маркос напред!

[35] На албански: добар ден... како сте...што правите... добро...

Италијанскиот во Драч го зборуваат скоро сите постари жители.

- А ти – го прашувам – зборуваш македонски?

- Не – вели на албански.

- Милате елиника? [36]

- Милао.[37]

Во Албанија најбрзо ќе се разбереш на грчки јазик, ако не го знаеш албанскиот. Во јужниот дел, во Билишта, Корча, Елбасан, па и во Тирана не еднаш наидовме и на луѓе кои одлично или просечно зборуваат македонски. Но грчкиот го зборуваат скоро сите Албанци на возраст од 18 до 70 години. Некои пет, други десет и повеќе години печалбареле во Грција и оттука нивното знаење на грчкиот, би рекол печалбарски јазик, но доволен да се разбереш.

- Барате некого?

- Ја бараме фабриката за цигари, господине.

Не гледа вчудовидено, мрда со глава, размислува.

- Погрешно. Тука нема фабрика за цигари,. Зарем не гледате какви згради се изградени, какви хотели, какви ресторани?

- Да, ама тука некаде имаше фабрика за цигари – настојувам.

- Можеби некогаш имало, ама сега нема. Од каде сте вие?

- Од Македонија...

- Од таму дојдовте тука да барате фабрика за цигари? Што сте вие? Фабриканти? Тутунџии?

Се гледаме в очи. Му подавам рака и му велам:

- Благодарам, господине, многу ни помогнавте. Простете за изгубеното време.

- Чекајте, јас тука сум новодојден. Да го прашаме оној што човек што доаѓа.

На албански му ја пренесува нашата мака.

- Човекот вели дека тука некаде имало фабрика за цигари, ама точно не знае каде се наоѓа. Вели дека најверојатно е урната и на нејзино место е изградена некоја од овие високи згради...

- Нели од кај влезот во фабриката имаше парк и некои дебели сидови? Наштои како тврдина? – ја прашувам сопругата.

---

[36] Зборувате грчки?

[37] Зборувам.

- Имаше...

- Господине, мислам дека влезот во фабриката беше од кај паркот...

- А, значи од Rruga Anastas Dursaku…

- А каде е таа Rruga?

- Зад оние згради. Ја гледате висока бела зграда?

- Онаа со дванаесет катови? – покажувам со рака.

- Токму таа.

Се разделуваме делејќи си насмевки. До високата и бела зграда стигнавме, прескокнувајќи купишта расфрлени градежни материјали и се изгубивме во лавиринтот од нови објекти. Сега наместо да ја бараме Руга Анастас Дурсаку, мака мачиме како да излеземе од тука. Денот е при крај и брзо паѓа мракот во неосветлениот простор. Успеавме да излеземе, но не успеавме да се пробиеме на Руга Анастас Дурсаку, не успеавме да ја најдеме фабриката за цигари која е нашиот единствен ориентир за да ја најдеме зградата во која живеевме пред шеесет години. Се враќаме во хотелот. Изморени сме од целодневното патување и до некаде разочарани затоа што не го најдовме местото на нашето детско живеење пред шеесет години и гласно го коментираме нашиот неуспех. Излеговме на главната улица. Од спротивната страна, во наша насока се доближуваат маж и жена. Се држат под рака. Мажот исправен и тапчи со сигурен чекор.

- Оној таму – и велам на сопругата – мора да е воено лице...

- Од каде па ти, знаеш?

- Само воени лица, и тоа офицери, одат така исправено и со рамен чекор. Сигурно е воено лице... Гледај колку рамен му е чекорот. Чекај, нив да ги прашаме како да ја најдеме таа Руга Анастас Дурсаку. Ајде, не чекај да не одминат. Поздрави ги на албански.

- Mir mbrama[38] - со широка насмевка прозобори Дитта.

- Mir mbrama… – вратија двајцата, прекинувајќи го одот. Не гледаат, ги гледаме. Молчиме. Молчат.

- Простете, ние сме од Македонија...

[38] На албански: добро вечер

- О, Македонија!!! – извика мажот и почна да зборува албански. Ништо не разбираме. Прекина. Веројатно чека да го прифатиме разговорот.

- Руга Анастас Дурсаку... – реков.

- Руга Анастас Дурсаку?

- Да...

- Вие зборувате руски?

- Да, господине, зборувам.

- Па тогаш да зборуваме руски. Значи вие ја барате Руга Анастас Дурсаку. – Забележав дека течен му е рускиот јазик. – Треба да одите до крајот на оваа улица. Кога ќе стигнете до широката раскрсница, ете се гледаат од тука семафорите, веднаш свртете лево и ќе влезете во улицата што ја барате. А што барате таму? Имате некои роднини?

- Не, таму немаме роднини. Ја бараме фабриката за цигари.

- Фабрика за цигари? Да, таму некогаш имаше таква фабрика, ама сега е затворена, напуштена. Се зборува дека ќе ја уриваат. На нејзино место ќе градат нешто ново. А зошто ви треба таа фабрика?

- До неа треба да има една сива трикатна зграда...

Жена му, која веројатно нешто разбира од нашиот разговор, неколкупати кимна со глава, повторувајќи – по... по.... по... – а потоа прозбори со мажот.

- Жена ми вели да седнеме некаде. Може ли да ве поканиме на кафе или чај... Ене, таму има едно многу убаво средено кафуле... Може?

- Може, ама честењето да биде наше... – предлагам.

- Прифаќаме, ама во Македонија. Повелете – покажа тој со рака и тргна пред нас.

На врата не пречека млад келнер. Црни панталони, бела кошула со долги ракави и лептир машна. Со широка насмевка и лесен поклон не поканува да влеземе. Влегуваме. Мек, дебел кинески килим, пет масички покриени со снежно бели чаршави. Во аголот одвај чујно брмчи клима уредот. Ладовина. Надвор не гореше летната жега. На ѕидовите, полуосветлени – уметнички слики. Само шанкот – накитен со најразновидни шишиња со странски налепници – го бие појарка светлина. Од таму ни прилде средовечен маж, многу пријателски се поздрави со нашите домаќини, Исмет и Марјета, така ни се претставија при

првото ракување. По срдечноста на поздравувањето и тапкањето по рамо, сфативме дека добро се познаваат или се многу блиски. Исмет нешто му кажува на албански, неколкупати рече - Мачедоне – а тој не гледа со живнати очи, со широка насмевка и повторува – по... по...по... – Значи разбра. Од зборувањето на албански јазик, ние нешто разбравме – го слушнавме името на улицата што ја бараме и зборовите кафе и чај. Толку разбравме од албанскиот јазик.

Порачавме чај.

- Вие во Македонија пиете руски или кинески чај? – во превод праша Марјета.

- Имаме секакви, но најмногу ги претпочитуваме нашите домашни чаеви – одговори Дитта.

- Чајот е добар и кога има големи горештини, а денес е многу топло – рече Исмет.

Пријателот на Исмет чајот лично ни го послужи во стаклени чаши. Има боја на топен килибар. При првата голтка чувствувам вкус на мента, нане и мајчина душичка.

- По вкусот е сличен на наш народен чај – велам.

- Мојот пријател не послужи со ваш, македонски чај. Тој најмногу чај носи од Македонија. Во Струга го купува.

- По... по... по... – рече на албански пријателот, не поздрави со широка насмевка и ниско поклонувајќи се, го снема зад шанкот.

- Значи вие барате некоја сива трикатна зграда таму на Руга Анастас Дурсаку?

- Да... ја бараме таа зграда...

- А зошто?

- Затоа што таму, во таа зграда живеевме...

- Кога?

- Таму живеевме од крајот на мај до крајот на ноември 1948 година... Тогаш ние имавме не цели единаесет години. А имаше со нас и помалечки и малку поголемки деца... Бевме многу, многу... деца... – Прекинав.

Моето кажување Исмет и го пренесе на жена му и кога заврши, се налакти на масата и лицето го покри со дланките. Долго трае молкот. Го прекина Марјета.

- Заедно со родителите, ли?

- Прашува дали и родителите беа со вас – преведе Исмет.

- Не, госпоѓо, без родителите... Бевме само деца... Не знаевме каде ни беа родителите и тие не знаеја каде сме ние...

И пак молк. Несакана ми се откина тешка и болна воздишка...

Исмет го допи чајот. Ја помести чашата и го впери погледот во нас. Долго и замислено не гледа...

- Да... – рече развлечено. Од неговиот замислен поглед и тивкиот тон на гласот сфатив дека во него нешто се прекршува. Молчејќи се гледаме в очи. Чувствувам дека сака нешто да каже, да ни открие нешто одамна доживеано, длабоко врежано во неговото паметење. – Рече дека во таа трикатна зграда живеевте пред шеесет години? 1948 година?...

- Да...

- И бевте многу деца и вие тогаш имавте единаесет години?

- Да...

- А јас тогаш имав дваесет години и служев војска. Бев поручник. Командир на гранична караула. Од таа страна на границата беше селото Лобаница...

Сега почна да ми се одмотува клопчето на паметењето.

- И по зајдисонце, скоро во мракот прифативте...

- Многу, многу деца. Мислам дека беа околу две илјади со се жени кои ги придружуваа. Неколку дена порано знаевме дека ќе дојдат за што не имаше известено повисоката команда, но не знаевме дека ќе има толку мали. Наредбата беше да ги задржиме цела ноќ во близина на селото Трстеник и ...

- И јавајќи на коњи ги враќавте тие кои се обидуваа да се вратат дома, нели?

- Токму така...

- И бевте растрчани да ги гаснете големите огнови. Гореа купиштата папрат, нели?

- Од каде знаете ?

- Па ... меѓу тие, кои сакаа да се вратат дома и го запалија папратот, бев и јас...

Се насмеавме, но брзо насмевката ни згасна.

Исмет ја избриша потта од чело и по подолго молчење, го врза разговорот:

- Тукуречи една година потоа, во утринските часови на 9 август 49 година ме разбуди дежурниот и со

исплашен глас ми рапортира дека во наша насока летаат грчки воени авиони. Брзо се расонив од тешкиот сон, без униформа и бос излегов пред караулата. Не стигнав да повикам на аларм. Врз покривот на караулата паѓаа тешките куршуми од авионските митралези и само неколку минути потоа почнаа да паѓаат бомби врз селата Трстеник и Капештица. Авионите свртија десно и, летајќи долж албанско-грчката граница, ги митралираа нашите караули. Веднаш по телефон ја известив командата на баталјонот во Билишта. Кога авионите одлетаа, врз нас отвори оган грчката артилерија чии батерии беа сместени надвор од селото Крчишта. Во кругот на двогледот видливо се гледаше како од ридот Фалцата во наша насока се спуштаа воени единици. Одново за ова јавив во командата на баталјонот. Добив наредба водот да го ставам во борбена готовност и доколку грчки воени единици влезат на наша територија веднаш да отворам оган. Трстеник од Билишта е оддалечен само петнаесетина километри. Ровови и бункери немавме. Борбата со Грците ја прифативме на отворено и за кратко време скоро половината од водот загина. Грците го заседоа селото Трстеник и во јуриш тргнаа кон Капештица, каде ние се повлековме. Таму ни се придружија вооружените селани од околните села. Иако патот Капештица – Билишта беше под постојано бомбардирање од грчките авиони и артилеријата, на помош од Билишта трчаница пристигнаа две чети. Се заврза жесток и нерамен бој со добро вооружениот противник. Не успеавме да ги задржиме нашите позиции. Селото Капештица го заседоа Грците и не напаѓаа со мали сили, додека со главните сили се втурнаа по џадето што води кон селото Смрдеш, кое се наоѓа од таа страна на границата. Истовремено се слушнаа долги митралески и автоматски рафали од кај границата. Единици на ДАГ бочно ги нападнаа грчките кралски единици.. Од Билишта стигна ново засилување. Нашата артилерија веќе со баражен оган го биеше непријателот. До вечерните часови на наша територија останаа десетици мртви и ранети грчки војници. Од заробениот поручник дознавме дека целта на грчките кралски единици беше да го заземат селото Смрдеш и на тој начин од запад да ги опколат единиците на ДАГ кои држеа борбени позиции на ридовите над селата Косинец, Лобаница и планината Мали – Мади.

- Тогаш – продолжи Исмет – имав дваесет години и таа борба беше моето борбено крштевање. Од неа излегов неповреден, но многу мои Албанци загинаа...

Траеме во молк. Исмет порача втора чаша чај. Пие полека. Имам впечаток дека со мислите е вратен на онаа ливада недалеку од границата, надвор од селото Трстеник каде во примракот на 25 март 1948 година заедно со своите војници не прифати и не чуваше до наредната ноќ, кога со камиони не однесоа во Корча.

- Значи вие сте едни од нив?...

- Да. Од Корча, пак со камиони, не носеа цела ноќ и во зорите не сместија во едни куќи покрај морето. Куќите беа двокатни. До првиот кат беа градени од камен, а погоре од штици. Така ги паметиме. Местото ние го нарековме "Песуците" и од таму гледавме бродови и многу куќи од кои не делеше таа огромна пустелија од песок... Ми се чини дека денес поминавме покрај песуците, но не го видовме ниту морето. Изградени се високи згради, кои тогаш ги немаше.

- И од таму, од песуците, ве сместија тука?

- Мислам беше крајот на април. Патот до Дуреси го поминавме пеш. Пешачевме цел ден. Не сместија во еднокатни куќи, недалеку од центарот. Денес, возејќи низ центарот ја препознав зградата со часовникот. Таа зграда тогаш беше највисока. Сега е една од најниските... Потоа, некаде половината на мај, не преселија во едни бели згради покрај морето. Тие беа тука, на дофат, ама сега ги нема...

- И ја барате зградата во која тогаш живеевте?

- Сакаме да ја видиме. Таа е дел од нашето детство и врежана е во нашето паметење.

Исмет погледна на часовникот. Сфатив дека треба да се разделиме.

- Простете – му реков – ви го одзедовме скапото време...

- Ни беше задоволство. – Тој пак погледна на часовникот и, удирајќи со прстот на сказалките, рече: - Утре во ова време – покажа на деветката – ќе ве чекаме таму на раскрсницата, на почетокот на Руга Анастас Дурсаку и заедно ќе ја бараме вашата зграда... вашата куќа...

Сопственикот на кафулето не прифати да му платиме за македонскиот чај.

- Куќата чести – рече и со широка насмевка не испрати до излезот.

Се збогуваме со Исмет и Марјета, ветувајќи дека утре, токму во 9,00 часот ќе се сретнеме покрај раскрсницата, на почетокот на Руга Анастас Дурсаку.

Со извесно олеснување се упативме кон хотелот, но не влеговме. Не повлече бранот шетачи. Кој знае колку ги има. Се чини дека сите жители на градот се дојдени тука. Широкото и долго крајбрежно морско шеталиште е исполнето до последниот сантиметар. Клупите се запоседнати од луѓе во одминати години. Живо расправаат, но нивните гласови не се слушаат во жагорот на реката шетачи облечени во лесна летна демодирана облека со белези од сите европски земји. Млади парови – насмеани и гласовити, прегрнати во од си делат бакнежи и никој не им обрнува внимание и воопшто не им е гајле што и како мислат другите. Си имаат свој начин, видување и разбирање за светот чии задоволства сакаат да ги користат сега, овој миг со неизгасната желба убавото, пријатното, сладостното што го дава животот да го доживеат сега и во од се бакнуваат, делејќи си насмевки, страстни погледи и воздишки. Впечаток оставаат и шетачи во групи. По децата од разни возрасти што одат или потрчуваат пред нив или покрај нив – изгледа тука се дојдени и цели семејства. Продавачите на семки и праматарите со секакви дребулии се нераскинливиот дел на шеталиштето. Имаме впечатокот дека и натаму не влече реката шетачи. Стигнавме до големата современа бензиска пумпа лоцирана пред влезот на пристаништето. Тука свртуваме и назад чекор в чекор се до новоизграденото бетонско моло кое длабоко е вовлечено во морето. Тука завршува корзото. Натаму купишта земја, искршени бетонски блокови, понастрана градежна механизација. Изгледа тука ќе никнат нови висококатници.

Се враќаме и бараме место да седнеме за да напочинеме и да ги средиме впечатоците. Залудно. Поминавме скоро по сите кафеани, кафулиња, ресторанчиња, пицерии и никаде ниту едно слободно место. И ниту едно кече, ниту една жена облечена во палто и забрадена со шамија. Не, овие Албанци како да не личат на Албанците во Македонија. Седнавме на бетонскиот sид што го дели морето од копното. Не заплиснува по некоја солена капка од морската вода. Високо над нас – полна месечина. Полна

е на небото и полна е во морето од каде лесни повеви ја разблажуваат запурнината останата од жешкиот ден.

Шеталиштето полека се празни. Месечината фати пат поназапад, се чини дека sвездите пребледнуваат, а на клупите и на бетонскиот sид се уште во топла прегратка траат ненаситени вљубеници...

16.

По појадокот излеговме од хотелот и тргнавме кон раскрсницата долж морското шеталиште. Поединечно, во јата и во бранови летаат гулаби и се спуштаат на кејот, собираат се што сношти оставија зад себе шетачите. Од под нозе ти ги колват трошките, семките, лушпите од овошје. Не се плашат, се спитомени и слеани со местото и луѓето.

Пред нас високи згради и зад нив се извишуваат крановите на пристаништето. Сретнуваме ретки шетачи. Ретки се и камионите и колите. Градот допрва се буди. Камиони – цистерни ги мијат улиците и кејот. Ја преминавме улицата и стигнавме до раскрсницата. Лево – на аголот, на едно два метри над тротоарот, на ѕидот табла со натпис: Rruga Anastas Dursaku.

Ја најдовме улицата на чиј почеток, до разгранетата палма, се договоривме на средба со Исмет и Марјета. Не чекаме долго.

Заедно и возбудени тргнуваме пругоре, на кај кралската палата.

Десно дебелите ѕидишта на старата тврдина. Од улицата ја дели паркот со наредени клупи и високи палми меѓу кои се уште стојат старите фенерите од сурово леано железо.

- Исти се – му велам на Исмет – исти се како тогаш пред шеесет години.

Одиме и ја бараме куќата во која сме биле сместени и.. ја најдовме. Ја препознавме по зеленкавите метални прозорски капаци и по балкончето. Тука е железната, сега ‘рѓосана и искривена порта на фабриката за цигари. Двете крила се врзани со дебел синџир на кој виси голем катанец. Тука, на овој дел од улицата, ништо не е променето. Само од спротивната страна - палмите се повисоки. Тревата ниско искосена, клупите обоени, патеките чисти. Стоиме вгледани во сивата трикатна зграда, со малите прозорци и затворените капаци. Долу, на приземјето чии прозорци се скоро на иста висина со тротоарот беа сместени децата од селото Езерец. На првиот кат, децата од селото Крчишта и на вториот – децата од селото Граче. Има уште еден кат, но тогаш го немаше. Доградба е и се гледа дека одбегнува од старите ѕидови сега со напукната истрошена фасада. Никој не живее тука. Меѓу зградата и фабриката за цигари опстојува тесната уличка. Тогаш, да речеме во наше време, тука имаше вратиче опковано со четири редови бодликава жица. За нас тоа беше забранет излез.

Неколкупати им рековме на Исмет и Марјета дека оваа е куќата. По изразот на нивните лица, сфативме дека ја споделуваат нашата возбуда. Тие седнаа на клупата во паркот, а ние продолживме со посетата на некогашното гнездо.

Влегуваме во тесната калдрмисана уличка. Лево – имаше голем двор и од него влегувавме дома. Во еден од ќошевите, оној најоддалечениот, под високата црница, постојано гореше оган на кој во голем котел секогаш имаше жешка вода во која вриеја нашите алишта. Дворот сега е скриен зад високата дрвена порта од делкани штици. По повеќекратно чукање ни отвори девојка облечена во летна прозирна горна кошула и многу тесни сини џинси. Со тие два-три зборови на нашиот албански јазик се поздравуваме и потоа стегна сопирачката. Не можеме да се разбереме, а многу голема ни е желбата да влеземе во куќата.

Од ниското куќаре, веројатно диво изградено во дворот, излезе маж и нешто не прашува. Покажуваме на вратата од зградата и велиме дека сакаме да влеземе

внатре. Човекот рашири раце, вчудовидено замавна и го снема во куќарето.

Дворот е непрепознатлив. Ја нема големата црница и чешмата до неа. И портокаловите стебла ги нема. На нивно место и во дел од некогашниот двор се извишува десеткатница во изградба. Излеговме на улицата Анастас Дурсаку, преминавме на другата страна, и стоејќи под сенката на разгранетата палма, гледаме во прозорските капаци зад кои се собите, тесното ходниче и двете лавабоа во кои никогаш не видовме вода. Се миевме надвор, во дворот.

Сега, по толку изминати години, стоиме загледани во тие прозорски капаци зад кои поминавме седум месеци...

Заедно со нашите Исмет и Марјета (подоцна Исмет ни кажа дека е полковник во пензија и дека воена академија завршил во Киев, дека по караницата меѓу Никита Хрушчов и Енвер Хоџа, бил отстранет од војската и пет години проживеал во логор), ја напуштаме улицата Ананстас Дурсаку и низ преминот што води кон центарот, врвиме по тесни сокачиња, мал остаток од стариот град. Ниски, еднокатни стари куќи и веднаш до нив синџир од нови десетокатници го опкружуваат центарот на градот. Ги бараме куќите, во кои бевме сместени по преселувањето од “Песуците”. Нема ниту трага. На нивно место изградени се нови станбени висококатници. Тесната улица, која тогаш беше нашето единствено место за играње футбал со топка крпеница од партали, е широка и само мерцедеси се движат во колони.

Паметам дека во оваа насока беше футбалскиот стадион. Таму не носеа не за да гледаме футбалски натпревари, туку во трчање и играње на зелениот килим од ниско искосена трева да го поминеме половината ден. Потоа, построени и со песна, токму напладне поминувавме по централната улица што води право кон пристаништето, свртувавме десно и, удирајќи строев чекор пред касарната на албанската воена морнарица, последното чекорно удирање го завршувавме под врбата.

Не го најдовме “нашиот” стадион. Не ја најдовме и големата нива каде по една голема дождовна бура ги собиравме налегнатите и неожнеани класови. Ги фрлавме во купови што растеа покрај машината за вршење. Марјанти одеше од група до група и, бодрејќи не, велеше

дека на овој начин и помагаме на народната власт и се бориме против англоамерикснакскиот империјализам. Воопшто не ја болеше глава за тоа дека нас олуглавите не пржеше летното сонце и не гореше жед. Се натпреварувавме кој вод, која чета ќе собере повеќе класје, ќе направи поголем куп и на враќање погласно ќе пее и посилно ќе удира строев чекор. Така, преку трудот и излеаната детска пот во големата нива требаше да станеме поцврсти и похрабри во издржувањето на горештината и жедта и да ја челичиме нашата подготвеност за големите идни дела. Во нашето детско паметење имаше многу место, та затоа не ги заборавивме овие зборови што секој ден беа преточувани во дневни пароли. Ја нема големата нива, но за тоа на тоа исто место има големи станбени згради кои го надополнуваат ликот на новиот, за разлика од некогашниот, сега непрепознатлив, Драч или Дуреси.

Малку се белезите што не потсетуваат на некогашниот Драч – Дуреси. Општинската зграда со големиот часовник, улицата што сега го носи името Анастас Дурсаку, сивата зграда во која бевме сметестени и скоро недопрената од новото време - кралската палата. Тука се уште не стигна албанската преродба. Лево ги препознаваме ниските куќарки, истата калдрма, а пред палатата прекопан е малиот паркинг, ширум е отворена искривената железна порта. Никогаш не сме влегле во дворот, не влеговме и сега иако нема вооружени стражари. Од тука, од високо, на дланка е некогашното мочуриште на кое изграден е современиот најубав дел на Драч и натаму пристаништето, бродовите што чекаат ред на отворено море и уште понатаму, во лесната летна замаглина, пак високи згради што од морето ги дели долг, многу долг песочен појас. Онаму далеку, далеку, одвај видливо со голо око, мал свиок. Тука копното впловува во морето и го обележува крајот на песочниот појас – големата плажа...

* * *

Такви ги запаметивме. Колку ли пати сме ја претрчувале оваа улица се до горе, до затворената железна, дебела и висока порта на кралската палата, пред која тогаш постојано имаше вооружен стражар? Колку ли пати

пругоре и прудолу трчавме со ист чекор, во кој мораше да се слуша само едно крап-крап-крап... Во спотивно не чекаше повторување на трчањето се до крај на издишка, до болка во бочините, до гуѓење воздух, трчање, трчање па дури и до бесвест. Така сакаше таа Марјанти. Во нејзиното уво секогаш мораше да удира само еден звук на чекорот во трчање, а тој звук мораше да звучи војнички. Крап – крап – крап! Крап-крап - крап!!!

И сега, во навратот кон времето од пред шеесет години, ми се присторува дека го слушам тоа тропање и ми се чини дека имам болки во бочините, дека ми недосува воздух и целиот сум испотен...

Крап - крап - крап!!! Крап - крап - крап!!! Одзвонува нашиот детски чекор на улицата сега Анастас Дурсаку... И кој не држи чекор, кој си стега бочини од болка, го губи појадокок и пред сите е осрамутуван. Така сакаше таа Марјанти на која и се чинеше дека сме пораснале за војници... И кога се враќавме испотени и истоштени, пред портите од бодликава жица не пречекуваа наши врсници со нарамени пушки. Зошто? Така сакаше Марјанти... која постојано велеше дека неа од борбениот строј ја откина генералот Маркос и ја прати тука, во Драч нас да не чува, да не учи како да ја сакаме борбата и брзо да растеме за да го продолжиме делото на нашите татковци и браќа кои храбро се борат против англо-американскиот империјализам. Така ни велеше. А нашата учителка во декември 1947 година, кога се отворија македонските училишта, постојано ни велеше дека нашите татковци и браќа се борат за Македонија. Кому да веруваш? Неа, нашата учителка ја разбиравме и ја сакавме, ама Маријанти не ја разбиравме и ја мразевме. Во нашите детски срца немаше место за неа. И кога се слушна дека таа се фати со Албанецот кого го викавме Форца Кароца (веста ја пушти ноќниот чувар, Грк од Епир), ние најмногу викавме да си оди, извикувајќи под нејзиниот прозорец најпогрдни зборови.

Маријанти си отиде при крајот на септември и наредниот ден веќе не го слушнавме остротo звонење на парчето шина кое не будеше во раните зори и трчаница, се уште по мрак, носејќи го сонот во заспаните очи, моравме да се построиме на плоштадот и со строев чекор што побрзо да ја заземеме малата лединка лево од касарната на која секое утро, во пропишано време, припадниците на

албанската воена морнарица истрчуваа на утринска гимнастика. Морнарите кога излегуваа од касарната се сретнуваа со нашето гаврење и исмејување за што најмногу не бодреше Марјанти. На овој начин бевме појунаци, похрабри и поподготвени за големи дела за разлика од албанските бранители на морето.

Евдоксија воведе нов ред. Будење во шест, седум десет минути гимнастика (помалите не правеа гимнастика), потоа миење, облекување (алиштата ни беа се попарталави) и потоа појадок. Веќе го снема стројот, строевиот чекор, долгото трчање по макадамот покрај морето и трчањето прругоре се до кралската палата, немаше марширање и со песна, на морнарите не им ја земавме лединката, и под разгранетата врба не стоевме во строј и не се колневме во генералот Маркос. Ја симнаа кутијата – радио и го снема гласот на двете жени кои секој ден во исто време, напладне, во дванаесет часот, почнуваа да гласат за големите борби и победи на ДАГ. И чудно ни беше што сето тоа наеднаш го снема и дека во нас завладеа некаков мир во кој се почувствувавме деца и почнавме да си играме како деца...

И дојде октомври и заедно со него и студот. Од кај морето дуваа студени ветришта и подот бетонски беше се постуден.

А во собите спиевме на бетонски под. На секои пет деца ни беа дадени две ќебиња. Едното го постелувавме на бетонскиот под, а со другото се покривавме и наредени како фишеци на реденица, се пригушнувавме еден до друг за да ни биде потопло.

Алиштата со кои тука дојдовме од дома, беа летни и ни се искинаа. И чевлите веќе беа скинати и тукуречи газевме на голо стапало. Ден или два по заминувањето на Марјанти, тие од албанскиот градски комитет, така се слушна, го истераа и Форца Кароца. Остана носачот, кој немајќи работа, по цели денови дремеше под врбата. Првите денови немаше кој да не снабдува со храна, но набрзо донесоа некој друг Албанец. Тој покрај редовното снабдување, ни подели чевли и чорапи. И храната се подобри. На секое дете за цел ден ни делеа по едно ‘ржано пешниче леб, големо како две тупаници, по една лажица шекер, а во големиот казан, за ручек, скоро секој ден вареа надолж посечени компири зачинети со брашно и многу црвен благ пипер.

Новиот Шоку Кароца, така во прифатилиштето го викавме единствениот албански службеник кој беше задолжен да не снабдува со храна, навреме го носеше јастието. Него постојано го придружуваше исто така Албанец (знаеше малку македонски) кој ја влечеше двоколката (слична на индиските рикши) до врв наполнета со вреќи. А во нив најчесто имаше макарони. Од мај до крајот на август таа 1948 година за ручек јадевме само макарони. Храна – по мера и тежина добивавме повеќе од Албанците. Не гладуваше никој, но и никој не беше доволно сит.

Еден ден во дворот на прифатилиштето влезе камион и од него растоварија цел куп воени блузи. На сите ни поделија по една. Ни дојдоа како зимски палта. Се губевме во нив. Долги до под колена, ракавите ги подвиткувавме повеќепати за да ни се гледаат прстите. Не беа нови. На многу места беа издупчени и имаше петна од засушена крв. Во џебовите наоѓавме фотографии на жени, деца, девојќи и цели семејства. Имаше и писма. Беа пишувани на грчки јазик. Едни пишувани со молив, други со мастило и врз нив имаше дамки од крв. Тие кои знаеја да читаат грчки, ги читаа на глас. Ние, неуките во грчкото писмо, слушавме внимателно и многу, многу сочувствувавме и тажевме. Тие, за нас непознатите, преку писма и слики се сретнуваа, си зборуваа, си ги делеа радостите и маките, се гледаа преку фотографиите. И ни станаа блиски затоа што и тие беа разделени од своите, ама се сретнуваа со писма.... Ние ниту писма, ниту слики не добивавме и не праќавме и не знаевме кој каде се наоѓа сега. Борбите се водеа во нашите места. Тоа го знаевме и пред да не одведат. Кога ја слушавме захрчената кутија обесена на врбата, по наведените имиња на планините и ридовите, веќе знаевме дека облакот на војната виси над нашите куќи и токму нив ги гори оган. Останаа ли дома нашите? Не знаевме. И макар што сфаќавме дека писмата и сликите што ги наоѓавме во џебовите од окрвавените воени блузи сега се само многу тежок и ужасно болен спомен, ни се чинеше дека тие беа живата нишка што со своите ги врзуваше додека беа живи. Ние сме живи и никаква нишка не се протега од нас до нашите и од нашите до нас. Многу тагувавме по секое прочитано писмо, по секоја разгледана слика и ноќе не измачуваа соништа. Не сонувавме раззеленети ливади, созреано овошје, распеани птици... туку опожарени куќи и расплакани мајки…

Во ноември уште повеќе застуде. Црни облаци висеа над морето и градот, се почесто врнеше и се посилни беа студените ветрови што дуваа од кај морето. А времето за нашето враќање стануваше се подолго. На нашите родители им рекоа брзо ќе им се вратат децата. Толку брзо колку брзо ќе стивнат воените бури, колку брзо војската владина ќе биде протерана и ќе ги снема авионите и топовите. Така беше речено. Ги снема ли воените бури и авионите?

Кон крајот на месецот, попладнето, на џадето, понатака од морнарската касарна, еден зад друг се наредија дваесетина воени камиони. Беа сосема нови и велеа дека штотуку стигнаа од Русија. Вечерта се пушти глас:

- Пакувајте се! Заминуваме!

Немавме што да пакуваме. Од облеката со која не испратија не остана ниту половина. Малку понесовме зашто беше речено дека многу брзо ќе се вратиме.

- Се враќаме, се враќаме дома!!! Дома!!Дома!!! - громко се разнесе глас и викање.

Избувна радост и радост завладеа. Нагла, невоздржана, небаре како секавица веста се спушти од небото. Викавме, скокавме, се прегрнувавме и живнавме од таа голема вест што не облеа и не исполни со надеж. Никогаш до сега таков блесок и јаснотија немаше во нашите очи. Напоени од тоа огромно чувство изгубивме сон и нетрпеливо чекавме зора предадени на радоста. Утредента рано не разбудија. Во групи, по села, построени, добро знаевме да се постројуваме, се качувавме во воените руски камиони.

Не свртивме поглед да ја видиме, можеби за последен пат, сивата, трикатна зграда, разгранетата врбата - плачка и игралиштето каде оставивме седум месеци од нашето не многу весело детство.

Утрото тргнаа камионите и пред нив невоздржано трчаа, летаа, се престасуваа нашите мисли. Ни се чинеше дека камионите се влечат и нетрпеливо си мислевме дека пеш побрзо би стигнале дома. Цело време си замислувавме како во трчање ќе влетаме во прегратките на нашите мајки, како ќе не гушкаат и ќе не бакнуваат, како нивните солзи - радосници ќе се разлеат по нашите образи како ќе се втрчаме во дворовите и во куќите, како ќе се растрчаме по селските сокаќиња и селото, како секое катче ќе го исполниме со нашата смеа и џагор, како...

... Не, руските воени камиони не не однесоа дома. Горе, високо во планините, на заснежена полјана поделена со граница, не презедоа други камиони, а од нив возови кои без возен ред не пренесоа на север во ширни и зелени рамници...

17.

Се враќаме по нашето Saxo. Се вклучуваме во долгиот синџир од стари мерцедеси и возиме на север. Надвор од градот, во широката рамница завршува асфалтираната улица и знак дека патот е во градба.

Свртуваме на исток и влегуваме во споредна долга улица. Лево и десно ниски куќи, тротоарите поплочени, дрвореди од недамна насадени млади липи. Ова е далечна периферија на Драч. Нема никакво движење. Возим полека. Загледани сме во убаво средените дворови. Зад нас загрме силен свиреж, како карање или пцуење, веројатно затоа што возим по средината на улицата. Веднаш преминав десно, на автобусот зад кој се влечеше густ облак од прашина, му сторив пат и по изминати стотина метри застанав зад чудовиштето што пред малку не искара. Од автобусот слегоа неколку патници. Набрзина слегов од колата и му се доближив на висок маж. По изгледот и ставата – човек во години. Се поздравив на албански, а потоа го прашав дали зборува македонски. Човекот го спушти куферчето и во тој миг во неговите очи забележав искра на изненадување.

- Зборувам. Јас сум Македонец... А по табличката на колата гледам дека сте од Скопје, нели? Што мака ве донесе тука?

- Го бараме патот за Сук...

- Сукт – ме поправи. – Има два. Едниот е оној кај ридот, а другиот оној пред нас.

- Ние го бараме оној каде пред шеесетина години беа сместувани македонските и грчките партизани од

граѓанската војна кои беа лекувани во албанските болници...

На лицето на човекот, чие име се уште не го знам, се појави израз на вчудовиденост и по кратко молчење, рече:

- Не сум слушнал дека во Сукт имало такво нешто...

- А кој пат води за Сукт?

Човекот се сврти на запад и, покажувајќи со рака, почна да не убедува дека со оваа кола не би можеле да одиме таму, бидејќи патот е во изградба и многу е раскопан.

- Таму нема ништо... освен лозјата...

- А бараки или остатоци?[39]

- Нема ништо. Сум бил таму. Пред шеесет години, велиш. Тоа е многу. Времето се има избришано...

- Да... – реков одолговлечено. – А ние сакаме...

- Да го вратите времето?

- Времето - не, но споменот – да...

- Од тоа таму нема никаков белег... Можеби кај некој кој бил таму и е жив ... – не посоветува.

Пладне е. Пржи жешкото сонце. Се чувствуваме празни, разочарани, сиромашни. Молчиме...

- Простете... – го прекина тој молчењето - не ви кажав дека името ми е Исо, градежен инженер и сега во пензија...

И ние му се претставивме и го замоливме да не упати како да излеземе на автопатот што води за Тирана.

- Тоа е лесно. Ама јас прво би ве замолил да појдете со мене кај едни мои роднини. Таму малку да здивнете од оваа жега, а тие многу ќе се израдуваат кога ќе слушнат дека сте од Македонија. Одиме?

Ја прифативме поканата, а Исо со мобилниот ги извести роднините дека им носи гости.

На споредната улица мала, недамна градена куќарка. На тротоаторот паркиран Mercedes. Излезе маж во одминати години, трипати се пегрна со Исо и без да праша кои сме и од каде, истото го стори и со нас. Со широк замав на рацете не покани да влеземе в куќи. На прагот - домаќинката. И таа не изгушка и откако собувме чевли и искажавме топли и убави зборови за убавината на куќата и

[39] За престојот на македонските и грчките партизани во Сукт види во моите романи ,,Постела за чемерните,, и ,,Големата измама.,,.

пожеливме мир и среќа, не седна на миндер покриен со рачно исткаени килимчиња. Пред нас скрснозе седнаа домаќинот и Исо, а домаќинката откако не послужи со слатко и студена вода, во мали филџани го донесе кафето.

- Значи сте од Македонија? – го почна разговорот домаќинот. – Јас таму сум бил едно десетина пати. За трговија. Добро имате, ама нас, Македонците во Голо Брдо не заборавивте. Не оставивте на Бугарите. Доаѓаат тие, Бугарите велам, и ни велат дека сме Бугари, та со камиони ни носат износени алишта, среде село растоваруваат од камионите вреќи со брашно, грав, леќа, шеќер и пакети со некакви слатки за децата, сокови, кока - коли, па дури и вода. Земете, велат, и ако признаете и се запишете дека сте Бугари, повеќе ќе ви носиме. Знаат дека сме сиромаси и со подароци сакаат да ни ја купат душата. А ние земаме се што носат и многу од донесеното го продаваме на пазарите во Пешкопеја, па дури и на пазарите во Драч и Елбасан. Така е. А кога одиме во Скопје, таму ги молиме големците, та им велиме, а бре луѓе, а бре браќа, отворете уште некој граничен премин за да ни биде полесно да доаѓаме во Македонија каде ќе си најдеме и некоја работичка било како аргати, било како ѕидари, само да капи некоја парич-ка. Ние не се срамиме од работа. Се работиме...

И како што тече разговорот исполнет со многу жалење дека Македонија ги заборави Македонците од Голо Брдо, така на тротоарите се паркираат се повеќе Мерцедеси и куќата се полни со луѓе од соседството. Сите се од Голо Брдо. Едни со привремен престој, чекаат преселување во Драч, други на печалба – ѕидари и аргати.

- Знаете – вели домаќинот – тука, на периферијата на Драч има многу Македонци. Ги има многу и во Драч. И ние, за пример, ќе се селиме во Драч. Синовите ми работат во Италија и со парите што таму ги печалат во Драч си купивме голем стан и таму наскоро ќе се селиме. И свадба ќе му прајме на постариот син...

- А за Бугарите –дофрли некој од кај вратата – тешко дека душа ќе ни купат со брашно, грав и шеќер... Туку што ќе правиш? Изгледа Македонија далеку е од нас.. Ај порано, друга беше политиката и таму и тука, ама сега Македонија е држава и треба да ни помогне и да не брани и чува...

18.

Иако не убедуваа дека патот за Бурељ е лош и раскопан, се пак, одлучивме да одиме таму.

Стигнавме ноќе.

Бурељ е тивок град, сместен во живописна околина. Оддалечен е сто четириесет километри северно од Драч. Кај намерникот не остава незаборавни впечатоци и желба за повторна средба. Нас тука не не доведе желбата за задоволување на туристичката љубопитност, бидејќи воопшто не се покрива со целта на нашето долго патување по раскопаниот макадам.. Како и во претходните денови, така и сега бараме траги од минатото на тие, кои тука беа доведени и сместени во напуштените бараки и касарни. Тука, додека се уште гореа ридовите на Грамос, со камиони беа префрлени и сместени поразените и разоружени единици на ДАГ. Тука во Бурељ или Бурели, сто четириесет километри северно од Драч и уште толку, ако не и повеќе, далеку од грчко-албанската граница, политчкото и военото раководство, пет – шест луѓе на куп, пред лицето на поразената Демократска армија на Грција ги бараа причините, а најмногу виновниците за поразот.

Пред да појдеме на пат со времето и по трагите на спомените, разговарав со многу поранешни партизани – борци на ДАГ и не еднаш во разговорите се навраќав и на тоа што се случи во Бурељ. Името на градот во нивното паметење е сочувано како Бурели не толку поради тоа што тука ги одболија првите денови по тешкиот и крвав пораз, туку најмногу по случувањата што тука се одвиваа и кои во

нивните спомени врежаа најдлабока и најболна трага. Самото спомнување на името живите борци на ДАГ ги враќа во тоа дамнешно и налудничаво време. Ретки беа тие кои отворија уста, душа и срце и прозборија без сомневање дека откриваат некаква тајна.

Нивното раскажување честопати е прекинувано со воздишки на разочарување и со многу прашања искажувани со жолчна горчина, но не и без обвинувања.

- Со денови, со недели, и предпладне и попладне – го почна своето раскажување тогаш осумнаесетгодишната автоматичарка – дека не сме ја изгубиле оружената борба, туку привремено ја прекинавме поради предавството на Тито кој во нашите редови уфрли свои агенти и шпионони и потоа ги затвори границите. Ова тврдење постојано методски го мелеа и се повеќе распалуваа колективна омраза кон човекот за кого сме пееле песни, сме го славеле и за земјата која прва ни подаде рака, не хранеше, не вооружуваше и ни ги лекуваше раните. И пред тоа, речиси цела година, таму во рововите и во земјанките, и пред одење и враќање од борба, политичките секретари во името на партијата, најлошо ни зборуваа за Тито. Зборот предавник веднаш не тераше даго вприме оружјето со прстот на скрапецот. Зборот на партискиот секретар, на политичкиот комесар беа зборови на партијата. Беа свети. Се примаа и се прифаќаа без поговор. Тие зборуваа во име на партијата, а ние безусловно и верувавме на партијата. Се примаа и се прифаќаа без поговор. Тие зборуваа во име на партијата, а ние безусловно и верувавме на партијата. Но тешко ни доаѓаше да им веруваме на тие кои се враќаа од болниците во Јасеново и Катлановo. Скришум и во доверба ги прашувавме - добро, нека е така, дека Тито ја затвори границата и е предавник, а како се најдовте вие во Јасеноно и Катлановo, штом границата беше затворена? Предавници ли ве лекуваа? Добро, и да беше лага, дека границата беше затворена, штетата беше огромна. И со мала лага се прави голема штета. А лагата тогаш ем беше голема, ем направи голема штета. Таа лага најмногу не погоди нас, Македонците, кои пред тоа пеевме песни за Тито и го славевме. И наеднаш – предавник,агент на Американците. Штетата велам беше огромна. Треба да си мајстор за да успееш да уништиш една верба и да внушиш друга. Лагата е опасна кога станува вистина.

Од порано слушавме од нашите политички комесари дека Тито ни сврти грб, но овој пат обвинувањата длабоко се врежуваа во нас, а јазикот со кој зборуваа тие од раководството беше толку убедлив што кај нас предизвикуваше масовен и хистеричен гнев. Токму ова им требаше и тоа го брзо го постигнаа. И откако врз Тито и Југославија не оставија сув конец, му се свртија на раководството на НОФ и АФЖ.

Дванаесетмина од нив катаден изведуваа на импровизирана бина и тогаш дознавме дека тие, дванаесетминатa, беа уфрлените агенти и шпиони на Тито.

Именуваните виновници излегуваа на бината, речи си ги тераа да излезат. Нешто зборуваа, ама кој ги слушаше. Нивните гласови се губеа во нашите зовриени пцости.

Се чинеше дека тие од високото раководство немаа потреба повеќе да објаснуваат. Масата се дигна на нозе. Пред очи ги имаше живите виновници, тие, Титовите и југослвенски агенти и шпиони кои од внатре го сакатеа и го гризеа демократското движење и народната револуција. И така високото раководство, како што велеа - партијата, расчисти со причините за поразот и бараше да исчисти извалканата чест, гордоста и достоинството на секој борец и боркинка.

Ние, насобраната маса, озлобени поради претрпениот пораз, понижени поради изгубената вера и доверба, баравме одмазда. Кон тоа не поттикнуваа и говорите на челниците на партијата. Нивните гестикулации и тонот на гласот, како и изборот на што поубедливи зборови, во нас уште повеќе ја разгоруваа желбата на виновниците за поразот што побрзо да им се одмери најстрогата казна.

Баравме одмазда, а тоа го изразувавме со силни викања, закани и неодложно извршување на казната.

- Смрт!!!
- На бесилка!!!
- На три метри пред sид!!! – викавме и баравме..

Тоа беа нашите одговори на секој нивен обид да зборуваат или да се обидат да објаснат. Никој не ги слушаше, а сите ги баравме нивните глави.

Кога некој ти зборува за борба, за победа, за јунаштво, а не си го видел на прва линија, во долгите ноќни и истоштувачки маршеви под дожд и големи студои, кога никогаш не влегол и не останал заедно со тебе да преспие

во влажните и мувлосани земјанки, не зачекорил во калливите ровови, не му посинало рамото од носење на митралезот, минофрлачот, сандакот со муниција, носилката со ранетиот, не те посетил во болница кога си бил ранет, никогаш не каснал мувлосан леб, не пиел вода од матна и каллива локва, никогаш не срknал од булумачот – изматеното брашно во млака вода, не пасел трева и на пролет не јадел набабрени пупки и младо лисје, никогаш не ти ги видел раните преврзани со валкани партали, загноени, црвјосани, – таквиот не ти е мил... Кога бевме на кратка почивка во некое погранично костурско или преспанско село, таквиот знаеше да се појави и да те храбри, да ти држи долги говори, а ти ненаспиен, капнат – истоштен, смрзнат и гладен, вошкосан и валкан, мораш да го слушаш...

- Смрт!!!

- На бесилка!!!

- На три метри под sид!!! - викавме на цел глас и со стегнати тупаници се заканувавме. Никој од илјадниците борци што таму во Бурели не имаа собрано по поразот, не дигна глас во нивна одбрана. Зошто? Зошто не станавме и на тие кои ги нарекуваа предавници, шпиони и што ли не друго, да им речеме:

- Другари, вие бевте високото раководство и каде е вашата одговорност?

Не имаше совладано слепилото наречено партиска послушност и верност кон партијата и над неа, кон водачот… Да, бевме заслепени. Нас, простите селски деца така не научија, така ни го имаа испрано мозокот што во него немаше место за да се роди мисла и мислење... Нам да ни се речи дека наши другари се наши непријатели, шпиони и агенти на Тито и на Американците, беше исто како да фрлиш бензин во огнот. И ако би ги имале пушките, тогаш прстот веднаш би ни се местел на шкрапалото од пушката.

- Смрт!!!

- На бесилка!!!

- на три метри под sид!!! – не престаанувавме да ја бараме казната и бевме готови со сопствените раце веднаш да ја извршиме...

А тие, големците, одлично знаеја да го распалат огнот во нас.

Сите ние до еден ја посакувавме смртта на виновниците, посакувавме да ги видиме како висат, да ги видиме како паѓаат под ѕидот пронижани со стотици куршуми. И додека ние на сето грло викавме, барајќи смрт, тие, големците, се редеа на говорницата, обвинуваа, викаа, плукаа, покажуваа со прст, а ние викавме:

- Смрт, смрт, смрт!!!
- На бесилка!!!
- Под ѕид на три метри!!!

Тогаш не оти ние мислевме! Мислеа други, а ние само извршувавме. А дали аргументите држеа вода или не, не беше наше да цениме. Ние бевме војници, голем дел членови на партијата и тие, од горе, го држеа тонот. Тие од НОФ-та нешто велеа, но ние не им го слушавме гласот. Се губеше во нашите извици во кои се бараше нивната глава.

А, да. Рекоа – ние не сме предавници, тоа го рекоа, ама не рекоа кој е ...

Зошто не рекоа?

Дали ние ги браневме? Дали рековме барем еден збор во нивна одбрана? Ако некој ти речи дека ги браневме, ќе те излаже. Не ги браневме. А зошто не ги браневме?

Во Бурели Захаријадис и неговата дружина меѓу Македонците го фрлија јаболкото на раздорот. Отровот на неслогата бришеше секакво размислување. А дали размислувавме? Тој секогаш водеше сметка ние да не размислуваме. И тоа не го правеше лично, ами преку свои поклоници. А поклоници најмногу му беа и тие, кои ги нарече агенти и шпиони; тие го слушаа без поговор, тие го славеа и го ширеа меѓу нас неговото име и вербата во неговата непогрешлива ѕвезда. Ние, озлобените и гневни поразени борци на ДАГ во својата понижена гордост и достоинство – ниту сакавме, ниту имавме желба да ги ислушаме тие, кои партијата, т.е. Захаријадис и неговите, ги покажа со прст и токму нив ги обвини за поразот. Така е. Така велеше партијата. Нејзиниот збор стоеше највисоко, а тоа високо за нас беше идеал. Лагата, велат не се трпи со вистината. Лагата беше претворана во вистина, а вистината во лага. Треба да си мајстор за таква работа.

Врвот беше чист, но не беа чисти Македонците. За поразот тие беа криви преку тие дванаесетминатa на број, кои од бината се бранеа само себе си. Не застанаа во одбрана на тие кои дадоа се. Најчесто велеа - јас, ние, јас, јас, па јас - овие зборови најчесто ги слушавме и се губеа

во громогласните извици на осуда. Никој во масата борци не крена рака, не испушти глас во нивна одбрана. И тоа молчење и истовремено викање беше силно оружје во рацете на Захаријадис и неговата дружина. Во Бурели не беа осудени само тие дваванесетмината, туку сите Македон ци без кои ниту еден месец грчките, а со нив и заведените и послушни македонски комунисти не би можеле да ја водат борбата. Три години крвавеа, три години хранеа и даваа сув покрив, им ја дадоа својата постела и рогозина, своето веленце, своето возглавие, своите деца...

Тие, дв анаесетмината му беа верни на водачот и во негово име викаа и вестеа по селата ниту еден Македонец, ниту една Македонка да не остане надвор од стројот.

И така би!

И гласеа дека доброволно се даваше и се собираше се од покуќнината. Испразнети куќи од деца, од младина, од покуќнина, од имот...

И сега, по толку изминати години, ми се чини, дека бесвесно баравме смрт, бесилка и три метри под sид и за тие кои не водеа...

Бевме млади, неискусни и заведени. Бевме и големи мечтатели. Многу мечтаевме, а уште повеќе сакавме да веруваме и верувавме дека ние ќе бидеме победниците. И во таа своја мечта верувавме. И верувавме во надежите. Тоа ни остануваше... Но... изгледа некои многу сакаа да нема ништо од нашите мечти и од вербата во надежта. Тој некој си пресече така, како што мислеше, како што му беше намерата. Што дека ние многу сакавме, кога ич не мислевме, а оставивме други да мислат за нас?...[40]

Да мислеа тие, кои не поведоа, сигурно ќе немаше да стигнеме до болниците во Корча, во Елбасан, да ги слушаме лелеците на мајките кога поминувавме низ Пренес, немаше да стигнеме до Бурели и во далечни туѓи поднебја... Нашите мечти и надежи беа заменети со ветувања, со големи ветувања. И во нив, во ветувањата ние верувавме. И таквото наше верување некому многу му беше потребно. Само ние не можевме да сумиме дека тоа беше на наша штета.

По години еден од нив напиша мемоари и во нив подвлече: “Ние знаевме дека ќе бидеме поразени, но

[40] Види: види мемоари на Д. Вландас

сакавме на противникот да му нанесеме уште поголеми и повеќе жртви”

- Ме прашуваш за тие од раководството? Кој ги имаше видено? Ние бевме во планините, во шумите, во рововите, во бункерите, во земјанките, во постојани маршеви и тоа само ноќе. Марширавме само ноќе, зашто денот беше на авионите. Не дебнеа од небо и не закопуваа в земја. Ноќта беше наша...

Ние постојано во бој, а тие постојано во селата преспански. Ако не си ги нашол во Герман, барај ги во П`пли, ако тука ги немало, барај ги во Штрково или во Нивици, ако ги немало во Нивици, барај ги во Граждено... Ги имаше во сите села во Преспа. Ги немаше само во ноќните колони кои носеа оружје на Грамос, ги немаше во битките за Мали - Мади, Костур, Воден, Негуш, Лерин...

За мародерство и најмал белег на недисциплина, за обид да зе земе парче леб од куќа на селанец, за недостаток на дури и на една порција за некој од борците се одеше под sид. Меѓу нас зборот предавство беше врв на најстрогата казна. За такви дејанија си ги стрелавме другарите. И кога во Бурели ги слушавме зборовите предавство, агент, шпион, во нас вриеше крвта и баравме само одмазда. Така бевме воспитувани таму во ровот, во бункерот, на кратката почивка по долгиот ноќен марш, во влажната земјанка, во ровот и во бункерот...

Исцело бевме посветени на вербата дека ќе победиме иако секаде губевме.

Од глава до пети вторпат ги видовме во Бурели. Тука, тие од високото раководство на чело со Захаријадис, кого тие, нашите, најмногу го славеја, како што реков, ги прогласија за Титови агенти и шпиони. Тука Захаријадис ги извлече на бина од која пред сите зборуваа најтешки зборови за нив, од таа бина паднаа најтешки обвинувања за што во воено време се оди на воен суд и се добива најстрога казна. Ги обвинија, со еден збор, за предавство и со прст покажаа дека, ете, овие се виновниците за поразот.

Дали само за тоа што беше повредена нашата верба и достоинството на борец викавме:

- Смрт!!!

- На бесилка!!!

- На три метри под sид!!!

Дали само за тоа ги баравме нивните глави?...

Во молк го ислушав раскажувањето на сега осумдесетгодишната и некогашна партизанка на ДАГ, која неочекувано, со горчина во гласот, ме праша:

- Како ли да го наречеме тоа време на кое често му се навраќаме во нашите спомени? Таму, во Бурели, не однесоа по последните, многу крвави битки на Грамос. Бевме сместени во бараки, некој вид касарни. Таму политичкото и военото раководство, тие пет-шест главуши, наредија да се бараат причините за поразот и виновниците. И ги најдоа. Нашите. Водачите на НОФ и АФЖ. Во Бурели ги уапсија и ги пратија во Москва. Таму им пресудија и ги пратија во Сибир. Тогаш нив на број дванаесет во Сибир и потоа и нас, илјадници, во Ташкент...

- Ете, толку ти раскажав и сакам уште да ти кажам, дека ако некои одбегнуваат да одговараат на прашања за тоа време и најчесто замавнуваат со рака, треба да имаш целосно разбирање за нивното молчење. Сигурно е дека по изминатите шеесет години многу е променето во нашите убедувања и сфаќања. Тогаш ние бевме млади, исполнети со елан, ентузијазам, верба, храбри и посветени на идеали, секогаш готови за саможртва. Имај големо разбирање и за нивниот молк и болката што ја носат поради поразот и изгубената младост. А јас, пак, немам разбирање за тие, кои дејствуваа во беззаконие и ноќе, арамиски не собраа. И таму во логорите, скриени во густите шуми на Грамос и на Вичо денонoќно ни ги переа мозоците. Не сакам да имам разбирање за тие кои таа наша младешка самопаленица си ја присвојуваат, па дури и сега тоа го прават и мислат дека тоа е исклучиво нивна заслуга, па дури и денес во разни прилики и поводи за огромен успех го сметаат чинот, дека по нивна заслугата се крена целиот народ на нога. А чија е заслугата што тој ист народ остана ограбен, иселен и растурен по светот?

Немам разбирање за нивната самобендисаност и нема да го имам...

Немам разбирање за сити, кои ја искористија нашата младост и храброст, нашиот елан, јунаштво и верба... Се уште има такви како мене, кои со мака, со жалење и огорченост раскажуваат или најчесто молчат. Немам разбирање за тие, кои се уште не го скршија од усните печатот на молкот и јавно и отворено не признаа и не покажаа со прст на виновникот. Дали со тоа сакаат тоа

време да му го препуштат на заборавот и во него самите себе да се забораваат? Некому тоа ќе му биде од корист.

Препушти му се на заборавот, па ќе те нема вчера, ќе те нема денес и утре ќе те нема...

Ние сме таа самопаленичка и поразена генерација која времето го мереше со надеж. Не јаде времето и паметењето полека се брише, а треба, велам, да остане запаметено и запишано тоа време, тоа наше време...

19.

Од Бурељ се вративме по истиот пат и влеговме во автопатот што води за Тирана. Изненадени сме од видикот на мноштвото градилишта. Лево и десно од автопатот многубројни хангари - фабрики во различни бои и на покривите знамињата на САД, Германија, Италија, Франција, Шпанија. Околината пред Тирана расте во голема индустриска зона и заедно со новите патишта кои водат кон градовите што лежат покрај морските брегови, Албанија ја живее својата сегашнина.

Планинскиот пат не однесе во Елбасан. Западно од градот, во подножјето на планината, зреат маслинките. Меѓу нив – згради со сиви и напукнати фасади. Тоа е комплексот на болницата. Тука, во текот на граѓанската војна илјадници наши партизани ги лекуваа раните.

Од Елбасан патот не однесе во Драч, во пристаништето. Пешачиме долж доковите, ги гледаме усидрените бродови. Одиме од едниот до другиот крај, ги слушаме бродските сирени, грачењето на галебите и полека надоаѓаат, небаре како бранови допловуваат и пред очите ни се втиснуваат спомените.

- Откако ги најдоа сметките за тоа кој е крив за поразот, објавија дека Демократската армија на Грција не е победена и не го положи оружјето, туку го стави покрај нога. Наредниот ден Атина и се закани на Тирана дека

доколку Албанија на своја територија ќе ги чува бандитите кои грчката национална армија не успеа да ги уништи на Грамос, ќе и објави војна. Тирана и пред тоа беше свесна дека и станавме камен обесен на врат и поита да побара од Москва да најди решение.

И го најде. Ранетите и целото бегалско население да ги прифат Варшава, Прага, Будимпешта и Букурешт, а способните, тие за кои беше јавено дека пушката ја држат покрај нога – ги прифати Москва и ги одведе што подалеку од Европа.

Така ми објасни, сега деведесетгодишниот Стефо, кој целата граѓанска војна ја помина како шофер, возејќи ја старата чешка "Tatra" на патот Драч - Елбасан - Прењес-Поградец - Корча - Билишта - Преспа и обратно, а честопати од Преспа до Јасеново и Катлановo. Наваму - оружје, муниција, храна и оздраевеници, а натаму ранети.

- На тој пат – вели – ја знаев секоја кривина, секоја дупка, секој откорнат камен од калдрмата... Можев да возам со затворени очи и никогаш не би погрешил. И немој да ми го запипшуваш името и презимето. Нека остане како што останаа непознати многу имиња и презимиња. Зарем е толку важно името, а не тоа што го правевме? Зошто баш јас, обичен возач - шофер да бидам истакнат пред стотиците ранети што ги пренесував со мојата чешка "Татра" во болниците во Корча, Елбасан и Сукт, во Јасеново и Катлановo и од таму, со уште не затворени рани ги враќав во Преспа? Натаму ранети, наваму оздравеници. Цела ноќ возење, цел ден возење. Ретки, многу ретки беа деновите кога се случуваше да имаме ден или ноќ за одмор. Ранетите до границата ги носеа жените од костурските, преспанските и леринските села. На носилки, во кебиња, во жинели, а коњитеи мазгите товарени со муниција ги тераа по цели до борбените позиции. Ех, тие жени... папсани, со здржан здив, полека ги спуштаа носилките, се загледуваа во бледите лица на ранетите, ги молеа да издржат, им ги оросуваа образите, усните и челата со наводенетите црни шамии, ги држеа за раце небаре со тоа им ја олеснуваа болката. Испиени од уморот долго триеја раменици од кои ја истиснуваа болката што им ја врежуваше носилката. Без збор, само со стисок на дланка се збогував со едни, а со други и засекогаш.

Скришум бришев солзи кога по некој ден, по некоја недела, ретко по некој месец, многу од тие исти момчиња и девојки ги носев во истите болници и од нив дознавав кого веќе нема. Дали се жалеа? Дали се превиткуваа од болка? Дали молеа? Во нивните осакатени тела имаше се. Ме болеше кога молеа пополека да возам, да внимавам да не потскокнува камионот на нерамниот пат, да им подадам вода... Дали ми беше тешко? Најтешко ми беше кога при растоварот во болничкиот двор во камионот наоѓаш неподвижен. Го возиш цела ноќ, по пат го тешиш, го молиш да издржи, да не стенка, му велиш и му ветуваш дека уште само оваа кривина да ја поминеме и зад таа или другата ќе се отвори поширок, порамен пат по кој побрзо ќе стигнеме до болницата; го носиш за да оздрави, а тој, ти се скаменува, оладува, те гледа со стаклени очи. Наместо на носилка и право во болнички кревет, останува настрана покриен со ќебе и чека да го однесат таму од каде никој не се враќа. Дали имавме време за одмор? Не знаевме што е тоа. Моторите не ги исклучувавме. Се додека траеше растоварувањето, резервоарите ги полневме со бензин и кога ќе слушневме дека е готово, свртувавме и право во магазините. Таму товаревме сандаци со муниција, ги преземавме оздравените и назад до Смрдеш или Брезница. И додека траеше растоварувањето на сандаците и товарувањето на ранетите, крадевме од времето за да дремнеме, да исправиме нозе и грб. И назад.

Патот го знаев како својата дланка. Со кого зборував додека возев? Со камионот. Ајде, стари, му велев, поаѓаме, одиме и чувај се да не излезеш од патот, да не се превртиш, да не ти се случи да ти згасне душата. И кога се случуваше да застанеме за да се создаде колоната, тогаш го галев, му велев браво, стари, издржа и продолжи да издржуваш, немој да откажеш на нерамниот пат, фаќај ја кривината, лапни ја угорнината. А еднаш ми откажа. На самоти остриот свиок на угорнината пред Ќафасан. Голема е таа угорнина и кривината остра.. Беше зима и токму кога ја фаќав кривината, од горе се откина грамата снег и се истури врз камионот. Снема и небо и земја. Се под снег. Бев првиот во колоната. Се пробив низ снегот и на сет глас повикав. Дојдоа другите шофери и со раце и нозе и лопати го исфрливме снегот и патот го отворивме се до горе каде завршува кривината, до превалот. И нова бела. Вклучувам, моторот загргори и онеме. Пак и пак и нејќе да запали.

Слегов и повикав да дојдат возачите. Туркаме. Се помрдна камионот, ама моторот молчи. И од тоа де напред, де назад, под гумите – лизгаво. Стакло калдрмата. Реков – долу ранетите. Ги слеговме и ги легнавме покрај патот. Во снегот. А ветерот – што да ти кажам – вие та цвили, од горе дофрлува снег и студот се посилен. Туркаме, туркаме и го дотуркавме камионот до горе, до превалот. И се вративме по ранетите. На ќебиња, во шинели ги пренесуваме до горе. Редум, еден по еден ги товараме, а ми нема двајца. Се враќаме, викаме. Молк. Со раце го исфрлуваме снегот. Тука се – реков. Ги најдовме – смрзнати. Камен... Што можеш, така им било пишано... А моторот и тој мртов. Туку за него имавме лек. Го соблеков шинелот, со штикот го исеков на парчиња, во купче ги ставив под моторот, ги полеав со бензин и ги запалив. Така загреаниот мотор најпосле проработи и тргнавме.

Од Ќафасан до Прењес патот води по остра удолница со многу кривини и цело време се вози со стегната сопирачка. Многупати моторите ни гаснеа на тие кривини и додека ги загревавме, ранетите ни мрзнеа и на сет глас ни пцуеја се живо и мртво и ни се закануваа дека ќе не убијат. Кога така викаа знаевме дека се живи, а кога некој не викаше, знаевме дека...

Што? Ме прашуваш за името? Не го бележи. Немој. Нека остане незапишано така, како што останаа незапишани имињата на тие двајца кои ми замрзнаа во снегот на таа голема кривина пред превалот на Ќафасан...

Кога го изгубивме реонот на Вичо, илјадници цивилно население и наша војска пребегнаа во Албанија. Сите камиони прво беа ставени на располагање на боречкиот состав. Ноќе го товаравме оружјето и преку Корча во темни зори стигнувавме во близина на албанско-грчката граница и на приодите кон на Грамос, го растоварувавме.

Борците стигнаа ноќе и во од го земаа оружјето и право во борба. А таму, не знам колку илјади владина војска ги чекаше. И почна бојот на 27 август. Тие биеја пред се со авиони и со топови, а нашите со пушки, автомати и пушкомитралези. Тешкото оружје остана на Вичо и падна во рацете на противникот. Тоа не беше борба, ами колеж. Нашите влегоа во бој на отворен простор. Ниту ровови, ниту бункери. А ние, шоферите, откако го пренесовме таму оружјето, добивме наредба да се вратиме во Корча каде не

поделија во две групи. Едната ги собираше пребегнатите од Корештата кои со се што успеале да понесат од дома гореа под жешкото сонце во Врбник и на приодите кон Билишта. Другата група ги прифаќаше пребегнатите од Преспа кои по краток престој во Звезда и Појани, ги спотераа пеш да одат во Поградец. И луѓе и секаква жива стока - овци, кози, волови, крави, телиња, запрежни коли. Се, освен луѓето со торбите и вреќите во кои го носеа најпотребното, остана да скита по албанските села, нивите и ливадите. Кој ги прибра? Никој стоката не ја тераше кон Поградец. Само луѓето одеа по правливиот пат во долга недогледна редица. А таму, пред Поградец беше поставена колоната камиони. Долго траеше влегувањето во камионите. Старци и старички, жени со доенчиња во раце, болни. Тргна колоната и на излез од Поградец, стоп. Две жени на раце однесоа до езерскиот брег. Предводникот провери во што беше работата и, пцуејќи, нареди колоната да тргне. Вечерта луѓето ги растоваривме надвор од Елбасан и без одмор се вративме назад за да ги земеме и другите и да ги пренесеме на истото место како и претходните.

Во мојата кабина седнаа еднаа една од жените кои се породија и цело време бебенцето плачеше. Тоа ми беше едно од најтешките возења. Навикнат бев на машки стенкања, ама не и на бебешко плачење. Плачеше и леунката, а јас ниту знаев, ниту можев да помогнам. Во Прењес застанав и таму двете леунки ги оставивме во управата.

Надвор од Елбасан луѓето ги оставивме под голо небо и се вративме во Корча. Тука чекавме наредби и дознавме дека од Грамос нашите се повлекуваа, по наредба на албанските офицери оружјето го фрлаа во купови и се прибираа под сенките на боровите. Беше 30 август. Долж границата летаа авиони, се слушаа експлозии на бомби и топовски гранати. Знаев што се случи и никого не прашував. Во камионот ми товарија триесет тешко ранети и право во Корча и веднаш се вратив назад. Патиштата беа полни со наши. Немаше песна, немаше пароли како порано. Имаше само луѓе со наведнати глави, со валкани и крвјосани завои, гладни и жедни кои се повлекуваа во албанската земја. И ранети и здрави, а ми се чинеше дека сите беа болни во душите...

Челниот камион застануваше и чекаше да стигнат и другите камиони и да се формира колоната. Камион зад

камион, на сосема мало растојание и со зголемена брзина се обидувавме да го прегазиме патот, но најчесто не ни успеваше.

На последниот свиок, пред Прењес, намалувавме брзина, бидејќи од бараките се истураше река од жени и мажи. Друмот беше преполн со луѓе и од силните викања не можевме ништо да разбереме, ама добро знаевме што се криеше зад викотниците, молењата и плачот.

По некој ден и нив ги собравме и ги растоваривме во ливадите надвор од Елбасан. Тука, под голо небо останаа цел месец и малку повеќе... Потоа дојде наредба од сите болници во Корча, Елбасан, Тирана и тие од Сукт чии рани се уште беа отворени, со камиони да ги пренесеме во пристаништето во Драч.

Ние шоферите први дознав-ме дека војската и цивилите ќе бидат преселени од Албанија. И така со нашите камиони во пристаништето во Драч прво ги пренесовме ранетите.

- Штосе случи со нив?

Одговор побарав во книгата "Грчката болница на островот Волин", чиј автор е организаторот и главниот хирург на специјалната воена болница под шифра "250", тогаш мајор, а подоцна бригаден генерал, д-р Мјечислав Барчиковски. Во тој вреден запис и достојно сведоштво читам:

"Како што се гледа од раскажувањето на генералот Лешек Кшемјењ, тогашен заменик командант на шлескиот воен округ за политичко - воспитни прашања, во почетокот на летото 1949 година го викнал кај себе првиот секретар на ЦК на ПОРП, Болеслав Бјерут. Тргнувајќи од комплицираната меѓународна ситуација, тој укажал на тешката положба на грчкото партизанство. Особено бил трогнат од судбината на ранетите и на болните, а особено на децата, жените и на старците. Бил потресен од перспективата за нивно унишптување како резултат на поразот на Демократската армија на Грција. Болеслав Бјерут силно го подвлекол значењето на пролеријатскиот интернацуионализам како основен идеен принцип на комунизмот и истакнал дека, како што нам ни помагаа во борбата другарите од други земји, така сега ние треба да дадеме хуманитарна помош… Војската, која се одликува со најдобра организациска подготвеност, би можела да ја преземе грижата за евакуацијата, транспортот, лекувањето

и рехабилитацијата. За прашањето на сместувањето и приспособувањето кон животот ќе се погрижат цивилните власти. Тој рекол дека лично е заинтересиран на тие несреќни луѓе да им се даде не само формална помош, туку и срце. Наредил генералот Кшемјењ, како член на военото раководство на територијата на идното сместување на грчките емигранти тековно да го информира, поднесувајќи му устни извештаи. Генералот Кшемјењ веднаш почнал да работи, но работел кратко. Го заменил генералот Вацлав Комар, главен организатор и реализатор на грчката акција во Полска.

Во последниот период од грчката граѓанска војна во Албанија беше испратена група лекари под раководство на др Бохдан Беднарски, подоцнежен министер за здравство. Тие им даваа на партизаните стручна лекарска помош. Од брегoвите на Албанија отпловуваа бродови, на брзина допловуваа во близина на полското пристаниште Свиноујшче, на тие бродови работеа и полски лекари, кои во текот на патувањето извршуваа неопходни хируршки интервенции. Санитетските коли од Швиноујшче ги превезуваа грчките партизани во болницата "250" на островот Волин. Наредните бродови пристигнуваа во Гдањск. Ранетите ги превезуваа до Шчечин, од тука со автобуси до болницата. Во основа имаше четири транспорти: кон крајот на јули 1949 година , во половината на септември и во октомври, во ноември и во декември. Подоцнежните веќе беа спорадични и малобројни".

"Третиот транспорт од Албанија отплови на 13 јули 1949 година. Во бродот "Кошчушко" беа сместени 750 ранети. Ним им беше потребна што побрза специјалистичка помош. На дното на бродот беа сместени луѓето со веќе заздравени рани, додека во кабините беа тие, на кои требаше да им се прават преврски. На секој од болните на вратот му беше обесено картонче со број. Бројот требаше да го запаметат. Уште на пристаништето меѓу Грците кружеше веста дека ќе бидат товарени во полски брод, значи најверојатно ќе отпловат за Полска. Некои од ранетите уште порано се беа сретнале со полските лекари во Албанија. Многумина од нив паметеа додека во Сукт работеше полска лекарка, но не го знаеја презиме. Екипажот на "Кошчушко" беше составен од околу 50 лица. На многу ранети по сеќавање им остана сестра Слава, презимето не и е познато. Таа постојано била со нив, специјално

се грижела за жените. Нејзе и беа потчинети грчките болничарки и санитарци. На ранетите им беше забрането да излегуваат на палубата во текот на пловењето низ Гибралтар и за време на краткото задржување во Копенхаген. При пловењето низ каналот Ламанш падна страшна магла. Долго вознемирено виеја сирените. (...) Пловењето траеше 12 дена. На 25 јули бродот се укотви во пристаништето во Швиноујшче.

Очињец и Федина беа малку изненадени кога претходниот ден наутро ги повика полковникот Кавињски и им нареди да подготват неколку стотици ќебиња, пијалаци во канти за млеко и многу канчиња. Се товарија на товарни камиони и чекаа во готовност. Кон колоната исто така беа приклучени и сите санитетски коли со кои располагаше единицата. Колоната неподвижна чекаше неколку часови. Наредбата за тргнување ја немаше. Сите мислеа дека алармот бил даден прерано. Вечерта од кај зградата на командата се појави џип. Колоната тргна. На сите им олесна. Беа изморени од чекање. Колоната камиони ја помина стражата во Мјенсивоце.

Сега од Мјенсиздроје беа упатувани во пристаништето. По пат ги задржаа во шумата. Од густежот излезе некој си црн, постар офицер со големи мустаки. Тоа беше полковникот Станек. Видоа голем број луѓе во униформи и во цивилна облека, а во шумата беа скриени санитетски коли.

Во ноќта целата колона влезе во пристаништето. Пред нив беше огромен брод. В зори почна акцијата. Беше студено и се уште владееше мракот, кога почна растоварувањето. Тешко ранетите ги сместуваа во специјални кошници што беа пренесувани од бродот со помош на кранови. Малку мрзнеа за време на тоа кратко патување над бродот додека не ги поставуваа на копно. А таму веднаш се појавуваа некои луѓе во непознати униформи, грижливо ги покриваа со ќебиња, ги легнуваа на носилки и ги товареа во санитетските коли кои веднаш заминуваа. Сите пациенти подоцна изјавуваа дека првиот впечаток бил многу пријатен. Грижливата нега со која беа опкружени ги охрабруваше по периодот на несигурност. Чувствуваа дека се нашле во добри раце. Лесно ранетите сами слегуваа на копното. На мостот стоеше војник и на секој му даваше ќебе. Потоа фатија места во камионите и во мало бројните автобуси, каде што им беа давани топли напитоци.

Неколку ранети со ампутирани нозе беа пренесени на раце во возилата што ги чекаа. Еден од нив плачеше. Не од болка, туку од возбуда што толку мајчински се однесуваа кон него. Некои од нив, за да ја изразат својата благодарност и симпатија ги галеа орлите на капите на полските војници.

Чудните дојденци беа облечени полуцивилно, полувојнички, имаа капи слични на американските. Беа валкани, обраснати, запуштени и тажни. Ништо не зборуваа. Оставаа впечаток на вчудовидени и несигурни. Со љубопитство ги гледаа војниците кои стоеја на брегот, некои ги допираа нивните воени ознаки. Тешко ранетите само провизорно беа преврзани со валкани, окрвавени завои и крпи. Под нив се гледаа загноените рани. Изгледа дека на бродот немало средства за преврски, а рацете на тие кои вршеа преврски не биле баш учени. Некои нозе и раце беа ужасно деформирани. Не сакајќи тоа сами по себе да го искажат, војниците крадешкум погледнуваа и само со гестови даваа на знаење дека им сочувствуваат на дојденците. По завршувањето на целата операција камионите на брзина го напуштија Швиноујшче. Празното Мјенѕиздроје го поминаа без да ги забележат луѓето кои беа тука на одмор.

Првиот транспорт беше големо доживување за персоналот на болницата. Одамна се подготвувавме за ова. Имав трема пред се поради одговорноста што лежеше врз мене. Дали се ќе оди точно, дали во текот на ноќта и во наредниот ден ќе успееме да ги примиме сите ранети и болни. Тоа беа прашањата што не мачеа. Одевме од ќош до ќош, проверувајќи дали уште нешто треба да се направи , дали нешто треба да се подготви, да се поправи. Исчекувањето предолго се влечеше, веќе почна да нервира.

Со леснотија здивнавме кога видовме дека стигнаа првите санитетски коли и застанаа пред салата за приредби, сега преадаптирана во сала за сегрегација. Сите живнаа, го снема немирот. Сакавме да им дадеме не само стручна помош, туку да им покажеме и срце. Тие тоа многу го бараа од нас.

Се гледаше дека, општо земено, тие прости луѓе преживеаја ужас. Стигнаа изморени, ослабени и болничави, најчесто истоштени од долготрајните страдања. Лошо сраснатите нозе и раце предизвикуваа болка при секое движење. Многумина имаа висока температура. Некои од

тешко болните дури и неа беа во состојба да се радуваат од пристигнувањето до целта. Но, општо земено, се трудеа тоа да не го изразат. И само малобројни беа тие кои покажуваа недоверба. “ Не ме допирај, не знам кој си“ – чувствувавме дека таква е смислата на несекогаш пријателските мрморења на некои од ранетите. Некои не сакаа да го предадат оружјето, иако им беше објаснувано дека ќе биде дадено на чување. Беа приврзани кон оние свои пиштоли и партизански пушки со пресечени цевки. Само некои одбиваа да јадат. Најголемиот број подаваа раце за да добијат од сендвичите, кои во пунктот за исхрана ги имаше цели купови. Со движење покажуваа на лебот и гестикулирајќи прашуваа дали уште може да добијат. Подоцна велеа дека не можеле да се изначудат што има толку многу тазе леб. Во партизани честопати го сонувале, а тука го има без ограничување. “Сакаш уште? Има многу!” – сестрите се радуваа поради тоа што можеа да ги подмират нивните желби . И тие тоа го запаметија за цел живот.

Лежеа на кревети поставени во редици од двете страни од огромната сала. Со чудење ги гледаа легените за миење, садовите со вода, купиштата пижами, наметки и влечки, канти со млеко и со напитоци. Некои не се воздржуваа да земат повеќе јадење, за под перница, зашто кој знае, можеби ќе снема, како што се случувало во партизани. Но од тоа што се случуваше околу нив можеа да проценат дека земјата е побогата од земјите во кои престојувале порано. А многумина од нив ги виделе не само Албанија, Бугарија и Југославија. Многумина ги чудеше поголемата организираност, за разлика од другите земји. Ранетите брзо беа регистрирани, им ги соблекуваа оделата и нечистата облека. Провизорно ги миеја, бричеа, ги фрлаа валканите завои и крпи заедно со веќе непотребните партали, кои ги палеа пред салата. Тие кои требаше да бидат превржани ги ставаа на масите за преврска. Во чистиот дел на салата болните ги облекуваа во сосема нови пижами, ги ставаа на носилки и што е можно побрзо со санитарни коли ги префрлуваа во одделенијата. Тие кои можеа да одат, на рака ги добиваа броевите на блоковите. Беа праќани во соодветни групи кои потоа беа пренесувани во соодветни простории. Единствено тешко ранетите и болните, откако го надминуваа шокот, извесно време остануваа во креветите за да ги ослободат о потресот.

Облеката што беше употреблива се праќаше на дезинфекција и дезитерација во соодветни комори.

(....)

Слично беа прифаќани и другите транспорти. Но не може да се споредат со првиот. Бројно беа значително помали, поголем беше меѓутоа, персоналот на болницата. Имавме веќе поголемо искуство, исто така се поправи снабдувањето со неопходните медицински средства.

Првиот транспорт болни, во Џивнув стигна во септември. Најпрвин кај нас донесоа 29 цивили со ампутирани раце и нозе, а подоцна на 8 октомври повеќе од 150 партизани, заедно со околу 2,5 илјадниот транспорт што стигна во Швиноујшче со бродот "Кошчушко". Бродот од Албанија отплови ноќе, на 27 спрема 28 септември 1949 година и по единаесет дена стигна во Полска. Како што кажуваа, на бродот, покрај грчкиот екипаж, имало тројца Грци преведувачи.

Третиот транспорт стигна во Гдањск на 26 октомври, најверојатно со романскиот брод "Трансилванија" (некои тврдат дека го носел името "Каролина"). "Трансилванија" беше луксузен брод, кој пред војната бил наменет за лична употреба на кралот на Романија. Наводно донел 2-3 илјади луѓе. Од албанските брегови отплови кон половината на октомври. Екипажот беше романски, медицинските сестри и дел од лекарите беа Полјаци. Зад "Трансилванија" се до Гиблартар пловеше англиски воен брод. Го снема дури тогаш, кога романскиот капетан му објасни дека на бродот има туристи.

Изгладнетите во текот на пловењето јадеа без мера. На последиците не требаше долго да се чека. Кон морската болест се придружи проливот. Не е чудно што меѓу околу 500 болни, кои во Гдањск беа префрлени од бродот во возот за Шчечин, имаше многу истоштени. И покрај молбите и наговарањето од страна на медицинските сестри, не сакаа да јадат сендвичи и да пијат млеко. За да биде маката поголема, кога пристигнаа во Џивнув, наместо пижами, што ги снема, добија долги ноќни кошули. Ова веќе беше претерано. Тие одлучно се откажаа од смешните бели фустани. Со мака беа убедени дека тоа е само привремено. Кога ќе стигнат пижамите од перење, тогаш ќе бидат облечени машки. Подоцна сите ги заборавија тие почетни недоразбирања. (...)

Последниот, декемврискиот транспорт, не беше голем. Бидејќи болницата беше преполнета, кај нас дојдоа само околу 50 ранети.

Кога излекуваните ранети од првиот транспорт почнаа да ја напуштаат болницата и имаше неколку слободни места, дојде група од 30 пилоти. Во почетокот на 1950 година кај нас стигнуваа малобројни групи Грци од земјите на народната демократија.

Во мај таа година пристигнаа уште околу 50 лица од Будимпешта. Тоа беа ранети излекувани во унгарските болници. Кај повеќето од нив не заздравуваа раните и покрај досегашното лекување. Нашата болница тогаш беше на добар глас, та затоа Грците заемно си препорачуваа да се лекуваат кај нас, надевајќи се дека успешно ќе бидат излекувани".

"Лекувањето на болните во нашата болница повеќе беше етапно, а операциите многукратни. Воспалението на коските ни ја комплицираше како хируршката, така и рехабилитационата постапка. Од 1175 лекувани во нашата болница скршеници на коските имаа 215 лица".

" Посебна улога за меѓусебното разбирање, како што спомнав порано, одигра Македонците. Тие живееја во Грција како национално малцинство, а нивниот јазик е словенски. Во националистичка Грција се жалеа дека национално се обесправени. Во комунистичкото партизанство тие грчко-македонски непријателства всушност ослабнаа, но и понатаму се уште беа живи. Македонците имаа силно чувство за својата национална посебност. Паметеа дека Александар Македонски бил еден од нив. Според тоа, и покрај се, не се чувствуваа сосема добро меѓу Грците. Имаа свои национални амбиции. Во доверба ни велеа дека сите Македонци треба да се обединат. И тие од Грција, како и тие од Бугарија и од Југославија, каде што имаат релативно најголема автономија. Во разговорите со Грците исто така многукратно забележувавме дека македонскиот проблем кај нив и понатаму е актуелен и бара да се реши".

Сите ранети, како и цивилното бегалско население и децата биле прифаќани како Грци. Но многу брзо Полјаците сфатиле дека дојденците се разликуваат по јазик, обичаи, песни и ора, дека се разликуваат и по национално потекло. И тоа не само го ценеа, туку и го поддржуваа".

Авторот на книгата, главниот хирург во болницата “250”, проф. дор. мајор Владислав Барчиковски, сега бригаден генерал во пензија, лично го запознав во септември 1996 година. Заедно со заменик министерот за култура на Република Полска ги поканив во нашата амбасада во Варшава. Не без огромна возбуда зборуваше и прашуваше за своите македонски пациенти. Некои ги памети по име и презиме. Знае дека тие се вратија во поранешна Југославија и сега живеат во Република Македонија. Со некои се допишува. И уште ми кажа дека пред две години три месеци престојувал во Грција по покана од своите грчки пациенти.

Истиот ден испратив белешка до Министерството за надворешни работи на РМ со предлог проф. д-р Владислав Барчиковски, со педлог од страна на Сојузот на борците од НОБ да биде поканет во Република Македонија со цел да се сретне со своите македонски пациенти. Одговор не добив ниту од Министерството, ниту од Сојузот. За време на краткиот престој во Скопје заради консултации во МНР, на членови на Главниот одбор на Сојузот на борците, кои за време на граѓанската војна имаа високи функции во НОФ и АФЖ, им кажав за средбата со проф. д-р Владислав Барчиковски и за мојот предлог.

- А, да – рекоа – Министерството за надворешни работи го препрати кај нас предлогот, меѓутоа ние во Одборот оценивме дека тој нам малку ни е познат, па оттука оценивме дека тој малку направил за нашите борци, та затоа и не го поканивме..

Што да речам за ова?

* * *

- Откако ги испративме ранетите, добивме наредба во Драч да го пренесеме бегалското население – почна Стефо, но неговото раскажување го позеде Стојна:

- Ноќта долж целиот пат се наредија камиони. Секаде се растурија гласници и викаа утредента да собереме се што имаме и по роднини и села да застанеме покрај камионите. И така направивме. Рекоа ќе си одиме од Пређес. И сите помисливме дека ќе си одиме дома. Не товарија во камионите и не кренаа од Пређес, ама камионите не тргнаа на кај ридот. Тргнаа направо, по рамното и

разбравме дека нема да си одиме дома. Долг, многу долг ми се виде патот. Камионите возеа полека. Честопати застануваа и ги собираа луѓето што беа оставени на крај патните лединки и во шумичките. Тие таму со денови, со недели беа под голо небо и гола земја. Беа озлобени, но молчаливи, уплашени, валкани, жедни и гладни.

Стиснати се гнетевме еден до друг во тие камиони што не однесоа во тој град што го викаат Дуреси. Лево и десно од патот не растоварија и рекоа тука да чекаме додека не стигнат и другите. Тој ден и деновите по тој ден многу луѓе донесоа со камиони. Црневица народ. Не растоварија долж брегот, во мочуриштето. На гола земја, засмрдена од нечистотиите што тука ги исфрлуваа морските бранови. Илјадит народ, човек до човек на голата земја таму крај морето, во засмрденото мочуриште. И само се прашуваа луѓето – каде ли ќе не носат?

И носеа и стигнуваа и други. Се собираа и се собираа луѓе, мислиш цел народ тука се собра. Многу народ се насобра на таа гола, мочурлива ливада што беше распослана покрај морето и обрасната со трње и со високи и остри бодликави тревишта и засмрдена од нешто гнило. Се чинеше дека нема крај на денот, нема крај и на ноќта и од морето не престануваше да дува студен и силен ветер кој високо ја дигаше водата и не прскаше со солило. И дење и ноќе грмеше морето, а високите водје го биеја, та го биеја и го ронеа брегот. Не знам кој ден беше по ред кога дојдоа тие со тефтерите и по име и презиме не викаа и не ставија еден зад друг. Во тефтерите одново не запишуваа по име и презиме и по место на раѓање. Многупати бевме пишувани во тефтери и нас не само што не имаа забележано со име и презиме и место на раѓање, туку и со број на дадени овци и кози, коњи, телиња, волови, крави, кокошки, покривачи, веленција, чорапи, фанели, столови, лажици, ножеви и виљушки, денови поминати на копање ровови и градење бункери, носење камења и трупци на врв планина, пренесени ранети, одземени чеда големи и мали, загинати и ранети, живи и сакати. Тоа го имаа во тефтерите. Се што дадовме го имаше во тефтерите. Така не имаа забележано, ама во тие тефтери не напишаа колку болка преболевме, колку солзи исплакавме, никој тоа не го запиша, небаре никој тоа не сакаше да го види. И така, во тие тефтери ја немаше само нашата болка, нашите солзи, осамата наша,

чекањето децата да ни се вратат... и ние да се вратиме дома...

И потоа свиткани под тежината на торбите и вреќите во кои ги носевме трошките од нашиот имот тргнавме пеш. Одевме полека, многу бавежно. Старите не даваа за забрзаш чекор. Не одевме долго. Низ една голема железна порта влеговме во еден голем двор и застанавме вчудовидени...

- Пампури се - рекоа тие кои порано имаа видено пампури.

Големи и црни беа пампурите и ни рекоа таму да одиме и одевме и се качувавме по тесни скали врзани за пампурите. Тие кои можеа да одат, одеа горе по тесните и разлулани скали исплашени дека ќе паднат во црната вода што клокотеше под нас. Тие кои беа болни и стари и не можеа да одат, ги ставаа во едни големи кошови и на синџир или ортоми обесени за едни, не знам како се викаат, ги дигаа високо и право во пампурите. Плачот беше голем и стравот – уште поголем. Некои прошепотија дека ќе не фрлат во морето...

Горе не пречекуваа млади жени облечени во бели палта, не фаќаа под мишки и не носеа долу по скалички. А внатре во пампурите, како што подоцна велеа, големите амбари беа поделени на катови и во нив постела до постела и топло. Исполегнавме. Над нас се затвори сите врати и ни пуштија светлина, а пампурот мрдна и само полека се лулаше. И тогаш некои од мажите кои некогаш биле во пампур, рекоа дека пампурот тргна.

По некое време жените во бело почнаа да ни делат чинии и лажици, па потоа носеа кошници до горе наполнети со бел леб, па котли со слатко миризлива манџа. До горе ни ги полнеа чиниите со манџа и леб ни даваа повеќе отколку што сакавме. Потоа поминаа лекари. Не прегледаа од глава до пети. Болните ги одделија. Жените со малите дечки и нив ги одделија, а тие жените, што беа во бело облечени, по секаде почнаа да не прскаат со една бела прашина. Се рече дека од таа прашина и вошките и гнидите ќе пцовисаат. И како што пловеше пампурот, тие жените во бело облечени, добро не ранеа и кога ни зборуваа почнавме да разбираме од нивните зборови, та си шепотевме – море овие ќе да се наши, та се преправаат дека се други. И му велам на една – мори чупо, дојди да те опитам - ти да не си наша? - Ја ваша – ми вели. Па тогаш

си реков – пули ја ти неа - се преправа и за да проверам дали се преправа, со прст покажувам на уста, а таа ми вели – уста, нос, око, глова, зомб, нога – нога, колено – колано... – Се преправа, сигурно се преправа им реков на жените и и покажав јазик, а таа ми рече – јензик, мама... И пак им реков на жените – сигурно се наши, само се преправаат...

Утрото, ги отворија капаците и ни рекоа дека можеме да излеземе надвор. Одиме и од страв се држиме за раце, за парталавите фустани и за се друго што може рака да фати. И што ќе видиш? Вода и само вода. И небото над неа.. Та по некој ден сите се испоразболевме. Глава ти пука од болка, на леб и вода да не погледнеш од мака, зашто се што ќе касниш ќе го повратиш, та само на пролив те тера. Така беше...

И еден ден среде море не фати една голема магла. Мислиш и водата и небото се сторија само млеко. Еден со друг не можевме да се видиме. Толку беше густа. А пампурот сал рикаше и рикаше, а ние собрани куп, се тресеме, плачеме и си велиме - е сега ни дојде крајот, тука каде ништо не се гледа ќе не фрлат во морето. Ама, некои силни ветришта ја однесоа маглата и по некое време од другата страна на пампурот слушаме силно и испрекинато рикање. Свиреа некои други пампури. Тогаш ни рекоа бргу да слеземе долу во амбарите и збор да не пуштиме зашто англиски воени бродови се доближуваат, та ако слушнат врева, тогаш ќе почнат да не бијат со топовите. Заман-даливме усти, нос и уста затворивме со дланки, молчиме и страв голем ни се вгнезди во ококорените очи. И чекаме кога ќе пукне. Ама не пукна, зашто тој полскиот капидан на англискиот капидан му рече дека носи туристи...

Дали имаше умрени? Имаше. Најмногу стари. Ги завиткуваа во ќебиња и пљас во водата. И толку. Имаше човек и нема човек. И мислиш дека само душата си врти над водата. Најчесто ги фрлаа ноќе, за да не гледаме ние кои се уште бевме живи...

Дали имаше болни? Имаше. Ама лекарите и болничарките ги чуваа...

Дали нешто ми остана во Прењес? Некој ден пред да не кренат од таму, ми почина домаќинот. Со месеци не стануваше, та и плеќите и рогозината под него изгнија. Лекарот кој едно двапати го прегледа рече дека нешто му ги јаде џигерите. Почина ноќе и на гробиштата под ритчето ноќе во плиток гроб беше погребот. Не даваше скрката

подлабоко да се копа. Без поп беше погребот. Попот што го имавме, комунистите го избричија. Погани беа тие и погани работи правеа. До девет денови одев на гробишта и палев боринка, немаше свеќи, и нему и на другите за да имаат малку светлина. Догоруваше боринката и над домаќинот и над другите ја снемуваше светлината. Остана тој таму под ритчето, да му се миросаат коските, и кој знае дали ќе има некој да му запали свеќа... дали за на век ли ќе остане во мракот тој и тие покрај него? Ќе се најде ли, ќе се погоди ли некој намерник да помине по Прењес и на гробиштата да запали свеќа? Ќе си лежи таму домаќинот и ако даде господ жива да останам, ќе одам да го посетам. Свеќи ќе им запалам на сите... А кој и каде ќе им запали свеќи на тие кои од пампурот ги фрлија во морето?

Дванаесет денови и ноќи сторивме пат по вода додека стигнавме во еден голем град полн со пампури и ни се чинеше дека гореше во светлина. Од каде ли, си велевме, толку светлина? Се пушти глас дека стигнавме во Полска. А каде е таа Полска? Се прашувавме. Далеку или блиску до нашите места? И по скалите, еден зад друг се симнавме од пампурот, болните и старите и жените заедно со доенчињата ги спуштија на земја со кошеви и ни рекоа да одиме на другата страна. Таму, рекоа, чека возот и сите да влеземе внатре. И додека влегувавме во вагоните се расчу голем плач. Жена улуглава трчаше де ваму, де таму, од возот до пампурот и обратно и на сет глас плачеше, викаше, молеше – чупчето, детето, ми го нема, луѓе, барајте, помозите, детето ми го нема, ми го нема чупчето...

И низ солзи други мајки велеа и повторуваа дека детето на една мајка не се најде...[41]

А возот со се нас, со нашите партали и несреќната мајка и таткото здробени од болка, тргна и цел ден не носеше по една голема, недогледна рамница. Не планина, туку дури и ритче немаше. Само рамница, рамна како тепсија, само посеани полиња и лево и десно од возот – шуми... Дури таму кај што застана возот, во гратчето каде Полјаците не сместија, видовме некои повисоки ритчиња, ама тоа не беа планини. И не знам зошто, ама некоја грутка ми го стегна грлото, градите ми се скаменија од јад и

[41] Детето се најде. Љубопитните и заинтересираните ги упатувам на фељтонот од Ванчо Андонов, објавен во "Нова Македонија" (1973), како и на написите во врска со натамошната судбина на веќе возрасната девојка, објавувани во истиот весник, како и во весникот "Вечер".

некоја мака, некој голем с`клет ме фати по тие наши пусти и крвави планини...

И така, откако не исчистија со топла вода и сапун и валканите пљачки ни ги попарија и ги испраа, и откако не дооблекоа и добро не нахранија, по топли и средени куќи не сместија, тогаш почнавме да се пребројуваме, да прашуваме и препрашуваме за живи и загинати, за сакати и изгубени, и се собиравме на оплакување, на помен и намнисување во тие куќи напуштени, од кои, како што се зборуваше, ги беа истерале Германците. Иако одамна беа поминати трите, и деветте и четириесетте денови и годината и трите години, ние, како по нашиот домашен обичај, во набрзо соплетените сапетки, стававме варена пченица, лепчиња, по нешто од овошјето и одевме од куќа до куќа, од човек до човек и раздававме за душа и одново и одново се собиравме во тие туѓи и напуштени куќи во кои ги оплакувавме нашите, ги оплакувавме и мртвите и живите и себе си. Немавме поп да отпее, а црквите и гробиштата беа католички...

Тука Стојна пресече и натаму раскажувањето го презеде Лена:

- Во пристаништето во Драч беше пренесена и нашата, разоружената војска и таму чекавме се додека амбарите на руските бродови не ги преуредија. Во голем ред, редот војнички го теравме и построени по баталјони, по чети и водови, по тесните и разлулани скали се качувавме и влегувавме во бродовите и молчаливо си фаќавме толку место, колку што беше потребно да седнеме и да легнеме. Немаше само еден под. Имаше под нас и над нас исковани штици – лежишта во тие големи амбари на руските бродови. И така цела ноќ – се товаревме и веднаш си фаќавме место и не прашувавме каде ќе не однесат. Па нели војска бевме? Во војска не се прашува, туку се молчи и, молчејќи се извршуваат наредби. Мислевме некаде ќе не однесат и таму ќе ни го дадат оружјето така, како што ни го дадоа пред приодите на Грамос по повлекувањето од Вичо.

Нашиот брод, “Мичурин”, така беше испишано со кирилично писмо, се помрдна, одби од брегот, заплови во морето. Долж патот, крај морето, останаа камионите со кои тука не донесоа. Од таму, одеднаш – долго, многу долго - се огласија камионските сирени. Свирежот се слеа во едно свирење со свирежот на бродските сирени ...

Подоцна дознавме дека шоферите ги поврзаа сирените и на даден знак ја повлекоа жицата и сирените завија - за збогум.

Само ноќе излегувавме на палубата. Да вдишиме чист воздух, да се изнагледаме на ѕвездите и месечината. Не беа така големи како над нашите планини. Трипати свиреше бродската сирена што беше знак дека веднаш треба да се вратиме на нашите лежишта во амбарите и да седиме тивко, дури и да не зборуваме. Прво од левата страна на бродот гледавме брег и одвај видливи светла што мижуркаа во далечината. Некој рече дека отаде е Грција и многу од нас сфатија дека на некое место ќе не растоварат, ќе ни поделат оружје и ќе тргнеме во нови победи.

Пловеше бродот, никаде не застануваше, а ние само ноќе гледавме се повеќе светла од обете страни на бродот. Меѓу нас имаше еден морнар кој по ѕвездите ги откриваше насоките на светот.

Одиме на север - велеше – по тоа кажуваше дека поминавме покрај тој и тој остров и дека се доближуваме до Цариград. Ни беше забрането да ги напуштиме нашите лежишта во амбарите, бидејќи покрај нашиот брод пловеа турски бродови. И пловевме и не знаевме каде. Други знаеја. Морнарот рече дека влеговме во Мраморно Море (шикли, кој од нас знаеше за мориња, освен за планини) и потоа рече дека влеговме во Црно Море и кога се раздени ни дозволија да излеземе надвор. Од време навреме рикаше бродската сирена. Така нашаиот брод се поздравуваше со другите бродови на кои се вееја црвени знамиња со петокрака и срп и чекан. Значи тоа беа советски бродови. И така стигнавме во Одеса. Тука не растоварија и не товарија во вагони. Сфативме дека далеку сме од нашите места и кога по железниот пат затракаа железните тркала на возот, сфативме дека одиме се подалеку. Долга, голема беше пустината и си мислиш дека нема крај. А има крај. Се има крај. Ама каков? Не растоварија на крајот од станицата. Ташкент - прочитаа тие кои знаеја да читаат кирилица. А каде е тоа Ташкент? Близу или многу далеку од нашите места?

Не во Ташкент – град, туку надвор. Не сместија во бараки. На големците им дадоа броеви и по тие броеви редиците бараки ги нарекоа гратчиња. Прво, второ, десетто, дванаесетто гратче. А тоа не оти беа гратчиња? Беа логори. Да - логори беа... од тие логори пред некој месец, а

можеби и порано ги беа иселиле Јапонците, значи јапонските заробеници. На нивно место не сместија нас, борците против англо-американскиот империјализам, борците за слобода и демократија сместени во бараки за јапонските заробеници. Ете, така ти е во животот. Не знаеш кога си горе, а кога си долу. Се разбира прво не избањаа, ни дадоа чиста долна облека и врз неа ги облековме нашите, војничките, алишта. Бевме чисти и сити и секој ден бевме војници. Секое утро се постројувавме, се избројувавме, правевме гимнастика и во строј одевме во менза по истиот воен распоред како што бевме порано, со истите команданти и политички комесари. По некое време не ослободија од војничките униформи и не облекоа во цивилни. И лошо се чувствувавме затоа што одеднаш станавме цивили и чудно ни беше без нашите војнички цокули, панталони, блузи, капи, без наредби и команданти и бевме среќни што останавме живи... Аха... Што со вошките? Ги оставивме во Албанија. Таму во Бурели цел месец не чистеа и одвај не исчистија. И да знаеш дека вошката лесно не се чистат. И тука, во гратчињата околу Ташкент, дојдоа со нас. Вошки со две нозе и со тивок поткажувачки глас. Дали работевме? Зошто да не... Работевме се што се работи со лопата, со казма. Не оти бевме некои писмени, та да не пуштаа во канцеларии да работиме. Најмногу работевме во градежништвото. На рамо носевме тули, бетон, штици, железо. Од војници, а пред тоа – селани, сега станавме градежна сила. И тука во Ташкент, нашите големци, тие од политиката, фрлија нова парола: "Ќе го победиме империјализмот, градејќи го социјализмот!"... и умот ни го месеа така, како што се меси тесто...

Знаеш ли како се меси тестото?...

Тука, во Ташкент свиткавме гнезда, создадовме семејства и го чувавме и јазикот и адетот и песната и орото. Ташкент, за многу беше дел од нашата младост што ја оставивме во заводите на далечниот Узбекистан, дел од нашата слобода. А за некои Ташкент беше последната станица во нивниот живот. А многу си ги чекаа жените и децата кои им беа во други држави. Најмногу се изначекаа тие чии жени и деца им беа во Југославија. Дури беше забрането да се допишуваат.

Подоцна, во педесеттите години, почна чистење на работите. Умре Сталин. Дојде Хрушчов и му објави војна на сталинизмот. Во Полска се дигнаа работниците,

востание, револуција во Унгарија. И ние во Ташкент се дигнавме во бунт и се испотепавме меѓу себе.

Тито и Хрушчов се изгушкаа.

Простени беа греовите.

А големата штета беше и остана наша.

Се најдоа одговорните и единствената казна што им беше одредена, беше нивното протерување од партијата... Тогаш, во тие времиња, голема казна беше да бидеш избришан од партиските списоци, а тоа беше казна која те исклучува од се и остануваш сам и за тебе и околу тебе ништо не постои. На пленуми и конгреси по име и презиме ги именуваа виновниците и дури тогаш разбравме дека растурници не растурија, луѓе без трошка татковина, без корен и без дамар, бескуќници и арамии не испокрадоа, лажговци не исполажаа, безумници не избезумија, та не иселија и раселија... И макаршто тогаш тие мислеле дека се најумните глави, не сфатиле дека највисоката мудрост лежи во најдлабоката добрина. Тие ниту ја нашле мудроста, ниту ја имале добрината. Сееле и посеале само зло...

Сите кои поминаа низ менѓемето на времето пред и по поразот, со најголеми желби сакам да ги оставам со нивните мисли, со нивните спомени и болки кои не се само дел од нив, туку се нивен живот. Само не можам да се ослободам од прашањето што постојано ме гризе - кој е крив? За секое злодело секогаш има некој кој е крив. Кој е? Има ли злодело што застарува? Има ли некој кој чувствува грижа на совеста? И до кога тие наши луѓе и натаму ќе ги водат недоумени, до кога судбина лоша ќе им кројат, до кога врз нивната несреќа своја среќа ќе градат? И до кога ќе не делат?...

Ме прашуваш за тие од нофитското раководство?

Нив ги уапсија и ги тргнаа од нас. Како што се вели – ги изолираа. Во Москва ги осудија и ги испратија во сибирските логори.

Македонските организации Захаријадис заедно со својата дружина порано ги беше отпишал, но овој пат им дојде часот сосема да ги столчи заедно со азбуката и јазикот. Рече дека се титови. Најде еден недоучен, од Бапчор ќе да беше, кој се нафати нов јазик да твори со лепенки од рускиот и најмогу од бугарскиот. А таму, во Полска, на југо-истокот, во испразнетото украинско село Крошченко, создадоа колхоз и го нарекоа “Нов Живот” и

доселија две-три илјади Македонци и Грци. Украинската православна црква ја претворија во кино. “Партизан” го нарекоа киното кое се прочу не толку по прикажувањето на советските воени филмови, туку по тоа што тука Захаријадис од сите источни земји собра свои поклоници и ја формира народно – ослободителната и револуционерна организација на Славомакедонците и ја нарече ИЛИНДЕН. Една од главните цели и беше да се бори против кликата на Тито и Колишевски и против Здружението на Егејците со седиште во Скопје, кое, пак, се бореше против кликата на Захаријадис.

Сега, кога ти раскажувам за ова, ми проработува бубачката и ме прашува:

-Зошто се правеше тој метеж во умовите на иселените и раселените од ист корен?

На едната страна Егејци, на другата Славомакедонци. Само затоа ли за да не бидат Македонци?

Тогаш, па и сега, по изминат повеќе од половина век, неодминливо се наметнуваат многу прашања.

- Зошто македонските борци не застанаа во одбрана на тие 12-мина? Зошто не го дигнаа својот глас во нивна одбрана? Та не беа малобројни. Зошто не се спротивставија? Зошто? Кому повеќе веруваа? Зошто тогаш таму во Бурели кога ги тераа на импровизирана бина и на сет глас Захаријадис и неговите – редум, еден по еден, по име и презиме, ги прогласија за предавници и шпиони, никој од нас не застана во нивна одбрана? Зошто тогаш и потоа, додека тие беа во сибирските логори, пак никој не изрече збор во нивна одбрана, никој не праша каде се и дали се живи? И зошто по нивното излегување од логорите, пак никој не праша каде се и како живеат? Зошто тие, сега ослободените и очистени (рехабилитирани) не отидоа кај поранешните борци и меѓу луѓето, меѓу народот нека биде речено, што го собраа и пратија во бој, велејќи дека ниту еден Македонец и ниту една Македонка да не остане надвор од борбените редови? И кај едните и кај другите што ли се случи и се случуваше во нивните души и мисли, што ли се случи и се случуваше во мислите на тие прекалени борци, па и кај оние малодушните, кои за жал таквите секогаш и секаде ги има? И таму во Ташкент продолжи борбата со душите, со духот, против себе и

против сите. Таму во Ташкент не престанавме да се прашуваме зошто тие по излегувањето од Сибир, не најдоа храброст да се појават пред поранешните борци, сега работници во советските заводи, во фабриките на Чехословачка, Унгарија, Романија и во Полска? Зошто го оставија тој простор празен, а Захаријадис го пополни со новопроизведени и пак нему верни македонски кадри? Зошто први се вратија во Скопје, а не со последните од народот, што го поведоа?

Се сместија - ги сместија - во Алма Ата, главниот град на Казахстан и таму цело време мислеа како и што побрзо да се вратат во Скопје. Први се доселија во Скопје, добија високи државни функционерски места. Лазо не ги заборави, не ги заборавија и тие во Белград, и овие не го заборавија Лазо и тие во Белград.

Така е со старите пријатели. Да паметиш, да не заборавиш. Токму така.

А тука во Скопје, одново се судрија противниците. Едните за другите велеа дека се дезертери, а другите дека се предавници. И така живна загноената заемна омраза меѓу едната и другата опција на тие кои се самонарекоа бранители и душегрижници на Егејците, како што сами се нарекоа и ги нарекоа и тие во чие заблудување беа замешани нивните прсти и никој не прифати и не почувствува грижа на совеста, а рамнотежата меѓу двете скарани страни – грижливо ја чуваше Лазо, кој лично водеше сметка неслогата да не се претвори во кошмар.

А кој и зошто ја создаваше таа неслога?

И едните и другите, присобираа приврзаници со ветувања за подобри работни места, за побрзо добивање стан, избор на постојан престој. Оној кој не сакаше да влезе во едната или во другата дружина - остануваше на празната страна...

И се до судниот ден и едните и другите не најдоа заедничко место на националната софра и за навек се разделија без заеднички збор. Како да не се работеше за илјадит народ разнебитен и со нивна заслуга, туку за лична навреда. И едните и другите си велеа дека се вистинското раководство и постојано се караа. Меѓу нив никогаш не провеа ветерот на помирување.

До судниот ден се клеветеа и се плукаа на растојание и никогаш не си подадоа рака...

Во нивните мисли и однесување вриеше вгнезденатa и длабоко вкоренета македонска неслога и омраза, нетрпеливоста и разединетоста. Секој на свој начин делеше вистина, а вистинската вистина никој не сакаше отворено да ја каже...

И кога сме кај Егејците не сакам да го заборавам и ова. Прво така се нарекоа тие, кои беа на меко. Мислам на тие кои станаа Југословени, ама за да има разлика, се нарекоа или ги нарекоа – Егејци. Не Македонци од другиот дел на Македонија, туку Егејци.

И дали по своја волја и убедување или по потреба и барање на власта, централната и локалната, си создадоа здружение на Егејците и читаа весник "Глас на Егејците", и се собираа во клубот на Егејците, и се грижеа за Егејците сместени во селата околу Скопје, Битола и Куманово, па и за тие во Војводина, ама се дотогаш до кога грчкиот крал Павле не одлучи со воз да оди во Белград и тоа преку Скопје. И, услови Павлето, ќе одам во пријателска Југославија, кај славниот маршал, мојот пријател, ама тие Егејците со се весник и со се клуб и здружение да ги снема. И додека татнеше возот од Гевгелија до Белград и обратно, Егејците – беа заштитени едни во Идризово, други во Матка, а трети дури на Солунска Глава, што подалеку од Скопје. Останатите – по селата околу Скопје и дома да си седат и да не мрдаат се додека возот со драгиот гостин и пријател кралот Павле не протатни низ Скопје. Дали така сакаше кралот Павле или на властите доста им беше веќе од Егејците, не знам. Можеби и едното и другото? Што велиш, ти? А Лазо, умен човек, држеше рамнотежа. Им годеше и на едните и на другите. За него ниту едните беа потешки, ниту другите полесни. Можам само да верувам дека нему му беше најтешко со тие егејски групашења, кои и денес ги има со нивните грижи за браќата и сестрите Егејци.

Така беше. И гледај за да видиш. И едните и другите брзо станаа заштитници на Егејците кои се преселуваа од СССР, Полска, Чехословачка, Романија и Унгарија и првите и наредните денови по пристигнувањето ги поминуваа во Идризово не за да одморат по долгото патување, туку на распит за да откријат меѓу нив агенти. Така, како таму во земјите каде што бевме меѓу нас бараа југословенски, како што велеа титови шпиони, така сега во Идризово меѓу нас бараа советски и други шпиони.

Шпиони сигурно не најдоа, но кодоши не само што најдоа, туку и ги размножија. И таму во земјите на народната демократија и тука во Идризово. И кога ме испрашуваше иследникот, јас му реков:

- Добро, бре другар, тој и тој, кои најмногу викаа против Тито, против Југославија и Колишевски, први ги примивте...

А знаеш што ми рече иследникот? Вака ми рече:

- Точно е дека тие таму викаа против, ама тука ќе викаат за. Ти таму си молчел и тука ќе молчиш..., туку на распит за да ги откријат меѓу нив агентите. Па некои од големите душо - грижници вработени во УДБА, дали од не искуство или од убедување, мислеа дека сите кои се доселуваа, се агенти. Мислеа или така им велеа да мислат? И тогаш, таму во Идризово, му велам на иследникот:

- А бре другар, па тој и тој таму најмногу викаа и ја клеветеа Југославија и го пцуеја Тито и први ги примивте... А тој ми вели:

- Точно е, тие тогаш таму клеветеа и викаа против, а сега викаат за. А ти таму молчеше и тука молчиш...

Онемев...

Така тој ми рече, а јас си дофрлив - секоја власт секогаш и секаде во своите раце си има чигри...

Така беше...

А ние, осакатените, кој со една нога, со една рака, со по две и три дебели лузни на телото од раните добиени во граѓанската одевме и кај едните и кај другите за да ни се потпишат под изјавата дека бевме учесници во НОБ и во ДАГ и тие со нивниот потпис одлучуваа ќе добиеме или нема да добиеме боречка пензија.

Таков ни беше патот...

Лажам ли?

Нека докажи некој дека не беше така...

20.

Тот ураган прошел. Нас мало уцелело.
На перекличке дружбы многих нет...
С.Есенин

Вчера си отиде В. Денес го испративме Д. Така велиме за тој (тие) со кој (кои) заедно бевме во строј, во долгите ноќни маршеви под дожд или снег, во рововите и бункерите, во влажните и студени земјанки, на боиштата и заедно долги години ја голтавме горчината на поразот, искоренувањето и туѓината. Не велиме почина, не велиме умре. Велиме отиде... Ако речеш отиде, тоа ти е како да има надеж дека ќе се врати... Со мачнина го слушнав говорот што го одржа другарот од одборот на борците. Многу убаво зборуваше. Само пофални и големи зборови. И додека тој зборуваше, мене во умот, како пчела околу главата, ми се вртеше прашањето – зарем човекот треба да умре, треба да го снема од овој живот, та за него да се зборува само убаво? Колку озборувања, клеветења, па кодошења доживеа додека беше жив? Зарем никој од нас и од тие кои си отидоа немаше греови? Зошто ли тогаш кога не е во состојба збор да изусти и само минути го чекаат за да биде покриен со земја, му велиме дека бил најдобриот? А кога се враќаме дома, тогаш почнуваме да ги оддиплу-

ваме спомените и да го наоѓаме него и сите негови лоши и добри страни. Што преовладува? Добрината кај Н. ја немаше зашто цел живот и таму на боиштата и во туѓото и тука беше само кодош. Не кодошеше и добро му беше. А која власт може да опстане без кодоши? Тие како да се еден од нејзините столбови.

Многу добро, би рекол одлично, го познавам и Г. Заедно се вративме во Грамос и бевме распоредени во истиот вод. Тој доби германски автомат, а мене ми товарија пушка. Англиска. Заедно јуришавме, бегавме, се криевме, па фаќавме нови позиции, заедно јадевме со иста лажица од една порција, се покривавме со исто ќебе. Да, многу работи ни беа заеднички. Види, бога ти, треба човек да умре, па дури тогаш почнуваат неговите познати да го откриваат неговиот карактер и празнината што остана.

Некни пак бев на гробишта. Погребот помина тивко, без говори, без плачење, скоро во молк. И овој беше наш, иако анатемисан. Така некако на брзина фрливме шепа земја врз мртовечкиот ковчег и уште не покриен, се разотидовме.

На последниот состанок на општинскиот одбор не дојде, а секогаш беше меѓу првите. На пат за клубот го стегна левата страна од градите, се наведна, барајќи да се потпре врз нешто. Полека се наведнуваше и одеднаш се струполи на замрзнатиот плочник. Намерниците го внесоа во најблиската порта и некој поита да повика брза помош. Смртта беше побрза. И отиде. Го испративме со целиот блесок на големите зборови. За неговите пороци не рековме ниту збор. Така тој отиде под земја очистен. Чист како кристал. А пред тоа што ли не се зборуваше! Се најлошо!

Сега се поначесто се сретнуваме на плоштатчето пред капелата. Види како дојдоа работите. Некогаш камбаната од селската црква го најавуваше умирањето на човека. Независно дали бил роднина, пријател, познаник. А сега наутро – дрн – телефонот и телефонската слушалка ќе ти ја каже лошата вест. Или ќе отвориш весник и сликата на роднината, на пријателот... И ти велам, дека се поначесто се собираме на плоштатчето пред капелата и се помалку не има. Некогаш калеши, исправени, сега белоглави, потсвиткани, ќелави, згрчени, потпрени на патерица. Се поздравуваме и се прибираме во групи. Така тука пред капелата се создаде некаков обичај да се прибираме во групи. И на патот до последното почивалиште, па и таму, пак стоиме

во групи. Ама не... тоа не се групи. Тоа се остатоци од водови, чети, баталјони, бригади. И зборот ни е околу тоа како поминавме на Грамос, па на Вичо и ројот битки и маршеви и загинати и ранети и патот по кој поминавме, та стигнавме во Ташкент и од таму до тука, како поминавме во болниците во Југославија и во Албанија, во Полска и Романија, во Унгарија и во Германија каде најчесто ги менувавме протезите, како си поминувавме во санаториумите и превенториумите во тие земји, како таму работевме и што заработивме... Така го одмотуваме клопчето на нашата судбина од младини до старини.

И слушаш некој малку погласно ќе изусти – ете отиде уште еден од нашата чета, нашиот баталјон, нашата бригада. Тогаш, таму во планините не велевме – загина или се уби, туку јуначки падна... Ако речеш падна, тоа ти е како да има надеж дека ќе стани... Да... Тогаш и пркосевме на смртта со нашата голема и неограничена вера во победата. Многу, премногу верувавме и не можевме да си замислиме дека можеме да бидеме победени иако од секоја битка се враќавме поразени. Млади бевме и верувавме. Дали бевме вежбани во верувањето? Сигурно. Војнилакот е вежба како да убиеш и како да не бидеш убиен. Во тоа вежбање растевме. Секој погреб таму во планините почнуваше и завршуваше со повици за победа, а одењето на соборецот беше само празнина во стројот, во ровот, во земјанката, во редот кога стоевме пред казан. Ете, сега, стоејќи пред капелата и чекајќи да го изнесат ковчекот, се потсетуваме за тие времиња невремиња. Сега секој погреб, би рекол секое одење на наш другар, не собира тука, на испраќај, а испраќањето не е само испраќај, туку и потсетување и будење на многу размислувања. И во тоа има многу мрачнина. И денот и ноќта ни станува помрачна и повеќе мрачнина и мачнина се собира и боли чемерот. Здишани се сретнуваме пред капелата и стоиме во групи ние од 102, 103, 105, 107, 18 и 14 бригада и сите други единици. Се поначесто се појавува таа мрачнина, небаре е сенка од светлина што трае. Не се гледа, ама тука е, се чувствува. И пак ќе слушнеш – ете, отиде уште еден наш од 102, 103, или 105 или 107 или 18 и 14 бригада.

Си одат полека. Дрн наутро телефонот и слушалката ќе ти шепне – си отиде П. И во одговор велиш – ќе се видиме пред капелата.

Еден по еден и се помалку не има нас дедовците на Маријан, Ангелина, Марија, Жаклина, Џони. А тие, кои си одат, заедно со себе си ги земаат и имињата на своите дедовци и баби. Потплакуваат Жаклина, Марија и Марина, Валентина и Маријан и Џони и Виктор... Се помалку ги има внучињата со име Кире, Крсте, Трајанка, Петранка, Трајче, Велика, Севда, Флоринка, Цвета, Душанка...

Намуртени се враќаме. Ако времето е убаво и нема дожд и не е зима, седнуваме на клупите пред зградите и во разговор си ја враќаме младоста што ни одмина во граѓанската и по тие земји далечни. Ја враќаме младоста на една цела осакатена генерација и си разговараме за поразените надежи и стремежи и во грлата секој изречен збор ни горчи. Околу нас си играат, си трчаат внучињата, некои се тепаат, плачат, се смеат. И по некој ден ќе видиш дека на клупата има едно празно место. Се раззвонуваат телефоните и другиот ден на собир пред капелата. Таму пак ние кои останавме од 102, 103, 105, 107, 18, 14 бригада... И приоѓа некој и вели – отиде уште еден од нашата чета. И прашува – како е тој и тој?

Тука, пред капелата, се пребројуваме и секоја средба за некој е последно видување. И ми заличува на враќање од борба – тогаш се пребројувавме. Толку загинати, толку ранети, толку останати во стројот. И тогаш и сега не има се помалку. Полека, нечујно, тивко, се трошиме, си одиме кај другарите...

Ковчегот е ставен и колата поаѓа и ние зад неа тргнуваме молчаливи на почетокот, а како што се должи патот до последното почивалиште, се погласно се слуша крцкањето на протезите, некои подзастануваат да земат подлабок здив, други се поддржуваат под рака и така почнува нов разговор за тоа што беше наша младост во времето – невремето. Клук- клап, клук-клап – протезата на Павле, клап- клуп – клап-клуп – протезата на Лина и вијат и викаат мислите, бура во главите, оган во градите. Мрак пред очите. Ден е на жалост и во него нема бодра светлина, се влечеме под нејзината сенка. Криви, свиткани, болежливи, чекориме во маршот зад другарот од 102, 103, 105, 107, 18, 14 бригада.... А тој си лежи исправен и некако смален. И никој од нас не мисли дека и тој утре вака ќе биде испратен и дека можеби ова тивко чекорење зад црната кола покриена со цвеќе ќе му биде последниот марш од многуте маршеви. Тивко, полека, кроце чекориме,

чиниш секој е внесен во чекорите од долгите ноќни маршеви под дожд и снежни виулици и намети. Таму ни се мислите... во долгите маршеви по планинските беспаќа. Сега не сме во строј, а чекориме како да сме во строј... И тивко некој ќе потпраша – а паметиш ли? Паметам – одекнува тивок шепот... И така чекориме и знаеме дека никој ништо не заборави...

Како одблесок се нижат деновите и ние се враќаме со мислите на боиштата, во туѓината, се враќаме во тоа наше постоење таму и тука, во нашето вчера и денес и не поткачува прашањето – а утре чија слика ќе се појави во весниците и чие име ќе го слушнеш во телефонската слушалка?...

Велиш ми затрепери гласот? Не затоа што сега ми е слаб, тивок, одвај чуен. Пак ми е силен и позрел и поумен. Гласот може и треба да е поумен. Дали одам на гробишта? Одам. И одејќи се присетувам дека таму на Копанче, Харо, Бухеци, Орлето, Полената, Лисец, Баро, Јамата, Чука, Чарно и каде ли уште не, гробовите на паднатите не се разликуваа еден од друг. Сега, по толку изминати години, кој ќе им го најде местото? Сакаш да ги најдеш, оди таму во планињето. Плитко ги покривавме со земја, а и поначесто само со гранки. Без свеќа и без крст и име врежано во камен, а имињата најмногу им се живи во споменот и болката на роднините и запишани се во тефтерите кои на архивските полици ката ден ги гризе прашина. Таму сите се исти. А тука, на овие гробишта – се разликуваат. Врз едни мермерна плоча од бела побела, од црна поцрна, од дебела подебела, од светлива посветлива и венци од големи поголеми и букети цвеќе од убави поубави, врз други обична бетонска плоча, а земјата иста и црвецот ист...

Понекогаш само присакувам да одам, зашто и здравјето понекогаш заслабнува. Не често, ама времето, годините... одам јас на гробишта, по пат купувам свеќи и евтино цвеќе – со делче од пензијата - и седнувам јас покрај гробот на другарот или другарката од стројот и си прикажуваме. За денес и за вчера. Најмногу за вчера. Прашувам – паметиш ли кога врз нас се истури снежна бура? Во долга редица, еден зад друг, го газевме снегот и над нас светеше полна месечина. И наеднаш од горе, од планината се слушна бучава и како облак слегуваше

надолу. Се растуривме на сите страни. Кога се собравме, меѓу нас во стројот немаше шестмина. Останаа тие под снегот, а ние го продолживме маршот. Цела ноќ одевме... Прекинувам, молчам и во молкот го слушам одговорот. А во него во говорот велам, што има? Од се по нешто – и болка, и јачење, и извици ура, радост и плачење... И пак тоа постојано прашање – а паметиш ли? Да, треба да се памети, да се памети зашто во паметењето сме такви какви што бевме... А ако не се памети, значи не сме биле... запиши дека сме биле такви какви што сме биле.... само не пишувај дека сме биле малодушни, зашто такви не сме биле; запиши дека сме биле премногу верни и премногу измамени, но истрајни и цврсти... така запиши...

Си прикажуваме ние за нашата младост и во тоа прикажување наоѓаме и двајца наши кои јабана загинаа. Насмевките и намигнувањата што си ги праќаа, ги платија со животите. Забрането беше момче да сака мома и мома да возвраќа. Цела ноќ во црквата им се судеше и на сабајле, во бели мугри ги стрелаа надвор од селото. Ја стрелаа нивната љубов. Ја стрелаа љубовта за да ни биде моралот посилен! А има ли нешто посилно од љубовта? Паметиш, му велам, кога поминавме еднаш покрај местото на стрелањето, како се одделија неколку наши и набраа полско цвеќе и го растурија таму? За кого беше цвеќето? За мртвите или за љубовта? Молкум и скришум од куршум си ја браневме љубовта. А паметиш, му велам, како беше стрелана дамата од костурската јавна куќа. Ја пратија во нашата единица тие од таму за да ги кодоши момчињата, дека и барале, дека сакале да ја имаат, дека и предлагале. А нашите од командата не собираа на ноќни судења и им судевме – смрт. Не издржа дамата глад и студ и удри да бега. Ја фативме на бегање и призна кој ја прати. Лично во неа го истурив целиот шаржер и мртва ја плукнав кучката. Наредниот ден ти си го стрелал момчето кое беше осудено за кражба на парче леб. Не одрекувај, му велам, ти си го стрелал по наредба. А наредбата беше да не си изразуваме љубов, да не крademе, зашто ние бевме народна армија, излезена од народот, така ни велеа. И како народна армија да не бараме леб од селаните и многу гладувавме. Паметиш ли, му велам, како пролетта 48, кога зазелени тревата, кога набабреа пупките, како јадевме трева и собиравме пупки?

Чекам одговор и го наоѓам во молкот...

Така беше.

И ти велам дека сега поретко одам на гробишта. Вијат болките во нозете и колковите, ама и покрај тоа јас ги посетувам, си прикажувам за тоа што заедно го изминавме и им кажувам за тоа како е денес. Потоа им кажувам дека вчера тука го донесовме тој и тој, а тој е во болница, оној прилегнал и ретко станува од кревет, а другите се здрави.

Дали се собираме? Се собираме на роден денови на внучињата, а мажите откако ќе ги донесат покупките, ќе појадат и до пладне бистрат политика во кафеаните. Чепкаат во тоа што го поминале по планињето, без престан ги бараат виновниците за изгубената рака, нога, големите лузни, за опустошените села и уништените куќи, за осакатените и загинатите, за изгазената верба и лажните ветувања, за удолницата што ни ја направија многу стрмна и по која се уште не сопираме... Потоа се враќаат намуртени, налутени и пцујат и се караат, велејќи кој чини, а кој не чини. Му кажувам и за многу други работи што самиот ги знае, ама не ги гледа и не ги слуша.

И така скоро си отидоа сите командири. Тие, нашите, со пониските чинови, тука се, а тие со големите чинови кои никогаш не биле ранети во бој, си отидоа дома, во Грција. Добро се сместија таму, државата против која се бореа не ги обвини, за една рецка подолу им ги призна чиновите макар што војнички беа неуки и објавија книги за тоа како ја поминале граѓанската. И во тие книги заемно се плукаат, се валкаат, се клеветат, тврдејќи дека сите се криви освен нив и дека ако другите би правеле така, како што тој мисли сега, победата ќе била наша. Тогаш кога командуваа со нас, да ми велеше некој дека тие се многу расипани луѓе, ќе им пукав меѓу очи. Многу им верувавме. И верувавме и на партијата, а најмногу на водачот.

А таа, партијата, се откажа од нас. Главниот рече дека не постоиме. Во парламентот гласаа дека за да се вратиме дома, треба да не бидеме ние, туку такви , какви што тие сакаат да бидеме ние. А водачот се обесил во Сибир и мртов го вратија во Атина. Пред тоа, некој кој го заменили со Тодор Живков си потпишале некој договор сите ние Македонците да сме се преселиле во Бугарија. Отидоа некои и брзо се разочараа. И ни праќаа писма во кои ни пишуваа дека ги растурија низ цела Бугарија и дека тој кој нема да потпише изјава дека не е Бугарин, тешко

дека ќе добие стан и работа што прилега на неговата професија и образование.

Им велевме да не одат. Да почекаат, да се средат работите и ќе се преселиме во Република Македонија. Си велевме и таму ќе наидеме на тешкотии, ама никој нема да не тера да не сме Македонци.

Пред шеесет години заврши војната.

И по секоја војна луѓето се враќаат дома. Се враќаат обезбедомените за да се одомат, се збираат расту-рените, се пребројуваат, чекаат, се надеваат, долекуваат рани, доболедуваат болки, вртат стари фотографии, се присетуваат, намнисуваат, спомнуваат. Одново создаваат живот врз старите дамари на темелите...

Само ние по таа војна не се вративме дома... ни ја зедоа нашата дома, ни ги зедоа нивите наши и ливадите наши, и лозјата наши и бавчите наши ни ги зедоа... и луѓе туѓо дојденци сместија во дедовите огништа наши... Луди, безумни и неразумни времиња и во нив и луѓе кои од туѓата болка си направија широка и мека постела распо-слана врз тој тежок и ужасно болен, страшен и уништу-вачки удар што не раздроби, откорна и разнебити...

Така беше. Да се памети. Треба да се памети... Тоа беше наше време, наша мака, наше страдање, наше верување, наш пораз... Да, наш, тежок, страшен пораз што не уништи, не здроби, не искорени и не витоса... Кој може и како да и се суди на непромисленоста?

Што може да те спаси од слепа непромисленост и од глава наведната пред други која својот народ го поведе кон негово искоренување?

А за поразот, колку и да е тежок, треба да се зборува и да се памети... Барем заради умење...

Телефонот ли ѕвони?

Да. Од другата страна ми рекоа дека си отиде J. Од 105 бригада. Му реков –ќе се видиме утре во дванаесет пред капелата.

поговор

На враќање во Македонија неодминливо патот не води низ Перењас и во бележникот бележиме дека Прењес сега не е тој Прењес што беше пред шеесет години – место на болка и плач, место на секојдневно битисување, на исчекување и безнадеж...

Сега Прењес – Перењас, расте во мало, модерно, живо и раздвижено гратче, во попатна станица за стотици камиони, автобуси и патнички коли, место во кое патникот се задржува само толку, колку за да одмори... Сега Прењес тоа не е мувлосани стари италијански војнички бараки, магазини и коњушници. Сега Прењес е гратче испресечено со асфалтирани улици, со нови станбени згради, новоизградени приватни куќи, со водовот и канализација, кафеани и кафулиња, таверни и ресторани, банки, пошта, амбуланта, аптеки; железничка станица. Не е слепо црево зафрлено на приграничната периферија, туку широко отворена порта и осветлен канал низ кој дење и ноќе се претура синџир од камиони, автобуси, патнички коли, отворена артерија која води кон светот. Сега низ Прењес и по целиот пат од Капештица, Билишта, Корча, Поградец, Елбасан, Драч, Сукт и Тирана, дење и ноќе во обете насоки тече животот што сега го живее Албанија. Никој не истрчува за да пречека и испрати камиони и никој не чека скраја од патот. Нема викотници, лелеци, колнежи. Ги нема и бараките. Останаа само магазините. Зејат со празните прозорци, ги разјадува времето. До нив нови куќи. Нови луѓе. Улиците полни со детска смеа... Млади момчиња денгубат во кафулињата или го чекаат денот за да заминат

на печалба. Меѓу нив и такви кои штотуку се вратиле од печалба и сноват нови сонови за заработка во туѓина. На излезот кон Елбасан – молчи и фабриката. Ја разјадува стечајот. А хромот во околните планини продолжува да векува.

Низ Перењас, без престан тече реката на животот...

И никој не знае дека овој нов живот и овие нови поколенија одат и се враќаат по патот на кој легна нашата лоша судбина, нашиот чемер и болка, нашиот плач и солзи, нашето страдање и патила, нашиот крик на ужас и нашата безнадеж.

И како да го наречеме тој пат? Дали само пат на болката, солзите, страдањето, невратот, безнадежта?

Од заборавот оживеавме само дел од патот на човековата болка и страдање и, врвејќи по тој пат, поминавме низ мрачната страна на мракот.

Мачно ни беше патувањето по патиштата на плачот, на солзите и страдањето, по патиштата од кои немаше враќање, по патиштата на битисувањето и изгубената надеж...

Што ни остана нам и на идните поколенија?

Само ли неизгасливата желба и пораката тоа што се случи на тие патишта во времето-невреме да не се избрише од нашето паметење?...

1 јули 2008 – 22 февруари 2010

БЕЛЕШКА ЗА АВТОРОТ

Петре Наковски, романсиер и преведувач, е роден на 17 јули 1937 година во с. Крчишта, Костурско, Егејска Македонија.

Педагошки лицеј завршил во Полска, а Филолошки факултет во Скопје. Докторирал на Институтот за политички науки на Вроцлавскиот универзитет во Полска. Бил новинар во весниците "Вечер" и "Нова Македонија". Работел во Министерството за надворешни работи.

Прв амбасадор на Република Македонија во Полска.

Член на Друштвото на писателите на Македонија од 1989 година.

Автор е на повеќе раскази објавени во македонската периодика, како и книгите: "Постела за чемерните" (роман 1985), "Македонски деца во Полска, 1948-1968" (докторски труд), "И каменот е земја" (роман 1988), "Големата удолница" (роман 2003), "Големата измама " (роман 2007), "Македионските бегалци во Полска 1948-1975" (избор документи 2008) "На пат со времето" (роман 2010).

Од полски на македонски има преведено и објавено 40 литературни дела и поголем број песни и раскази од македонски автори на полски јазик, меѓу кои драмата "Црнила" од К. Чашуле, која на 18.07.1971 год. беше поставена на сцената на Teatr Wyspiańskiego во Катовице – Полска, "Песни од Охрид", антологија на македонската современа поезија во издание на издавачката куќа Wydawnictwo Literackie во Краков, 1975, избор поезија под наслов "Траги на времето" од Раде Силјан во издание на издавачката куќа Adam Marszałek во Торуњ, 2010.

Добитник е на наградите "Златно перо", "Кирил Пејчиновиќ" (за преведувачки опус), наградата на полските автори, а е одликуван со Златен медал за заслуги за полската култура и Златен орден на командоријата.